**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Првото продолжение на Втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26.08.2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубчо Георгиевски, Абдуладил Вејсели, Сафет Незири, Блерим Беџети, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети,Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрета Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Силвие Салиу, Ајше Селмани, Фадел Сулејмани, Тахир Хани, Лазар Китаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Пред да продолжиме со претресот ве известувам дека поради неодложни и протоколарни обврски ќе морам кратко да отсуствувам од седницата.

Бидејќи не се избрани потпретседатели на Собранието предлагам согласно член 67 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија на оваа седница да претседава пратеник кој ќе го избере Собранието.

Предлагам пратеникот Стојан Андов да го избереме за претседавач само на оваа седница и само за време на моето отсуство.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеника, за предлогот гласале 63, воздржан 1, против нема.

Го молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Четири.

Кој е против, молам да крене рака? Нема.

Дали има некој воздржан? Нема.

Вкупно гласаа 68 пратеници, за гласаа 67, воздржан 1, против предлогот нема никој.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Го молам пратеникот, драгиот мој колега Стојан Андов да го заземе местото, затоа што јас во 12,00 часот имам обврска.

**Стојан Андов:** Продолжуваме со претресот.

Збор има пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почитувани колеги пратеници, почитуван претседавач.

По повод точката на дневен ред, дискусиите за изборот на новата Влада на Република Македонија, во текот на првиот ден од дискусијата, од вчера, слушајќи ги некои дискусии или реплики, забелешки на власта, на пратениците од власта, помалку може да се стекне впечаток дека заборааат некои пратеници од власта дека веќе улогите се променети, дека тие веќе не се опозиција, дека тие победија на изборите и дека малку е изместена улогата и позицијата нивна во парламентарната дебата. Меѓутоа, ова е парламентарна расправа, дебата, демократија и правото на избор за настап и правото на стратегија, сепак е нивно. Сепак, ако некој во оваа сала мисли дека со смената на власта се заборааат некои работи за победниците, мислам дека тоа не е така. Имено, сега вие, колеги, сте на власт и треба тоа да го прифатите и да сватите дека треба да бидете критикувани, а се разбира имате право и да се браните и да напаѓате во парламентарната дебата. Меѓутоа, конкретно, за мандатарот Никола Груевски успеа, додека беше во опозиција, лидер на опозицијата, посебно додека беше министер до 2002 година, да создаде за себе само со, би рекол, две маркетиншки кампањи во јавноста еден ореол за наводно најуспешен министер за финансии во Република Македонија. Сепак, сметам дека со тоа успеа лажно да остави впечаток дека е најуспешен министер за финансии, бидејќи, јас би рекол нешто што народот вели останувaат некои опашки или така наречени хипотеки и така наречени бачила. Значи, секој си има свои бачила на некој начин. Мислам на бачилата на Никола Груевски овде и затоа ќе кажам дека Никола Груевски стартува како премиер, што би рекол народот, со опашки. Или афери, или хипотети, поинаку кажано. На пример, афериата или хипотеката НПК - бачило, аферата и хипотеката станови - бачило и некои други како на пример аферата од покрупните, кои сега само ќе ги спомнеме, аферата и хипотеката која што е уште актуелна, како и многу други Експорт - Импорт банка бачило, итн. Вие господине мандатар, овие денови во јавноста најавувате ваш предлог, ваша идеа, што една од најбитните функции, бидејќи тоа е и еден од најголемите ваши приоритети борбата против криминалот и корупцијата, јавниот обвинител да биде странец, затоа што би бил непристрасен итн, со тој тип образложение. Што ако тој јавен обвинител странец е дотолку непристрасен, па да се позанимава со овие афери бачила што ви ги набројав претходно и дали мислите дека тогаш нивната разрешница евентуално би можела да има непријатен тек за вас. Затоа, ако до толку сте поборник за борбата против корупцијата и до толку е тоа ваш приоритет во работата на новата Влада и како премиер, можете по овој ваш пример самите да размислите или евентуално да замислите, да се откажете од мандатар и од премиер, па можеби за проба премиерот на Република Македонија да биде странец, па тогаш би било се така многу непристрасно, независно итн, и би немало скандали, афери, итн. Тогаш, опозицијата помалку би ви ја критикувала вашата влада, се разбира. Тука е и вашиот предлог за министер за правда,

господинот Михајло Маневски, досегашниот прв човек на Комисијата за спречување на корупцијата. За него во образложение велите дека дошол и дека сте го предложиле како министер и дека доаѓа како министер за правда затоа што треба да ги заврши работите што ги започнал во Антикорупциската комисија. Зошто да не биде обратно господине Груевски. Зошто да не остане во Антикорупциската комисија, па таму да ги заврши оние работи за кои велите дека ги започнал. Едни од работите се и оние што ги набројав, Експорт-Импорт банка - бачило, НПК - бачило, станови - бачило, итн.

Самиот господин Маневски во една изјава пред два до три дена при потпишувањето на економскиот манифест констатираше дека во Република Македонија има мафија. Е, сега, не знам вие како министер, иден министер за правда, како вашата правда, како вашиот иден премиер мисли да се справи со мафијата или можеби ако таа според вас постои во Република Македонија или можеби мислите дека со самаа промена на власта или со самото доаѓање на вашата влада и Никола Груевски за премиер мафијата ќе исчезне, ако велите дека ја има. Тогаш, бидејќи знаете, можеби не треба да се замери, затоа што не сте биле политичар до сега, станувате и не знаете кои се последиците од некои изјави или репрекусиите во јавноста со таквите констатации за мафија. Веројатно, знаете како антикорупционер што е дефиниција за мафија. Значи, ако не исчезне и ако ја има, како што вие велите во Република Македонија, ако не исчезне по автоматизам со вашето доаѓање на власт, тогаш ќе треба вие да ја откриете, да ја фатите. Меѓутоа, доколку не биде така, бидејќи дефиницијата за мафија и во вашата изјава рековте дека таа е во спрега со власта, а вие ќе бидете власт, тоа значи дека новата власт ќе биде во спрега со мафијата ако таа се уште постои или ако ја има. Затоа, внимавајте во иднина во изјавите, затоа што сега преземате една друга државна функција. Кога сме веќе кај аферите на идниот мандатар, тој во една изјава за медиумите, кога пред неколку месеци излезе аферата со становите не негираше сосема, сега тука немам прецизен цитат, но постојат изјави од разни медиуми и рече дека не е сосема точно тоа што е изнесено во јавноста и дека некој наводно му го придодал имотот, нему или на неговиот родител. Тука, СДСМ своевремено праша дали можеби тоа придодавање на имотот е доброволно или можеби сосила. Затоа што, не добивме одговор за тоа ниту од прозваниот во аферата, ниту од Антикорупциската комисија односно од господинот иден министер за правда на кого СДСМ редовно му поставуваше прашања. Наместо тоа, тогашниот прв човек на Антикорупциската комисија господинот Маневски се занимаваше со тоа каде живеел и со кого живеел господинот Груевски и при тоа не го откри ни тоа, а камо ли да открие од каде му се становите, па дури не откри ни каде ги паркира Груевски автомобилите на "Бихаќка" односно дали има и непријавени гаражи покрај повеќето станови за кои некои мислат дека се бројат на една рака, некои мислат дека се бројат на прстите од две раца. Но, не е битно и реков народот вели: ќе ви остане етикетата на премиер со опашки. Тогаш, господинот Маневски како прв и најодговорен во Антикорупциската комисија се прогласи за ненадлежен. Би рекол скандалозно, со оглед на надлежностите на комисијата. Затоа го поставувам прашањето дали како министер за правда кога ќе се појават некои тешки ситуации или некои крупни одлуки, исто така, ќе се прогласуваат за ненадлежен на пример кога ќе дојде на дневен ред и тоа треба да биде многу брзо се надевам, Законот за употреба на јазиците. Дали тогаш господинот министер за правда ќе се прогласи за ненадлежен, а ќе видиме какви ситуации во работата на Министерството и на Владата ќе се среќава и со какви проблеми понатаму. Тоа, господа пратеници, се вика селективен пристап во борбата против корупцијата,сосема спротивно на она што го прокламира новата влада во доаѓање. Што значи дека уште во стартот си ги намалува шансите граѓаните да ви веруваат, но во стартот секако подршката и довербата најголема, ќе видиме понатаму, ние сме тука, оваа дебата не завршува денес со изборот на новата влада.

Затоа, уште едно прашање имам, дали господинот Маневски како иден министер за правда би бил сега непристрасен и непартиски како што велеше дека е во тоа својство кога беше член или прв човек на Антикорупциската комисија. Кога да му веруваме, тогаш или сега или ни тогаш ни сега. Дали кога беше наводно непартиски и сега кога наеднаш стана партиски. Дали како едно од прашањата во серијата на прашања, дали тоа е долгот на Никола Груевски кон господинот Михајло Манивски и дали е тоа всушност неговата партиска ВМРО-вска инсталација која постоеше во Антикорупциската комисија со која за жал, го уриваше угледот на една многу значајна и многу корисна институција за Република Македонија, каде што има многу солидн коректни луѓе, професионалци кои си ја вршат својата работа. Се разбира, тоа не е добро за институциите за Република Македонија за развојот и за независноста на нејзините институции. Тогаш, кога сега прашуваме дали ова е долг на Никола Груевски кон Маневски, сега можеме да прашаме односно претходно редовно прашувавме дали постои некоја спрега, политичка спрега помеѓу нив. Очигледно е дека постои и сега, денес го имаме одговорот на тоа прашање со предлогот за министер. Истиот кандидат за министер за правда не доаѓаше на барање на Собранието што беше негова законска и уставна обврска како прв човек на Комисијата за спречување на корупција да одговара пред Парламентот, пред пратениците на пратенички прашања. Собранието и писмено се обраќаше за да господинот претседател на Комисијата го игнорира Собранието кое му беше надредено, Уставно и хиерархиски поставено по секој основ. Затоа, сега го поставувам прашањето

дали истиот човек во својство на министер за правда повторно би се дрзнал и би имал таков непочитувачки однос во однос на највисоката законодавна институција во Македонија - Парламентот, кога ќе треба да биде повикан или кога ќе треба да доаѓа еднаш месечно да одговара на прашањата на народните избраници. Тоа значи дека манифестираше господинот Маневски едно крајно непочитување на институциите во Република Македонија, а сега од друга страна истиот тој ќе ги преставува институциите на уште повисоко ниво, отколку што беше во Антикорупциската комисија. Така што, парадоксите односно противречностите се очигледни и огромни.

При крајот нешто ќе кажам и за програмата, пред се, економската програма со која исто така, покрај борбата против корупцијата беше еден од главните адути за кои во јавноста и во кампањата зборуваше идниот мандатар. Вие потпишавте пред два дена Економски манифест и би рекол на некој начин во овој меѓупериод додека се уште не сте ја преземале одговорноста со доаѓањето на власта, си добивате време и дополнително си ја продолжувате комотната ситуација кога ќе дојдат вистинските проблеми и вистинската одговорност што треба да ги решавате за граѓаните и во името на граѓаните. Кога ќе дојдат проблемите, да не зборувам од политички карактер или од меѓуетнички, реков, за економскиот дел на програмата, кога ќе дојдат проблемите од социјалната свера, невработеноста, пензиите, платите, стечајците, итн.

Тоа се, господине мандатар, вистински животни проблеми кои вие ќе треба да ги решавате и вие ќе бидете најодговорен, а резултатите, односно дали ќе бидат добри или лоши резултати, ќе видиме многу брзо. Ако ви тргне како Влада, тогаш ќе биде добро за Република Македонија, меѓутоа во спротивно знаете што ве чека.

Ова го говорам бидејќи очекувањата на граѓаните во Република Македонија после секои избори, посебно после секои парламентарни избори се зголемуваат. Вие велевте во една кампања "Резултати сега", од тоа не видовме ништо, меѓутоа, го искористивте тоа. Е, сега ќе видиме до кога тоа ќе држи вода, до кога тоа ќе го паметат, односно ќе го ценат граѓаните.

Од друга страна, бидејќи според очекувањата на граѓаните, сакаат побрзо, сакаат нешто поопипливо, повидливо да им се подобри во нивниот живот, она што живот значи во нивниот животен стандард, се многу големи и се зголемуваат после секои избори. Вие обратно, кога победивте на изборите како да добив впечаток со неколку ваши интервјуа и изјави веднаш почнавте да ги спуштате очекувањата и да велите дека нема да има чуда преку ноќ, дека не може тоа туку така, дека не се тоа лесни работи. Тоа сите го знаевме господине Груевски, меѓутоа, Република Македонија заслужува и граѓаните да живеат подобро.

И на крајот, сосема на крајот, за еден пример колку е сурова, понекогаш и непријатна политиката, тука во овој парламент заедно седат, значи не само како колеги пратеници, туку и како коалициони партнери кои ја делат власта поранешниот заменик претседател на Државната изборна комисија , госпоѓата Дулиќ и поранешниот претседателски кандидат на СДСМ од 1999 година, господинот Петковски. Значи првата госпоѓа е оној човек кој на незаконит начин, нелегитимен, нелегален начин му ја одзеде победата на тогашниот претседателски кандидат во Државната изборна комисија или еден од оние луѓе кои ја одземаа победата, тука се и некои други членови на тогашниот состав на Државната изборна комисија, бевме заедно таму и добро се сеќаваме што се случуваше.

И на крајот, ќе завршам со една реченица на Васил Тупурковски кој своевремено ваквите парадокси во политиката ги нарекуваше "непринципиелни коалиции".

**Стојан Андов:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседавач.

За жал, морам да констатирам дека со својата дискусија и колегата Кондарко, како и претходните дискутанти во текот на вчерашниот ден повторно ме ставаат во дилема дали сега се наоѓаме во постизборен период, значи во август месец, или во април кога тие беа на власт. Упорно продолжуваат слепо да се однесуваат како во тој период со истиот стил на ароганција, на преголема сигурност во себе, заснована на ништо.

Од целата дискусија, она што може да го констатирам и сите тоа го почувствуваа е дека господинот Кондарко повторно ја оспори волјата на гласачите, кои само пред месеципол излегоа на избори и јасно кажаа кому ја даваат довербата, кому му веруваат, а кому не му веруваат. На чии бачила делуваат, на чии не веруваат. Посебно потенцира дека наводно со маркетиншки трикови претседателот Никола Груевски како претседател на коалицијата "За подобра Македонија" и претседател на ВМРО-ДПМНЕ ги добил изборите и повторно уште еднаш по кој знае кој пат за овие 4 и повеќе години е потценување и навредување на граѓаните на Република Македонија. Значи буквално нивно потценување и навредување што во најмала рака не е вкусно експлицитно или имплицитно да се искажува во овој висок претставнички дом, затоа што сме овде со нивните гласови и ги претставуваме нивните ставови и мислења, а тие токму преде еден илпол месец го кажаа своето мислење. Сега повторно вртиме исти приказни, што навистина е дегутантно и веќе втор ден, можеби и трет и четврти, продолжуваме со дискусија, го продолжуваме векот на техничката Влада. Весниците се секојдневно полни, точно е тоа, со бачила, "бачило 1", бачило 2", "бачило 3", сега веќе не се стотици илјади евра туку милијони евра

од вашата Влада господине Кондарко, а кога надлежните органи ќе навлезат во институциите, кој знае какви "крокодили" допрва ќе излегуваат од таму. Мислам дека и тука лежи стравот и лајт мотивот на сите овие дискусии што ги слушаме, па и на вашата и верувајте ми стравот е оправдан навистина за оние кои се огрешиле по словото на законот и стравот - затоа се спомнуваат луѓе, експерти, докажани во својата кариера професионално, докажани во јавноста како експерти, како чесни и авторитетни луѓе и борци против корупцијата, како што е господинот Михајло Маневски.

На крајот уште една мала дигресија, повторно навраќајќи се на претседателските избори 1999 година, повторно имплицитно сепак си дозволувате да коментирате или на некој начин да ја омаловажувате личноста на покојниот претседател на Република Македонија, господинот Борис Трајковски, кој навистина во јавноста и во народот и во меѓународната јавност...

**Стојан Андов:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Со госпдинот Китановски имавме прилика во претходниот парламентарен состав да размениме повеќе реплики. Овој пат нема да навлегувам во детална анализа на она што го говореше, меѓутоа, за волја на вистината бидејки вие обвинувате дека сум ги навредил гласачите затоа што ВМРО-ДПМНЕ победила со маркетиншки трикови, според вас, на Никола Груевски - не е точно. Вие не навредувате затоа што пред неколку минути точно знам што кажав. Реков не маркетиншки трикови туку маркетиншка кампања за времето кога беше министер, а не за оваа победа 2006 година, за која СДСМ веднаш ја подаде раката и честиташе на победничката партија. Тука нема ништо спорно и затоа не манипулирајте, а за вашиот рејтинг ќе видиме понатаму каков ќе биде и во која насока ќе се движи.

**Стојан Андов:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Виолета Ташева.

**Виолета Ташева:** Благодарам.

За жал, во изминатиот временски простор откако тече седницата на Собранието, непрекинато се повторуваат исти работи во кои се укажува на некакви агери и корупциски скандали. Само би ги потсетила и господине Кондарко, почитуван пратеник и останатите дискутанти до сега дека тие беа во власта во изминатиот период од 4 години, ги имаа сите институции во власта во кои можеа истите да ги искористат и да ги расчистат сите овие случи. Сепак ќе ги потсетам на аферите: продажба на земја во четири очи со договори кои апсолутно се корупциски и кои ќе бидат ревидирани, случајот КОЧ, случајот Скопси Пазар, случајот бачила и т.н.

Што се однесува до посочениот случај за станови на господинот Никола Груевски, јас едно би прашала. Пратеникот Јани Макрадули (реакција на пратеникот Макрадули со зборовите: "Што ми реплицира сега мене?"), во времето кога бил на власт да каже каква е неговата имотна состојба и купувањето на станови на неговата мајка. (повторна реакција на пратеникот Макрадули со зборовите: "Нема што мене да ми реплицира, што има врска репликата. Ве молам, Деловникот почитувајте го"). Господинот Јани Макрадули ќе треба својата состојба ...

**Стојан Андов:** Оставете го господинот Макрадули, вашата реплика се однесува на дискусијата на господинот Кондарко.

**Виолета Ташева:** Антикорупциската комисија не е само од еден човек. Таа јасно и многу транспарентно во јавноста го кажа ставот и одлуката. Случајот со станови е многу чист и многу јасен. Повеќе дискусија околу тоа само со шпекулации и афери со кои се сака да се оправда лошото владеење во изминатиот четиригодишен период.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Процедурално, има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Господине Андов, уШте еднаш ќе побарам, знам господинот Георгиевски дека нема такво искуство, но ќе побарам од вас да се почитува Деловникот и репликата да одговара на претходниот дискутант и да одговора содржински на она што е кажано. Јас не можам да гарантирам и да се борам против тоа што досегашниот претседател на Антикорупциската комисија го поделил мојот анкетен лист незаконски. Затоа, водете сметка за она што го дискутираат. Јас не сум виновен што им го поделил мојот анкетен лист.

**Стојан Андова:** Благодарам.

За збор се јави господинот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Почитуван претседавач, почитувани кандидати за министри на новата Влада, почитуванмандатар, почитувани пратеници,

Сепак, пред да ја почнам дискусијата сакам до сите да апелирам на свеченоста на моментот, бидејќи денес слави Република Македонија , бидејки денес треба да се верифицира во извршната власт волјата на народот, која беше искажана на 5 јули 2006 година. Ве молам , колку е тоа можно, во чест на почитувањето на Република Македонија и почитувањето на волјата на народот да се задржиме на свеченоста и на достојноста на моментот.

Во однос на мојата дискусија, ќе продолжам токму таму каде што застана господинот Кондарко. Последните негови зборови беа "непринципиелна коалиција". Мислам дека е многу важно да се направи една компарација и да се знае што е тоа принципиелна, а што непринципиелна коалиција.

Само со една реченица сакам да ги потсетам господата од СДСМ, на 15 септември 2002 година и кога и самите не знаеа дека коалиционен партнер ќе им биде токму ДУИ на Али Ахмети и

кога дознаа откако тогашниот мандатар Бранко Црвенковски, на 16 септември, им го соопшти тоа, истите тие молчешкум го прифатија. Не е проблем што коалицираа со Али Ахмети и со ДУИ, проблем е што коалицираа декларирано лева партија и декларирана екстремно десна партија. Нормално, во коалицијата ставија уште една недефинирана партија.

Што се однесува до оваа коалиција, таа коалиција суштински се разликува заради тоа што економската состојба во Република Македонија во моментот, во интерес на дискусијата нема да споменувам параметри бидјеки сите ги знаеме , сме буквално на дното на Европа по сите макроекономски показатели. Кој бил виновен не е важно, но јасно е дека таканаречениот најмал заеднички содржател на макроекономско ниво е толку низок што ние сакале или не, мораме, било кој да ја превземе Владата, да има социјални мерки и максимални енергични мерила во таа насока. Оттука воопшто не е непринципиелно да ја имате и НСДП како лева партија и Социјалистичката партија како лева партија.

Мислам дека чесно е да се престане, тој што најмалку почитувал принципи при коалицијата, сега да зборува колку оваа коалиција е непринципиелна. Згора на тоа, фит бекот и контролата што ќе ја има оваа Влада е реална и суштинска и е во функција на политичкиот систем во Република Македонија . Контролата оваа Влада ќе ја има од парламентот, за разлика од консензуалната и договорна демократија, која на 15 септември господинот Црвенковски и господинот Ахмети ви ја имплементираа, па парламентот ви служеше за гласачка машина, а Владата беше таа која што реално и контролираше и носеше политики. Чесно е тоа и да се каже и од сега натаму тоа да го расчистиме.

На крајот на краиштата барем како декларирани левичари треба да бидете среќни што социјалисти и нови социјалдемократи има во Владата. Тоа значи и вашата идеологија, барем во одредена мерка ќе се спроведува, или целта на власта вие ја сваќате како крајна цел, а не како што ја сваќа мандатарот и за кој што јас имам особено почитување, како средство преку кое што конечно ќе се среди економијата во Република Македонија. Впрочем, тоа е суштинската разлика на досегашната Влада и Владата која денес ќе ја изгласаме. Тоа е основната причина зошто јас како претставник на граѓаните во ИЕ број 4 ќе го дадам со чиста совест и чист образ гласот за оваа Влада, затоа што јасно покажа мандатарот дека има еден единствен критериум при формирање на Владата: компетенции. И тука завршува филозофирањето. Досегашниот критериум, господа од СДСМ, и вие тоа многу добро го знаете беше припадност, независно дали е тоа возраста, етничка, полова, партиска, политичка, идеолошка, послушна или било каква, критериумот беше припадност. Сега доаѓаат на ред и до израз компетенциите. Токму затоа мандатарот не дозволи минситрите кои се денес кандидати да се обидат да одговараат пред своите политички лидери, како што тоа впрочем и самите ваши министри го изразуваат. Овие министри ќе одговараат пред мандатарот, пред идниот премиер, а премиерот ќе одговара пред парламентот, така како што наложил Уставот. Еве, јас овде јавно кажувам дека таквиот политички систем сакале ние или не гарантира контрола врз Владата и гарантира дека таа Влада сакала нејќела, а волјата е очигледна, со секој ден ќе се труди да докаже што добро направила за економијата и социјата во Република Македонија. Затоа што институтот фит бек и институтот контрола е и тоа колку присутен и поставен.

На крајот на краиштата, ќе ми дозволите, апелирам најдобронамерно до сите кои сме овде во парламентот, да им дадеме шанса на луѓето, кои поединци од нив паднаа неколку скали подолу и прифатија да влезат во оваа Влада и затоа со чиста совест можам да ви кажам дека оваа Влада за прв пат придонесува нови елементи во Република Македонија и нов квалитет, а тоа е економскиот патриотизам. Овде имате луѓе кои од економски патриотизам се откажаа од кариери и позиции во мултинационални компани на светско ниво и дојдоа да и помогнат на Република Македонија. Но не да и помогнат со чукање во гради колку се тие македонци патриоти или не знам што, туку на дело со труд и работа да покажат како треба да и се помогне на Република Македонија.

Затоа, сите ние со чиста совест денес да ја подржиме оваа Влада, а контролата сакале или не, министрите ќе ја имаат преку парламентот. Оттука, мислам дека никој нема да погреши што ќе гласа за оваа Влада, особено ако знаеме какви беа сите претходни.

Уште една работа сакам да потенцирам, што е многу јасна не само кај мандатарот туку и кај сите, буквално кај сите кандидати за министри од оваа нова Влада, а тоа се принципите на поставувањето на цели при решавањето на проблемите, нешто што до сега го нема.

Сите цели што ги постави мандаторот прво се мерливи. Второ, имаат утврден рок. Трето, добро се дефинирани. Четврто, реални се и петто, остварливи во наредниот период од четири години. Навистина ќе биде гласање против Македонија ако не се даде шанса на таква Влада. Не велам дека нема да има грешки, ама тоа што ме прави комотен при гласањето да ми остане совеста чиста е што контролата на оваа Влада ќе биде во Парламентот, а не во договори во четитри очи помеѓу Црвенковски и Ахмети, Костов и Ахмети, или Бучковски и Ахмети како што беше до сега. Затоа политичкиот систем конечно профункционира овде од денес со овој состав на Парламентот.

На крај, сакам да и посакам успешна и плодна работа и не само ние, сите граѓани на Република Македонија да си ги засукаме ракавите и да му

дадеме шанса на економскиот патриотизам во Република Македонија. (Аплауз)

**Стојан Андов:** За реплика се јави господинот Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине Андов. Благодарам господине Андов.Ќе реплицирам во однос на неколку ставови. Јас и вчера реков во однос на утврдените рокови. Добро е кога има рокови, но лошо е кога тие рокови се разликуваат од изборната програма што постои за време на изборите, од програмата што ја дава Владата при составувањето, или при предлагањето овде во Собранието. И трет рок различен во сите три од она во експозето на мандатаротот. Тогаш има проблем. Инаку, кога има рокови, не е проблем.

Второ, тука критериумот припадност, јас би го нарекол фамилијарност. А примерот што беше даден за компетитивност јас уште еднаш ќе кажам, по квалитет на образование ова е за жал најслабата Влада. Се надевам ќе ме демантира дека образованието и не е најдоминантен квалификатор на еден човек кога влегува во извршната власт, но хендикепот на критериуми на она што е универзитетско образование, за жал некој го меша универзитетот со колеџот, за тоа не сакам да полемизирам. Има проблеми и со тој хендикеп ќе влезат.

Трето, суштинската разлика меѓу СДСМ и Социјалистичката партија претставена преку господинот Витанов иако според реториката повеќе ми наликуваше на човек од НСДП бидејќи тие го промовираа економскиот патриотизам. Суштинската разлика е во тоа што ние за господинот Ахмети никогаш не сме кажале она што господинот Витанов го кажал за господинот Тачи, а тоа е дека е тој херој на новата владина коалиција, дека тоа е ндп плеер на изборниот процес 2006 и недвосмислено водат во вистинската смисла на зборот.

**Стојан Андов:** Има збор господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Претседавач, би сакал на почитуваниот пратеник Витанов да му посочам дека е потребно секој пратеник кој претендира да биде сериозен, а тој верувам дека ќе биде од сериозните пратеници да го прочита Уставот. И глорифицирајќи го мандатаротот тој всушност говореше, или прејудицираше дека ќе го смениме Уставот. Значи само при изборот на Владата, или при реконструкција на Владата каде што има повеќе од третина промена на министрите, се гласа во пакет за Владата. При било каква промена не одлучува мандатаротот, не може да го узурпира правото на Парламентот. Така што почитуваниот пратеник Витанов искажа една голема небулоза и верувам дека самиот ќе го прочита Уставот и ќе провери дека министрите одговараат пред Парламентот, а не на премиерот.

**Стојан Андов:** Реплика, господинот Витанов.

**Зоран Витанов:** Ова сакам да го коментирам. Жално е што господинот Бучковски учејки економија, заборавил право. Меѓутоа, тоа сепак е негов проблем, не е мој проблем. Господине Бучковски, според Уставот и според политичкиот систем кој што Република Македонија пред 16 години го прифати, контролата на Владата при самото тоа што ние ја гласаме и ние ја разрешуваме, ја имаме ние во Парламентот. Очигледно толку ве занела консензуалната демократија што вие заборавивте дека требаше и во претходните четири години вашите пратеници пред се кои што го изразуваа мнозинството вас да ве контролираат. Токму поради немањето контрола, токму поради немањето конституиран механизам на фит бег од Парламентот до Владата, Владата забега во криминали и забега во бачилата каде што сватовите на Џемаили ни беа главен фактор во одлучувањето.

**Стојан Андов:** Господине Бучковски немате право на контра реплика. Овде сте само учесник во расправата. Ве молам, тие работи се за надвор од салата. Овде не може.

**Владо Бучковски:** Бидејќи ваков амандман вие подготвувавте, да му објасните. После ќе му објасните наместо јас да му објаснам.

**Стојан Андов:** Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуванм господине претседавач, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, почитуван господине мандатар и почитувани кандидати во новата Влада. Јас ќе го поддржам изборот на новата Влада и како пратеник и како претставник на ДОМ, затоа што за тоа имам мандат од нашиот Централен одбор. За тоа имам најмалку три причини. Прво, политички причини. Второ предложената програма на Владата и трето, персоналниот состав на Владата. Ќе одам по ред. ДОМ се формираше како опозициона партија на центарот токму поради несогласувањето со начинот како се практикуваше власта од претходната владеачка коалиција. ДОМ си постави две цели. Прво, да учествува во процесот на промена на постоечката власт. И второ, да учествува во изградбата на нова подобра власт. Значи, сходно на сево ова нашето партиципирање во новата Влада и нашата поддршка на новата Влада е сосема логично и природно.

Втората причина поради која што ќе ја поддржам Владата е предложената програма. Оваа програма е во големи делови компатибилна со програмата на ДОМ, а во одредени делови и потполно се совпаѓа. Предложените активности во економскиот дел се едноставно оние нужни, неопходни активности кои што и требаат на земјата. Еден колега спомна дека некои од нив се како препишани алинеи од некој учебник. Можеби е и така, меѓутоа тогаш уште повеќе се поставува прашањето зошто тие елементарни работи во економскиот дел до сега не биле направени кога е толку очигледно дека се нужни и дека и требаат на економијата за да заздраве. Тука навистина се поставува прашањето за што всушност се работело, дали се работело за незнаење, дали се работело за идеолошка матрица, или се работело

за надвладување на личните над општите интереси. Што и да е, тоа е работа на некоја друга анализа и на некое друго место. Овде сме пред се за изборот на новата Влада. Значи, ја поддржувам предложената програма за работа на Владата за што и ние во ДОМ ги имаме за приоритети следниве елементи: функционирање на правната држава, искоренување на корупцијата, здрава економска рамка, политичка стабилност, современо здравство и образование, активна надворешна политика со интензивно приближување кон ЕУ и НАТО структурите. Конечно ја поддржувам владината програма за преродба која е пандан на нашата програма за обнова, што е дел од името на нашата партија, демократска обнова на Македонија. Во овој момент имаме заедничка идеа, заеднички идеал и сосема е природно заеднички да се бориме за него.

Инаку, јас сосема би ги отфрлила дебатите за проблемите околу некакво идеолошко совпаѓање, или идеолошка компатибилност на различни субјекти во оваа Влада. Мислам дека по 15 години измачувања на Македонија, 15 години наводна транзиција во која што се наоѓа земјата нам ни треба сплотување на на сите оние кои што имаат капацитет и волја да одработат за својата земја. И овде идеологијата според мене нема работа. Треба да се направат неопходните работи за земјата да се одлепи од дното на кое што се наоѓа.

Третата причина поради која што ќе ја поддржам Владата е нејзиниот персонален состав. Во предложените кандидати гледам критична маса луѓе кои што ветуваат дека можат да одработат на прав начин за својата земја, кои што ја имаат потребната стручност, потребната чесност и неопходната политичка волја да и се посветат и да одработат за својата земја. Токму таа критчна маса луѓе со вакви особини и со ваков прозвук фалеа во сите досегашни политички влади. Видовме многу стручни луѓе, високо стручни луѓе, високо едуцирани, меѓутоа нешто фалеше за да може да се покажат како успешни менаџери на состојбите и резултатите беа такви какви што сите ги видовме и ги доживеавме. Мислам дека посебен придонес во оваа Влада даваат луѓето од дијаспората и луѓето со искуство во други земји, затоа што еден поинаков начин на менаџирање на некои состојби, мислам дека ни е неопходен и ни треба едно искуство од некои нормални организирани земји. Понатаму, за посебен придонес на оваа Влада го сметам присуството на луѓе кои што работеле и во невладиниот сектор. Не може да се спори дали некој човек работел на едно, или на друго место, секој избира во која фаза од својот живот на кој начин ќе придонесува во јавниот сектор. Она што е неопходно и она што е важно е секој да ги знае принципите на работење и да ги почитува тие принципи, дали се наоѓа во еден, или во друг сектор. Јас верувам и досега немам информација дека некој од предложените луѓе го прекршил принципот на работа кога работел во невладин сектор. И затоа очекувам и сега во владиниот сектор да го гради она свое специфично искуство кое што го има.Од мандатарот, господинот Никола Груевски очекувам добро водство, посветеност на работата и чесен и одговорен однос кон државата. Тој до сега покажал дека е добар тим лидер кој знае да го исползува и младешкиот ентузијазам и животното искуство. Токму затоа и од мене како пратеник и од колегите на ДОМ може да ја има нашата поддршка и да смета на еден отворен и коректен однос и соработка. Се разбира, секоја политичка партија има некои свои специфики и јас ќе се обидам да дадам посебен придонес за неколку прашања. Во оваа прилика би набројала четири. Прво, социјалната политика ја сметам за извонредно важно прашање, не како камен на ногата што чекори, туку напротив, како премостување на проблемите со сиромаштијата и невработеноста за да може побрзо да се чекори. Стечајците и технолошкиот вишок треба да имаат надеж и излез од агонијата во која што се наоѓаат. Вториот аспект на социјалната политика пак е грижата за посебни маргинализирани групи во општеството кои веќе беа спомнати и во експозето на мандатарот. Впрочем, тука веќе не се работи за идеологија, туку за исполнување на одредени стандарди што се дел од нашата европска агенда. Второто прашање за кое што сакам да ја анимиран јавноста и да ја поттикнам Владата да даде придонес е прашањето за туризмот. Сметам дека туризмот треба конечно да се третира како сериозна стопанска гранка која што може да даде сериозен придонес за развојот на економијата во Македонија. Затоа очекувам конкретна поддршка низ конкретни стимулативни мерки од страна на државата и ригорозна борба за високи стандарди на услугите.

Третото прашање за кое што посебно ќе се интересирам и ќе се залагам е културата во најшироката смисла како мост за подобро разбирање внатре во Македонија, но и како код за наша идентификација во светот, како начин на опстојување, на разликување, на афирмирање и конечно како наш врвен извозен производ.

Четвртото прашање кое што во оваа прилика ќе го споменам, а на кое што планирам да посветам посебно внимание е грижата за дијаспората и за нашите сонародници надвор од Република Македонија.Според европските и според светските стандарди, да се поучиме од земјите што ја имале мудроста па својата расфрланост и распосланост по светот ја претвориле во своја предност, во економски и духовен потенцијал, во изградба на лоби на своите држави во меѓународната заедница: Ирска, Полска, Хрватска, Грција, Израел, Унгарија и други земји се одличен пример за тоа.На новата Влада и посакувам успешна работа и посакувам да не го изгуби ентузијазмот и волјата за работа и верувам дека резултатите нема да изостанат. Оваа Влада ја има извонредната шанса да одговори на големите потреби и големите очекувања на

граѓаните. Мислам дека подобра мотивација од тоа тешко може да се најде.

**Стојан Андов:** За реплика се јави господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседавач. Во оваа прилика би сакал да напоменам дека многу брзо се менуваат ставовите на одредени политичари и искажувањата. Сакам да напоменам, јас добро се сеќавам дека ДОМ не се формира заради ништо друго, туку ДОМ се формира заради несоглаувањата со донесувањето на Законот за територијална поделба во Република Македонија и активно учество во референдумот. Сега во програмата на ВМРО-ДПМНЕ, во програмата на мадатарот, во експозето на мандатарот никаде, буквално никаде не се споменува дека ќе има измена на Законот за територијална поделба.

**Стојан Андов:** Ве молам, задржете се на излагањето. На тоа реплицирате сега.

**Слободан Најдовски:** Господине претседавач, се извинувам, јас никогаш не сакам некого да навредам, но почетокот, следете го почетокот на дискусијата, во дискусијата беше кажано зошто се формирала ДОМ. Јас точно на тоа реплицирам. Еве земете ги стенографските белешки, и ќе ве молам да не ме прекинувате. Вие знаете дека не можете мене со тоа да ме збуните, ако настојувате на таков начин. ДОМ се формира заради несогласување со Законот за територијална поделба и никаде сега не се предвидува дека новата Влада ќе носи закон за измена на Законот за територијалната поделба. Значи, она што им се ветуваше на стружани, она што им се ветуваше на скопјани дека доколку победат, доколку бидат во новата Влада ќе го изменат Законот за територијалната поделба. Тоа не се прави.

Втората работа, многу брзо се заборава, последните месеци од претходниот мандат дејствувајќи како опозиција и ДОМ и ВМРО-ДПМНЕ и другите ни предложија и ние го поддржавме сите Законот за лицата со посебни потреби. И сега во оваа Влада, во програмата на мандатарот тоа го нема. А според тој закон од 1.01.2007 година требаше да стапат на сила некои измени кои што таму беа предложени. Значи ли тоа дека ДОМ се откажува од нов закон за територијална поделба според кој што Струга ќе се врати во старите граници како што си беше. Ние за тоа ги претрпевме критиките, оправдани, или неоправдани, ќе покаже времето. Но, значи ли тоа дека момент на политиканство и искористување на искуствата на граѓаните беше при формирањето на ДОМ Законот за територијалната поделба.

**Стојан Андов:** Госпоѓа Поповска, одговор на репликата.

**Лилјана Поповска:** ДОМ сосема отворено ги застапува своите ставови и нема потреба од никаква мимикрија на која што се навикнати некои колеги. Значи, ДОМ сосема јасно кажа, се формира затоа што не се согласува со начинот на практикување на власта на претходната коалиција. Една од точките на кои што се судривме и не се согласивме беше токму и Законот за територијална организација каде што не се испочитува волјата на огромното мнозинство граѓани. И токму дека продолжува ДОМ да работи на иста линија е и најновата иницијатива за испитување на уставноста и законитоста на статутите на општините со мешан етнички состав каде што треба да биде вграден Бадинтеровиот принцип. Знаете дека реагиравме и на одлуката на Општина Чаир, а поведовме и постапка генерално за сите општини каде што ова може да биде проблем. Значи, ДОМ доследно продолжува да работи на она што го смета дека е интерес на Република Македонија, интерес на меѓусебниот живот и меѓусебната толеранција и почитување.

**Стојан Андов:** Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Почитуван господине Андов, почитувани пратеници, членови на Владата, почитуван мандатар и кандидати за членови на Владата. Најпрво би сакал да ви го честитам изборот кој сигурно ќе следи во моментите што се пред нас. Дозволете пред да кажам накратко мое видување за програмата која е предложена за развојот на Република Македонија во идните четири години, да кажам една работа што вчера беше соопштена и кај мене остави длабоки траги од еден мој бивш сопартиец кој соопшти дека во политиката веќе нема леви и десни сили и дека се сите конвергенција кон една работа. А само да соопштам дека пред четири, пет месеци ја напушти нашата партија токму соопштувајќи дека СДСМ веќе не е лева партија.

Она што беше за мене пострашно е кога соопшти дека веќе нема потреба од дискусија во Парламентот затоа што гласовите на народот се тие и дека ние само треба да верификуваме. Да потсетам дека на избори се гласа за пратеници, не се гласа за Влада, за Влада се гласа во Парламентот од страна на пратениците. Ако го прифатиме принципот дека тука нема потреба од расправа затоа што се е кажано со изборите, ние прифаќаме принцип дека Парламентот не е нужна институција во Република Македонија и дека тој што има мнозинство од изборите идните 4 години може да соопштува во јавноста преку "Службен весник " кои одлуки ги донел.

Мислам дека ненамерно беше соопштена, познавајќи го искуството на пратеникот, направена многу сериозна интервенција во политичкиот систем на Република Македонија и во уставното уредување.

Сега би сакал да кажам неколку збора за Владата и за нејзината програма.

Имаше многу дискусии, а има и многу пријавени, ќе се обидам да дискутирам по принципот (ин медијас рес), а нешто ќе прескокнам од тоа што беше кажано.

Едно прашање мислам дека е многу маргинализирано во денешната расправа, господине мандатор незнам од кои причини е маргинализирано во вашата програма и настап исклучително многу, а заслужува значително внимание, тоа е прашањето за учеството на албанските партии во Владата.

Мислам дека сегашната позиција на политичката сцена на Република Македонија во Парламентот е некаква политика на "ној", дека ако за тој проблем не разговараме, тој проблем не постои, јас сум уверен дека тоа е проблем кој во идните 4 години ќе биде еден од клучните проблеми во развојот на Република Македонија. Еве зошто тоа го мислам:

Прво, мислам дека мандатарот прави исклучително ризичен чекор во изборот на партнерите од албанската етничка заедница во Република Македонија во составот на Владата не заради имињата на пратениците или програмите, туку заради односот на поддршката кај албанската заедница која на овие избори се појави, која од прилика од три гласа два за ДУИ. Ниту сакам да сум адвокат на ДУИ ниту сакам да дебатирам зошто тоа се случило, меѓутоа загрижен сум за сопствената иднина и за Република Македонија.

Идната Влада, сега е смешно, а јас мислам дека многу брзо ќе дојдеме во ситуација многу тешко да размислуваме за тоа што се случува. Идната Влада ја нема поддршката од т.н. иако формално не е таков-Бадентеровиот принцип. Тоа значи дека идната Влада на Република Македонија односно мнозинството на Парламентот не обезбедило за еден од клучните процеси во Република Македонија доволна поддршка, а тоа можеше да го обезбеди. Тоа е клучната секвенца во целата приказна. Тоа значи дека некој од процесите можат да бидат закочени. Дај боже да не се , меѓутоа, можат да бидат. Тоа не зависи од никој од нас кои сме денеска во Парламентот, туку од оние клупи што се празни денеска во Парламентот. Тоа значи дека нема некој од законите кои се нужни за политичката стабилност, за евроинтегрирањето, за НАТО ориентацијата и за безбедноста во Република Македонија. Тоа значи дека некој од државните органи согласно Уставот и законите нема да можат да се конституираат, повторно ќе кажам дај боже да се конституираат, меѓутоа, немаат доволна уставна поддршка во парламентарното мнозинство за тоа сега да се направи.

Токму за тоа мислам дека определбата на Владата да се бави со економијата во идните 4 години уште на самиот старт ќе се претвори во трчање не заедно со настаните, не пред настаните, туку зад настаните кои нема да имаат никаква врска со економските проблеми, а ќе влијаат најсериозно на економските проблеми.

Третата работа што ми пречи како на граѓанин и сакамм тоа искрено да го кажам и како на парламентарец кој носи одговорност помала или поголема или еднаква, согласно Уставот, со сите вас овде е што по искуството што го има Република Македонија во изминатите 10-15 години особено она искуство од 2001 година денеска во Владата имаме учество на албанската заедница за која не смееме да останеме слепи, која по важност отскокнува од тоа што треба да го има. Или да бидам прецизен албанскиот партнер во Владата доби 4 ресори од кои ниту еден економски, ниту еден политички ресор. Загрижен сум дека таквата маргинализација на албанската заедница во Република Македонија во извршната власт може да предизвика соодветна радикализација на албанската заедница во Република Македонија и чувство на потценетост од аспект на учеството во Владата.

Второ, од тој ист агол бројот на албанците во Владата е паднат на под 20%. Сите ние потпишавме договор кој Уставот го верификуваше со некаква соодветна, правична застапеност, тоа според пописот кој е верификуван е 25%, учеството е сега под 20% во клучниот орган на државата. Можеби тоа нема да влијае многу на работите, но јас морам да изразам загриженост дека таквото потценување, таквата првична, формална потценетост може да предизвика проблеми кај некои кои мислат дека тоа треба да се применува на начин на кој е запишано во Уставот, соодветно и правично.

Како парламентарец имав прилика во Советот на Европа да слушам едно излагање на тогашниот израелски премиер Ицак Рабин кој после, за жал, доживеа атентат, кој во 20 минутно излагање 38 пати го употреби зборот (секјурит енд сејфли) безбедност и сигурнос за Израел, јас се чудев зошто тоа го прави. Тоа значи во минута по 1,8 пати го употребуваше тој збор. Подоцна сфатив зошто тоа го прави, затоа што тоа е (кондицио сине ква нон) за таа држава. Се разбира Македонија е далеку од Израел, меѓутоа Македонија не е ниту Холандија ниту Финска. Балансот мора да постои.

Втората работа за која сакам да се изјаснам е нешто што го поддржувам е борбата со корупцијата. Меѓутоа исто така да кажам дека судбината ме донесе во позиција од таа страна да учествувам во изборот на 11 влади на Република Македонија од страна на 6 премиери вклучувајќи ја и сегашната. Сите 11 влади односно сите 6 премиери ги кажаа истите, а некои од нив и многу поостри зборови за корупцијата. Тоа ќе го ценам или ќе го цениме само врз основа на тоа што ќе се направи. Зборовите во овој случај се небитни. Тоа беа зборови и на две влади на истиот политички блок пред 4 години. Тогаш не се успеа.

Нема да елаборирам, но ќе се согласам со тоа што вчера го кажа господинот Најдовски кој би го парафразирал вака. По однос на корупцијата за личностите и за борбата треба да се погледне назад за да се види што ќе се случува напред. Тоа ќе ни каже многу. Од тој агол би сакал да се случува тоа што е најавено, меѓутоа, прво сакам да го видам заради историјата, а додека не го видам ќе бидам многу скептичен.

Господинот мандатор искажа, по мене, пребрзи и прелоши оценки за економската состојба во Република Македонија. Би бил претпазлив затоа што таа е мерлива, како што кажа господинот Витанов. Ќе ги измериме сите тие индикатори по една година. Тие се десетина. Дали ќе го имаат истиот речник како што го соопштивте денеска за економската состојба во Република Македонија ако индикаторите се во тие граници, или полоши. Затоа претендирам на идниот премиер, на министрите особено од економските ресори да бидат многу претпазливи за тоа што соопштуваат за економската состојба, особено на официјални места. Утре ќе бидете поканети во Европската Унија, ќе биде министерот за финансии како што бевме и ние, ќе ве поканат да изразите оценка за вашата економска состојба. Не верувам дека ќе ја изразите оценката што ја кажавте овде. Затоа би бил многу претпазлив.

Да бидам искрен иако тоа беше главната потпора на Програмата, јас малку слушнав за тоа што ќе се прави, убеден сум , без разлика што во јавноста се перцепира, како новините и медиумите во кои имате одлична наклонетост, што е добар старт, тоа го перцепираат. Тука работите се поинакви од медиумите и поинакви од граѓаните и јавноста. Тука работите треба да бидат јасни. Мислам дека на добар дел од луѓето и во сегашната и во идната Влада особено е битно во идната, сегашната е прашање на саати, им е јасно дека стотте чекори воопшто не се доволен ниту толку важен чекор колку што се претпоставува, за да направи економски реформи.

Јас на шега на една од последните седници на Владата после 5-ти јули му реков на господинот Бучковски, мислам дека и на министрите, дека тие 100 чекори Владата ќе ги помине на две до три седници. Толку се тие две седници на Владата од по 20 точки. Потребни се илјадници чекори и мислам дека тоа брзо ќе се сфати. Но, тоа ќе го видиме, времето е безкрупулозен судија на се што се случува.

Целите кои си ги постави економската програма на Владата се исклучително тешки. Јас ќе бидам среќен да ги видам остварливи. Дали ќе биде раст од 6-8 или 2-4 или 8-10 не е желба која овде се соопштува, особено со аналитичкиот пристап кој недостасуваше, можеше да се соопшти 8-10, треба да се види зошто е проектиран на 6-8, зошто не повеќе, зошто не помалку, претпоставувам дека многу брзо по три или четири месеци во експозето на министерот за финансии за идната година ќе биде тоа елаборирано. Сега го оставам во доменот на политичка желба.

Меѓутоа, се кажаа и неколку бројки, да се намали јавната потрошувачка во Република Македонија за 2% од БДП како политичка определба на Владата, што не ја спорам, ако мисли дека тоа може да го направи, меѓутоа тоа е исто така мерливо. Днеска 2% од БДП се 6 милијарди денари или 100 милиони евра. Дури и со стапка на раст што ја предвидувате динамички, ако се оствари, таа е многу амбициозна 6 до 8 просечна значи ако една година е 4 идната година треба да биде 10. Двата проценти сеуште ќе бидат значителни за да можат да се намалат јавните приходи и тука опасноста од креирање на дефицит е огромна освен ако не се намалат расходите.

Намалувањето на расходите, извинете на зборот, меѓутоа не најдов подобар, со демагошки флоскули ќе престанеме да купуваме мебел и возила кои учествуваат со милион до милион ипол евра во буџетот, а разговараме за сто милиони евра, се невозможни. Тоа е повеќе за избори, тука повеќе не функционира. Во исто време, претпоставувам дека ви е јасно дека расходите само Министерството за одбрана идната година се зголемуваат 900 милиони денари. Вториот пензиски столб ќе издаде повеќе од дополнителна милијарда идната година. Реформите во Министерството за внатрешни работи ќе бидат толку скапи како што ќе изгледа новиот закон кој треба да го донесеме.

Во исто време има нејасна формулација во неколку документи кои викаат дека јавните инвестиции ќе се зголемат од сегашните три на 5% со тоа што ако мерите од централниот буџет или од општата Влада и сега има 5%. Ако мерите само од централниот буџет сега се три. Меѓутоа, сега формулацијата беше вкупните јавни инвестиции, сега вкупните јавни инвестиции се дури над 5% затоа што во јавните инвестиции, покрај централната власт спаѓаат и јавните претпријатија. Повеќе од 1% годишно инвестира само системот на поранешен ЕСМ, сега двете преостанати во државна сопственост, така што 5% се веќе постигнати. Ако мислевте 5% на централниот буџет што би била одлична определба да се постигне која јас ја поддржувам, тоа се дополнителни 6 милијарди .Тоа се веќе 12 милијарди. Ќе сакам оваа програма кога ќе дојде реализацијата да ја дискутираме сите заедно под услов да не предизвика 2% ваму помалку 2% повеќе, 4% дефицит. Со оглед дека се обврзавте на 1,5, мислам дека ќе имаме многу тешка работа за тоа да се постигне.

Би сакал да потенцирам нешто сега за после можеме да го дискутираме. Се обврзавте за помала администрација. Тоа е мерливо. Денес во овој момент администрацијата во буџетот на Република Македонија на сите нивоа без Фондот за здравство, не го земам затоа што со процесот на приватизации, концесионирање , се топи бројот на вработени по друг критериум.Бројот на вработените по буџетските институции е 70.407. Се обврзувате за помала администрација, па би сакал еднаш годишно или еднаш на 6 месеци да не известите кој е бројот на вработени во буџетските институции. Да речеме секој 1.01. и секој 1.07 во годината.

Само да потсетам од 2002 до 2006 година бројот се намали за 400 лица, а бројот од 1998 до 2002 година се зголеми со четвороцифрени бројки.

Ја почитувам господине мандатор вашата изјава дадена во новините, ако е точна, ја земам со малку резерва, дека во врска со аранжманот со ММФ и Светската банка, сега цитирам новина што вие наводно сте го кажале: "го продолжуваме аранжманот и дека генерално ќе го задржиме курсот". Ако не е точно однапред се извинувам. Таа изјава ја поддржувам , мислам дека е клучна да се продолжат аранжманите и да се задржи курсот, меѓутоа, за жал, во Експозето не слушнав ниту еден збор за два отворени среднорочни аранжмани кои Македонија ги има и со ММФ и со Светската банка а кои вие претпоставувам дека знаете дека се еден од клучните фактори на економската политика во иднина, ако ги зачувате.

Мислам дека во економска смисла се отвори еден голем фронт кој мислам дека со тек на време ќе се ревидира. Ќе цитирам нешто од Експозето. Владата ќе им даде потребна поддршка поголема од сегашната. Набројани се категории како раселени лица, лица со посебни потреби, пензионери, земјоделци, ги читам крупните по број, лица со социјална помош, оние кои ја немаат ниту неа, а претпоставувам им е потребна, оние кои немаат вработување и други помали категории бранители итн.

Јас се обидов вака грубо да ги соберам, тоа е категорија од еден милион луѓе. Со држава од два милиони луѓе владина поддршка на еден милион е сериозен чекор. Мислам дека со тек на време ќе се ревидира како определба затоа што тоа едноставно министерот за финансии нема да го издржи.

Би сакал нешто да кажам за политиката за странски директни инвестиции. Сега ќе бидам малку искрен и се надевам дека мојот сегашен премиер тоа нема да ми го замери, во однос на сегашниот премиер.

Нашиот сегашен премиер ја промовираше концепцијата, јавноста ќе цени, на странски директни инвестиции по пат на непосредни договори. Јас и тогаш и сега не сум голем приврзаник на тоа. Јас би сакал да има систем во кој што странските директни инвестиции ќе доаѓаат. Се надевам Бучковски не ми замерува.

Вие, сега промовиравте Влада во која што имате двајца, препоставувам двајца македонски граѓани од странство чија исклучива надлежност ќе бидат странските директни инвестиции, а тие немаат ресор. Значи, тие немаат услови да креираат систем. Системот ќе го креира министерот за финансии, за економија, за труд и социјала. На страна што мислам, тоа е јасно дека кај сите странски инвестиции критериум број 1 е политичката стабилност на земјата и понатаму следат сите други. За тоа зборував на почетокот, во првиот блок и нема да се повторувам. Мислам дека тука ќе има проблем.

Меѓутоа, тоа што малку ме предизвикува, двајца министри за странски директни инвестиции, без ресор мене, извинете на изразот "ми мириса" вака ставен во наводници, на непосредни преговори со странски инвеститори за влез во Република Македонија. Јас сум противник на тоа, а, колку што се сеќавам, до составов на Владава што е предложен, бевте противници и вие.

Зошто сум исплашен од тоа? Затоа што министер без ресор да преговара со странски директни инвеститори е ништо друго туку непосредни преговори. Непосредните преговори носат договори во кои што се определуваат привилегии на странскиот инвеститор. Привилегиите на странскиот инвеститор се договорна работа. Договарање на привилегии, пак сега, повторно мириса на еден збор што обично го соопштуваме како корупција, поголема или помала привилегија, скриена или отворена, сегашна или идна.

Второ, мириса на дисторзија на системот. Имате влез на инвеститор под привилегирани услови, ги санкционирате домашните инвеститори на најнеблагодарен начин. И, уште потешко, ги терате нашата акумулација да ја влечат надвор и од таму да преговаат како странски инвеститори под погодни услови. Се плашам дека таквата концепција ќе биде на товар на она што е главното во развојот, во инвестирањето, а тоа се домашните инвестиции. Би сакал да не е така. Меѓутоа, загриженоста сакам да ја истакнам.

Дозволете да кажам уште неколку работи, накратко за можноста да функционира Владата.

Господинот мандатор кажа дека во Владата предлага, цитирам од експозето "луѓе со висок личен интегрирет и високи етички стандарди и морални квалитети". Би сакал барем три работи да искоментирам, затоа што во политиката тоа е исклучително важно.

Еден човек со висок личен интегритет и со високи етички стандарди и морални квалитети, не ја напушта својата партија веднаш после изборите, ако изгубила, да се приклучи на друга партија што победила, за да го добие најважниот ресор. Затоа седи прв до вас. Освен ако зад тоа и за уште еден ресор нема некои подлабоки работи, по мене и пострашни причини за Република Македонија.

Во биографиите забележав благо фризирање, особено на луѓе кои доаѓаат од ресорот Министерство за финансии. Во нивните официјална биографии доставени до сите нас, дури и за времето кога јас бев министер работеле таму, имаат доставено фризирани биографии. Си ги малку повеќе унапределе своите позиции во Министерството за финансии во официјалната биографија. Тоа исто кажува за личниот интегритет и високите етички стандарди. Да напишеа дека се невработени, јас лично ќе го ценев повеќе отколку да фризираат четири, пет скалила нагоре во Министерството за финансии, со цел да имаат, веројатно, поголема тежина. Се повеле од латинската "бонум номен, бонум омен". Меѓутоа, мислам дека се довеле до другата латинска "номен ест омен". "Името претскажува". Фризирањето на биографијата претскажува. И, тоа ќе зборува многу повеќе за многу други работи што ќе ги прават.

Само една реченица ќе кажам во врска со спојот што е направен. Еден мој пријател и пријател на еден пратеник, колега мој, во Парламентот пред пет-шест години напиша дека еден човек во Македонија е најукрадениот во историјата на Македонија. Сега, тој човек е заедно со оној кој го инспирираше, кражбата, тој кој ја изврши кражбата, тој кој ја спроведе и тој кој ја верификуваше и легитимизираше, во врска со високите етички и морални квалитети.

Ми пречи, искрено да кажам, иако е добро да се има повеќе надеж и верба во себе, тоа е добро, меѓутоа да се соопшти овде дека во илјадниците години што претстојат на нашата држава, "илјадници", значи од 3006 година па натаму, следните чекори "ќе се запишат како едни од посветлите мигови во историјата на Македонија", мислам дека е претенциозно. Мислам дека е стварно претенциозно, да чекорите на Владата се стават во контекс на илјадниците години што претстојат.

И, би завршил со следново, што би сакал внимателно да се сослуша, а ќе биде кратко. Само момент.

Во изјава, пред медиумите во живо, а и во својата колумна од вчера, значи ја официјализираше господинот Трајко Славески кој е кандидат за министер за финансии, што е легитимно да се расправа како за кандидат, го соопшти усмено, тоа го слушнав на телевизија, дека се плаши дека "наследува празна државна каса", го верификува тоа со колумна вчера во "Дневник", објавено јавно за граѓаните на Република Македонија, читам од колумната:

"Деновиве, неколку медиуми го експлоатираа прашањето за празната државна каса". Тоа е проблем на медиумите. Меѓутоа, следи клучната реченица: "Ја делиме нивната загриженост".

Дозволете да ја споделам загриженоста со фактите и би сакал да се слушнат внимателно. Зн ам дека овие факти ќе предизвикаат дебата во јавноста, знам дека ќе ви направат вам уште повеќе проблеми отколку на мене, зошто ќе ве тераат во ситуација дневно лажицата да ја ставате во бурето со мед, а ќе треба да го издржите тој притисок.

Меѓутоа денес, односно вчера, денеска е неработен ден, денеска на 26 август 2006 година, во врска со "празната државна каса", состојбата на трезорската сметка на Република Македонија е 14 милијарди и 500 милиони денари. Тоа се 250 милиони евра. Од нив, само состојбата на Буџетската сметка е 6,6 милијарди денари. Тоа се 110 милиони евра. Денешниот суфицит на Централниот буџет е 1,5 милијарди денари. Девизните депозити на државата се 300 милиони евра. А, девизните резерви се 1.340.000.000 евра односно 1.700.000.000 долари. Вие знаете дека тие покриваат над четворомесечен увоз.

Во врска со "таквата празна каса" јас би бил најсреќниот минитстер за финанси и премиер да ја наследам. И, да не мора да ја доведам во таа ситуација, туку да можам да спроведувам политика. Ова го кажав нарочно официјално во Парламентот за да остане трага, иако тоа се факти што постојат во Министерството за финанси, недостапни за јавноста. Меѓутоа, една изјава на идниот министер можеше да внесе забуна. Не мислам дека господинот Трајко Славески таа ја кажал малициозно, мислам дека едноставно го дезинформирале. И, дека тој загрижен дека дезинформацијата може да е точна, го искажал тоа. Бројките се овие што ги кажав. Од сега натаму тие бројки нема да бидат ваша предност, знам од искуство, затоа што ќе ве тераат и ќе мислат дека тие пари се за трошење. А тие, освен малиот дефицит што е од 1,5 милијарди во моментов, не се за трошење. Тоа ќе го знае министерот, ќе го знае потпретседателот на Владата, ќе го знае премиерот заради беграундот и уште неколку министри. Другите ќе мислат дека треба да ги потрошат. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Се јавив за реплика затоа што на почетокот господинот Поповски искажа некои квалификации околу политичките консталации за формирањето на оваа Влада и кажа дека не е адвокат на ДУИ. Меѓутоа, даде многу елементи да се верува дека ги застапува нивните интереси во овој Парламент, па дури ни кажа дека сме се однесувале како ноеви во песок. Меѓутоа, му пречи што ДУИ не е во Владата. Но, не му пречи, на пример, вчера што на демонстрациите, што се овде легитимни за секој политички фактот, а што беа како за учество во Владата, се изговараше на пример "УЧК, УЧК". Тоа не му пречи и, не е тоа забивање глава во песок и не е начин на кој што во Македонија треба работите да се дискутираат исто така.

Треба да се знае дека ДУИ беше дел од една неуспешна Влада и држеше четири значајни ресори, особено во делот на економијата. Граѓаните на Македонија, без разлика на етничката припадност, кога излегоа, гласаа против политиката на таа Влада и неуспешноста. Нели беше забивање глава во песок кога од тие министерства и од тие министри на ДУИ имавме афери од типот на распродажба на градежно земјиште, коруптивни договори во четири очи, тогаш немавме ни една реакција во Владата и во коалицијата.

За волја на вистината точно е дека тој проблем рефлектира во политичкиот живот на Македонија, но не е ред никогаш ние македонците да се ставаме во функција на тоа да ги решаваме внатре, во албанската заедница, да ги решаваме меѓусебните нивни односи и нивното рефлектирање во политиката.

Мандатарот направи важен политички исчекор, ги повика на разговор, не договорија учество во Влада и тоа е за мене целосно испочитување на Уставот, во рамките на Уставот и на волјата на коалиционите партнери што денеска формираат Влада.

Ако се земе предвид дека, навистина, Бадинтеровото мнозинство беше еден од елементите на поддршка на расчистувањето на конфликтот, тој во целост се исползува во Уставот и мислам дека навистина, враќањето на сите пратеници во ова Собрание, без разлика на етничката припадност е важно за понатамошна активност на развој на оние делови од Рамковниот договор што недоволно се развиени.

Благодарам.

**Стојан Андов:** Господине Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Господинот Крстевски се обиде како искусен парламентарец да дефокусира од проблемот што јас го соопштив, се разбира дека јас на тоа нема да се навраќам. Кажав што мислам. Дефукусирањето не ме интересира. Се надевам дека само и тој, и тие кои ќе бидат после изборот одговорни, согласно Уставот, за состојбата во државата, ќе ја сватат сериозноста на работите за кои што јас говорев. Благодарам.

**Стојан Андов:** Господинот Оровчанец се јави за реплика. Повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине Андов.

Мојата реплика се однесува на господинот Поповски во политичкиот сегмент на неговото излагање по повод оваа седница за избор на Влада. Во другиот дел, во економскиот дел има параметри или моменти за кои што јас би се согласил со него и повеќе би нагласил дека во експозето на мандатарот постои дефицит од 1,5%, постои сето она што вие го зборувавте и намалување на даноците на 10% со реализирање на издржан дефицит од 1,5% од бруто националниот доход. По мене, ова е нереално и мислам дека без планиран дефицит таа акција не ќе може да се спроведе и тука се согласувам со вас.

Апсолутно не се согласувам, апсолутно не се согласувам и се надевам дека и другите членови или пратеници на СДС ќе се изземат од политичиот сектор во кој што дефинирате неопходноста од влегувањето на ДУИ во Владата 2006 година, односно денеска. Јас мислам дека на тој начин го рушите принципот и уставноста на Република Македонија и дека на тој начин практично дефинирате федерализација на Република Македонија, затоа што ставот на ДУИ очигледнон и вашиот е поделеноста на етничките заедници и групирање, како што беше искажано од ДУИ на оние кои во Македонскиот народ освоиле најмногу и оние кои во етничката заедница, конкретно Албанската, освоиле најмногу гласови. Тоа е рушење на унитарноста на Република Македонија господине Поповски. Јас мислам дека сте севсни за тоа.

Истовремено нагласувате, преку примерот со израелскиот премиер колку е битна сигурноста и безбедноста. Ако е ДУИ гарантот за сигурноста и безбедноста на Република Македонија, ние нема да имаме безбедна држава и мислам дека вие тоа треба да го сфатите.

Принципот на демократијата и начелата на Уставот овде се применети и токму поради тоа јас поздравувам една ваква Влада, без разлика на сите забелешки што ги имало од друг карактет, од друг аспект. Меѓутоа, во овој поглед мислам дека вие промовиравте една опасна теза и се надевам дека другите нема да ја прифатат на оној начин како што вие ја деклариравте. Ова не е дефокусирање, ова е многу озбилна работа.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Господинот Поповски има одговор на репликата.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас ќе кажам нешто слично.

Јас, тоа што го мислам, го соопштив. Тоа што господинот Оровчанец, кој ја поддржува Владата, го соопшти во врска со имплицитно соопштување на федерализација и на не знам што, нема никаква врска, затоа што јас тоа не го кажав. Тоа си го измислува сега.

Битни се политики што Владата треба да ги води. Јас не сум загрижен ниту за ДУИ, ниту за албанската заедница повеќе отколку за било која заедница или колку за Македонскиот народ. Сум загрижен подеднакво за сите и за себе. Само, мислам дека политичките последици од таквото конципирање на Владата не можат да се избегнат. Инаку, ние би расправале за состојба каква сакаме, а не каква е. Имаме реална ситуација. Ние можеме тоа да го игнорираме, но тоа е тоа.

**Стојан Андов:** Дали е за реплика господинот Неждет Мустафа?

Не е.

Дали е за реплика господинот Чингоски Влатко?

Не е.

Дали е за реплика господинот Тачи Мендух?

Повелете.

**Мендух Тачи:** Ви благодарам господине претседател.

Што се однесува до претходниот говорник јас би сакал да дадам некои проценки за човек кој има смешни погледи, а сериозен изглед. Значи демократијата е многу голема и мислам дека неговото однесување со толку голема безсрамност покажува ниво на неговата професионална и политичка подготвеност.

Да објаснам кој е тој демагок Никола Поповски.

Со полна одговорност велам, во текот на времето кога бил министер за финансии, значи во целост доколку ги анализираме институциите во системот и Владата и министерствата, неговото министерство има најмал број на Албанци. Од друга страна не сакам да се навраќам и на другите работи. Тој самиот ги знае проценките на ДПА за партнерот во коалицијата, значи за ДУИ. Кои се тие проценки. Имено, тие не се претставници на Албанскиот народ, туку вашата политика од 1992 година која на Албанците им правеше производ по мерка на СДСМ, почнува со вашиот претходник Џевдет Хајредини кој немаше

никаква врска со ПДП, никаква врска со Албанците, а вие го поставивте како министер. Другите работи, барем мене ми се многу јасни а мислам и се надевам дека и на вас ќе ви бидат многу брзо јасни. Вашата желба ДУИ да биде на власт е да ги покриете трагиде од 2001 година. Вие заборавате дека вашата министерка за надворешни работи имаше легална изјава дека агресијата ворз Македонија е од надвор и целиот заштитен корпус на Косово е влезен во Македонија. Немојте да ги менувате филмовите. Сепак, имате луѓе тука кои се постари од вас, а ќе ви кажам и почесни. Тој ваш производ што треба сега да биде на власт, исто така треба да ве штити од тој заеднички криминал што сте го направиле. Тие се главните побуди поради кои вие барате ДУИ да биде на влст. А за Бадинтер, вие немате врска што е Бадинтер. Вие ниту сте учествувале во преговорите, ниту знаете што значи Бадинтер и како се гласа за Бадинтер. Дали конечно ќе престане вашето душегрижништво за Албанците. Јас навистина сум запрепастен или чудоневиден, како не ви е срам од сите тие луѓе што се убиени во 2001 година. Правата на Албанците се на исто ниво. Да не оставевте нас како ДПА како политичка партија претставник на Албанците, може би нивните права ќе беа многу поголеми.

**Стојан Андов:** Никола Поповски ќе одговори на репликата.

**Никола Поповски:** Мене господине Тачи ми е јасен вашиот речник, вашата возбуденост и вашите позиции. Тоа не е од сега, тоа е од многу одамна. Уште повеќе ми е јасно како настапувате од позиција на идна власт денес и тоа јасно во која насока ќе продолжи. Кажавте квалификации, секој ќе се мери што кажал.

Во врска со една инфомација што ја соопштивте за состојбите во Министерството за финансии, би бил радосен ако си ги проверите фактите и после тоа сами ќе си донесете заклучок врз основа на тоа што дискутиравте денс, а што ќе имате како информација после тоа. Тоа можете да го направите уште во понеделник.

**Стојан Андов:** Благодарам.

За збор се јави господин Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседавач, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници.

Најпрвин сакам да ви го честитам мандатот и да ви пожелам успешна и пробна работа се во инерес на граѓаните на Република Македонија и на нашата држава.

Денес веќе втор ден разговараме за една многу важна точка на дневен ред. Тоа е изборот на новата влада, со што конечно ќе се заврши конституирањето на институциите, после изборите во 2006 година. Токму по оваа точка од дневниот ред сакам да искажам неколку свои видувања.

Постои една првична констатација дека за прв пат после осамостојувањето на Република Македонија и повеќе партискиот систем имаме Владата во која коалицира левицата и десницата кои во изборнаа кампања настапија самостојно и со сопствени изборни програми. Овој пат го имаме токму таквиот случај, па со право се поставува прашањето дали ќе може конзистентно да се реализира програмата на Владата без цврсто да немаат одраз различните концепциски приоди по истите прашања во извршната власт. Можеби некако и ќе може да се турка работата, но во таквио тслучај некој, или левицата или десницата ќе мора да отстапи од своите предизборни веутувања на граѓаните, што ќе значи изневерување на гласачите кои гласале за нив. Ова што го зборувам, пред се, се однесува на ВМРО - ДПМНЕ и НСДП во работата на идната Влада. Некој ќе рече, како што беше и спомнато дека и Социјалистичката партија е дел од левицата, меѓутоа, таа настапи во предизборна коалиција и со иста програма, пред граѓаните. Како тоа го направи, како ги убеди сопствените членови да одат на избори така, тоа веќе е нивно прашање.

Веројатно многу брзо брзо ќе се види, прво по кои прашања ќе се јават разлики во функционирањето на идната влада помеѓу левицата и десницата, а уште и на оваа седница и во експозето можеме да согледаме дел од овие прашања.

Во изборната кампања, пред се од коалиционите партнери, па дури и од ВМРО ДПМНЕ, пред се се ставаше човекот, граѓанинот, неговото достоинство итн. Сите се повикуваат на заборавеноста на граѓаните, за да во експозето кое овде беше понудено пред пратениците од мандатарот, сосема на крај од своето излагање да ги спомне сите групи на кои им треба поддршка во овој момент во Република Македонија, сосема накусо, за да им каже дека и нив не ги заборавил. И тука мислам дека се гледаат разликите во пристапот, барем она што беше кажувано во изборната кампања.

Секој од нас се сеќава на предизборниот период, не беше многу далеку, кога НСДП по многу прашања ја критикуваше изборната програма и на едната и на другата голема коалиција во Република Македонија и ветуваше дека за неколку месеци од доаѓањето на власт ќе предложи измени или нови законски решенија за одредена група категорија на луѓе, пред се на стечајните работници дури со писма беа известувани дека тоа ќе се направи во многу краток рок. Барем она што го слушнавме од мандатарот, гледаме дека такво нешто во некаква очекувана форма и нема. Од тука логично се поставува прашањето, дали ви господа од НСДП, вашето учество во Владата го базирате на изборната програма и на реализација на дадените ветувања пред граѓаните, или врз основа на вашите лични интереси и задоволување на сопствените суети. Наспроти сето ова што го кажав, сепак има нешто заедничко во делот на оваа коалиција. Тоа се прашањата на

неподржување на Рамковниот договор, неподдржување на уставните измени, не поддршка на сите реформски проекти кои беа усогласувани со европското законодавство, заедничкиот став околу прашањето на референдумот и територијалната организација во Република Македонија и друго. Поради тоа логично се наметнува прашањето кој ќе и верува на зборовите на новата влада дека и таа ќе биде реформски настроена, а најзините претставници кога беа во опозиција беа против реформските процеси кои ги спроведуваа во Република Македонија.

Иако немам намера посебно да дискутирам за персоналниот состав на новаа Влада, имам впечаток дека таа е составена без некои посебни критериуми кои би биле заеднички во пристапот, се со цел Владата да функционира во една поголема мера, усогласеност без некои внатрешни проблеми и кконечно на едно приблично ниво на компетентност, професионалност и капацитет. Некои кадровски решенија внесуваат навистина неизвесност во водењето на ресорите и успешно водење на некои витални сектори во Владата на Република Македонија. Тука пред се би го спомнал Секторот за внатрешни работи односно Министерството каде што покрај младоста и знаењето, навистина треба да има и искуство што овде го нема, барем не во потребна мерка.

На крајот сакам да ја искажам мојата резервираност заз успешноста на оваа влада. Со самиот факт што мандатарот Груевски најмногу време посветува на економските прашања и во изборната кампања и во програмата и во експозето, меѓутоа веројатно да обезбеди алиби пред граѓаните за нереално дадените ветувања засновани на популизмот, најважните економски сектори ги даде на коалиционите партнери.

Искрено посакувам господине Груевски оваа Влада и со малата сила што ја има и со малите чекори кои се производи на таквата сила, да овозможи Република Македонија сепак да се движи напред. Благодарам.

**Стојан Андов:** За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Почитувани колеги, почитувани кандидати за новиот владин состав, господине мандатар, господине претседавач.

По повеќе од месец ипол преговарање и договарање, новиот мандатар во пет до 12 конечно го обзнани составот на новата македонска влада.

Пазарењето и противречните информации од долготрајните преговори за новата извршна власт апсолутно говорат дека не станува збор за консензус на политичките партиципиjенти во однос на државните интереси, туку дека вистината е многу попрозаична, гола персонална поделба на сверите на влијание и контрола врз државните ресурси.

Целосната нетранспарентност при составувањето на новиот владин тим не ни остава простор за надеж дека ќе добиеме политички зрела и ефикасна влада. Ризикот дека оваа Влада ќе се соочува со бројни отстапки со цел да го зачува и онака кревкото мнозинство е неизбежен и евидентен. Затоа и потполно е оправдан сомнежот во нејзината политичка зрелост и капацитет. Впрочем може ли некој да ја определи заедничката идејна основа на новата влада како основен предуслов за нејзината функционалност. Или уште подобро, ќе може ли новата власт да го определи сопствениот идентитет за да ја идентификува заедничката кохезивна сила, а тоа е силата што оваа Влада ќе ја одржува во живот. И дали воопшто може да се најде заеднички именител на ова разнородно ткиво составено од неспоиви елементи како што се крајна десница и уште покрајна левица. На овој начин Македонија станува ветена земја за политичките чуда, зошто социолошката феноменологија досега не познава ваков случај, особено не на македонската политичка сцена. За што се работи? Гледаме ли реприза на малодрамата - непристоен предлог. Досека е сосема јасно зоашто мандатарот го понудил ваквиот предлог, апсолутна непознаница е зошто новите Социјалдемократи го прифатија. Одговорот на оваа дилема, верувале или не го добив токму од најповиканиот, од лидерот на НСДП.

Тој во една од своите колумни со наслов - Власта како цел или средство, ќе рече "Начинот на кој се формираат коалициите и владеачката и опозоциската најтранспарентно говори за желбата за власт по секоја сцена. Се здружуваат политички партии кои немаат ништо заедничко на програмски, а уште помалку на идеолошки план. Леви и десни влегуваат во коалиција со единствена цел да се освои и задржи власта".

Во една друга пак колумна со негов потпис, со наслов - Суштината на новото политичко организирање, истиот господин полемизирајќи околу општите состојби во Македонија наведува дека "И левицата и десницата во 15-тите наши транзициски години, без цел, визија и заеднички вредности, се виновни за моралната ерозија и без алтернативност" и ќе додаде "На политиката и политичкото организирање, барем кај нас, се гледа како на општа фрагма, не поштена борба за освојување на власта, по што, нормално следи и поделба на пленот".

Овие редови ги пишува човекот кој ги постави темелите на НСДП и кој смета дека појавата на овој политички субјект на македонската плуралистичка сцена значи надеж за ново политичко дејствување и нов пристап кон решавањето на политичките и економските прашања во државата. Но, ова по се изгледа е за употреба само за на хартија, зошто лидерот на НСДП се надмина себе си токму во третата колумна со наслов - Нов патриотизам и високо морални вредности каде вели "политички

шпекулации и подметнувања. Левицата, вели, ни подметнува сојуз и партнерство со десницата и обратно".

Другарот лидер со многу цврстина и непоколебливост ќе го детерминира основниот став на НСДП и вели: "Ставот на НСДП е јасен и не променет. Пред изборно коалицирање со никого, а пост изборно повторно со никого, ексклузивно, а со секого ако соработката се темели на програми и решенија кои ги одразуваат стратешките интереси на земјата:. Ова помалку наликува на народната "Не ме гледај што правам туку читај што пишувам". Чиста некоматена хипокризија.

Господата, пардон, новите Социјалдемократи не можат и не смеат да објснуваат дека партиципираат во Владата на ДПМНЕ заради блиските економски решенија и визии, зошто во истата колумна е сублимирана нивната економска програма која се темели, според зборовите на нивниот лидер, врз поддршка на благ државен интервенционизам и редистрибуција, како претпознатлив елемент на една вистинска социјалдемократска опција, што пак сосема е контрадикторно со програмата што ја нуди мандатарот за работа на Владата и претставува чисто скатена верзија на предизборната програма на ДПМНЕ, со која впрочем и го оствария изборниот резултат.

Партиципацијата во оваа влада и без резервната поддршка на нивната партиска програма за НСДП значи откажување од сопствената визија за развој и отстапување од општите принципи на социјалдемократијата воопшто. Значи, сепак не станува збор за непристоен предлог, туку за непристојно прифатен предлог мотивиран, од како што вели самиот господин лидер, желбата за власт по секоја цена, заборавајќи притоа дека идеологијата како личен но и како колективен чин не значи апсолутно ништо додека нема своја материјализација во конкретна политичка акција.

На крај, на мандаторот кој е творец, конструктор на ваквата Влада, политички хермафродит, без излезни шанси колку и дали ќе преживее му посакувам мудра, одговорна и чесна работа, а Бог нека ни е на помош. Ние вистинските социјалдемкрати како конструктивна опозиција, како што впрочем и многу пати најавивме будно ќе го следиме секој ваш чекор од најавените сто.

Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

За збор се јави господинот Влатко Серафимов.

Повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседавач, почитувани членови на Владата, почитуван господин мандатар на Владата, почитувани кандидати на Владата.

Во однос на другите дискусии јас не би зборувал ниту за непринципиелни коалиции, ниту за составот на новата Влада, туку би зборувал за Програмата и за Експозето на господинот Груевски.

Од кампањата која што се водеше во текот на предизборието често пати беа споменувани земјоделието како еден од основните и битните фактори во државата. Меѓутоа слушајќи го Експозето и читајќи го Експозето на мандатарот и од Програмата што ја имавме добиено пред неколку дена заклучив дека најмалку е спомнато земјоделието односно најмалку се спомнати луѓето кои што се и најнапатени во нашата држава.

Во предизборието се зборуваше дека цената на пченицата ќе биде некаде околу 13 денари плус 2 денари стимул. Од тоа нема ништо. Тоа им го кажувавме на луѓето, меѓутоа тие не ни веруваа нас, веруваа на празните ветувања. Сметам господине мандатар дека, ова е мое лично, во иднина со земјоделците да се подигрувате односно ветувањата да ги исполнувате. Барем можете сето тоа да го напишете или во Програмата или да го кажете во Експозето. Меѓутоа, сметам дека нема да ги заборавите затоа што тие луѓе секогаш ќе ви бидат на врат и на вас како власт и на нас како опозиција.

Што се однесува во делот на екологијата односно на заштитата на животната средина во Експозето не кажавте ниту еден збор, додека во Програмата имате паушално ставени неколку точки кои што точки не даваат ниту краткорочно, а ни најмалку четирогодишно решавање на клучните проблеми во животната средина.

Посочените активности се дефинирани адхок и се однесуваат на многу подобласти на животната средина, но не нудат ниедно конкретно решавање на барем еден сериозен проблем.

Интересен аспект е воведувањето на трошоците за животна средина во цените на стоките на услуги, а од друга страна велите дека ќе ги намалите даноците и даночните стапки со што би го подобриле квалитетот на живеење на граѓаните.

Ме радува тоа што ќе ги намалите ставките на даноците, меѓутоа не ме радува како ќе финансирате во животната средина ако внесете нови давачки во продуктите и во стоките.

Наведеното наведува и отвора едно ново прашање. Дали во текот на подготовката на Програмата за заштита на животната средина постоела визија како треба да се развива оваа област во иднина. Дали мандатарот е запознаен со состојбите во државата во оваа област. Во таа насока ќе напоменам неколку сегменти кои што се земени во предвид при подготовката на Програмата, бидејќи, како што кажав на почетокот, немате ништо кажано за животната средина.

Националното законодавство во последните четири години ги транспонираше директивите во областа на отпад, природа, воздух и хоризонталното законодавство, а паралелно се работеше на изработка на подзаконските акти за спроведување на законите. Исто така се започна и со приближување на македонското

законодавство со европското законодавство со изгласувањето на Законот за животна средина кој што е донесен во мај 2003 година од овој Парламент.

Исто така, во тој закон е вметнат и "загадувачот плаќа" односно тоа е чекор во изнаоѓање на соодветни решенија за негово доследно применување. Вие тоа го немате направено.

Во Република Македонија постои регионална мрежа за мориторинг на воздух, вода односно со новите закони треба да се воспостави мониторинг и на соодветно локално ниво. Притоа не треба да заборавиме на економската и кадровската способност во општините во спроведување на оваа и ред други активности кои се обврска и согласност со новите еколошки закони.

Воедно потенцирам дека вашата Програма не нуди механизам како истото би се реализирало. Подготвени се и усвоени стратегии за мониторинг и управување со податоци во текот на 2005 и 2006 година. Вашата програма треба да понуди начин на нивна имплементација а не декларативни активности кои не нудат конкретно решавање на проблемите.

Во текот на истиот период изработени се и вториот национален еколошки акционен план и голем број локални акциони еколошки планови. Од сето ова може да заклучиме дека стратешките определби за заштита и унапредување на животната средина се всушност само паушално наведени активности. Воедно и тоа како недостасуваат меѓу нив инструменти за истите без понуден комплекс за решавање на проблемите од животната средина.

Исто така, сакам да потенцирам дека обврските кон Европската унија особено во периодот на очекување на добивање на статус на земја кандидат членка во Европската унија не се преточени во програма. Ако малку се обидете да ги осознаете и разберете обврските на Република Македонија кои ги има оваа област ќе сватите дека вашето понудено решение не нуди можности кои ќе придонесат да се реализираат обврските кон Европската унија и целата меѓународна заедница во областа на животната средина. Притоа би сакал да ве потсетам дека животната средина покрај земјоделието и транспортната структура се области во кои се потребни најголеми инвестиции како би се постигнале посакуваните европски стандарди.

Се надевам дека ова идниот министер за животна средина ќе го има во обзир и ќе ги прифати сугестиите од моја страна кои што се добронамерни и мислам дека ова е пропуст на мандатарот кој што ненамерно го направил бидејќи економските сегменти ќе бидат бескорисни и бесцелни доколку не внимаваме на нашата животна средина. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев.

(За реплика се јавува говорник)

Вие за реплика се јавувате? (Да)

Јас мислев дека се јавувате за збор за редовна дискусија.

Има збор господинот Ратко Димитровски. Повелете.

**Ратко Димитровски:** Јас сакам да кажам некои моменти кои што претходниот дискутант не ги спомена, а потребно е да ги спомене, да ги каже.

Недостигаат многу делови во Програмата на идната Влада. За тие делови дискутира човек кој што е најодговорен за најголемата еколошка катастрофа во целокупната историја на Република Македонија. Во негово време истекува јаловиштето во рудникот Саса со што се загрозени стотици илјади фамилии, стотици илјади луѓе. Значи, човекот кој што беше задолжен за заштита на животната околина дозволи тоа да се направи, а сега ни дели совети што треба да правиме во наредниот период.

Јас би додал затоа што гледам како се работи таму, испуштени се и други делови кои што се практикуваат од страна на актуелниот односно претходниот дискутант. Испуштени се деловите околу активностите кои што се случуваат на локално ниво, активностите кои што се случуваат во изборите, делење на буџетски средства на партиски истомисленици под името на еднократна парична помош, прогонување на партиските неистомисленици со измислени кривични пријави, не решавање на тие кривични пријави со години за да можат да влијаат на нив и најнакрај сакам да кажам придонесува за одолжување на процесот за избор на новата Влада и тоа не е зацртано таму, со тоа што се делат клучеви од станови за да преку ноќ кога се избере новата Влада се поделени 22 стана во бастионот на СДСМ во Кочани и тие 22 нивни партиски војници се сместат преку ноќ за да утре остават главоболка на новата Влада како ќе ги исели.

Тоа се моментите кои се заборавени во Програмата на идниот мандатар, тоа се деловите кои што се испуштени и тоа се деловите кои што не треба да ги практикува новата Влада и тоа се оние делови што избирачите го кажаа своето мислење на 5 јули со поддршката што ја дадоа на оваа Влада, на оваа коалиција и на овој иден мандатар. Благодарм.

**Стојан Андов:** Благодарам.

За збор се јави господинот Влатко Серафимов за да одговори на репликата. Повелете.

(Процедурално се јавуваат за збор)

Процедурално?, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине претседавач, јас навистина го ценам вашето долгогодишно искуство со претседавање на седниците, но сакам само на една работа да укажам.

Кога се јавив за реплика, иако реплицирав на претходниот дискутант за дискусијата за која што зборуваше вие ме прекинавте. И тогаш укажав дека сакате на тој начин да ја водите седницата и тоа го покажавте сега.

Самиот репликант започна со тоа "да укажам на нешто што претходниот дискутант не го говореше", за што вие не го прекинавте ...

(Реагирање на некои пратеници од место)

Без нервоза ве молам.

Вие не го прекинавте и тоа го покажува вашиот нееднаков однос кон пратениците.

Јас уште еднаш ќе повторам. Го ценам многу вашето искуство како човек кој што ги води седниците и токму затоа денес после вчерашниот неуспех на претседателот на Собранието г. Љубиша Георгиевски денес мнозинството ве изгласа да ја водите седницата за да ја истерате на крај, но ќе ве молам да имате рамноправен третман кон сите пратеници. На почетокот покажавте дека тоа не го водите така. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Настојувам да бидам еднаков кон сите, затоа што само така и има смисла да се седи овде, а господинот Димитровски зборуваше за аспекти на екологијата за кои зборуваше господинот Серафимов. Сега Серафимов ќе му одговори зошто за екологијата зборувал Димитров така.

(Реакција на некои пратеници од место)

Повелете господине Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Мислам дека господинот Димитровски не е запознаен со работата на Државниот инспекторат за животна средина бидејќи сите јаловишта се под ингеренции на друга институција, а не се под ингеренција на Државниот инспекторат за животна средина. Меѓутоа јас би сакал да го прашам, бидејќи спомена некои станови и и спомена некои други активности кои што не беа споменати во мојата дискусија, мојата дискусија беше добронамерна за идниот мандатар сметам дека во оваа прилика кога веќе сака да влегува во такви дубиози би го прашал да не е сопственик на Поштенска банка или да не е еден од главните финансиери односно давање на пари со камата во АД Руен Кочани ...

(Реакции на некои пратеници од место)

... за кои мислам дека не е време и место тука да расправаме.

**Стојан Андов:** Еве ви истече и времето.

Јас настојувам сепка денес ако можеме и да завршиме, ако работиме и ако се држиме како треба. Тоа не може сосема прецизно, но ќе гледаме прецизно да се водат работите.

Јас ве молам, има некои принципи во парламентарната расправа. Вие во репликите изнесувате разни работи и еден дел е заради тоа што прв пат зборуваат пратениците, тоа се најголем дел нови пратеници и мала толеранција мора да се остави.

За реплика се јави господинот Додовски, меѓутоа тој се јави подоцна и не му даваме збор за реплика. Не можете да добиете збор, затоа што вие се јавивте откако дадов збор на друг.

Веќе му дадов збор на господинот Никола Ќуркчиев. Повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседавач на Собранието, дами и господа пратеници, кандидати за членови на Владата.

Од тоа што го прочитав како Предлог програма која што ни беше доставен за оваа седница и од излагањето на мандатарот кое го проследив со особено внимание би сакал да потенцирам неколку општи податоци.

Прво, господинот Груевски како мандатар и иден премиер навистина солидно се потрудил и се подготвил да ги спомене сите сектори и сегменти констатирајќи дека истите се неопходно потребни да се променат и ни вети навистина нови реформи и подобри времиња.

Второ, меѓу другото и денес и вчера имавме можност и прилика да ги слишнеме последните, би рекол, промотивни моменти за способноста и истакнатиот професионализам, високите етички стандарди, моралните квалитети, младоста и свежината на луѓето кои што веруваат во она што го ветуваат. Или накратко пофалби за исклучителниот капацитет на сите предложени кандидати за министри. Со тоа уште еднаш и во оваа прилика самиот мандатар, како што ќе изјави пред скоро година дена потврди дека има добро мислење за неговите кандидати за министри и тоа е апсолутно во ред, инаку која би била смислата тој да ги предложи за министри.

Значи, тргнувајќи од Програмата, предложениот состав и Експозето на мандатарот доминантниот впечаток што се наметнува парафразирано во една реченица е "за разлика од сите други Влади што биле досега вие ќе бидете супер и почнувајќи со вас од денес па натаму се ќе биде и ќе оди на подобро". Додуша не веднаш, туку како што вели самиот мандатар "бавно", "чекор по чекор", и така веројатно сто чекори за следните 4 години.

Ако некој ме праша за мојот впечаток или генералната оценка за Програмата која што навистина е амбициозна, дури би рекол одлична семинарска работа, можеби и магистерски труд некој на тема "Општествено политижки односи и потреби во македонското општество".

Почитувани колеги пратеници, иако ова е реалност, сепак не би можел и не го прифаќам како добра вистина. Едноставно, заради тоа што уште во самиот старт се прави една отстапница помеѓу првично прокламираното за време на изборната кампања кога всушност се добива и мандатот од граѓаните и ова што денес ни се предлага како визија и програма за препород за Македонија. Ако пред не цели два месеци тогашната опозиција, сега новото парламентарно мнозинство прокламираше мерки по ни повеќе, ни помалку, туку токму 100 чекори пресметани во денови и минути, денес пристапот е сосема поинаков и многу воопштен. Така, за разлика од изборната програма, во програмата за владата што ја предлагате, роковите полека се растегнуваат или се прескокнуваат, а низ

внимантелно одбрани фрази изблeднува и динамиката од вашата портокалова изборна книшка.

Не сакам да шпекулирам, раководеејќи се од критиките што јавно беа упатени во врска со таа техничка фалинка од страна на повеќе дискутанти, но вие би требало најдобро да занете зошто тоа е токму така. Кога веќе сум кај роковите, сакам да ве потсетам и на една друга програма, со рокови и попрецизни детали, што очигледно не ја доживувате како ваша, која во 1998 година доби мандат од граѓаните и стана владина програма. И тогаш како и завчера се даваа заклетви меѓу владините меѓукоалициони партнери, се потпишуваа договори и на крајот испадна тоа што испадна. Горе долу ништо од тоа што беше напишано во програмата. Многу очигледна разлика за овие месец и пол е впечатлива и во реториката, особено би рекол на истакнатите паритиски дејници, дури и кај мандатарот. Ентузијазмот и оптимистот интерпретиран пред граѓаните со една невидена еуфорија деновиве како да се топат. Наеднаш тоа што беше возможно веднаш од прва рака со мал прст, тоа за што се имаше невидена сила стана макотрпно, долготрајно нешто што не бива така брзо и лесно, нешто за што ќе треба време. Од една страна идниот премиер вели со трпение, истрајност и решеност, резултатите ќе дојдат. Од друга страна еден негов коалиционен партнер не убедува дека ефектите ќе дојдат многу брзо. А, трет пак, спасот не го гледа ниту во програмата, ниту во владата, туку единствено и само во ликот и делото на Никола Груевски. Ваквата дисонантност, почитувани пратеници, во ставотите на клучните партнери на стамиот старт дава одредница за една од димензиите на владеачката коалиција, да не речам, несериозност или неискреност што е туку речи исто, со неодговорност кон тоа што граѓаните ја заложиле својата доверба.

Друга работа која излезе на видело во изборите како клучна карактеристика на владиниот состав е демистификацијата на вистинските улоги на гласно прокламираните дејци во невладиниот односно граѓанскиот сектор. Со тоа, иако мандатарот констатира ниско ниво на демократија во земјава и прокламира развој на истата, сепак на еден посебен начин го манифестира токму спротивното. Наместо да се потикнува и да се јакне, се дискредитира невладиниот сектор, а од друга страна се промовира принцип на политизирање или поточно злоупотреба од страна на политиката. Токму, се разбира, на невладиниот сектор и на значајни државни институции, како клучен сегмент во едно демократско и граѓанско општество. Затоа и најавата на мандатарот дека ќе ја деполитизира јавната и државната администрација со воведување на нови критериуми при вработувањето и со мониторинг на истата од страна на граѓанскиот сектор, не звучи како најдобра вест, асоцира на нешто лошо или непријатно.

Искрено ме радува тоа што господинот Груевски во своето експозе потенцира дека Владата ќе ги продолжи отпочнатите процеси за евроатланска интеграција на Република Македонија, непропуштајќи да нагласи дека и тие како партија до сега, значи во улога на опозиција дале максимален придонес во напорите на досегашната Влада на тој план. Се надевам дека секој, а и тој се разбира, до каде на тој пат стигна Република Македонија и до каде сме отидени. Меѓутоа, исто така се надева дека сите граѓани на Република Македонија добро знаат не дај боже и оваа денешна опозиција така максимално помага како што помагавте и вие во изминатите 4 години да стигнеме таму каде што стигнавме.

Почитувани колеги пратеници, лично како човек не верувам во чуда, меѓутоа имаајќи во предвид тоа што се зборуваше досега и тоа што го слушнавме во експозето, ме зачудија неколку работи.

Прво, се откри вистината и не просветли сознанието дека во економијата преку ноќ не можат да се случат чуда, туку со време и тоа чекор по чекор.

Второ, дефинирајќи ги сиромаштијата, корупцијата и криминалот како клучни фактори кои ја загрозуваат политичката и социјалната стабилност на државата и најавувајќи економска преродба, не се пропушти да се нагласи дека и на тој план работите ќе се одвиваат бавно, многу тешко, а крајните цели и ефекти се дефинираат едноставно со ублажување.

Трето, веројатно сакајќи да се биде краток и концизен во излагањето во елаборацијата на повеќето клучни сегменти за програмата и делувањето на новата влада се спомна дека подеднакво ќе се грижат и ќе се залагаат и за останатите сегменти и групи и категории на граѓани, меѓу нив и земјоделците. Со оглед на тоа што предизборната кампања или во неа земјоделците беа една од клучните теми и цели, по малку сум разочаран што во експозето на мандаторот тие се најдоа во групата на други односно во категоријата останати.

Следниот мошне интересен момент во однос на предлогот на мандаторот е структурата на предложениот состав на новата влада и тоа од повеќе аспекти. Нема да се задржува поединачно и нема да коментирам детали. Меѓутоа, ценам за потребно да изразам многу искрена надеж дека по догледно време нема да бидеме доведени во ситуација да констатираме дека господинот Груевски не знаел што прави односно дека дамите, господа и министри не биле свесни за одговорноста која произлегува од како што рече мандаторот светата чест да бидеш избран од народот и на крајот на краиштата дами, господо и министри, идни министри вие добивате шанса. Од денес, најверојатно заедно со честа вие ќе ја понесете и одговорноста. И, вие сте тие што треба да ги разубедите сите оние кои што не се со исто размислување како и вие, туку можеби токму спротивното, токму значи да ги разубедите сите

оние кои што мислат дека ова е само првиот, а следните 99 чекори ќе дојдат многу брзо, а не за наредните 4 години.

На крајот со најдобри намери сакам да ве потсетам на еден факт, Република Македонија не е истата од 2002 година. Денес навистина ќе биде голем грев и пред бога и пред народот нештата повторно да испаднат или да се случат како што се случија во 2001 или 2002 година во тој дел и затоа не дај боже да се случи тоа, ви посакувам среќа. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Дали господинот Николовски Александар се јавува за реплика.

**Александар Николовски:** Благодарам господине претседавач.

Јас би сакал накратко да реплицирам на господинот Ќуркчиев по однос на она што постојано во овие два дена се отвара, а тоа е за ангажирање на двајца експрети од невладиниот сектор во Владата на Република Македонија. Би сакал да спореди некои аргументи и да посочам некои работи со што се сметам дека овој дел од дискусијата треба да се затвори.

Прво, оваа влада влегува со антикорупциски капацитет од едностана причина што она што досега се случуваше во Република Македонија, особено во овие 4 години на владеење, го бара тоа. Меѓу другото тој капацитет на Владата треба да откријата како се трошат средставата кои што овие 4 години Владата ги издвојуваше за блиски организации на СДСМ од невладиниот сектор односно на блиски организации кои 4 години беа во функција на промоција на СДСМ и политиките кои што ги имаат. Интересно е господинот Ќуркчиеве еве да го запрашаме како и по кој критериум оваа година беа поделени 332 милини денари или 5 милини и 300 илјади евра од Буџетот на Република Македонија на невладини организации блиски на СДС од типот на Сојузот на синдикати на Македонија, от типот на Студенски сојуз близок на организацијата од типот на организации блиски на СДС и како тој трансфер на пари потоа го искористи во нивната кампања, заради тоа што беше нивни генерален секретар и веројатно тоа добро го знаат.

Втор аргумент по однос на невладиниот сектор и она што е значано за невладиниот сектор е дека секогаш треба да е партнер на власта, нов партер, не учесник во власта. Ние имаме двајца заменици претседатели на Влада кои активно партиципираат во невладиниот сектор, господинот Минчо Јорданов е потпретседастел на граѓанското движење за Македонија, кое што да ве потсетам учествување во кампањата која беше насочена против референдумот, што значи ете тој граѓански сектор бил неконзистентен по однос на политиките кои ги промовира оваа Влада и во која што господин Минчо Јорданов бил потпретседател, а госпоѓата Радмила Шекеринска помеѓу другото има и работно искуство како асистент за односи со јавноста во иститутот отворено општество СОРОС, чии што претседател е долгогодишен член на раководните органи на СДСМ и уште повеќе чиј што претседател ја предводеше онаа фамозна коалиција на невладини организации, наречена Доста е, која што во 2002 година беше ударната тупаница на СДС за повторно да се вратат на власт. Благодарам.

**Стојан Андов:** Господинот Ќуркчиев се јавува да одговори на репликата.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван млад колега, јас верувам дека вие овие денови сте импресиониран од тоа што и веројатно сами не верувавте дека ќе бидете, имате задача да го прочитате она што ви е дадено. Меѓутоа, ако вие мислите дека некој друг треба да одговара за нешто, од вечерва, од утре или од задутре веќе вие сте власт, вие сте парламентарното мнозинство. Не треба мене да ми поставувате прашања, туку вие да дадете одговори на многу прашања кои што ги поставивте и ги кажавте.

**Стојан Андов:** Дали господинот Васко Шутаров се јавува за реплика?

Да, беше јавен на време и сега има збор.

**Васко Шутаров:** Јас ги делам импресиите на колегата Николовски, бидејќи е чест да се биде дел од овој парламентарен состав и да се биде дел од законодавната власт. Сметам дека за разлика од некои други колеги, ако ова го сметаат како една од рекреативните политички активности, нека им служат на чест таквите изрази.

За колегата Ќуркчиев имам три кратки прашања, бидејќи не сакам да одземам многу време од оваа дводневна опозициона програма на колегите од СДСМ.

Пред неколку дена листајќи ја ВЕБ страницата на СДСМ, ги видов биографските податоци на колегата Ќуркчиев кој овие денови се дрзнува, на на 26 и на инаугурацијата на претседателот на ова Собрание да го коментира образованието и на претседателот на Собранието и на предложените кандидати за министри. Таму видов дека има завршено машински факултет во опсежни, пристојни биографии стои кога е запишан факултетот, кога е завршен и со каков просек е завршен факултетот. Би сакал ако е расположен и ако може да одговори на тоа прашање.

Второ прашање имам во делот за коментарите за невладиниот сектор, колегата Ќуркчиев неколку пати елаборираше на таа тема.

**Стојан Андов:** Да ве потсетам господине Васко, прашања пратеникот поставува на Владата.

**Васко Шутаров:** Јас така коментирам и да искоментирам околу делот, јас ќе одговорам тогаш, за да не добијам одговор, ќе одговорам јас, бидејќи ја отворив и ВЕБ страницата на општинската организација на СДС во Гевгелија. Голем дел од носителите во невладиниот сектор активисти се и членови на претседателството на СДС во Гевгелија. Уште нешто, во нашиот крај

има една изрека што се почесто се споменува и тоа, страв да има, срам да нема. Оваа дводневна агонија на колегите од СДСМ токму ја поклопува оваа изрека страв да имаат, срам да немаат, заради сите овие коментари што ги слушаме во овие два дена. Благодарам.

**Стојан Андов:** Господинот Ќуркчиев се јавува за да одговори на репликата.

**Никола Ќуркчиев:** Иако не е потребно, меѓутоа почитувам претседавачи, иако требаше да напомените, меѓутоа ова се почетоци на новиот состав, па сигурно дека треба да им се каже нешто на младите колеги.

Почитуван мој колега, јас воопшто не се сомневам во дарежливоста на бога постојано да не благословува и нас и Република Македонија. Од денес натаму се молам, покрај сиот ум што го имате да ве обдари и со разум. За кратко време да не треба да се молиме и да зборуваме, прости им боже, не знаат што зборуваат.

**Стојан Андов:** Сега ние по Деловникот треба да одиме на пауза за ручек, но имаме две минути. Еве како стојат работите, не верувам било кој говорник за две минути да заврши, па ни госпоѓицата што се јави за збор не може за две минути да ја заврши дискусијата, ќе зборува после ручекот. Но, да се договориме бидејќи по Деловникот работиме до 17,00 часот. Сега да се договориме дали ќе работиме после 17,00 часот.

Предлагам да работиме и вечерва и вечерва да завршиме.

Дали се согласувате со тоа ?

Предлогот го ставам на гласање.

Молам, кој е за предлогот?

Да минеме на гласање и ве молам да гласаме.

Значи, гласале 59, за гласале 57, 2 гласале против, нема воздржани.

Дали членовите на Владата кои сега се пратеници, треба да гласаат сега.

59 се без министрите кои сега се пратеници.

Значи, 59 се без вас, а сега кој е за од вас?

Кој е за?

Четири.

Значи вкупно гласале 63.

Дали некој од вас е против? (не)

Дали некој е воздржан? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Сега одиме на ручек, а ќе продолжиме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Стојан Андова:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеничката Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Почитуван господине претседавач, уважени дами и господо, почитуван мандатар, кандидати за идни министри, сеуште не ја гледам мојата десна страна, се надевам дека во пракса ќе биде на почетокот на седниците да бидат собрани сите и да имаме апсолутно мнозинство за работа.

Навистина во едно чудно, би рекла турболентно време ја бираме новата Влада. Во време во кое вчера влегувавме со барикади во парламентот, во време во кое ДУИ нудеше кантонални карти на Македонија, во време во кое ДУИ само пред две недели место дијалог, како што ќе каже господинот Фујаре, нудеше оружје зошто не е во Владата. Во време во кое само до изборот, до денешниот избор имаме поскапување на електричната енергија од 9%, го имаме Рашче со концесија за ископување на варовник, така што не знаеме во Македонија во Скопје каква вода пиеме. Во една ваква сериозна состојба на овие неколку, 15-20 дена треба да ја избереме денес новата Влада на Република Македонија. Тоа значи дека нималку нема да и биде лесно на новата Влада. Тоа значи дека по втор пат десната опција, повторувам десната опција, ќе има шанса приближно исто како 1998-2002 година да го поправи пустошот на Република Македонија. Земете ги било кои репери, сакате реперите на "Фридом Хаус", извештаите на ММФ, укажуваат на една иста дистинкција. Дека поголем хаос и дека поголем пустош од владеењето на СДСМ во овие 4 години, не ги гибам 12-те вкупни години во кои владееше, не било пострашно.

Според тоа, ВМРО-Народна партија како силно десно ориентирана партија со сериозен би рекла национален предзнак, не е она што во политичкиот систем укажува дека десната партија го чува капиталот, дека десната партија се грижи за задржување и окрупнување на капиталот. Не, тоа не е така. Десната партија има многу поголеми акценти. Десната партија има акцент да ги чува националните интереси. Десната партија има за цел да го гаи патриотизмот, да го чува капиталот и да ја подобри економската и социјалната состојба на граѓаните на Република Македонија.

Значи, ВМРО-Народна партија не изгуби на овие избори. Во овој миг им се обраќам на моите гласачи ВМРО-Народна партија од третата изборна единица, на сите наш приврзаници од ВМРО-Народна партија и на сите приврзаници на победничката коалиција, особено на ВМРО-ДПМНЕ. Зошто? Затоа што, како што ќе рече Гогољ, сите излегуваме од истиот десен шинел. Затоа што разликата на победата 1998-2002 година и доаѓањето на СДСМ во 2002 година направи сега во 2006 година брендот, односно дозволете со точниот македонски збор да кажам, марката ДПМНЕ да победи. Тоа значи дека се заедно што работевме, да ве потсетам, од 1998 до 2002 година го сработивме заедно. Тоа значеше враќање на штедните влогови, тоа значеше донесување на ДДВ, тоа значеше економска благосостојба, тоа значеше економска, културна и духовна ренесанса во Република Македонија. Кога луѓето требаа да гласаат на 5 јули велеа вака: ако некогаш се присетиме кога беше добро од новата историја на Македонија,

значи од 1990 година наваму од кога успеавме да ја направиме независна Македонија, тие ќе ви одговорат тоа беше во времето на ВМРО-ДПМНЕ. Значи не многу бара макееднскиот народ, не така многу, но да не го маргинализираме дека тој не е политички едуциран. Тој точно знае да се присети кога во образованието беше најдобро, кога во економијата беше најдобро, кога во културата беше најдобро и т.н. Дел од тимот на тогашниот премиер Георгиевски не можеме заради идеолошките причини во кои се разделивме да го видиме тука, но ставот на нашата партија е дека со тие 60 илјади гласа ВМРО-Народна партија победи. Зошто победи? Затоа што и в.д. претседателот и нашиот лидер говореа едно: нашиот најголем политички опонент, непријател е не партијата, туку идеологијата СДСМ и ДУИ. Зато и мојот говор го започнав точно со барикадите, точно со кантоналните карти кои ни ги нудат, федерализација и се она што не значи демократија. Демократија во политичкиот систем не значи само дијалог меѓу политичките партии, туку напротив, значи симнување на една Влада и лесно доаѓање на друга Влада без било какви притисоци. Според тоа, корективот, коментарите, се она што ќе значи ажурност, мобилизација, ќе ј аимате подршката од ВМРО-Народна партија. Тоа ќе значи дека насоката која од време на време ќе може да застранува, ќе бидеме секогаш тука да ги дадеме и своите капацитети и своите размислувања и ако не друго, своите познавања околу тие цели. Ќе имаме тотално поинаква различна методологија во изборот на овој персонален состав до сега. Се присетувам на едн аколумна од господинот Мирчев, која мислам дека беше искажана во еден од печатените медиуми, во која кажа: во Македонија за да се создаде атмосфера на немање корупција потребна е силна корекција внатре во партиите и во левицата и во десницата. Тоа значи дека секоја нов аполитичка елита што ќе дојде ќе нема претходно минато, претходна хипотека, претходен министер да бил, тоа значи дека истиот тој министер нема да има пријатели од вториот и третиот ешалон, така што нема да може да ги познава, да знае каде се тендерите, каде е клучот за корупцијата и т.н.

Што е тоа што ни се допаѓа во методологијата, во изборот на новата Влада? Тоа што немаме луѓе со хипотека, тоа што е збир на млади луѓе, што се луѓе без претходен багаж, што имаме луѓе од надвор, што ги имаме и господинот Маневски и госпоѓата Габриела. Збирот на зрелоста е состојбата на зрелоста и состојбата на младоста. Една од нашите новинарки ќе каже, тоа е нова млада Влада. Што ако оваа Влада, идна Влада, што ако овие млади министри не се врзани со олигархиските струки во Македонија. Што ако, поставувам прашање оваа млада Влада и овие министри не се влезени со бизнис елитите во Македонија, како што тоа беше со претходната. Тоа значи дека секоја хипотека која од сега би ја сомичеле дека е незрела, дека нема капацитет, дека е можно да има знаење или да нема знаење, паѓа во вода. Нема шанса да се коментира. Можеме да коментираме за програмата, можеме да коментираме за разликите меѓу изборната програма и програмата која ја добивме сега. Но, ве молам, не постои методологија во која сега би кажале, да, ова е вака, ова е онака. Можеби Гордана не е подготвена за да го води Министерството за внатрешни работи и т.н.

Втора работа за која ВМРО-Народна партија ја подржува оваа Влада е клучниот проблем. Нам ни беше особено значајно, од круцијално значење да влезе ДПА во новата Влада. Никој од новинарите, освен проблемот на тоа зошто ДУИ не е влезена, па кој ќе ја прави годишнината од Рамковниот договор, дали тоа ќе биде Кабинетот на Прттетседателот или тоа ќе биде Али Ахмети, никој не постави во печатените или во електронските медиуми прашање зошто би требало ДПА да влезе во новата Влада. Исто така, заради десниот континуитет. Никој не се сети дека во времето на Владата на Георгиевски 1998-2002 година, кога Македонија ги имаше најдобрите резултати, беа следните минситри со исклучително добри резултати: ги имате во Белата книга и можете да ги прочитате, Бесник Фетаи, Бедредин Ибраими за труд и социјална политика, Насуфи за правда и Саити за локална самоуправа. Сетете се за какви резултати станувашe збор во тој период. Само да ви помогнам во сеќавањата. Бесник Фетаи, господинот Игор Ивановски, кога почнуваше велеше ние од ВМРО. Вашата уценувачка политика која ја имате од страна на ДУИ ве доведе до сериозен колапс.

А сега околу матрицата дали е идеолошки точно десна или лева партија. Ако господинот Груевски смета дека ВМРО-Народна партија не е негов добар имиџ, ние со тоа се согласуваме. Ако господинот мандатар смета дека добар имиџ за него е господинот Тито Петковски, само под еден услов господине мандатар. Само ако - се согласувам со реакцијата на господинот Витанов, ако тоа е заради економијата и за националните интереси на Македонија, ако е заради новата терминологија економски патриотизам. Но јас ќе ви припомогнам за уште една работа. Ако заедно со господинот Тито Петковски еднаш пред македонската јавност го одгатнете 12-годишниот пустош и криминал што го прави СДСМ и плус нивната идеологија со ДУИ.

Почитувани и уважени колеги пратеници,

Што е она што е добро во програмата, што е она што можеме да си помогнеме заедно на Македонија. Не можеме да правиме економија, не можеме да разговараме за дирекни странски инвестиции ако не направиме сериозни реформи во образованието и особно во здравството. Македонија не е здрава нација. Да се вратиме на континуитетот 1998-2002 година. Само со здрава нација може да имаме - не го сваќајте воопшто буквално, како аксиома - можеме да имаме и здрава економија, и здрав економски просперитет. Веќе е страв во Македонија да појдете и да се

лекувате. Веќе е страв во Македонија да влезете во македонските болници. Не се плашите од дијагнозата која ќе ви ја кажат. Се плашите од она на кое ќе наидете во здравствените домови. Велите имате програма околу економијата, имате еден момент во кој велите дека ќе ги намалите даноците за да може да има, кога ќе дојде директниот странски инвеститор, доверба во Владата, доверба во судскиот систем, доверба во правната држава и тие ќе бидат минимални. Тоа е навистина крупен чекор. Веројатно ќе треба да објасните и на каков механизам тоа ќе го нарпавите. Но ако веќе работите со нашите иселеници кои се надвор од татковината, кои се навистина сериозни амбасадори за презентирање на Македонија тогаш немојте да дозволите макеоднското земјиште да се дава под концесија во Источна Македонија. Тогаш да направите сериозна ревизија зошто е дадена таа земја и како е дадена. Тогаш ве поканувам, ајде да ги повикаме македонските иселеници и многу симболично секој да купи по еден метар квадратен во неговата земја, симболично да вложи во касата на Македонија, а со тоа да ја зачуваме македонската земја.

Со директните странски инвестиции не е едноставно. Треба да им ја вратиме довербата. Вашата книга која деновиве сакав, имав потреба да ја прочитам за да видам колку господинот Груевски од 1998 година, всушност 1997 година кога ја има пишувано со Сем Вакнин, се променил во неговите и тогашни економски видувања и сега. Таму вака пишувате: ако дојде некоја дирекна странска инвестиција, тие нема да прашаат дали е судството добро, дали е правната држава добра. Тие ќе ви постават три прашања. Првото прашање е дали вашиот народ е мрзелив или е вреден. Тие ќе ве прашаат дали ќе се задуши во бирократијата или ќе добие дозвола веднаш.

А најважно од се што ќе ве праша е, дали овде има моторна сила со која може да ја направи дирекната странска инвестиција. Па потоа му велите, треба да ги бомбардираме дирекните странски инвеститори да дојдат во Македонија. Затоа апелирам до новата Влада која денеска ќе ја избереме, веднаш под итно да направи агенција за промоција на Македонија. Таа агенција за промоција на Македонија и тоа како ќе може таа работа до сега требаше да ја има Министерството за надворешни работи. Тоа досега не го видовме. Таа агенција за промоција на Македонија ќе може да ги бомбардира и да им укаже, само на таков начин зошто би дошле во Македонија. Сега сте првоминистер во жаргонот, во терминологијата. Првоминистерот и тоа како не одговараат, министрите одговараат пред него, а првоминистерот, односно премиерот одговара пред Парламентот. Сега е многу потешко, сега не сте ниту министер за трговија, не сте ниту министер за финансии. Сега ќе треба сево ова да го координирате. Значи, малку изместување на она што значи економски препород кај вас, а препородот во принцип значи нов живот, нов почеток, ќе значи и размислување дали може дел од вашите коалициони партнери да одговорат. Ве поканувам да не се либите да ги критикувате. Ве поканувам да правите чести реконструкции на Владата, ако сметате дека само мал дел во тимот некој не работи со иста енергија како онаа со која сме знаеле како сме работеле и не работи по ваш слух. Ве поканувам на реконструкција бидејќи Владата е тим, е колективна игра исто како фудбалот, исто како театарот. Еден да помисли дека може да направи зделка, првиот што ќе помисли, или ќе ја направи првата корупција, тогаш сериозно ќе треба да одговараме пред македонската јавност. Затоа што ако 1998 и 2002 година го направивме силниот впечаток, тогаш и ВМРО-Народна партија ќе бара да го направите тоа и сега. Втората шанса, третата шанса не се добива. Многу е поедноставно левицата да се обедини, левицата да се устрои, левицата да застане на нога. Но, овој пат ако десницата се распадне, ако оние што останавте во десната ориентација овде во новата коалиција, тоа ќе биде крај за Македонија, ве убедувам.

Почитувани и уважени дами и господа, што е тоа што треба идната Влада да одговори? Треба да одговори што е со раселените луѓе, треба да одговори што беше со Раштански лозја, треба да одговори што се случи во 2001 година, треба да им одговориме на забрадените мајки во Македонија, треба да им одговориме на сите тие и на албанските и на македонските мајки што се случи во 2001 година. Треба да им одговориме на децата на бранителите, на резервистите и тн. Оваа Влада ја бираме во време во кое на Македонија и се суди, во кое на Македонија и прети сериозна опасност и се суди по тоа што во Хаг е Љубе Бошковски и Тарчуловски и се суди за тоа што во овој момент пред неколку дена имав разговори со сестрите на Љубе Бошковски. Знаете ли тие што ми одговорија? Јас велам, па по малку би требало да бидете и среќни, затоа што бираме нова Влада. А тие ми одговорија вака, дека оние снимки што ги гледате на Љубе Бошковски, тоа не е Љубе Бошковски. Тој веќе така не изгледа. Ете затоа десниот континуитет треба да го задржиме. Затоа што во Хаг лежи еден човек кој е обезправно таму, затоа што ги бранеше историите, го бранеше националниот идентитет на Македонија.

Почитувани и уважени колеги пратеници, сакам уште неколку работи да и упатам на македонската јавност, на македонските новинари, на македонските медиуми дека мора да одговориме на 12-годишниот пустош на СДСМ. Барам господине мандатар по сто и првиот ден да ми одговорите и од вас господине Маневски, деновиве ја добив вашата книга. Таму имате навистина одлични и сериозни сознанија за корупцијата во Македонија. Јас ќе бидам првата која јавно ќе ви се заблагодарам вам ако успеете да се фатите во коштец со таа финансиска олигархија. Затоа мандатаре, Маневски, барам ревизијата зошто оцени дека имаше сериозни сомнежи за корупција и измама на државните

пари околу половина милијарда евра. Барам да ми одговори новата Влада дека во 2003 година извештајот на Држвниот ревизор, а со одлука на тогашната Влада на господинот Црвенковски за набавка на навфтените деривати за време на ирачката криза Макпетрол да увезува без царина. Тогаш Буџетот се оштети со 3,7 милиони евра. Барам господине мандатар да ми кажете зошто претходната влада и барам ревизија ако имте финнсиска полиција, тутунот од стоковите резерви во 2003 година направија штета со над 5,8 милиони евра. Едноставна беше математиката. Тогашниот Социјалдемократски сојуз и коалицијата ДУИ тутунот кој чинел 188 денари ја продаде грчката фирма "Михаиладис" за 62 денари по килограм. Барам господине мандатар да ми одговорите, да процените сошто Скопски пазар купи 16 таканаречени зелени пазари, односно 104 илјади м2 по 600 денари за квадрат, односно ја остави покуса државата за 360 илјади евра. Барам да ми се одговори зошто тогашниот министер за финансии господинот Никола Поповски кој секогаш сум го мислела, или пак можеби сум сакала да мисла, а и убедена сум дека е така, дека е чесен пратеник, обелодени мега скандал тежок околу 100 милиони евра. Имињата не ги добивме. Како го заќуткаа тоашниот министер за финансии? Барам иден мандатаре, идна Влада да ојасните како се купи Тиквеш. Се сеќавате ли на кавгата меѓу Коцевски и Свето Јаневски, се сеќавате ли на полемиките меѓу Никола Поповски и Свето Јаневски, па потоа Свето Јаневски излезе како советник од Кабинетот на Бучковски. Барам да се обелодени фабриката на новинарите и медиумите кои вака, така не успеаа да сработат за СДСМ. Барам уште една ревзија на стоковите резерви. 49 илјади грла овци кои исчезнаа од стоковите резерви наместо да бидат продадени по реална цена, имаше побарувачка од Косово, тие ја дадоа некаде , не се знае пазар од каде по 1900 денари на четири рати. Барам да се обзнани Рамстор и како е купена земјата по багателни цени. Барам да се објасни зошто 550 луѓе се невработени од Злетово и Тораница. И како тогаш словенскиот бизнисмен беше тргнат и беше дадена за бадијала цена на Фенимак.

И се разбира она што е мој домен културата. Ми беше непријатно, ми беше по малку и сожалувачки за господинот Благој Стефановски, можеби беше фатен во јадицата и во мрежата на СДСМ. 140 милиони денари за Пелинце. Навистина за нешто што не е уметничко дело, со дискрециона одлука на Владата. И се разбира белата книга која излезе за продажбата на ЕСМ која допрва треба да ја разгледаме и да видиме зошто се продаде ЕСМ. Бачило, има ли поголема причина за тоа за да може да опстои ВМРО-ДПМНЕ? Дајте да ја одгатнеме Бачило. И конечно, па Владата уште не можеме да ја избереме, а 10 дена македонската јавност струи со нова корупциска зделка и тоа внимавајте, актуелниот претседавач на Второстепената комисија и потпретседател на Министерството за економија. Барам и тоа да ми го одгатнете на сто и првиот ден. Ако тоа го направите, ако успееме, ви ветувам едно дека следната Влада е наша Влада, ако ги демантираме Социјалдемократскиот сојуз кои ја донесоа Македонија во пустош, тогаш за прв пат ќе се направи историската разлика дека навистина таков каков што е нашиот ментор господинот Љубчо Георгиевски направил елита од луѓе кои можат да ја водат Македонија и со кои може да ја спаси Македонија.

Сакам малку да се навратам. Мислам дека ресорот не ви беше атрактивен за одбрана и за надворешни работи. Зошто? Затоа што таму нема веќе тендери, затоа што и тие малку тендери што ги има ги контролира Брисел. Доволно беше да се влезе и да се разговара за членството на НАТО. Она што ве убедуваа денеска СДСМ дека е опасно што не е влезена ДУИ, тоа е само сериозна замка и јадица. Тоа не е така. Она што велат дека со Бадинтеровото мнозинство идниот закон за полиција ќе ви ги скрати предприемната помош која треба да дојде во 2007 година и се огромни пари, тоа не е така. Тие навистина со работата на Секторот за евроинтеграции ја донесоа Македонија до статус кандидат. Меѓутоа, имаа економски пустош. Еден од условите е на евроинтеграцијата за да бидеме, за да влеземе меу другото се и економските реформи, не е само законот. Значи не постојат точни точки во кои, не знам, законот за полицијата, ако не, нема да продолжат преговорите. Тоа е е така. И тоа не треба да биде стравување.

И на крајот барам она што го кажа господинот Андов за кого имам сериозна и бескрајна благодарност како политичар, закон за алустрција. Госпоѓа Ванковска пред две ипол години во едно од списанијата велеше: закон за алустрација, закон за алустрација. Не може да мрдне Македонија, не можеме ако не знаеме кој сеуште ни диши зад вратот. Ако не ги обелодениме имињата кои се платениците на тајните служби. Всушност историјата на Македонија ниту започнала со СДСМ, ниту ќе заврши. Но, историјата на Македонија и тоа како започна како независна Македонија со убивање на тогашните ВМРО-вци. На овој ден кога ќе ја избереме Владата беше погребан еден од оуѓето кои во тогашната 1992 година овој месец и овој ден обелодени дека ќе напише книга за полицијата. Следниот ден веќе го најдоа мртов во сопствениот стан, Ете затоа треба закон за алустрација по теркот на Полска и по теркот на Чешка. Тие знаете ли што направија? Ги извадија имињата, но забранија нешто друго и имињата на нивните деца дека во иднина не ќе можат да обавуваат јавни и државни функции.

Почитувани дами и господа и сега по оној домен по кој сметам дека можеби сум и најподготвена, културата. Многу малку разговаравме за културата. Почитуван иден мандатар, драги министри, во оној момент кога ќе ви снема енергија за економијата, во оној момент кога ќе ви недостасува идеја за економијата, за

фионансиите, тогаш да знаете дека нешто што сериозно се враќа, нешто што сериозно се мултиплицира е културата. Таму можете да давате еднаш, културата ќе ви врати трократно. Затоа напред, затоа што смртноста е еднаш, бесмртноста е голема работа. Да правиме дела за Македонија како Плаошник, како Крстот, како Калето. Таму читам скопското Кале. Не, Македонија е на цело археолошко подрачје. Да ги вратиме во Врлево, Исар, Марвинци, Вардарски рид, да ги вратиме, да ги конзервираме, да направиме крупно за Македонија. Ве поканувам како идна Влада да направиме едно поинакво супериорно чувство за македонците и за сите луѓе што живеат и за албанците и за турците и за власите дигнитет, достоинство, чувство на народ кои припаѓаме на супериорна држава. Нашата приказна не почнува и не завршува тука. Имаме достатно доволно култура која може да ја раскажеме. Имаме толку многу во библискиот речник да раскажеме за Македонија. Стравот да го тргнеме на страна. 12 години живееше Македонија во страв. Малку треба за македонскиот народ да види дека може да оди на економија, дека ние сме во постојан дијалог со македонскиот народ, со граѓаните кои не избрале. Да ги направиме 50-те училишта во Источна Македонија кои капат, децата кои издемнуваат во училиштата, да направиме конкуренција во образованието, конкуренција во културата, да ја испласираме Македонија надвор. Евроинтеграцијата и НАТО, ве убедувам дека ќе дојде. Економската благосостојба која ќе ја понудиме ќе значи благосостојба и среќа на македонскиот народ.

**Стојан Андов:** За реплика се јави Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Иако можеби на оваа дискусија најдобро е да реплицира некој од ВМРО-ДПМНЕ, или можеби најдобро нејзиниот претседател, бидејќи тие ќе треба да се оградат од ваквите ставови на довчерашните сопартијци, но сепак, иако не можам во таков стил да реплицирам како што имаше вакво вдахновено излагање од 29 минути. Сепак, сакам да кажам некои работи, да дадам одговор на прашањата кои што ги поставивте колешке Божиновска. Значи, во 2001-та кога прашувате што ни се случи, ни се случи ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, ништо повеќе, ни се случи војна и пустош и распаѓање и не знам какви црни работи во Република Македонија немало 12 години, немало воопшто, или можеби таквите ставови ги кажувате за да најдете оправдување дека барате бугарски државјанства и пасоши. Таа десна партија која што е создадена да ги штити македонските национални интереси. Тоа е опцијата која што вие сакате да ја прокламирате? Тоа не е моја работа. Но, сакам да кажам едно кое што се однесува не на вас, бидејќи самите рековте 50 или 60 илјади гласа, сеедно. Ја користам оваа прилика да им честитам на македонските граѓани што уште еднаш после 2002 година и на локалните избори 2004 и на парламентарните избори 2006 година му кажаа на Љубчо Георгиевски каде му е местото во историјата, ама на негативната страна и така треба и да остане. Но, она што сакам да го кажам, а за тоа мислам дека треба да се изјасни ВМРО-ДПМНЕ, е дали ова што вие денеска го кажувате значи не симболична, не поддршка само на оваа седница, туку дека всушност не постои разлика помеѓу Никола Груевски и ВМРО-ДПМНЕ и Љубчо Георгиевски и ВМРО-Народна, односно дали денеска вие најавивте дека всушност ќе постои дополнително обединување врз база на истите принципи со кои што ВМРО-ДПМНЕ функционираше до 2002 година и ја доби казната од граѓаните, како што ја доби за да сега во 2006 година под превезот на новото, реформираното, исчистеното ВМРО-ДПМНЕ ја доби повторно довербата за кое што им честитавме.

И на крајот на краиштата немојте ве молам да не замарате 30 минути, да не враќате во историјата од Александар Македонски наваму. Ако имате да кажете нешто, јас ќе го поддржам, а она што може да биде од практична корист за Република Македонија и за новата Влада. Но, немојте вие да зборувате за пустош кој што во 2001 година го направивте она што го направивте. Единствената претстава за вашата партија претставуваат таканаречените лажни херои кои што наместо да завршат во судовите, завршуваат некаде на друго место.

Се извинувам уште две скунди ако го пробив времето, извинете се на Македонија кога велите дека на Македонија и се суди во Хаг. Во Хаг се суди на двајца индивидуалци, ништо повеќе. Благодарам.

**Стојан Андов:** Ви помина времето господине Ивановски.

Одговор на репликата има госпоѓа Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Кога би биле студент на Факултетот за драмски уметности приближно ништо слично немам видено еден советник на Претседателот толку идентично да изгледа на сопствениот претседател, би имале десетка. Но, вие сте советник на меѓународно изолиран претседател Бранко Црвенковски. Ви сте советник кој веројатно умешно добро сте го советувале како беа договорите помеѓу Али Ахмети и Бранко Црвенковски. Така ли е господине Игор Ивановски?

Всушност вие сте еден од моите омилени ликови во стрипот на Фокус, а знаете ли зошто? Затоа што немате свој личен идентитет господине Игор Ивановски.

**Стојан Андов:** Ве молам повеќе почит еден кон друг.

**Валентина Божиновска:** Дозволете, кога ќе се сетите дека СДСМ има направено, ќе ми одговорите, една чешма од која тече вода, јас ќе ви се извинам.

**Стојан Андов:** Процедурално бара господинот Јани Мкрадули.

**Јани Макрадули:** Господине Андов како претседавач во име на пратеничката група на

СДСМ интервенирам, мораше да ја прекинете оваа дискусија, оваа реплика, бидејќи беше повеќе од навредувачка и недостојна за нивото на Парламентот на Република Македонија. Сите овде мора да сфатат и нема оправдување што е некој прв пат овде, втор пат или трет пат, иако госпоѓата Божиновска е по втор пат пратеник. Сите 120 пратеници се еднакви и нема потреба да се навредуваме, омаловажуваме и тоа да го правиме со оние квалитети што ги имаме од сопствената професија што ја носиме.

Затоа во име на пратеничката група на СДСМ остро протестирам на ваквиот начин на дискусии и навредите што беа насочени кон еден пратеник од СДСМ.

Ве молам репликата да ми остане. Ова е процедурално.

**Стојан Андов:** На ред за реплика е господинот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Благодарам господине претседавач, прво да укажам дека поради техничка лимитираност го изгубив местото горе.

Имам реплика до почитуваната колешка Валентина Божиновска повторно како и вчера да ја изразам мојата збунетост. Имено, почитувана колешке пратеник од ВМРО-Народна партија во последните две години од претходниот парламентарен состав пратениците на ВМРО-Народна партија беа всушност, тоа можевте да го видите и вие самите како и целата македонска јавност, најголеми критичари на господинот Груевски. Со лични навреди од типот, ќе цитирам- неспособен, некадарен, понатаму плачковци итн. Зборувам што се зборувавте за господинот Груевски за време на кампањата, што вие што вашиот лидер Љубчо Георгиевски.

Она што сега сакам да ве прашам најкултурно и најколегијално што се смени во вас лично, во вашата глава или во главите на раководството на вашата партија за да само за неколку седмици го промените ставот за господинот Груевски тој одеднаш да биде така добар мандатар всушност иден премиер и најголемата критика што ја дававте две години одеднаш ја повлечете и кажете дека тоа е човекот кој всушност ќе ја извлече Македонија од тоа што вие го велите пустошот во кој се наоѓала. Благодарам.

**Стојан Андов:** Одговор на репликата има госпоѓа Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Јас сум жена која доаѓа од културата, немаше баш никаква индивидуална критика и навреда , всушност сите ние тука поединечно и колективно како членови на партија доаѓаме со една сериозна автентична култура и ја носиме. Според тоа ние не го смонивме мислењето. Ние имаме само еден сериозен политички благодет, а тоа е што вие не сте на власт. Благодарам.

**Стојан Андов:** Реплика за господинот Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине Андов, прво да го изразам задоволството, незнам дали тоа ќе стане пракса што гледам на еден од каналите има превод на англиски иако горе нема ни еден претставник на дипломатскиот кор, се надевам дека ова ќе продолжи и понатаму или можеби е некоја нова пракса во Собранието што е воведена.

Сега сакам да реплицирам на она што беше искажано од страна на колешката Божиновска. Се надевам дека после ваквата дискусија заслужи мандатарот да размисли и да ја основа Агенцијата за промоција на Македонија и да ја постави за директор. Мислам дека со ваков настап заслужи да биде дел од Владата и мислам дека господинот Груевски ќе направи напор некако набрзина како предлагач да го достави предлогот госпоѓата Валентина Божиновска да ја вклучи во Владата.

Она нашто реплицирам или дообјаснувам, согласно Деловникот или барам дообјаснување , беа набројани повеќе работи што ги бара од идната Влада. Јас само прашувам дали сеуште го бара она што го бараше на 29 октомври 2005 година во својата колумна вистината на лажливецот која се однесуваше на господинот Груевски каде што со гровнат смев се смееше за имотната состојба на Груевски каде што цитирам "призрак ли беше, мое привидение ли беше, мој ли сон недосонет кога јас со поголема дружина седев во твоите станови на Бихаќка".

Затоа прашувам дали тоа барање важи уште од 29 октомври 2005 година или нешто се променило или се заведе цела Македонија дека навистина господинот Груевски има два стана на Бихаќка, па се залетавме сите да го малтретираме господинот Маневски со прашања овде во Собранието. Благодарам.

**Стојан Андов:** Госпоѓа Божиновска има одговор на реплика.

**Валентина Божиновска:** Јас сум човек со сериозни принципи во себе и со сериозна етика. Да, и тогаш и сега го кажувам истото, стојам зад се што сум го напишала во тие 6 колумни. Да, барам да се обзнани. Сметам дека еден, два или незнам колку стана не е воопшто стрршно да се обзнани и да се стават во имотниот лист. Впрочем заради мојата лична етика веднаш би сакала да се обелодени мојот имотен лист, но сега барам веднаш од новиот директор на Јавното станбено претпријатие и повторно од Антикорупциската комисија каде се 50-тина станови кои последните месец дена се поделени на високи функционери од СДСМ. Благодарам.

**Стојан Андов:** Има реплика господинот Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Почитувана колешке навистина не очекував ваква дискусија особено дилемата која се појави кај голем број граѓани во Република Македонија дали денеска на дневен ред имаме интерпелација на Влада на СДСМ или избор на нова Влада.

Морам да ви кажам една работа, а тоа е дека трагедијата во Република Македонија е тоа што секогаш после ВМРО-ДПМНЕ мора Република Македонија да почнува од почеток .Ако

економијата беше главен и приоритетен дел и најмногу зборуваме за тоа, претпоставувам дека и колегата Макрадули заборави да праша кој тоа бесплатно и за кого врши превод на англиски јазик во овие два дена? Благодарам.

**Стојан Андоив:** Сакам само да ви ја пренесам информацијата од стручната служба, бидејќи на оваа седница како гости се поканети членовите на диплокатскиот кор секогаш тие додека трае седницата можат да дојдат да седат и да следат оти има превод на англиски јазик.

Има збор господинот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитуван мандатар и иден премиер на Република Македонија,, почитувани колеги пратеници од петтото Собрание во независна Македонија, почитувани кандидати за министри во новата Влада на Република Македонија , почитувани новинари, почитувани гости.

На почетокот на новиот легислативен период македонската јавност со право сака да знае што ќе се случува во идниот период, што ќе се случува во иднината. Што е она што ќе биде главен предизвик за македонското општество и кои проблеми од многуте проблеми што ги има нашата држава ќе бидат решавани.

Живееме во свет кој се надева на мирот во иднината и живееме во земја која се надева на благосостојба, благосостојба која никако не доаѓа, благосостојба која ја немаме , благосостојба која беше ветена, но не исполнета од претходната Влада. Македонските граѓани бараат веродостојност и резултати и подобар живот. Бараат веродостојност и резултати од овој Парламент, баараат веродостојност и резултати од идната Влада затоа што таа веродостојност и тие резултати не ги добија од претходната Влада. Ги немаше. Каде сме и каде се наоѓаме? Во моментот сите клучни економски показатели дека ние сме најлоши во Европа и последни на Балканот. Не сакам да одам во нихилизам и да велам дека ништо позитивно во овие 4 години не се случуваше. Имаше одредени резултати, имаше одредени придвижувања напред, но тие се губеа во општото сивило, тие се губеа во она што го немавме во Република Македонија.

Се случи потпишувањето со Европската Унија и тука имаме придвижување напред. Тоа е во ред треба да го поздравиме, а на некој начин да го констатираме. Имаме генерална стабилност во државата имаме луѓе во Владата кои работеа во таа насока. Но она што е најважно, она што е најбитно за македонските граѓани, а тоа е економскиот просперитет, тоа е невработеноста, тоа е животниот стандард немавме никаков напредок. Уште еднаш, најлоши на Балканот, последни во Европа. Состојбата е лоша и се влошува. Сметките се зголемуваат, животниот стандар опаѓа.

Последниот пример во низата е зголемувањето на цената на струјата, продавањето на ЕСМ за кое Радмила Шекеринска , Владо Бучковски, Илинка Митрева, Мери Младеновска, Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев и другите ни велеа дека нема да се случи, дека ЕСМ се продава на транспарентен начин, дека ЕСМ се продава за доброто на македонските граѓани и македонската економија. Ваквата продажба на ЕСМ за интереси кои допрва треба да ги видиме ја загрозува и македонската економија и македонските граѓани.

Имаме најголема невработеност која расте 37%,.имаме најмали странски инвестиции во време кога имаме економски бум на инвестиции во Југоисточна Европа. Во Србија 1,1 милијарда долари, во Хрватска 800 милиони долари, во Бугарија исто така околу 500-600 милиони долари годишно. Македонија во целата таа слика се губи затоа што имаме корумпирана држава, имаме администрација односно Влада која не може да даде резултати. Имаме најголема сиромаштија која исто така расте, сиромаштија која е 30%, сиромаштија која беше 23% пред 4 години и сиромаштија која значи дека имаме енормен дел од македонската популација 30% која живее во сиромаштија според критериумите на Светската банка.

Од тие 30% 2/3 од луѓето спаѓаат во апсолутна сиромаштија. Апсолутна сиромаштија значи дневен проблем со обезбедување на храна. Дневно борење со егзистенцијата, дневни проблеми кои значат несреќни семејства во нашето општество.

Имаме огромна корупција која Македонија ја смести на 103-то место од светските држави, корупција која е огромна, корупција која ја гледа Европа, корупција која секојдневно ја забележуваат македонските граѓани низ целото општество, корупција која е толку голема и за која можеме и мораме да констатираме дека беше продуцирана од власта, инспирирана од власта, спроведувана од власта.

Имаме најмал економски раст од сите држави во регионот. Во време кога Албанија оди напред со 7%,, во време кога Србија оди напред со 6% економски раст, Бугарија со 5% економски раст, Хрватска со 4,7% економски раст, Македонија со оваа Влада, со оваа неспособна гарнитува на министри кои ги имавме и со оваа олигархија која едноставно ја стави во кованица македонската економија има раст од 3%. Значи имавме корупција која ја гледавме во бачилата, непосредните спогодби кои ги констатиравме во Министерството за одбрана, понатаму Мајкрософт и она што го имавме со непосредната спогодба со второ озаконување на софтверот во Република Македонија, Скопски пазар, долговите што се зголемуваа на Фондот за здравство сето тоа едноставно олигархија која имаше своја гарнитура и која дејствуваше во функција на интересите на поединци, а не на заедницата и државата.

Уште еднаш, најлоши на Балканот, последни во Европа.

Ете затоа македонските граѓани бараат веродостојност и подобар живот на сопствените семејства, подобар живот за наредните генерации. Токму тоа го немаме и токму тоа е најголемиот предизвик за новата Влада . Грешките на противниците не смеат да бидат постојано евергрин оправдување за сопствените потфрлувања и сопствените пропусти. Затоа оваа Влада, овој владин кабинет кој е пред нас, овие предложени луѓе на чело со мандатарот не даваат нереални ветувања ниту во кампањата кога требаше да се убедуваат гласачите ниту сега кога треба да се убеди македонската јавност дека ја заслужуваат довербата . Не се одеше со ветување по еден вработен од секое семејство, една милијарда долари од Тајван итн.

Изборите на петти јули покажаа дека македонските граѓани, покрај веродостојна Влада и министри сакаат и веродостојна држава. Држава која ќе знае да ги исполни своите обврски спрема граѓаните а која истовремено ќе знае да го најде своето место во светските и европските процеси. Ни треба држава во која ќе има социјална рамнотежа затоа што тоа е предуслов за нашиот вкупен напредок. Нашите граѓани сакаат државата да оди кон подобро и затоа побараа и ја добија промената на власта.

Ја дадоа довербата на новата Влада и на програмата која беше транспарентно презентирана со рокови, со конкретни проекти, со сето она што можеше да се види низ македонските општини во изминатите два месеци. Но, после изборите промените кои треба да се случуваат, реформите кои треба да се спроведат се наша заедничка задача, заедничка задача на овој Парламент, на сите пратеници во ова Собрание. Ни треба стабилна Влада за активирање на внатрешните потенцијали на земјата затоа што Македонија има сила , но тоа ни е потребно поради задачите и плановите кои не очекуваат на меѓународен план. Новите предизвици не смеат да станат основа за нови поделби и во нашето општество и во ова Собрание.

Широката политичка согласност околу главните магистрални движења на нашата држава едноставно треба конкретно да се рефлектираат и во овој Парламент. Всушност најмногу во овој Парламент и најмногу во ова Собрание затоа што на крајот на краиштата и етимиолошкото значење на овој збор - Собрание значи дека сме тука собрани, дека треба да одлучиме за работи од кои зависат 2 милиони жители на нашата татковина.

Програмата треба да стане реалност, а реалноста да стане подобра. Потребна ни е внатрешна кохезија на општеството. Општеството кое ги зацртало своите задачи, општеството во кое несогласувањата да се решаваат со демократски дијалог со демократски процедури треба да ја најде својата институционална рамка.

Во врска со она што го гледавме изминатите неколку дена ние како Влада и гарнитура нема да траеме вечно. Кога тогаш ќе замене во опозиција.

До оној момент кога граѓаните на Република Македонија ќе ни ја одземат довербата, до тој момент ќе имаме одговорност за вкупните движења. Власта се добива и се губи на избори. Во демократските држави секогаш имало власт и опозиција. Власта е и менлива и минлива. Токму затоа природно е некоја партија некогаш да биде на власт и некоја партија некогаш да биде во опозиција. Ничија фотеља и ничија функција не е толку битна и не е толку скапоцена за да се нарушува стабилнсота на нашата држава. Ничија фотеља и ничија функција, ниту пет министри, ниту 15 директори не се доволен повод да се доведат во опасност млади животи, да се загрози европската иднина на нашата држава и два милиони жители на оваа држава да бидат губитници. Ниту пет министри, ниту 15 директори.

На граѓаните не им треба воинствена реторика, да не користи на никого, туку стабилност и подобар живот и стандард. За стабилноста на Македонија и кохезија во нашето општество треба да имаме заеднички залагања. И на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, и на ДПА и на ДУИ, и на НСДП и на ВМРО-Народна. Треба да имаме залагање и на владиниот и на невладиниот сектор. Уште еднаш ќе кажам, на целото општество.

Нестабилнсота никому нема да корристи. Таа нема да ги плати сметките, нема да овозможи на таксистите да имаат поголем промет, нема да ја зголеми откупната цена на земјоделските производи, нема да ја намали огромната цена на учебниците што ја гледаме деновиве, нема да ги зголеми платите. Напротив, нестабилноста во нашата држава може само да ги зголеми овие проблеми.

На крајот на краиштата, кога ќе заминеме од власта, а ќе заминеме, затоа што не сме партија што сака да владее во едноумие, не сме партија што има намера да владее 60 години без избори, тогаш кога ќе заминеме, важно е да заминеме и да оставиме држава што ќе има три или четири илјади долари БДП по жител. Да наследи идната власт помала невработеност, да наследи вкупни состојби што ќе се движат кон подобро, да наследи држава што 2008-2009 година ќе стане членка на НАТО, земја што ќе биде поблиску или веќе во Европа, во првиот или во вториот мандат.

Ако биде подобро, ќе биде подобро за сите. Затоа што во демократијата нема вечни победници и нема вечни губитници.

На крајот, тоа е суштината за демократијата и нашата цивилизација, демократските процеси, променливата власт, општите вредности. Независно кои се тешкотиите и несогласувањата, нашите граѓани од нас очекуваат одговорност. Независно од предизвиците ние ги имаме верувањата дека во општеството треба да има шанса за секого, врз основа на неговата работа и врз основа на неговите постигнувања, а без разлика на неговото потекло и убедување. Тоа се

нашите заеднички вредности и тоа треба да не обединува. Тие вредности ѓе ги промовира новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ, ДПА, НСДП, СП, ДС, ЛП поддржана од ВМРО-Народна партија.

За време на изборите ги слушнавме барањата на граѓаните. Партиската подвоеност треба да ја оставиме зад 5 јули. Изборите завршија и сега треба да се направи ветеното. Сигурен сум дека Владата ќе има одлучноста и посветеноста да го направи тоа. Приоритетите, уште еднаш ќе кажам, ги дадоа граѓаните и тоа е нашата задача.

Првиот приоритет е силната економија, затоа што без силна економија не може да имаме просперитетно општество.

Вториот приоритет е подоброто здравство, подоброто образование, подобрите јавни сервиси, како и помош во земјоделието. Се бараат повисоки стандарди и подобри услови. Но, не можеме да имаме подобро земјоделие, образование, здравство, подобри коридори, авто патишта, судски систем, надворешна политика доколку немаме силна економија. Затоа, главниот акцент во новата владина програма е во економијата.

Третиот приоритет треба да биде корупцијата затоа што не можат македонските граѓани оноллку да создадат колку што постојните министри, на 103-то место според корупција, можат да раскрчмат, да продадат. Гледаме дека тоа го прават и последниве денови со атрактивните плацеви во главниот град.

Четврто, тоа е стабилноста на нашата држава, затоа што уште еднаш стабилноста е предуслов за сето она што можеме да го имаме како функционална демократија и општество што ќе биде преокупирано со економија.

Петто, тоа е нашата интеграција во ЕУ и НАТО. Таму каде што припаѓаме, таму каде што се почитуваат заедничките вредности, таму каде што е всушност деценискиот проект на нашата генерација. Проектот на нашата генерација, на неколку собраниски состави се вика европска Македонија. Тоа е нашата деceниска задача и императив. Затоа треба да се однесуваме така европски и кога сме на власт и кога сме во опозиција, затоа што имаме одговорност за вкупните состојби во државата.

На крајот, треба да го повториме оној успех што во првиот и во вториот мандат го доби Николас Зјуриндат од Словачка, кој од една заостаната држава направи членка на ЕУ, она што го направи Јанез Јанша и сеуште го прави за Словенија. Она што го прави Иво Санадер во Хрватска со отпочнувањето на преговорите за членство. Она што го направи Виктор Орбан од 1997 до 2001 година кога ја внесе својата држава во НАТО и едноставно кажа и покажа дека Унгарија може да има европски сон. Она што го правеа полските влади, од една неуспешна држава во 1990 година во постојана закана за воен удар, Војчек Јарузелски, генералите, Солидарност, немири и слично, направи земја што има меѓународна одговорност. И во Ирак и во Авганистан, земја што е членка на Европската Унија, земја што има значителен број на европски пратеници, онолку колку што има Шпанија.

Треба да се подготвиме за предизвиците на 21-иот век. Светот се менува, околностите се менуваат, затоа и ние треба да се реформираме. Да го прифатиме модернизмот, да го прифатиме она што го носи новото време, но исто така да останеме верни на нашата вековна традиција. Да го прифатиме модернизмот, но да не се помириме со декаденцијата. Декаденцијата што е се поприсутна во нашето општество помеѓу нашите млади. Она што е исправно да остане исправно, а она што е погрешно да биде покажано како такво. Затоа, не смееме да имаме легализација на дрогата, затоа ова парламентарно мозинство ќе поддржи воведување на вероучението во нашиот образовaен систем, затоа што така можеме да ги имаме моралните ведности што нашиот народ и сите граѓани на Република Македонија ги направиле тоа што се. Тоа се вредностите на нашите баби и дедовци. Ќе поддржуваме демографсдката обнова на Македонија, затоа што одредени делови на Македонија се повеќе сае празнат. Ги имаме сите проблеми што во 21-иот век ќе ги имаат современите општества.

И на крајот, во ерата на рапидна глобализација и на три милијарди нови капиталисти. Треба да се натпреваруваме со светот. Македонската економија и македонското општество да биде посакувано за инвестиции. Тука е Индија, тука е Кина, тука е Малезија, тука е Индонезија, тука е Романија, Украина, огромен број на држави што сакаат да го дофата својот дел од среќата. Во ерата на вaквите движења потребна ни е стабилна влада што ќе ги направи вистинските чекори.

Одговорот не е во протекционизмот, одговорот не е во заштитувањето на интересите на олигархијата, туку во светските мултинационални компании во либерална економија, во програмата што ја презентиравме и гледавме во изминатите два месеци. Со посветена работа и добра работа ќе биде подобро за секого и работите можат да одат на подобро.

Ова е Влада на надежта, ова е Влада на мостовите помеѓу татковината и македонската дијаспора. Ова е Влада на преродбата на цела Македонија, а морам да ја спомнам и Источна Македонија, затоа што во Источна Македонија во третата изборна единица ја добив довербата од македонските граѓани.

Цела Македонија гледа во новиот владин состав. Цела Македонија се надева во она што ќе го работат во наредните неколку месеци и години овие министри. Имате огромна одговорност, но знајте дека вашиот успех е успех на цела Македонија. Вашата работа е работа за два милиони луѓе кои се надеваат и сакаат да живеат подобро. Имате кредибилитет затоа што сите политчари кажуваат одредени работи, даваат

ветувања, но разликата е помеѓу тоа што едните немаат кредибилитет, не ја добиваат довербата на јавноста затоа што не ги исполниле ветувањата, а други затоа што во минатото ги исполниле ветувањата, ја добиваат довербата и го имаат кредибилитетот.

Денеска почнува патот на оваа Влада. Тој нема да биде ниту лесен, ниту краток. Но, друга алтернатива немаме. Македонија ќе ја биде, Македонија ќе биде успешна на конкретно успешна програма. Македонија ќе биде европска, Македонија треба да биде земја во која што ќе се живее подобро.

Токму затоа 45 пратеници од коалицијата "За подобра Македонија" ќе ја поддржат новата Влада предводена од мандатарот Никола Груевски. Се надеваме на нивен успех, ќе работиме заедно со нив, ќе ги поддржуваме. Се надеваме на тој успех и нека биде со добро и нека биде со среќа.

(Аплауз).

**Стојан Андов:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓица Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Господине претседавач,

Би сакала митингашката атмосфера малку да ја заменам и со една честитка што не е на одмет. Жалам што мандатарот не е тука, тој е претседател на ВМРО-ДПМНЕ, би сакала да му честитам на она што мене ми наликува на почеток на трансформацијата на една од големите партии во Република Македонија. ВМРО-ДПМНЕ дефинитивно почнува да се отвара, да станува многу чувствителна кон сопствените грешки, да станува многу поотворена и во критиките на носителите, сопствените носители на функции.

Јас поинаку не можам да го сфатам делот од говорот на пратеникот Ѓорчев кога спомна некои од договорите што ги потпишувале некои од претходните влади. Го сфатив пратеникот Ѓорчев дака дава искрена критика на она што го направи неговиот претседател на Партијата кога потпиша договор, не со една светска мултинационална компанија туку се една многу локална компанија, со кој договор, непосредна спогодба купи софтвери што беа не еднаш, не два пати, не три пати, туку шест пати поскапи 600% поскапи од она што го плати следната влада која потпиша договор токму со светска и мултинационална компанија. Јас претпоставувам дека оваа критика на пратеникот Ѓорчев неговиот претседател ќе ја сфати добронамерно и се надевам дека ќе ја почитува. Се надевам дека Договорот што беше потпишан со една локална македонска фирма не е ниту малку причина зошто сопственикот на таа фирма овие денови со многу зборови и со многу настапи ги искажува своите добри очекувања од следната влада.

Искрени надежи дека после ваквата критика од господинот Ѓорчев за мандатарот и претседател на ВМРО-ДПМНЕ, дека во иднина мандатарот ќе се воздржи од такви договори, такви компании и под такви услови.

Уште еднаш честитки на таквата отвореност и се надевам дека овој тренд во ВМРО-ДПМНЕ нема да биде задушен, туку ќе биде поттикнат.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Господинот Ѓорчев има одговор на репликата.

**Владимир Ѓорчев:** Додека потпретседателката на заминувачката влад Шеќеринска овде дискутираше, илјадници и илјадници, дури и стотици илјади македонски граѓани се чудат на кој начин да ги купат учебниците и да ја платат струката. Додека вие тука зборувате од 1 септември ќе имаме зголемена цена на електричната енергија за која што вие сте одговгорна и велевте дека нема да се случи. Заедно со вашиот премиер, заедно со вашите пратеници и заедно со владиниот естаблишмент што сега си заминува.

Кога сме кај Мајкрософт, вашата улога таму, јас би ве потсетил само на едно, а тоа е дека вашата Влада во која што вие бевте до денеска потроши 4 милиони евра без тендер за легализирање на софтверот на Мајкрософт, а претходно беа потрошени 1,2 милиони евра за легализација на истиот. Двапати се легализираше истата работа, во вториот случај без тендер.

На крајот само може да се потсетиме на улогата на Семос во целата таа работа.

**Стојан Андов:** Има збор господинот Шабан Салиу.

**Шабан Салиу:** Почитуван претседавач, почитувани колеги пратеници, почитуван иден мандатар, односно иден премиер на Владата на Република Македонија, почитувани идни министри,

Имам чест и јас денеска да кажам збор-два за формирањето на новата Влада како припадник на Ромската заедница, како припдник на Партијата Сојуз на Ромите во коалиција со двете други ромски партии што бевме на претходнива избори.

Не можеме да зборуваме за новата Влада доколку не кажеме збор-два за претходната Влада и состојбата што ја оставаат. Во спротивно и понатаму ќе продолжи агонијата низ која поминуваат стотици и стотици вработени во смисол на неизвесноста на нивниот опстанок, во смисол на испраќање како стечајни работници, технолошки вишок и опасноста од губење на загарантираното работно место, односно нивниот егзистенционален минимум.

Особено во Република Македонија е тешко бидејќи до денеска не постоеше дефинирана економска политика. Стопанските претпријатија беа пропуштени сами на себе, притоа покажувајќи зголемена неликвидност проследена со изразит хиперинфлаторен набој.

Дали треба да зборувам за состојбата во судството, образованието, градежништвото и урбаната мафија со висок степен на корупција? Состојбата на државата денеска е со економија падната на колена.

Бидејќи припаѓам на Ромската заедница би морал да кажам дека репер на демократијата во една држава токму претставува состојбата на ромите, на правата на ромите во конкретната држава. Ромите во Македонија се на дното на човековото живеење, на маргините на општеството. До сега, со претходната влада беа доста игнорирани и дискриминирани во сите полиња на општественото живеење. Уставот и законите исто така и Повелбата на ОН за правата и слободите на човекот и граѓанинот, потоа Европската конвенција за заштита на правата на граѓамните, воопшто не водеа сметка, претходната влада, токму за оваа заедница, Ромската заедница.

Од новата Влада ние ќе бараме стопостотно учество во Декадата, како Роми, со помош на Владата, така што сите оние средства што ќе бидат дадени на користење на Ромите да можеме директно да учествуваме во нивната имплементација.

До сега, во државата постоеше висок степен на необразованост на Ромите. Од таа причина, од новата влада ќе бараме во Шуто Оризари, како специфична општина каде што живеат повеќето од населението од ромската заедница да се изгради основно и средно училиште, бидејќи тоа и го заслужуваат. Со посебни проекти од новата Влада, посебно од Министерството за образование ќе бараме дооформување на одредено образование на лица кои го немаат завршено и посебни квоти, односно зголемување на процентот на квотите при запишување на студенти од ромската заедница, бидејќи тоа ќе биде основа за нивно интегрирање во општеството.

Невработеноста кај ромското население е повќе од 95%, процент за кој навистина треба новата Влада да се замисли, дека со Ромите, со толкав процент на невработеност, не ќе може да се трасира правиот пат во ЕУ.

Сметаме дека во сите министерства во новата Влада ќе треба да се вработи одреден број на проценти од граѓаните на ромската заедница бидејќи освен што е обврска на самата Влада е во духот на Охридскиот рамковен договор. Охридскиот рамковен договор во претходните 4 години беше, на некој начин, јас така го сфаќам а така и мојата партија, лицемерие на претходната влада, од причини што Охридскиот договор за Ромите апсолутно не е имплементиран. Односно, договорот беше вработување само за граѓаните од албанската заеадница.

Јас не сум против некој да се вработи. Меѓутоа смешни беа конкурсите, како што пишува во денешните новини, дека од 26 кандидати за царинарници, 25 се од албанската заедница. Каде е тука соодветната и правична застапеност кај Ромите? Рамковниот договор за Ромите не е испочитуван и сметаме дека новата Влада, процентуално на бројот на нашата застапеност во државата треба да овозможи одредена вработеност.

Не можеме а денес да не се потсетиме на појавите од типот на физичка тортура од страна на Министерство за внатрешни работи односно Алфите кои оваа година направија, ви кажав невиден терор на граѓаните на Ромската заедница. Тоа е случајот Трајан Бекиров кој ден денес во неразјаснети околности исчезнал односно по официјалните информации се удавил во реката Вардар. Меѓутоа причината за неговата смрт е секако нападот на Алфите. Ист е случајот и со тројцата претепани млади роми во Гостивар за што се води кривична постапка.

Од Министерството за правда бараме правда бидејќи токму ромите како граѓани на оваа држава истата ја заслужуваат. Би напомнал тука за еден случај што е нонсенс во современата политика во Македонија. Би се потсетиле само на случајот Амди Бајрам, еденствен пратеник од плурализмот наваму кој е на издржување на казна затвор во Идризово.

Исто така, од оваа говорница би сакал да потсетам за случајот, бидејќи беше напоменуваме дека судството е во најдобар ред. Јас би спомнал два случаи и тоа Сафет Џемаиловски и Амери Иснија каде целата постапка, почнувајќи од истражни дејствија, вклучувајќи ги тука истражните дејствија, полицијата во истражна постапка и завршување во кривична постапка и негово упатување во затвор Идризово, е воден само со еден извод на родени. Јас во текот на мојот мандат ќе се залагам токму оваа неправда да се отстрани, односно случајот на осуден од три години и шест месеци само со извод кој правиот сторител го украл од други лица и се легитимирал односно ја дал својата идентификација, а до ден денес не е разјаснет, ќе се обидам со помош на новата влада да го решам и овој случај.

Излез од овој хаос во државата, мојата партија и коалицијата сметаме дека е преку силни економски мерки, она што економската програма - во 100 чекори што на последните избори е прифатено со високо уважување од нашите гласачи. Едно е сигурно. Доколку сакаме економски просперитет мора овие четири години политиката да се подреди на економските интереси. Сметаме дека политичката стабилност во државата ќе овозможи добар рејтинг во регионот и пошироко, а со тоа под стрек за силни инвестиции и економска поддршка од надвор. Постои потреба од цврста соработка меѓу нашата држава и економски развиените држави, вклучувајќи ги напорите за задржување на политичката стабилност која ќе отвори пат за сигурна интеграција во НАТО и во ЕУ.

Во програмата на новата влада посебно ќе треба да се посвети вниманиет на економските мерки на подобрување на конкурентноста на македонската економија. Посебен ангажман ќе треба да биде планираниот реформски пакет на новата влада и за односите со ММФ и со Светската банка. Преку реформските проекти потребни за динамичен економски развој ќе се овозможи подобрување на

условите за развој на приватниот сектор и отворање на нови работни места.

Со два цитати ќе кажам нешто за често амортизираната тема во електронските медиуми за младоста на новата влада. Имено Винстон Черчил при преземањето на должноста за премиер за кој два говори и ден денес се актуелни во современата политика, ќе каже: " Ако започнеме кавга меѓу сегашноста и минатото ќе дојдеме во опасност да ја изгубиме иднината". Денес нашата грижа мора да е насочено кон таа иднина зошто светот се менува. Старата доба завршува. На стар начин не оди.

Вториот цитат е од Џон Кенеди кој ќе каже: "Насекаде во светот посебно во поновите нации на власт доаѓаат млади луѓе, луѓе кои не се врзани за традициите на минатото, луѓе к ои не се заслепени од старите стравови, омрази и противништва, млади луѓе кои може да се откажат од старите пароли, заблуди и сомнежи".

На крај, драги мои колеги сметам дека идниот премиер и идните министри се способни, имаат сила да ги надминат поделбите преку отворен политички дијалог, да работат на заедничката европска иднина и влез во Северно-атланските интеграции за подобра, побериќетна и посреќна Македонија. Успех во Владата на макро план значи сигурен успех и за ромската заедница со тоа што идната влада би ја замолил за една мала, многу мала помош на ромската заедница како истите би можеле соодветно да се интегрираат во државата и да не бидат социјален проблем во самата држава. Со тоа мојата партија и ромската коалиција, ромскиот политички компус ќе глалса за новата влада и за премиерот господинот Никола Груевски и за сите идни министри, вклучувајќи ги и неговите заменици.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Збор има господинот Фијат Цановски.

**Фијат Цановски:** Почитувани кандидати за министри, почитуван иден премиер, почотивамо пратеници.

Навистина, доаѓајќи ваму размислував што треба да кажам. Слушајќи ги 30-тина дискутанти сите со истите дискусии се повторуваат. Навистина би сакал да бидам краток и во тој договор што го направивме дека наште дискусии треба да бидат пократки затоа што гледам дека има пријавено уште 10-тина кандидати и никогаш не можеме да завршиме.

Секако би кажал неколку работи кратко.

Јас сум претседател на партијата на Европска иднина, партија која е формирана пред неколку месеци и секако дека за некого е изненадување тоа што така брзо влеговме во Парламентот. Со тоа кажувам дека ги застапувам интересите на граѓаните од Република Македонија, но посебно ги застапувам и сум избран од една посебна група на луѓе како што јас ги нарекувам луѓето од мојот сој. Тие луѓе во Република Македонија се околу 150 илјади жители. Затоа ми е посебно задоволство што за прв пат тие луѓе избраа свој кандидат и за прв пат во Парлементот да ги застапува нивните интереси. Го користам овој момент да им заблагодарам за нивната доверба, а посебно да се заблагодарам на луѓето под моите места во стушкиот регион, на селата Октиси, Подгорци, Лабуништа, Боровец и секако на Реканско-дебарскиот регион, Кичевскиот регион каде најмногу се стационирани овие луѓе. Тие граѓани се граѓани на Република Македонија и луѓе кои немаат друга резервна држава. Тие луѓе се декларирани така како што сакаат, македонци, албанци, турци. Тоа е нивно право и партијата не е направена некого да го поврати од она што мисли дека е. Но, секако би кажал дека во претходниот период, овие 16 години, уверен сум дека со тој народ, со тие граѓани партиите манипулирале и ги користеле за гласачка машина, ги користеле и ги заборавале во наредните периоди. Ништо не се случувало во тие региони, посебно во регионите во струшкиот, дебарскиот, реканскиот, кичевскиот регион а и понатаму.

Ние сме свесни дека состојбата во Република Македонија е лоша, но верувајте дека во овие региони состојбата е алармантна, алармантна затоа што во претходниот период, можам да се вратам поназад уште од времето на Ранковиќ, имало насилни иселувања во тој регион, имало иселувања, но сега овој егзодус што се прави во тие региони, посебно овие 16 години не е насилен, тоа е иселување со една карта во еден правец, за корка леб. Зоштто луѓето бегаат од тие региони? Бегаат затоа што претходните влади ништо не неправиле за овие региони, ги заборават. Затоа ние решивме работите да си ги земеме во свои раце, да формираме една своја партија која пред се ќе се занимава само со економскиот развој, да се подобри животот во тие региони, да се спречи иселувањето и да го подобриме животот во тие региони. Верувајте, во овие региони што ги набројав нема што не фали. Можеби во Источна Македонија има понекое парче земја. Во овие региони нема ни земја да се обработува. Фабриките, погоните што ги имавме досега и во кои барем некои луѓе работеа, се затворени. Ништо не функционира. Затоа, верувајте дека мораме да преземеме нешто.

Направивме една програма, бизнис програма, програма која се совпаѓа токму со програмата на ВМРО ДПМНЕ. Нашата програма е слична со програмата на ВМРО ДПМНЕ и затоа решивме да влеземе во коалиција и да бидеме дел од оваа власт. Ние припаѓаме на центарот. Ние не гледаме дали е некој лево или десно ориентиран. Ние сакаме да помогнеме за просперитет и подобра иднина на Република Македонија, исклучиво само со економски развој. Без економски развој нема ништо да направиме, ќе тапкаме во место како што сме тапкале во овие 16 години.

Јас не сакам посебно да напаѓам ниедна претходна Влада. Сите се виновни. Сите дозволија да дојдеме до ова ниво до кое што сме.

Ние, знаете и самите, ги распродадовме големите претпријатија.

Јас сум бизнисмен, не сум политичар и не знам да држам политички говори. Мене како бизнисмен не ми е својствено и не ми е јасно како може да се продадат фирми како што е Телеком, како што е Електростопанство, како што се многу фирми кои носат сигурен профит. Ние продаваме за некои пари и тие пари не се знае каде отидоа. Ако не знаевме самите да ги водиме тие фирми требаше да донесеме, како сега, експерти од надвор, да им дадеме добри плати и да имаме голем профит. Јасно е дека секој странски инвеститор не влегува во некоја држава само да инвестира, затоа што тоа не е негова држава. Секој инвеститор од надвор сака да заработи. Тоа за него е печалба. Доаѓа во нашата земја да ги спечали парите и да ги изнесе надвор. Тоа се случува еве со Телеком. Гледате што се случува, стотици милиони евра се изнесуваат надвор. Тоа не може никој да го контролира. Затоа си земавме за цел и ја формиравме оваа партија заз да помогнеме на интересите посебно на моите региони, посебно во местата каде што живеам, а секако со тоа и за цела Република Македонија.

Многу фабрики се продадоа. Еве ќе ја земам за пример фабриката во Струга "Стружанка" која вработуваше неколку илјади вработени, а која се продаде на некоја непозната фирма од Албанија и која не се ревитализира. Таа програма не е исполнета. Се продаде за пари, а иако имавме и наши инвеститори од Македонија кои понудија исто толку средства колку што понудија надворешните инвеститори. Сега во моментот таа фабрика не работи како фабрика, туку тука се спремаат програми да се градат згради, да се градат хотели. Затоа тоа мораме да го спречиме не само тука туку и на многу други места.

Поддршката и заедничката коалиција со ВРМО ДПМНЕ, како што реков ни е заедничка. Ние како партија и јас како бизнисмен веруваме дека оваа Влада може да направи промени во Република Македонија. И ако не направи големи промени, полошо сигурно нема да биде, како што правеле претходните Влади, мораме да го свртиме листот и да одиме напред. Само со добри економисти, добри експерти можеме нешто да направиме.

Јас сум економист, јас сум бизнисмен.Во политиката не влегов за да профитирам самиот. Јас не сакам да профитирам. Сакам да и помогнам на Република Македонија со она што го знам и умеам. Затоа ја поддржувам оваа Влада и верувам во неа. Јас, како што реков, не влегов да профитирам. Јас, мојата пратеничка плата, драги пратеници ќе ја поклоном на сиромаси, на луѓето навистина што немаат егзистенција. Јас не дојдов ни за платата ни за ништо. Дојдов едноставно да и помогнам на Република Македонија со она што знам и умеам. Ја поддржувам оваа Влада и верувам во неа затоа што се млади луѓе, сигурно желни за работа и за докажување.

Ве молам, не треба многу да дискутираме. Дајте да ја поддржиме оваа влада. Верувајте во неа, како што верува и партијата за Европска иднина.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Господине Андов, претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски најави дека околу 12 часот има протоколарни активности. Не верувам дека траат до сега. Така што мислам дека ако за пола час направиме пауза тој би се вратил и би било во ред претседателот на Собранието да ја доврши денес седницата за избор на нова влада. Сигурно не се тоа некои активности од 4-5 часа, бидејќи не гледам односно не слушам ни од медиумите дека бил некаде. Затоа прашувам. Мислам ако дадеме пола час пауза, ќе се врати.

**Стојан Андов:** Јас ја прифатив оваа задача што ми ја дадовте и додека да се врати претседателот место на пауза да поработиме уште малку.

Има збор пратеничката Илинка Митрева.

**Илинка Митрева:** Господине Андов, дами и господа.Тешко е да се биде епски расположен во сабота попладне . По редот на нештата е предвиден одмор. Но, ние сме пратеници, народни избраници, мораме да си ја извршиме задачата која што ни е дадена.

На последните парламентарни избори партијата ВМРО - ДПМНЕ предводена од господинот Груевски ја доби довербата на граѓаните на Република Македонија. Ова е прилика во која сакам да ви ги упатам моите честитки. Но, едновремено господинот Груевски да го предупредам, му претстои тешка задача, задача во која треба таа доверба и да ја оправдате.

Не сум сигурна дека квалитетот на вашето експозе што треба да биде програма на идната Влада е гаранција дека ќе ги исполните предизборните ветувања, особено поради која што го нема жарот ниту квалитетот на предизборните ветувања, во тие парчиња хартија што ни се поделени и второ затоа што некои од клучните категории што ви ја дадоа довербата за изборите, не се достоинствено презентирани во таа програма. Но, за тоа и досега општирно се зборуваше, ќе се зборува и во иднина. Јасно ми е господине Груевски дека ние како опозиција будно ќе ги следиме чекорите на новата Влада, ќе ги фалиме тие што се за фалење, а ќе ги критикуваме оние кои нема да ја заслужуваат нашата поддршка.

Јас се јавив за дискусија и покрај тоа што, како што реков е неинспиративно експозето на мандатарот затоа што тука има два моменти кои сакам да ги коментирам.

Едниот момент е, интригантно ми прозвучи еден, да го наречам реформиран однос во ова експозе кон надворешната политика.

Втор интересен момент е една специфична дарба за формулации, особено во делот на

надворешната политика, кај господинот Груевски. Тоа се тие два моменти кои кај мене предизвикаа потреба и нешто да кажам на оваа седница, инаку ќе се воздржев.

Мислам дека е добро господине Груевски што декларирате континуитет во остварувањето на стратешките цели на Република Македонија, а тоа е членството во ЕУ и во НАТО. Со тоа господине Груевски го потврдувате квалитетот на надворешно политичката платформа на Владата на СДСМ и мислам дека тука покажувате навистина еден нов и реформиран квалитет. Ме радува што во вашето експозе повеќе нема ни траг а од оној опозициски скептицизам кој колку често, толклу јавно и гласно се кажуваше и искачуваше на вашите прес конференции по однос на исполнувањето на стратешките цели на Република Македонија. Да потсетам, имавте длабоки резерви дали е дојдено време за поднесување на апликација за членство во ЕУ, а тогаш кога дојде статусот на кандидат, се сомневавте во тоа дали Македонија ќе успее да ги одбрани боите на кандидат. Но, да речеме дека таа фаза во вашата идеа за надворешно-политичките цели е надминато.

Жал ми е, пак во врска со овие теми, што не успеавте да се израдувате на успесите на Република Македонија на планот на надворешната политика и остварувањето на заедничките цели.

Падна и уште една дилема која што се чувствува во ставовите на ВМРО-ДПМНЕ во изминатите 4 години, а тоа е дилемата околу дефинирањето на тајмингот за членство во НАТО на Република Македонија. Јас пак можам да кажам дека се радувам што тврдејќи во вашите настапи дека 2008 година е годината во која што Македонија ќе дочека покана за НАТО практично се поклопувате со она што ние го предвидувавме далеку пред вас.

Ме радува тоа што сте позитивно инспирирани од она што го правеше Владата на СДСМ на планот на надворешната политика. За тоа зборува и фактот дека сте подготвени, тоа го декларирате во вашето експозе, да ја продолжите онаа многу нужна битка за либерализација на визниот режим која што ние ја започнавме и која што ја должиме на граѓаните на Република Македонија.

Многу е важно господине Груевски што вашето експозе, иако несмасно, бидејќи формулациите не ви се појаката страна, покажувате готовност да ја задржите позицијата на Владата на СДСМ околу уставното име. Велите тука и на други места дека говорот, тука сакам да ве корегирам, значи разговорот, а не преговорите за уставното име на Република Македонија ќе се одвиваат во ОН пок покровителство на генералниот секретар, а нашата позиција, во она што можам да го прочитам во вашите декларазии и поткрепена со изјавите на идниот министер за надворешни работи, кој што дури оди и во специфицирање тврди дека последната варијанта предложена од ОН, т.е. од господинот Метју Нимиц е онаа која што ќе послужи како основа за изнаоѓање на решенија е онаа што е прифатлива и за вашата идна Влада. Но тогаш кога, не знам поради кој мотив ќе се обидете да направите екскурзија во нови формулации кои се врзани со ова деликатно прашање, цврсто останувате на она што ви е подготвено и кое што е засновано врз претходните активности на Владта на СДСМ, но вашето интервју во Дојче Веле покажува за деликатни формулации. И тоа ќе ви го докажам сега.

Значи, можам да разберам дека вам ви годи во отсуство на харизма, или поголемо политичко искуство да ве нарекуваат технократ легитимно е, легитимно е затоа што и мене никогаш не ми пречел ниту технократизмот, ниту пак прагматизмот. Напротив може да биде крајно полезно се до оној момент господине Груевски кога тоа нема да влијае врз патриотскиот капацитет на технократизмот. Врз патриотскиот капацитет на дефакто првиот човек во државата, кој што наскоро ќе стане односно се до оној момент кога тоа не се претвори во еден вид анационален прагматизам. Како ќе ви го докажам тоа? Ќе ви го докажам со цитат од делот од одговорот во вашето интервју за Дојче Веле во кој што ги коментирате амбициите за изнаоѓање решение на проблемот врзан за употребата на уставното име. Велите вака: "Меѓутоа сепак ние имаме Устав во Република Македонија". Ова "сепак" е одлично. "Во земјата нема клима за менување на уставното име. Не постои таква клима за менување на името меѓу народот и ниедна влада не може да оди против волјата на граѓанинот. Тоа значи дека ние со Грција треба да ги продолжиме разговорите да најдеме заедничко решение кое колку-толку ќе ги задоволи нив, меѓутоа нема да го загрози уставното име на Република Македонија. Повторувам во оваа прилика дека Македонија нема никакви негативни тензии, намери или било што доколку, повторувам го задржи своето уставно име".

Ако е ова точно пренесено во интервјуто што ни е доставено мене и на медиумите тогаш господине Груевски има проблем, затоа што, веројатно тоа се должи на несмасноста на формулацијата, не сакам да верувам дека вие имате некоја скриена агенда. Навистина не би сакала да верувам, Никола Поповски споменуваше таква можност и тој изрази стравување и јас сакам да изразам сомневање дека постои некоја скриена агенда која што ќе ве однесе во води кои што нема да одат во прилог на националните интереси на Република Македонија, но тогаш имаме проблем во квалификациите кои што се ваши и кои што ќе треба да бидат ваши и во иднина како премиер на Владата на Република Македонија кој што ќе ја претставува оваа Влада и оваа држава и на надворешно политички план.

Дотолку повеќе што вакви еквивалентни формулации во кои што се допушта дури и можноста доколку биде сочувано името на Република Македонија, знажи може и

спротивното, да се смени тоа име даваат погрешни пораки кон оние што се заинтересирани за решавањето на овој проблем и кои што се учесници во тоа. Оттаму и деновиве се засилени пораки што доаѓаат од нашиот јужен сосед дека од новата Влада се очекува конструктивен однос и изнаоѓање на заеднички прифатливо решение. Мислам можеби е добро, јас не можам да ве критикувам за тоа што немате искуство во делот на надворешната политика, меѓутоа тоа можете да го компензирате со составување на еден добар, барем тим на советници на Владата за надворешната политика. Мислам дека тоа многу ќе ви помогне,а ќе и помогне и на Македонија.

Значи, да повториме и во оваа прилика нешто многу значајно, а тоа е дека надворешната политика е огледало на земјата. Дипломатијата е онаа која што не претставува во светот. Да потсетам дека постои една класична дефиниција, а тоа е дека дипломатијата е умешност на можното, но дека ние како Влада на СДСМ моравме да ја ревидираме оваа дефиниција и да покажеме дека дипломатијата може да биде уметност на неможното, затоа што од 2002 година наваму го направивме неможното. Вие се сомневавте, се подбивавте, ја критикувавте вашата синтагма дека Република Македонија е успешна Република. Четири години го слушам тоа на сите прес конференции на ВМРО, ама си велам "караванот минува". Значи сега дојде време во кое што вие господине Груевски и Вашата Влада ќе морате да ја допишувате таа приказна на Република Македонија. И бидејќи деклариравте континуитет и бидејќи треба да го штитите достоинството на Република Македонија и дома, но и надвор, убедена сум дека ќе им оддадете признание на оние сили на мирот кои што во една интересна формулација ги споменувате во вашето експозе и кои што, тука го препознавам СДСМ меѓу другите од пост конфликтна држава ја направија Македонија заедно со поддршката на граѓаните земја кандидат за членство во Европската унија. Од земја во која што имаше странски воени мисии Република Македонија стана генератор на стабилност и ужесник во мировни мисии надвор од земјата. Македонија е сериозен кандидат за НАТО на првиот самит за проширување.

Во изминатите 4 години Македонија го прекина трендот на изолација кој што го наследивме во 2002 година. Бевме во постојана комуникација со Европа, со светот без комплекси ослободени од хипотеката на конфликтот, зајакнати со една нова визија за развојот на Република Македонија и со една изградена, функционална демократија во мултиетничко општество. Тоа се предизвиците врз кои и натаму ќе се остварува унапредувањето на Република Македонија во пресрет на остварувањето на заедничките цели.

Денеска застанав на оваа говорница за да ви ги упатам тие пораки господине Груевски.

**Стојан Андов:** Има збор пратеникот Верица Филиповска.

**Верица Филиповска:** Почитувани пратеници, почитуван претседавач, почитуван мандатар и министри во идната Влада,

Деновиве имав можност да ја прочитам Програмата за работа на новата Влада и Експозето на идниот премиер и во мојата дискусија би сакала да се осврнам на две точки и тоа без намера да ги критикувам Програмата и Експозето, туку да укажам на по мене изоставените и неспомнатите.

Прво, ме чуди фактот што групата стечајни работници и технолошки вишок не без споменати при набројувањето на граѓаните на кои им е потребна поддршка од Владата.

Претходниот Парламент и Влада многу време потрошија на решавање на овој проблем но задоволително решение не беше донесено. Стечајците беа најистурените противници на претходната Влада. Се случуваа штрајкови и блокади од граѓаните стечајци посебно кај нас во Штип. Поради тоа оваа група граѓани која брои шест илјади заедно со семејствата многу повеќе на изборите гласаа за вас. Немојте да ги изневерите.

Во оваа прилика би сакала да потсетам и за претседателот на НСДП, другарот Тито Петковски на писменото ветување дадено до стечајците непосредно пред изборите, писмо број 0442 од 30.06.2006 година во кое се вели: "Ќе инсистираме сите тие да добијат пензиски надомест во висина што ќе ја утврдиме низ разговор, но не помала од 60% од најниската плата која ја предвидуваме во нашата програма во износ од осум илјади денари".

Коалициониот партнер во нова власт е и НСДП, воедно и идниот министер за економија е од нивните редови. Дали не споменувањето во вашата Програма значи дека оваа група граѓани се само за една употреба односно искористени за 5 јули. Се надевам дека грешам.

Активен поддржувач на победничката коалиција е и партијата ДОМ на госпоѓата Лилјана Поповска. Слично писмено ветување стечајците имаат добиено и од неа непосредно пред изборите во кое се вели: "Државата е таа што мора да ги обештети по сите измачувања и украдени години". Се надевам дека новата Влада нема да ги заборави и дека НСДП ќе успее да го исполни ветувањето. Јас ќе бидам многу среќна кога би можела да се вратам меѓу моите штипјани и да им ја пренесам веста дека нивниот проблем е решен без разлика што решението ќе биде донесено од новата Влада.

Поради сето ова уште еднаш апелирам да не ги заборавите.

Почитувани дами и господа,

Втора работа на која сакам да се осврнам се однесува на вашите постојани повторувања господин мандатар за подинамичен економски развој, за зголемување на конкурентноста на македонски претпријатија. Притоа никаде и ниту еднаш не го споменувате текстилот.

Текстилната индустрија е гранката која во вкупноит македонски извоз учествува со преку 32%, а со 25% во вкупниот број на вработени. Активен извозник кој донесува повеќе девизи одошто троши.

Посакувам да верувам дека поради просторни причини е изоставен, а не и заборавен од ваша страна.

Токму кај нас, токму во третата изборна единица најголем дел од гласачите или работат во текстилната индустрија, или пак некој од нивното семејство работи во оваа гранка. Токму поради сите нив напоменувам повторно да не ги заборавате. Посакувам господине мандатар да успеете да потпишете договор за дијагонална комулација со земјите на Европската унија, договор каков што веќе имаат Романија, Бугарија, Турција и се надевам дека во сето ова ќе ви помогнат и министрите странци во новата Влада што би значело огромна помош во зголемувањето на конкурентноста на нашите конфекции.

Информатичко општество, развој на АЈТ производство во Република Македонија сите посакуваме. И јас како дипломиран електро инженер прва ќе ви честитам ако успеете тоа да го постигнете, меѓутоа и за жал нашата реалност е текстилната индустрија. Нашиот народ го чека подобриот живот што му го ветивте. Се надевам дека ќе бидам сфатена добронамерно.

Благодарам.

**Стојан Андов:** За збор се јави пратеникот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседавач Андов, почитувани претставници на Владата во заминување, почитуван мандатар и претставници на Владата која што е во доаѓање, почитувани дами и господа пратеници.

Дозволете на почетокот на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ да им ја честитам победата на парламентарните избори и да им посакам успешна работа.

Ќе се обидам во рокот на оној термин кој што се договоривме да не дискутирам многу затоа што навистина го кажав и однапред ставот треба да дозволиме Владата да биде многу бргу избрана, затоа што имаме сериозни предизвици и затоа што победата на парламентарните избори е таква, волјата на граѓаните е сосема јасна и да се почне со работа што побрзо.

Дозволете ми исто така на почетокот да го искажам задоволството што ова сепак е најдобра, најконструктивна атмосфера од сите досегашни при избор на некоја влада, што впрочем некунмитингашки говори од обете страни, од поодделни претставници од власта и опозицијата, навистина имаме една коректна атмосфера, се држиме до некаков договор дека ќе дискутираме во таква атмосфера и тоа е добро затоа што се гледа дека плурализмот полека ги носи плодовите од зреењето на политичарите кои што дискутираат.

Исто така, би сакал да го искористам ова мое обраќање да ги повикам колегите од ДУИ да се вратат во Парламентот бидејќи сосема е јасно дека овде е најдоброто место и единственото место каде што треба да се разменат политичките ставови во една парламентарна дебата. Сметам дека како опозиција ќе може да даде исклучително огромен придонес во јакнењето на демократијата и во една контрола на Владата која ќе биде избрана верувам вечерва.

Предлогот на мандатарот Груевски навистина откри многу добри и некои лоши страни, кои што сакам да ги посочам и едните и другите, затоа што рековме дека како Либерална либерално демократска партија ќе бидеме конструктивна опозиција и се надевам дека овие 4 години сигурен сум и дека ќе го оправдаме тоа, затоа што имавме можност и како власт и како опозиција да научиме што е тоа конструктивност и да сватиме како на најдобар начин ќе се придонесува за развојот на Република Македонија односно Македонија да оди по вистинскиот правец.

Јас сметам дека огромна предност и добар потег е што е предложена влада со прилично млад кадар, затоа што би било неинтелегентно од мене и нерационално да дискутирам за младоста од аспект на години, затоа што и самиот се уште се сметам во некоја генерација на млади политичари и сметам дека тоа е добро, тоа е еден поен. Понатаму, сметам дека е добро што најголемиот дел од овие млади политичари кои се предложени имаат исклучително силно портфолио и сметам дека со тоа мандатарот Груевски ја подигна летвата или ако сакате го подигна критериумот за во иднина да се внимава уште повеќе за тоа какви кадри се предлагаат, затоа што образованието и сето она што е работено претходно е многу битно. Исто така, сакам да го поздравам вклучувањето на дијаспората. Отсекогаш сум сметал дека тоа е многу битно за Македонија, особено луѓето што работеле во странски компании, во исклучително битни и значајни на меѓународен план компании да бидат вклучени во нашите влади, бидејќи како што беше и тука кажано искуството во други земји, апсолутно сметам дека е од огромно значење или од огромна помош може да биде искуството токму на они наши луѓе, македонски граѓани кои што успеале надвор, се докажале и сега треба своето искуство и својот квалитет да го донесат тука. Тие навистина се откажале од многу подоходовни работни места и тоа треба да се поздрави.

На крај сакам да го поздравам говорот на господинот Цановски кој кажа дека сака да учествува со својот сој, јас ќе го употребам тоа во оваа влада и во другите влади, навистина тоа што тој го прави е битно. Од друга страна, цитирајќи ги нашите пријатели од меѓународната заедница не е во прашање некомпетентноста на предложените млади кадри, она што е дискутабилно и за што се плашам дека може да доведе до сериозни проблеми е зрелоста од аспект на политичко искуство од сето она што треба да се случува.

Ние сме исправени пред многу сериозни предизвици. Пред нас е дефинитивното решавање на статусот на Косово, каде што се уште сите опции се во игра и каде што веќе се забележуваат и промени на стратегиите на оние сили, како што кажа мандатарот во своето обраќање на А1 телевизија, најмногу одлучуваат за судбината на Косово, се разбира и на регионот. Така што, едно е искуството во практикување на партиската политика, меѓутоа друго е практикувањето на она политичко искуство во вршењето на функции кои што ги нарекуваме општествени функции. Затоа што, сметам дека навистина доста, доста проблематично е да се дојде на важна функција, на важни ресори, а сега ќе зборувам за три ресори, а со искуство кое што е недоволно одеднаш да се добие вакво вистинско место. Јас не би сакал, се разбира, Македонија да се најде во состојба да има седница на Советот за безбедност, но читајќи го Уставот, ќе се види дека таму од министерскиот состав членуваат министрите за безбедност, за надворешни работи и за внатрешни работи. Предложените кандидати се со исклучително млад стаж и сега треба одеднаш да дискутираат за многу важни прашања, наспроти еден претседател на државата за кој без разлика што овде имаме различно размислување, ќе се согласиме дека имаме едно искуство во водењето на политиката во меѓународен план.

Јас би сакал да укажам дека во вакви моменти треба да се размислува, затоа што тие ресори од овој аспект би ги издвоил и навистина треба да се замислиме колку од овој состав сето тоа е можно да се менаџира. Јас ќе бидам најсреќен ако тие кадри се покажат како успешни и сметам дека младата дама која што е предложена за министер за внатрешни работи, се надевам дека успешно ќе ја води својата работа. Воодушевен сум од степенот на образование, успех е да се биде меѓу петте најуспешни студенти е веќе нешто, затоа што јас веќе почнав да се фалам пред оние со кои дискутираме од меѓународната заедница, но портфолиото е нешто кое што кажав дека ќе беше, според мене, многу подобар министер во економските ресори, затоа што го има искуството, навистина, од оној прилично позитивен сегмент кој го го има господинот Груевски во времето на своето работење. За негативните, се зборуваше претходно, за она што го имаше работено Груевски и тука не мислам да го отворам она што веќе е дискутирано.

Она што од секогаш сум го сметал, што граѓаните можеби нема да се согласат во прв поглед е потребна лојалност. Очигледно е дека мандатарот бара кадри кои што му се лојални и она што сега веќе по малку се чуствува е високиот процент на една лична персонална политика. Јас сакам да сугерирам од оваа говорница дека е многу подобро доколку пошироко се бара тимот, затоа што да признаеме тоа беше рак рана на сите досегашни мандатари односно премиери, односно кои од самиот почеток се врзуваа во своите тесни кабинети, повикувајќи ги луѓето околу себе кои претходно се докажале или како шефови на кабинети или во матичната паритја или во ресорите во кои што работеле. Така што, сметам дека со текот на времето ќе мора, според мое скромно мислење да се прошири овој начи на работење, затоа што треба да се гледа пошироко. За жал, сите премиери кои што заминуваат, завршуваат, а сведоштвото го кажува тоа, во еден тесен круг каде што сите им кажуваат дека тие се прекрасни и дека имаа најдобри резултати, наспроти укажувањата што се повеќе од јасни. И, ќе биде непријатно и непродуктивно да ги критикуваме тоа што се само млади, а забораваме дека сме бирале премиери кои станале односно кои дошле на тоа место на свои 29 години, така што некои од овие луѓе, вклучувајќи ме и мене, ние сме дури и старо железо и неупотребливи за политика, бидејќи со 30 или 35 години веројатно веќе сме во однос на Бранко Црвенковски, Љубчо Георгиевски дури и застарени кадри.

Она што го објави мандатарот, јас ќе се обидам да одам по говорот, е цирирам: "Главните постулати на работа на новата влада, вклучува целосна имплементација на Охридскиот договор и доследна реализација на обврските согласно договорите со Европската унија и НАТО". Некои од овие работи не соодветствуваат со досегашното однесување на ВМРО ДПМНЕ, а јас се надевам дека од таму пак тие ќе извлечат искуство да не го прават тоа сега од аспект на влада и ние како опозиција да не ги кочиме оние реформи за успешно одење на нашиот пат кон Брисел. Имено, навистина госпоѓаѓа Митрева го кажуваше тоа и треба да се биде многу повнимателен околу формулациите. Јас го слушав вашето излагање господине мандатар на А1 телевизија, треба да се биде многу внимателен околу формулацијата за употребата на уставното име. Сведоци сме дека добиваме сериозна заинтересираност и поддршка од Република Грција за овие прашања. Значи, тие осетиле нешто, некој простор и тука треба многу повнимателно и тоа дека Косово е проблем само на Брисел и Вашингтон, не е тој проблем на Република Македонија и треба да се даваат изјави каде што ние ќе учествуваме многу повеќе во тој сегмент. Но, се разбира, не може сите работи да бидат јаки адути. Очигледно економијата ви е најјак адут и тоа е најголемиот проблем во овој момент и јас ви посакувам голем успех во остварувањето на тие економски резултати.

Она што мислам дека беше исклучително лош сигнал, имавте можност да го прочитате како забелешка од нашите пријатели од Брисел е, а вие велите во цитатот дека "при тоа остварувањето на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија и НАТО се двата вклучни приоритети". Првиот е динамичниот економски развој.

Вториот клучен момент значи интеграцијата во ЕУ и во НАТО мислам дека се испрати многу лоша

порака со тоа што и официјални политичари кажаа со конкретни резултати дека во меѓукоалиционата спогодба на крај составени министерствата за надворешни работи и министерстовото за одбрана, а тоа е всушност ЕУ и НАТО. Жалосно е, забелешката мислам дека ја прочитавте во Дневник од еден наш пријател од Меѓународната заедница кој што кажа дека пораката која што Брисел ја чита меѓу редови е дека новата влада не го смета тоа како клучен или една од двата клучни приоритети. Не сакам да мислам дека тие места, како и местото претседател на Собрание веќе не е атрактивно поради некоја друга болест која што политичарите, особено во Македонија и во регионот ја имаат. Едно време да се биде претседател на Парламент, министер за надворешни работи и министер за безбедност и за надворешна политика исто така беа клучни приоритети при правење на коалициските договори. Сега тие се, како што официјално признавте на крајот на агендата, но тоа е многу лоша порака, која што ќе мора да ја исправите во многу брз период.

Исто, имате забелешки во овој период што многу работи се случија од 5 јули до овој денешен датум 26 август. Господинот Поповски порано дискутираше на таа темема и сите ние ги очекуваме економските резултати, но тоа господине мандатаре многу, многу тесно е поврзано со стабилноста во Република Македонија. Сметам и сосема јавно ќе го кажам ова дека политичката состојба е влошена после 5 јули, влошена е меѓуетничката состојба, а да не го цитирам господинот Поповски кој што многу подобро од мене го кажа тоа, тие многу влијаат врз тоа дали кај нас ќе дојдат странските инвестиции. Како резултат на меѓуетничката состојба, секој во регионот, особено во Македонија меѓу редови читај и безбедносната состојба. Се плашам дека можеме да очекуваме токму како она што се случи помеѓи 5 јули и денешниов датум, а верувам и се надевам дека вечерва ќе биде избрана владата на Република Македонија за да работат побрзо во интерес на граѓаните на Република Македонија, се плашам дека е можно проблематизирање на безбедносната состојба во Република Македонија.

Беше спомнат Санадер, тој вчера доби во Европскиот парламент, формула 10+2+1, сега вас ви останува да ги надминете оние работи кои што ние ги добивте, па да добиете формула ако не 10+2+2, тогаш барем 10+2+1+1, затоа што возот оди, а време многу помина од завршувањето на избори. Верувајте, имавме и вие се согласивте со тоа најчесни избори, најбрзо објавување на резултатите, експресно честитање, а имавме и најголем период за формирање влада. Изгубен е сериозен период кој што мора да се надополни, јас потоа, по вашето експозе, ќе цитирам и некои работи кои што ги земавте како обврска.

Во вашето експозе велите дека "нашите не скриени амбиции за да ги започнеме преговорите за членство во текот на 2007 година или барем во овој период, за да го добиеме датумот за започнување на преговорите е нешто што делумно ќе зависи од нас, а делумно од состојбите во НАТО и ЕУ". Тука нема да ви дозволиме да отстапите од она што го зборувавте пред изборите и за време на кампањата. Вие ја критикувавте Владата односно сите нас дека е неуспех ако не ги добиеме преговорите кон крајот на 2006 година, кога го очекуваме извештајот од Европската комисија, сега е чесно да си го поставите истото барање пред себе.

Понатаму, го разбирам тоа што велите дека дел зависи од нас, а делумно од состојбите внатре во ЕУ, вие велевте тоа ако успееме или не зависи исклучиво од нас, а не од ЕУ. Вокабуларот е променет и е многу адаптиран, но ве молам роковите кои што ги баравте од нас да си ги поставите себеси.

Понатаму, зборувавте за визите "воедно ќе ги интенвизираме напорите за решавање на проблемот со визите", вашиот потпарол кој што во моментот не е овде, децизно кажа за време на кампањата дека ВМРО ДПМНЕ кога ќе дојде на власт ќе го реши проблемот со визите. Исто така, ќе ве држиме и за тоа, во политички жаргон кажано, на нишан, затоа што треба да го исполните ветувањето, имате подршка да го решите тој проблем.

Она што, исто така, оние луѓе кои што работеа од страна на Парламентот во изминативе 4 години во меѓународната политика тука ги вклучувам сите да не набројувам и од власта и од опозицијата, навистина придонесоа во овој момент од тој сегмент да бидат оценети како најдобри во регионот, јас би ве замолил она што го поставивме како критериум, а тоа е формирањето на коалицијата за европска македонија и каде што како носител на таа коалиција предложивме да биде член на опозицијата, јас би ве замолил и сигурен сум дека ќе се држите до истио принцип, затоа што ние одевме веројатно по принципот на Хрватска, би ве замолил овој пат местото да припадне на опозицијата. Знаете и сами дека има кадри кои се докажамандманот во владата во носењето на таа проблематика.

Она што исто така е битно во вашиот цитат, ќе се согласам со некои дискутанти од Владата на заминување односно мнозинството на заминување, а веќе од утре новата опозиција кои зборуваа за меѓуетничката состојба во Македонија и тоа како е битна, затоа што било кој кој што ќе ги прочита препораките зошто Македонија го доби кандидатскиот статус, ќе прочита дека всушност го добивме кандидатскиот статус исполнувајќи ги политичките критериуми и точно е тоа што беше критикувано дека не ги исполнивме сите економски критериум, но при исполнување на политичките критериуми, всушност тоа беше најважносто, а тоа беше

најважното исполнување на Охридскиот рамковен договор. Вие велите "Процесот се одвива во континутет повеќе години наназад и ние како партија во опозиција секогаш сме го давале својот максимален придонес во исполнување на оваа стратешка цел. Не беше така, господине Груевски, затоа што 90% од она што го работевме како обврска од имплементирањето на Охридскиот рамковен договор, а пак ќе повторам како најбитен беше од вашите пратенци блокиран во овој парламентарен состав. Да не зборувам за Охридскиот рамковен договор кој што дојде на ниво на референдум, значи тотално поништување на Охридскиот рамковен договор за кој што веќе добивме оценка дека е најбите. Тука би ги спомнал и реформите во судството кои ги кочевте до последен момент и на крај не гласавте за нив, а исто така во тој момент знаете дека беа најбитни.

Значи, исполнет е и третиот критериом кој што се бараше од Република Македонија односно од власта, тоа е организирање на фер и демократски избори и овде остануваат уште два сегменти од Охридскиот рамковен договор. Значи се надевам и ме радува што од партија што убедливо најмногу заедно со коалициската ДПА го кочевте имплементирањето на Охридскиот рамковен договор, убаво е што сега мандаторот, а утре и премиер на Република Македонија признава дека тоа е исклучително битен односно најбитен и дека сега од кочничари ќе станете оние кои ќе го имплементирате тој Рамковен договор. За жал, можам да предвидам дека, имајќи многу конкретни задачи пред себе јас критикував дека не си давате рокови. Велите "агендата кон ЕУ е јасна и ние се обврзуваме дека стриктно ќе ја спроведуваме Спогодбата за асоцијација и стабилизација и ќе ги реализираме сите препораки на аналитичкиот извештај на Европската комисија, подготвен при оформувањето на мислењето по апликацијата за членство на Република Македонија". Тоа значи, да ве потсетам дека законот за полиција и законот за употреба на јазиците морате да го донесете до октомври годинава. А, јас за жал можам да наговестам дека ќе има проблеми во вашата коалиција и не можам да не кажам дека партијата на господата Џафери и Тачи, имавме пример како една комисија во Парламентот не функционира цел мандат од 4 години, затоа што ќе бараше спротивно на договорот од Охрид да се дискутира на седницата на Комисијата исклучиво на албански јазик. Сега ќе морате да го решите со вашиот политички партнер. Кога сме веќе кај интервенцијата од место на господинот Тачи за кој што е очигледно дозволена по малку ме разочара тоа што не стана збор за она што партијата на господинот Џафери се залагаше во целиот свој период на дејствување, а за кој што чиста кулминација доживеа за време на изборната кампања.

Господине Груевски, мислам дека треба во своето експозе на крајот или во период кој што доаѓа да ни соопштите на нас и на целата македонска јавност како вие тоа планирате да ги решите проблемите кои што ДПА многу јасно ги кажа, тоа е политички легитимно, бидејќи има партии во западната демократија кои што се крајно десни во своите барања, ДПА се залага, колку што јас знам, а ако е нешто променето, молам да бидам исправен, за федерализација на Република Македонија.

Јас ќе ви цитирам изјави на вашиот претпоставен. Да, ако сакате да реплицирате, сакам да ми кажете. Јас ќе кажам дека за време на кампањата во изминатиот четиригодишен период, Република Македонија вашиот коалиционен партнер ДПА ја нарекува Поранешна Југословенска Република Македонија , а за време на многу ваши настапи и лично господинот Тачи мене како претставник на македонскиот народ односно сите Македонци не нарекувавте славомакедонци.

(Дофрлување од пратеник)

**Стојан Андов:** Ве молам, немојте да упаѓате после ќе си кажете низ реплика или ќе си земете збор. Сега овде зборува само тој што добил збор.

**Андреј Жерновски:** Сега овде е мошне интересно и како тоа ќе го решите во својата коалиција, а очекував дека ќе имате излагање во своето експозе токму на она што се прави. Да не зборувам за политичкиот момент на формирањето на партијата на господинот Тито Петковски и партијата на Лилјана Поповска, која што својот политички подем на двете партии го доживеа токму во периодот токму на расправата за територијалната поделба каде што беше кажано дека тие се спротивставуваат на, ајде да кажам софистицираниот или како што беше кажано на тоа што се има план од страна на Владата, значи посочувајки не сите дека се сака на индиректен начин да се направи федерализација во Република Македонија. Сега ниту од Лилјана Поповска, не верувам ни од Тито Петковски дека ќе слушнам како до сега, токму градејќи го својот авторитет или рејтинг меѓу гласачите одеднаш се во коалиција со партија која не софистицирано, не индиректно туку директно се бори за федерализација на Република Македонија, според ставовите кои сум ги читал. Ако грешам, се разбира, ќе се извинам на целокупната македонска јавност, особено на ДПА.

Еден од условите кои морате да ги исполните, а го спомнувате во своето обраќање како мандатар е соработка со Хашкиот трибунал. Мислам дека ќе имате проблем и морате да поработите повеќе на имиџот на ВМРО-ДПМНЕ. Ме радува тоа што влегувате како помлад член во асоцијацијата на ИДП, меѓутоа, цитирам, Хашкото обвинителство во својот документ објавен на 18 јули годинава вели: "ВМРО-ДПМНЕ практикува националистичка идеологија и не ја признава јурисдикцаијата на Хашкиот трибунал". Искрено, јас не мислам дека практикувате таква политика, но ќе морате да поработите на својот имиџ, бидејки сега имиџот на вашата партија меѓу другото е имиџот на Република Македонија.

Она што го сметам како навистина голем проблем, значи се разбира ќе инсистираме на роковите кога ќе ги донесете овие закони. Меѓу редови се насетува дека сакате или да ја одложите расправата за овие два основни круцијални закони кои останаа од Охридскиот Рамковен договор, па дури се зборува дека сакате да ставите некакви датуму кога ќе се имплементираат, кога ќе биде спротивно на она што веќе го искажавте во своето експозе.

Без разлика на тоа што многу од оние кои веројатно тоа многу ги засега, а тоа е некомпатибилноста на Владата, да не кажам од идеолошки причини, туку од оние кои партиите од коалицијата што сега ќе дојде на власт ги имале како свои заложби, апсолутно сметам дека ова е некомпатибилна Влада, не поради сите искажани ставови на ДПА, но крајната левица, бидејки крајна левица ја подразбира новата Социјалдемократска партија, Социјалистичката партија, крајно лева партија, и крајно десните опции и меѓу македонскиот блок и меѓу албанскиот блок, тоа е ВМРО-Народна партија и ДПА. Се плашам дека математиката ајде да собереме 61 пратеник е од краток здив. Се плашам дека ќе имате проблеми во текот на дејствувањето на оваа коалиција, затоа што пак ќе кажам се плашам дека само се гледаше да се избере мнозинство неводјки сметка за тоа колку тимски ќе може да се работи.

На крајот ќе ви посакам среќа и успешност во вашето работење. Ќе бидам најсреќен ако грешам во овие свои, на моменти песимистички прогнози. Ако Македонија е едно возило, вие сте господине Груевски сега оној кој што ќе управува со тоа возило. Јас морам да ви посакам среќа, бидејќи јас и моето семејство и моите деца сме во тоа возило. Јас сакам Македонија да оди напред и моите деца да живеат во многу подобра и просперитетна Република Македонија.

ЛДП ќе биде, ако е ова возило кое што вие го управувате, некој вид на семафор. Кога ќе одите во вистински правец и со вистинска брзина, ние ќе дадеме зелено светло. Кога ќе одите со погрешна брзина и во погрешен правец, ќе дадеме црвено светло.

На крајот уште еднаш ви посакувам успех. Се надевам дека ќе бидете не добра туку најдобра Влада во Република Македонија. Ако не успеете во тоа, тука се граѓаните се разбира тука е опозицијата. Ние во овој момент одиме на другата страна во парламентот, вие преминувате на оваа страна, а ВМРО-Народна партија веројатно ќе биде некаде на галеријата.

**Стојан Андов:** Благодарам.

За реплика се јави прво пратеникот Виолета Ташева.

**Виолета Ташева:** Благодарам.

Почитуван колега Жерновски, во вашиот говор забележувате на изборот на кадри за состав на Владата на Република Македонија како лојални и блиски, препорачувајки воедно дека за кадри за состав на Влада треба да се бараат луѓе пошироко. Дали со ова мислевте на вас како кадровско решение за состав на оваа Влада?

**Стојан Андов:** Благодарам.

За реплика се јавио госпдинот Мендух Тачи.

**Мендух Тачи:** Благодарам.

Мислам дека нема потреба од некое посебно третирање во однос на дискусијата на господинот кој говореше. Не сакам да го навредам и да кажам дека е лажго, бидејки не ја кажува вистината. ДПА никогаш не спомнува федерализација, но сепак за да не одземам време на оваа седница на парламентот, за да создадеме една порелаксирачка ситуација, со вашата коалиција на СДСМ 1998-2002 година кога ве предводеше сегашниот узурпатор на функцијата претседател на држава, ја напаѓавте Американската амбасада и имавте тотална контра политика...

**Стојан Андов:** Ве молам, коректни да бидеме.

**Мендух Тачи:** ... Спрема НАТО и спрема меѓународната заедница. Супер е што вие се промenивте, се модериравте и зошто не ни дозволите и ние малку да се модерираме, како ДПА и ќе се промениме. Не треба толку да се нервирате.

На крајот, политиката е сепак логика, господине. Имам едно директно прашање до вас и вашите пријатели. Да не бевте вие хипотетички, со кого ќе направеше војна ДУИ, или со кого ДУИ ќе правеше Влада. Значи вашето партнерство од 2001 година продолжи со политичко партнерство. Ако вашата политика беше да ја изолирате ВМРО-ДПМНЕ и ваша главна стратегија беше да ја изолирате ВМРО-ДПМНЕ, затоа што насртајот кај албанскиот електрорат кој требаше да донесе 26 пратеници на ДУИ и 3 на ДПА, ВМРО-ДПМНЕ немаше да направи Влада. Толку се очигледни триковите и манипулациите што ги направивте што не треба денес многу да ја оптоварувате седницата. Сепак, секој човек ис екоја политичка опција има право да се модернизира. Ако вие се модернизиравте од големи напаѓачи на НАТО и подржувачи тогаш на политиката на Милошевиќ, зошто ДПА да не се модернизира и зошто ДПА д ане биде член на Влада, која ќе биде раководена од ВМРО-ДПМНЕ. И да знаете нешто. Најлошиот човек од ДПА е многу подобар од тие што се нафаќаа на пушки. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Господинот Жерновски сака да одговори на реплиакта.

**Андреј Жерновски:** Господине Тачи, токму тоа е проблемот на таквите политичари како вас, кои едно кажуваат во опозиција, но тогаш кога ќе дојдат да формираат Влада рапидно ги менуваат своите ставови. Ако сум јас лажго, тогаш вие кога изјавувате дека немате кажано дека јас сум славомакедонец, дека мојата држава не ја нарековте ПЈРМ и дека не се боревте заедно со вашиот претседател за федерализација, да не зборувам за подршката на планот на Георгиевски, тогаш ако мене ме нарековте лажго, не знам кој

збор да го измислам за вас. На крајот сепак во својата реплика кон мене, а се надевам дека стенограмот ќе го земете некој ден да го прочитате, признавате всушност дека сето тоа што го кажав во мојата скромна парламентарна дискусија е така. И ако некој е среќен денес од овие 120 пратеници, јас сум среќен што вие, ве цитирам, сте се модерирале. Ако сте станале модерен политичар, никој не е посреќен од мене господине Тачи.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Госпоѓа Валентина Божиновска има реплика.

**Валентина Божиновска:** Почитуван господине Жерновски,

Отсекогаш сум сметала бидејки на говорница кажавте дека луѓето се делат на митингашки тимпови, сум сметала дека сте салонски тип. Веројатно да не беше Георгиевски и ВМРО, вие ќе бевте у Београдској Скупштини, не?

Според тоа, би сакала да ви одговорам дека ВМРО-Народна партија е сериозна партија. Партија со 60 илјади, а на локалните избори имаше 120 илјади гласачи. Наша грижа е како ќе ја окрупниме.

Господине Жерновски, во културата во Виена знаете ли кој седи во Галеријата? Седат аристократијата, елитизмот и луѓето што знаат да гледаат од галерија. Можеби токму од ВМРО-Народна партија ќе биде идниот кандидат за претседател на Република Македонија . Благодарам.

**Стојан Андов:** Господинот Жерновски сака да одговори.

**Андреј Жерновски:** Госпоѓо Божиновска, очигледно имате не само вие проблем, туку секој од вашата партија да објасни зошто ја подржувате Владата на Груевски, но тоа е ваш проблем, не е мој.

Убаво кажавте дека во Галеријата седат аристократи. Како вие од ВМРО-Народна партија станавте аристократи, мислам дека јавноста многу добро знае.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Има збор господинот Љубисљав Иванов Ѕинго:

**Љубисљав Иванов-Ѕинго:** Другарки и другари, два дена тука распраламе, меѓутоа ниту опозицијата ниту позицијата - а сега човек не знае што е опозиција, а што е позиција, се се испобрка - не најде за сходно да и посака, она познато македонско, на досегашната Влада " ајде одете си со здравје". Исто така, никој не се сети да се заблагодари и на овие луѓе кои работеа во таа Влада и кои постигнаа одредени резултати, а тука мислам пред се на резултатите во евроинтеграционите процеси на техниката што ја обавија во тој поглед, одговарајки на безброј прашања. Тоа што денес не сме во Европска унија и тоа што не сме ни повикани да разговараме за тој проблем, тоа не е нивна вина. Ама не сакам за тоа ни да зборувам кој го нарпави, кои се причините, кои се луѓето. Од тоа нема никаква фајда, нема никаква корист. Факт е едно: дека овие луѓе тука како идни министри можам да ги поздравам и да им кажам добредојдовте во пеколот. Не во оној на Данте, во овој македонски. Колку сакаме ние можеме да се играме со статистички податоци, колку што ни е волја можеме да говориме и колку што ни треба тоа можеме да го чиниме. Факт е дека Македонија ја донесовме во дно. Факт е дека нема држава во светот, а сигурно и во Европа, која имала таков економски старт и од секој аспект гледано 90-тите години, во 15 години на транзиција да го доживее ова што денес ние го имаме во Македонија. Сега кога слушам тука што се зборува, два дена седам, обично не седам, но два дена слушам реферати подготвени, напишани, каде што нема трунка самокритичност. Два дена плукање, навреди, напади. Јас сум бил во опозиција во најголем дел за овие 15 години. Малку сум помирисал и позиција, ама секој пат кога сум бил зад оваа говорница овде, јас не плукав никого, ниту моите луѓе од партијата и добронамерните луѓе туку предлагаа како да се надмине и надминува онаа ситуација што не прати непрекинато од 90-тите години. Срамно е за сите нас дека уништивме една огромна економија, затворивме фабрики, го уништивме земјоделието. Тука раскажуваме приказни. Можете ли вие на некого да му кажете кој нема очи упорно да му зборувате дека гледа. Можете ли на некого да му зборувате дека нема слух, а дека слуша. Тоа се одвива кај нас во овие 15 години. Живееме од лаги, од невистини, од кои произлегоа овие трагични последици. И денес слушам дека изненадување е оваа Влада, заправо предлогот за оваа Влада, дека тука има млади луѓе, неискусни. Па се сеќавам, бидејќи јас многу одамна паметам, дека дури Јосип Броз Тито во она време ког аисти вакви луѓе зборуваа дека младите не можат да дојдат до овие позиции, па рече: револуцијата не може да ги јаде своите деца. А може ли транзицијата да ги јаде? До сега ги јадеше и ги испрати по светот. Најспособните луѓе, најкреативните отидоа по корка леб. И денес кога се нуди едно решение на комбинација на младост, тоа значи на огромни знаења и огромна енергија со искусни луѓе кои располагаат и со знаења и со пракса.

Во светската историја има безброј случаи како млади луѓе достигнале огромни успеси и резултати. Некој овде рече да не го спомнуваме Александар Македонски. Тој со 20 години ја созидаваше македонската империја. А ние живееме на неговата територија тука. Зошто бегаме од тоа? Па да кажам еден Џеферсон кој на 30 годишна возраст ги постави темелите на Америка, или Џон Кенеди, млад човек кој направи големи продори во Америка и промени во светот. Таквите случаи се безброј. Зошто едни такви напади тука? Јас мислам дека изненадување е Груевски. Токму така. Затоа што тој тоа што го вети многу одамна, тој сега го прави. А изненадувањето е од таму што политичарите до сега ветуваа, а не го правеа. Тој рече: јас ќе составам Влада од луѓе кои што нема да

припаѓаат на партиите на коалицијата, од млади луѓе, од луѓе кои што живееле во еден друг свет каде што владееле сосема други правила од повеќе аспекти и луѓе борци за Македонија. Тоа е изнендувањето што денеска тој тоа го направи, го предложи овде во Парламентот. Јас по обичај зборувам долго, а овој пат нема да зборувам долго. Ве гледам како со внимание ме слушате, ама не можам да не кажам дека оваа коалиција се обедини на програма. Оние душегрижници кои не можат да сватат како се обединиле повеќе партии крокодилски солзи тука лееја и право да ви кажам мене ми беше многу тешко, луѓето се мачеа. Не може затоа што не сфаќаат дека во вакви тешки времиња судбоносни денови и времиња за народот, за нацијата, за државата, и ние практично со ваква политика ако продолжиме нема да имаме држава. Дека се обединуваат секаде и секој пат и тоа во Македонија се случува. Најпрогресивните, најспособните, најкреативните и патриотските снаги без оглед на која партија, вера, раса припаѓаат. Тука е нашето обединување, почитувана господо и другари и другарки. Ние направивме програма која сите ја прифативме, во која што е доминантен дел економскиот дел. Па тоа е мојот сон. 15 години во овој Парламент, а и претходно повеќе од 15 години во едно друго општествено уредување и во други парламенти сум зборувал исклучиво дека снагата на една држава и главното решение е економскиот развој. И овде кога сум зборувал, никој не ми се спротивставувал, меѓутоа никој не го спроведуваше тоа, ниедна влада. Денеска длабоко сум убеден дека стожерот, основата, фундаментот на оваа предложена Влада ќе биде економијата. Не државата да биде факторот на целокупните економски процеси. За тоа се водат многу хипотетични и сложени расправи. Нашата цел е да создадеме услови за економски развој, нашата цел е да ги направиме институциите на државата кои ќе се стават во служба на тој економски развој, нашата цел е да направиме големи приватни инвестиции, нашата цел е да ги активираме индивидуалните идеи, стремежи, нашата цел е да го неутрализираме чувството за безизлезност, за апатија, за пораз, да го вратиме моралот, етиката, снагата на човекот и човекот да поверува дека има Влада, Парламент, држава која мисли за него. Според тоа, тука се нашите напори. Јас нема да зборувам што треба да се направи во кредитно монетарната политика, во финансиите, во Министерството за економија, во Министерството за земјоделие. Јас за тоа сум зборувал 100 пати. Кој сака може сето тоа да го прочита. И тука е тоа вградено во оваа програма, се комплетно. Сега тоа треба да се спроведе. Според тоа, требаше и идната опозиција да ни даде снажна поддршка и да каже: во реализацијата на оваа програма што сте ја зацртале, ние ќе застанеме комплетно, бидејќи тоа е интерес на народот, на државата, на сите гласачи во Македонија. Тука се моите размислувања.

Второто прашање кое што овде се покрена е многу опасно, тоа се меѓунационалните и меѓуетничките односи. Јас не припаѓам на тие големи политичари како што се претставуваат, јас мислам дека припаѓам на таа бизнис групација, намерно не кажувам име, ама имам чувство дека тоа се опасни методи кои што се покренуваат. За меѓуетничките односи одговорност е и на Владата и на Парламентот, на секој пратеник во Парламентот и на партиите и на интелектуалците и на граѓаните. Тука ние немаме предрасуди. Прочитајте ги записниците од седниците од 90-тите години па наваму дека секој пат сме укажувале дека тоа е едно од најзначајните прашања и фундаментално прашање за Македонија. Друга работа е што ние имаме разлики на приодите на тие партии. Според тоа, никој да не си игра со таа работа, никој да не подбуцнува такви страсти. Тоа се опасни работи. Секој е должен да работи на градење на тие односи, на релаксирање на таа атмосфера, на создавање на меѓучовечки односи, затоа што сите граѓани во Македонија и Албанци и Македонци и Турци и Власи, и да не ги набројувам сите, сите го претрпевме страшниот економски крах, сите ги зафати беда и сиромаштија, сите го гледаат излезот во овие решенија.

Трето прашање на кое што ние посебно внимание посветуваме, тоа е борбата против корупцијата и криминалот. Таа го зафати целото општество, сите пори на општеството. Не сакам да зборувам кој е и како и тн. Но, затоа во Владата Груевски внесува двајца борци против криминалот, еден од државна институција кој доаѓа од Антикорупциската комисија и друг борец од граѓанска провиниенција, граѓански дел. Сега тука веќе настанува проблемот. Значи, не може веќе да се краде. Владата има јасна определба да мора тоа да се елиминира.

Тука слушаме некои предавања, недоволно оваа Влада и оваа коалиција недоволно се изјаснуваат за евроатланските интеграции. Ние имаме консензус по тоа прашање од 90-тите години. И тука нема никакви разлики ниту во една партија од било која страна да потекнува. Според тоа, дајте да ги здружиме снагите, позиција-опозиција, партии, луѓе, граѓани, да застанеме позади оваа Влада. Ова е еден голем феномен на отварање на умот, на знаењето, на креативноста, на способноста. Ако светот сфати дека ние сакаме да ја извлечеме Македонија од оваа страотна состојба и тој свет ќе ни помогне. И не треба ние да молиме да влеземе во евроатланските интеграции, туку да ги решиме прашањата кој не спречува да влеземе таму, а тоа се овие за кои што сега зборував. Бидејќи ветив да зборувам пократко и ќе завршам пак со Александар Македонски. Тој пред својата смрт ги повикал своите генерали, им рекол: сочувајте ја Македонија со Божја волја. 300 години после него апостолот Павле рекол: Македонија е библиска земја. И затоа јас ќе го завршам мојот настап. Вие господо спасете ја Македонија, во вас сега македонскиот народ гледа како луѓе кои во овој

пекол во кој што дојдовте да го извлечете овој народ на патот кон рајот.

**Стојан Андов:** За реплика се јави господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам господине претседавач, само накратко јас сакам да кажам некои мои коментари во врска со излагањето на господинот Иванов. Имено, слушајќи го неговиот начин на кој ја афирмира и брани Владата, односно на кој ги дава пофалбите за новата Влада, се присетив на онаа добро позната негова реплика кон пратеникот Жарко Караџоски кога му објасни дека ВМРО-вците произлегле од социјалистите. И после овој говор денеска, навистина јас и моите колеги почнавме да размислуваме и да веруваме во тоа.

**Стојан Андов:** И комунистите од социјалистите произлегле. Тоа не е спорно.

Процедурално господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Господине Андов, бидејќи никако господинот Љубиша Георгиевски да дојде, во име на пратеничката група на СДСМ барам пауза само од половина час за да се договориме како ќе настапиме понатаму.

**Стојан Андов:** Пауза од 30 минути.

(Пауза од 17,55 часот).

(По паузата седницата продолжи во 18,28 часот)

**Стојан Андов:** Нека влезат пратениците, повикајте ги новите министри и мандатарот да влезат, да не ни оди времето џабе.

Молам нека влезат пратениците за да можеме да продолжиме со работа.

(минуваат минути на чекање)

Повикајте го мандатарот да дојде.

Добро, да продолжиме со работа.

За збор се јави пратеникот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Господине претседавач, господине мандатар, дами и господа, почитувани пратеници,

На почетокот и јас да се приклучам кон честитките за вашиот избор во овој законодавен дом.

Респектирајќи го времето, бидејќи два дена расправаме за Програмата на новата Влада за персоналниот состав ќе се обидам накусо да посочам неколку работи вечева.

Програмата која е предложена од господинот Никола Груевски претставува сублимат на повеќе програми од политичките партии кои ја сочинуваат коалицијата "За подобра Македонија" и од политичките партии кои ја сочинуваат владината коалиција . Мислам дека тука нема ништо спорно поготово што оваа програма одразува три до четири битни елементи за натамошната активност на Владата.

Прво и најважно е тоа што оваа Програма води сметка за нашите национални и државни интереси. Води сметка за долгорочните интереси на Република Македонија , бидејќи ќе бидеме сведоци на Балканот и натаму ќе има геополитички поместувања, на Балканот и натаму ќе има отворени прашања. Затоа можеби е од голема важност Република Македонија и натаму да ја јакне својата стабилност, да го јакне внатрешниот мир во државата.

Мислам дека постои таква определба и постои консензус помеѓу сите политички партии што ја поддржуваат оваа владина коалиција за основните витални прашања кои се битни за Република Македонија. Не треба да се отвораат дилеми околу оние прашања, важно е дека Република Македонија ќе оди напред во овој период кој е пред нас.

Второ прашање кое е исто така од исклучителна важност тоа е што и во Програмата, но и во излагањето на мандатарот владеење на правото во Република Македонија . Во Република Македонија ќе мора да важат законите за сите подеднакво ако сакаме да се јакне довербата кај институциите на системот, ако сакаме да јакне лојалноста на граѓаните во целина, без разлика на етничката припадност кон државата.

Трет и можеби најбитен елемент на Програмата и на нашите определби тоа е потребата од економски пресврт во Република Македонија. Оправдано во Програмата најмногу место се посветува на економскиот развој на Република Македонија. Јас се чудам како е можно во овие 15 години скоро во сите држави да има забрзан економски развој само Република Македонија да остане на дното на економскиот развој. Да биде закована на дното во Европа во сите параметри. Често пати се споредувавме со Бугарија или со други држави дека сме многу понапред во економскиот развој, меѓутоа, ако се направат анализи Република Македонија се наоѓа во најтешка економска состојба.Затоа граѓаните на Република Македонија најмногу очекуваат токму од оваа Влада економски развој и сигурно нови работни места. Тоа е клучот на Програмата, тоа е клучот на опстојувањето на оваа Влада. Сигурен сум дека се она што е предвидено поготово бројните проекти кои се нудат со оваа економска програма се гаранција дека ќе имаме постепен, но сигурен економски развој кој ќе го почувствуваат граѓаните на Република Македонија .

Но, почитувани пратеници нема да имаме стабилност ниту економски економски развој уште помалку ќе имаме реформи ако не се справиме со организираниот криминал и корупцијата. Затоа можеби е добро во составот на Владата што има и од невладиниот сектор кој многу добро ги познава состојбите во Република Македонија, но исто така доаѓа од Комисијата за сузбивање на корупцијата, на криминалот, доаѓа претседателот. Тоа апсолутно не е никаква негативна работа што еден докажан борец против криминалот и корупцијата влегува сега во Владата и ќе може непосредно со механизмите на државата да ја поттикнува оваа борба против корупцијата и криминалот.

Ако сакате организираниот криминал и корупцијата разорно дејствува врз целокупниот

систем на државата. Корупцијата станува како ламја која полека, но сигурно во овие 15 години ја јаде државата. Затоа ние нудиме заокружен и ефикасен систем за борба против организираниот криминал и корупцијата. Сеуште не е до крај промовиран овој проект за декриминализација. Почнаа опструкции затоа што се мисли дека ако овој проект помине многумина ќе бидат загрозени. Јас потврдувам дека во Република Македонија постои политичка мафија, постои мафија помеѓу политичката мафија и олигарсите. Со таа мафија и со тие олигарсии оваа Влада ќе мора да се справи. Тоа е клучот и за реформи и за економски развој и за стабилност на државата, но тоа е клучот и за иднината на Република Македонија.

На крајот сигурен сум дека сите овде присутни во овој Парламент никој со ништо не може да не спречи да се бориме за повеќе демократија, за повеќе слободи, да се бориме за својот нарот и држава. Јас сум сигурен во тоа дека Владата предводена од господинот Никола Груевски ќе ја исправи Република Македонија и Република Македонија ќе тргне да оди напред со големи чекори. Сигурен сум во тоа дека Република Македонија ќе успее. Благодарам.

**Стојан Андов:** Има збор пратеникот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Господине претседавач, господине мандатор, колеги пратеници, кандидати за министри,

Држам до тоа што го реков вчера дека во вакви пригоди кога се бира нова Влада беспотребни се долги и исцрпувачки дискусии од едноставна причина што изборите беа на 5-ти јули , граѓаните кажаа што мислат, партиите што добија мандат да прават Влада тоа го прават, мандатарот излегува со Програма, со состав на Влада, таа Програма е предмет на дискусија со една опсервација од опозицијата дали и тоа е во рамките на очекувањата на изборната програма или не. Тоа некаде на запад го викаат известувачи по разни области и сето тоа треба да заврши во еден навистина пристоен временски интервал за да може тоа примопредавање на власта да се заврши ефикасно и новата Влада да си ја превземе работата во свои раце.

Некои работи треба ги менуваме. Ништо за овие 15-16 години како кај нас не се променило. Остануваме цврсто закопани во своите партиски ровови и секогаш на политичкиот конкурент да гледаме не како политички конкурент, туку на политички душман.

Претпоставувам дека тој период од 15 години не е доволен да ни биде својствено на сите нас политичката култура . Нашиот народ вели дека се тешки првите 100 години, после се станува навика. Но, веројатно дека некои генерации тоа ќе го дочекаат.

Мотивот за да излезам на говорницата беше пред се стравот кај некои дискутанти колеги особено од идната опозиција околу иднината на Република Македонија, судбината на Владата особено од аспект идеолошки или кадровски дали оваа Влада располага со таков потенцијал кој ќе гарантира брз економски развој на Република Македонија и ефикасно решавање за сите прашања за кои овде два дена разговараме.

Сакам да ги охрабрам, да им кажам да не се загрижени, да не се плашат. Оваа Влада нема друга шанса освен да успее. Едноставно заради тоа што овие 15-16 години македонски не смеат да се повторат. Македонија за 15-16 години е единствената земја на Балканот што паѓа. Не говорам сега колкава е вината на условно речено левите или десните политички партии, но сметам дека ова е моментот кога политичките партии треба навистина на преден план да ги имаат државните интереси. Е, тоа беше кога многумина си го поставуваа прашањето што бара НСДП во една коалиција условно речено на политички партии со десна политичка ориентација. Токму тоа е државниот интерес на Република Македонија . Ние сакаме да го оставиме својот политички потенцијал и капацитет на членовите на партијата во функција на господинот Никола Груевски како мандатар и иден премиер на Владата на Република Македонија и да состави таква Влада која ќе биде одговор на прашањето дали денеска Република Македонија има капацитети да се справи со економските, социјалните, безбедносните прашања, па ако сакате и меѓународната положба.

Јас сакам да кажам јасно и отворено да, Република Македонија има потенцијал овие политички партии располагаат со таков капитал и стручен, па ако сакате и морален кредибилитет.

Нема никаков страв, почитувани колеги, дали условно речено политичка партија со лева ориентација и десна можат заедно да функционираат во една Влада ако на преден план се има државниот интерес.

Беше спомнато, но јас само како поткрепа на својата теза ќе ги повторам примерите на една Германија. После 60 години левицата и десницата прават заедничка влада. На кое прашање најмногу се караат последните денови? Околу правата од работниот однос. Тоа значи статусот, социјалната положба на човекот е доминантна и во германската држава што е мошне сила економски.

Треба ли да говорам исто за левицата што во Италија собра политички партии од различна провинијенција? Бугарија ни е свеж пример тука. Тоа е земја членка на НАТО пред вратите на Европската Унија.

Ако се има предвид дека како политички партии, како политичари излегуваме по волја на граѓаните и влегуваме во Парламентот овде, на преден план ги ставаме своите државни интереси, ако така размислуваме, тогаш нема неприродна коалициија. Македонија, овие 16 години немаше чисто на политичка основа, без да речеме некои микс политички избрана влада. Сите влади, дури и во моментот кога една политичка партија, во овој случај со лева политичка ориентација имаше

апсолутно мнозинство во Парламентот, пак се одлучи да влезе во влада со една партија од, условно речено, албанскиот политички кампус. Зошто? Тоа е интерес на Република Македонија. Тоа е нашата реалност. Тоа може само да биде во функција на стабилноста на државата и, се разбира, загриженоста на сите граѓани, независно од етничката припадност за иднината на Република Македонија.

Според тоа, ако сметате дека е грешка леви и десни да бидат заедно имајте ги во вид овие примери.

Второ, еден мој почитуван колега ја оспори тезата дека денес е тешко да се свати разликата во Европа што е левица, што е десница. Јас не сакам да теоретизираме околу тој проблем, но мислам дека на социјалдемократите одлично им е познато, а тоа можат да го искористат, само да ги прочитаат двете антологиски книги за социјалдемократијата "Третиот пат" од Антони Гиденс и "Хуманиот пат" од Жак Атали. Ќе најдат одговор таму. Има посебен поднаслов "Левица и десница". Тоа се најдобрите анализи што денеска се правени во Европа за современата социјалдемократија, за атрофираната ретроградна социјадемокртија и она што е прогресивна социјалдемократија. Ние треба да ги имплементираме во нашиот развој достигнувањата на современата европска социјалдемократија. Токму тука има подвлекување дека многу теми, многу решенија десните земаат од левите, левите земаат од десните заради прагматизмот во политиката и зарадид поентирање пред избирачите и освежување на своите програми. Некогаш, пазарната демократија била најмоќен изум на социјалдемократијата. Денес е тоа најмоќното оружје во рацете на десните политички партии. Значи, чиста, јасна идеолошка препознатливост на политичките партии во Македонија, дури мислам не е можна после 15 години постоење на политички плурализам. Таа филтрација, тоа политичко изградување, зреење, препознавање и ако сакате идеолошка препознатливост, сепак треба малку подолг период.

Да ги охрабрам, да не се секираат, да не се загрижени дали Македонија преоѓа во сигурни раце. Да, одговорот е да. Немојте да се плашите дека со заминувањето на оваа влада Македонија дефинитивно ќе влезе во нестабилни води. Загриженоста на политичките партии кои ја составуваат оваа влада и на владата што беше до сега и тие политички партии, не е поголема на оние што до сега ја водеа владата отколку оние кои имаат намера сега да ја водат. Загриженоста е заедничка, одговорноста е заедничка.

Значи, тоа е она што не спои нас. Ние потпишавме, како НСДП политичка изјава, политичка волја, деклариравме подготвеност и одговорност, потпишавме политички документ, сите заедно дека тие приоритетни прашања ќе бидат во делувањето на Владата на Република Македонија. Како што гледате во Програмата на премиерот тоа е содржано. Според тоа тука нема ништо спорно. Прашање е само колку ќе имаме, сите заеднички, енергија да тоа го реализираме. Тоа, во ниту еден случај нема да ја ослободи опозицијата. Така било до сега, така ќе биде и од сега. Таа е конститутивен дел на политичкиот систем. Јас очекувам со конкретни проекти, програми и идеи, а не само со критика, како што до сега беше кај нас, на она што го нуди власта, да се артикулира како конструктивен дел на македонскиот парламент и едноставно да конкурираат со свои проекти, со свои програми, со свои идеи. Очекувам така, бидејќи во духот на она што беше до сега говорено од опозицијата, провејуваше една таква идеја.

И, трето, сомнежи околу капацитетот на кандидатите за министри. Мислам дека е за почит, прв пат се случува во Македонија една убава комбинација меѓу професионалци, луѓе со висок професионален кредибилитет, луѓе кои дури доаѓаат од земји со успешна пазарна економија, како со искуство во сферата на менаџментот, она што денеска на Македонија најмногу и треба.

Прво имате младост и енергија, имате искуство во странски фирми на кандидатите за министри, имате докажани луѓе овде дека повозрасни малку во другите сфери на животот, тоа значи една комбинација што гарантира дека ќе имаме стручна компетентна, одговорна влада. Мислам дека тоа денеска на Македонија и треба.

Посебно што мене ме радува, што некои луѓе дури се откажаа од огромни привилегии од фирмите од каде доаѓаат, од САД и тн. за да помогнат во клучен момент на Република Македонија, да се вградат во темелите на политичка програма, на еден проект кој ќе нуди излез од економската беда во која се наоѓаме и се разбира од отворањето на перспективи на Македонија, особено пред тој свет таму, за многу подинамичен развој. Тоа е за почит и тоа не смее да се осуди како хендикеп, еве Груевски немал на располагање во Македонија потенцијал, па затоа ги зема тие и тие луѓе. Тие луѓе чувствуваат и сопствена одговорност да им помогнат на Македонија со своето знаење.

Според тоа, почитувани пријатели, една влада за да биде компетентна и одговорна мора пред се да се базира на докажани вредности. Тоа го имате овде. И, мислам дека некои луѓе кои посегнаа по моралниот интегрирет на некои кандидати за министри, ќе се срамат од луѓето утре. Не треба да се плашите. Ова се луѓе докажани, не помалку патриоти отколку што изразивте резерва кон нив, меѓутоа и луѓе кои немале доволно можност до сега во политичката пракса, во својот политички живот да докажат што знаат и што умеат. Дајте им шанса. Едноставно, оваа влада бара шанса. Овие млади луѓе за себе го сметаат најголемиот предизвик тешката економска и социјална положба во Македонија, а својот досегашен кредибилитет, еве да говорам, бидејќи лично беше посочен кандидатот за министер за

одбрана, дали во Македонија гледате во овој момент, меѓу луѓето кои се во рамките во најголемиот интерес во Република Македонија сега, а тоа е остварувањето на целите за доближување во НАТО, покомпетентна личност од Лазе Еленовски? Претпоставувам тешко ќе најдете во Македонија.

Според тоа, немојте да се плашите, дајте што побрзо да ја избереме оваа влада, да и дадеме шанса да почне да функционира, па да покаже дали заслужува внимание на граѓаните на Република Македонија. Не треба да кажеме, јас очекувам дека оваа влада, тоа го реков и во една друга прилика, има шанса во првите сто денови, кога ќе почне подготовката на Буџетот, кога практично ќе се проектира економската политика во државата за идната година да биде јасно препознатлива дали е реформска или не. Јас сум убеден дека оваа Влада е реформска и дека Македонија ќе успее. Благодарам.

**Стојан Андов:** Господине Најдовски, вие баравте реплика, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседавач.

Со оглед на тоа што во дискусијата на госпдинот Петковски се препознаваат голем број на дискусии од страна на веќе опозицијата во Парламентот и стравот дали од оваа млада по возраст влада, како ќе работи, јас сакам да го искажам својот став за загриженост, што го истакнав и вчера, а ќе го кажам и денеска.

Не е проблемот во кандидатите за министрите кои се млади и кои рековме сум загрижен заради нивното работно искуство. Проблемот е што, ако го исклучиме господинот Груевски како лидер на ВМРО-ДПМНЕ, проблемот е што лидерите на политичките партии кои се останати партиципиенти во Владата, новата влада, без навреда за возраста, но проблемот е во лидерирте кои се сите над 60 години и со по 30-40 годишно активно учество во политиката и во оние преходни времиња и во сегашниве времиња. Од тоа се плашиме дека, поради неискуството на тие млади политичари ќе надвладее идеологијата што беше пред 1990 година во Република Македонија. Поради неискуството на тие млади политичари е стравот дека нама да има успех. Во тоа е проблемот.

Ако пред малку погледавте, надвор гледавме слика при една од дискусиите, ќе видите која е таа нова енергија во Владата на Република Македонија. Имајќи во предвид како функционираат политичките партии кај нас и одлучувачкото влијание на лидерите на политичките партик, во тоа е загрижноста и стравот зошто може да имаат проблем сите тие кандидати, млади, за министри во Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Стојан Андов:** Господин Рилковски, дали се јавува за збор или за реплика?

За реплика, повелете.

**Никола Рилковски:** Благодарам.

Слушајќи го Петковски кој објасни зошто влегол во коалаицијата, претполагајќи најповеќе на државните интереси, само ќе спомнам дека во овој дел, неговото излагање, се крие паравански само личниот интерес.

Ќе го потсетам, ја заборави ли 1999 година кога за неговите претседателски избори, за неговата кандидатура се случи она што се случи во Струшко, во Велешта, каде што беа тепани и ќе речам бевме тепани, претепувани, падна крв, а истите тие сега, заедно со него се во коалицијата. Значи, поведен од тој интерес се здружува "и со ѓаволот" само да се дојде до власта и она што го нуди власта. Во тоа име, и во името на оние кои беа претепани таму, не можев да му премолчам и да го потсетам дека барем во тој дел не најде за сходно да дојде и на сите тие кои беа тепани и претепувани да им заблагодари и да ги праша како се.

**Стојан Андов:** Господине Макрадули исто за реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Не разбирам зошто пратениците од НСДП се толку нервозни. Ние треба да бидеме нервозни. Ние ги изгубивме изборите. Ние ги изгубивме изборите и сме нервозни, но тие зошто се нервозни и дофрлуваат, апсолутно не ми е јасно.

Но, сега го сфаќам нивото нивно и веројатно си го нашле местото.

Е сега, Република Македонија паѓа 15 години, ама станува земја кандидат за членство во Еврпската Унија и тоа е проблемот. Тоа е контрадикторноста.

Програмата што се потпиша или таканаречениот Економски манифест е исти и е извлечен дел од Програмата што на понуди господинот Груевски што е идентична со програмата што одеше на избори Коалицијата "За подобра Македонија". И тука и Социјалистичката партија и Либералната партија, нема дилеми, бидејќи беа дел од коалицијата. Проблемот е кога економскиот патриотизам, преточен во некоја програма исчезна. Затоа ние зборуваме дека оваа програма е програмата на коалицијата "За подобра Македонија" која никаде го нема делот од економскиот патриотизам на НСДП. Значи, ги нема измените на Законот за работни односи, што беа најавени, го нема законот за стечајните работници, го нема законот за територијална организација во првите сто дена како што беше најавуван и редица други закони што беа најавувани, но кекако исчезнаа во делот. И, да биде јасно на сите, оваа програма што ја има мандатарот е иста со која што на избори одеше Коалицијата "За подобра Македонија" и економскиот Манифест што е потпичан е извлечен дел од воведот на господинот Груевски и на првите делови од економијата.

Затоа, да немаме дилема, дозволете да укажеме за она што сметаме дека е потребно на граѓаните на Република Македонија пред се гласачите што треба да го знаат.

Кога зборуваме за квалитетот, секој си има свои критериуми. Секој мисли дека сите оние кои ги избрал, се најдобрите. Ние сметаме дека сметководител кој не знае англиски јазик не може да биде министер за економија кој во својата компанија како што вели, е главен и одговорен уредник на стручното списание. Благодарам.

**Стојан Андов:**Господине Петковски, вие имате одговор на репликата. Повелете.

**Тито Петковски:** На првите две дискусии, односно реплики не чувствувам за потреба да реплицирам, бидејќи се крајно упростени гледања што веројатно не заслужуваат внимание. Тоа сум го говорел неколку пати по разни поводи.

Во однос на репликата на гопсподинот Макрадули чувствувам за потребно да кажам што подразбираме под економски патриотизам. Тој не мора да е внесен, така како што вие кажвте, во политичката програма, но е внесен во делот што значи да престане да се краде Република Македонија. Да престане да се подрива нејзината економска моќ да и се одземат перформансите. Тоа се правеше сите овие години. Тоа е содржано во програмата, како што видовте, во неколку делови.

За тоа како ги вреднувате луѓето, сепак оставам на совеста. Дали сите луѓе се раѓаат, ние можеме за нас да мислиме дека сме сите остебендери, вундеркинзи, меѓутоа народот на 5 јули кажа кој колку вреди во Република Македонија. Благодарам.

**Стојан Андов:** Господин Кондарко, реплика повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам господине Андов.

Од дискусијата на госопдинот Петковски, што би се рекло ништо ново. Говори сувопарни фрази и демагогии и кога е на власт и кога е во опозиција и кога беше во СДСМ и кога е во НСДП. Ни подели неколку лекции за тоа што да зборуваме како опозиција а што да не зборуваме, поточно па потоа се правдаше што е левица, што десница, без нешто конкретно да каже како ќе ја спроведе неговата економска програма и како на граѓаните на Република Македонија ќе им биде подобро, како ќе имаат повеќе работа, како ќе им бидат поголеми платите.

Но, тоа е негов проблем, и таа работа ќе ја оценуваме низ текот на овој мандат и ќе бидеме тука многу активни како опозиција.

Да ве потсетам, бидејќи кажувавте и не советувавте дека не треба многу да зборуваме кога се бира влада, дека наводно тоа било свечен чин, да ве потсетам господине Петковски дека и опозицијата, значи нашата коалиција и СДСМ ја гласаа граѓаните на Република Македонија. Нас, како пратеници не гласаа и од нас очекуваат да ги застапуваме нивните интереси и да се бориме за тоа овде, низ демократска дебата со аргументи во Парламентот. Токму тоа го правиме.

Затоа, произлегува дека, според вас, вие дури и би ја укинале опозицијата посебно кога се бира влада, што секако е недемократски и не наликува на еден прекален борец за демократија, каков што ве знаеме.

И на крајот, уште едно директно прашање до вас дали на овој начин ќе ја поддржувате и ќе ја браните владата се до следните претседателски исбори 2009 година? А не да ни објаснувате овде теории што е левица што десница.

**Стојан Андов:** Гисподине Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Искрено, уште пред крајот на минатата година реков на господинот Кондарко нема да му реплицирам од познати причини. Но бидејќи се бира влада и директно постави две прашања јас сакам многу конкретно да одговорам.

Зарем навистина некој нормален човек очекува дека овде, кога се бира влада ќе може да се изложи целосно како економската програма ќем се спроведе. Ми треба, самите можете да претпоставите, околу час и половина да говорам како тоа мислиме да го направиме.

Второ, ако мислат дека само луѓето кои што до моментот кога се во нивната партија се добри, а после за никаде, тоа е нивни проблем. Нека си го решат проблемот таму. Мислам дека луѓето очигледно се фрустирани заради внатрешните состојби во партијата и сега таа фрустрација сакаат да си ја лечат. Јас не можам да им помогнам, признавам. Јас не можам да им помогнам.

**Стојан Андов:** За реплика се јавува пратеничката Благородна Цветковска.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Ги слушнавме лекциите што ги одржа господинот Петковски и нема потреба да се плашиме. Страв кај СДСМ воопшто не постои. Нормално дека и позиција и опозиција, се е менливо.

Јас би се обратила до другарот лидер на Новата СДСМ.

Во предизборната кампања на неговата партија тој премногу ветуваше на граѓаните, подобрување на животот од економски апскет, премногу вработување на течајците. Само да го потсетам дека ваквите ветувања можеше да ги даде и додека беше член на СДСМ, бидејќи матица му е токму СДСМ. Затоа не треба да се плука толку по една партија во која 15 години бил искустен политичар, човек, другар. Зошто сега да имаме такво мислење за него. Сето ова ни зборува дека сепак кај него преовладува желбата за власт по секоја цена и личните интереси. Непристоен предлог.

Не можам а да не го пренесам гласот на кривопаланчани кои премногу му замеруваат бидејќи за 15 години колку што беше активист во Крива Паланка и член на СДСМ, тој ништо не направи. Меѓутоа, еве сега желбите си ги исполни. Личниот интерес го стави на прв план.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Има збор пратеничката и сеуште заменик премиер, Радмила Шеќеринска.

**Радмила Шекеринска:** Господине претседавач, почитувани пратеници, почитувани кандидати за минисри,

Денот, без разлика каде ќе заврши во ноќните часови, или ќе за врши набргу ќе донесе една добра и една лоша вест за владиното мнозинство. Добрата вест ќе биде дека на крајот, по се изгледа, ќе се избере нова Влада, Влада во која ќе доминираат партиите кои ви даваат поддршка на новата структура, а лошата вест е дека од тој момент ова парламентарно мнозинство ќе стане власт. И во моментот кога ќе стане власт во оваа држава, ќе треба многу брзо да го промени начинот и на однесување, ќе мора многу брзо да го промени речникот, ќе мора многу брзо да го промени пристапот кон политичката дебата и во Собранието и надвор од него. Мислам дека најголемата грешка, најлошиот почеток за нас како опозиција ќе биде ако денес се сведеме исклучиво на критика и исклучиво на лоши прогнози за иднината на Македонија. Меѓутоа како што ние имаме замка која треба да ја избегнеме, така многу брзо очекувам вие да ја избегнете замката која кај вас е многу поголема, а тоа е да продолжите само да дијагностицирате кој колку бил виновен, кој каде ги почнал проблемите, која година, каде стартувал проблемот со кој сега треба да се справувате.

Во 2002 година, да ви кажам колкави и какви проблеми дочекавме и начекавме, мислам дека ќе ни требаат многу повеќе денови за таква дебата. Меѓутоа, пред власта, пред Владата не стои предизвикот да се опишаат проблемите. Пред власта и Владата стои предизвикот да се решат проблемите и мислам дека најдобро намерно, лош старт е за владиното мнозинство, лош старт е и за кандидатите за министри и особено за мандатарот да се почне со плукање на се она што е постигнато во изминатиот период. Имаше и некои поразумни дискусии. Меѓутоа, жалам, мислам дека е грешка, кога мандатарот ќе го почне своето екзпозе со тези дека во Македонија не владее демократијата, дека е загушена и загрозена демократијата. Мислам дека е погрешно кога ќе се каже дека претходната Влада била најнеуспешна во 15-те години македонска независност. Таква најнеуспешна, според вашите зборови, ама таа тој свој наводен неуспех го крунисаа со кандидатски статус. Да беше толку лесно ќе се сллучеше порано, ќе се случеше во некој друг мандат.

Мислам дека е погрешно доколку на првата седница, еве втора седница на Македонското собрание кога ја бираме Владата, главната теза да ни биде дека луѓето кои ја урнисале македонската економија не смеат да зборуваат. Дајте да го смениме Уставот и законите па да кажеме, во моментот кога ќе се изберат пратеници и кога ќе се види кој го има мнозинството, оваа, сега е десна, инаку е лева страна, нека си замине и нека се врати по четири години, ако победи на изборите. Овде имаме обврска и ние да го кажеме нашето мислење. Секој од нас претставува голема група на граѓани. Луѓето кои наводно ја урниссале македонската економија во изминатите четири години, бидејќи овде имаме, како рековте, технократи, имале подобри економски перформансии, ако веќе веруваме во бројките, од претходната влада. Да не зборувам дека логиката во 2006 година, бидејќи изгубите, сега веќе нема што да зборувате е комплетно контрадикторна со тоа дека од 1998 година до 2002 година сме имале огромни економски успеси, како што се обидоа, неуспешно, да не убедат некои пратеници. Не може во 2006 година граѓаните да го направиле висстинскиот избор и да не казниле заради погрешната политика, а во 2002 година кога тогашната власт го претрпе најголемиот големиот политички пораст во овие 15 години македонски плурализам, тогаш граѓаните да погрешиле. Погрешиле заради тоа што четирите години всушност биле мед и млеко. Ова го кажувам заради тоа што мислам дека треба да бидеме повнимателни со зборовите, многу по внимателни со тезите со кои многу лесно се расфрламе и да најавам дека јас ќе се обидам да ја избегнам таа замка во денешната дискусија.

Би сакала денес да говорам за тоа што ќе бидат политиките, се надевам и што нема да бидат политиките на следната влада, како ќе ги спроведува овие политики и со кои луѓе. Мислам дека сите три прашања се легитимни и убедена сум дека за секој сектор можеме да зборуваме на долго и широко. Сакам малку повеќе време да посвеам на две теми со кои имавме прилик да се запознаам во изминатите четири години, а се разбира и претходно како пратеник во опозиција, во претходниот состав од 1998 до 2002 година.

Првата тема е тема која често пати ја велима чадор политика. Кога зборуваме за интегрирањето, за зачленувањето во ЕУ, па и во НАТО, до одредена мерка, зборуваме на сума од сите политики. Колку што сме успешни односно неуспешни во тие поединечни политики, толку ќе бидеме успешни и неуспешни и на планот на интегрирањето во ЕУ и НАТО. Да бидам искрена, кога ја добивме програмата на новата влада, предлог програмата, јас бев извонредно загрижена за тоа каде ќе одиме следните четири години. И бев извонредно загрижена за тоа кои се вистинските приоритети на ова ново парламентарно мнозинство.

Во изминатите 6 месеци при секоја средба со странски дипломат, претставник овде, претставник на Европската комисија особено, ја имав истата теза. што и да се случи на изборите во Македонија, имаме континуитет по некои прашања. Едно од тие прашања е прашањето на зачленувањето во ЕУ. Тогаш тврдев дека нема партија која може да победи на изборите, а која ќе го змени правецот, европски, на Република Македонија. За прв пат кога ја прочитав програмата на мандатарот помислив дека можеби сум погрешила.

Во програмата, јас би рекла, ако сум јас технократ, а се трудат да не бидам, ќе ви кажам потоа зошто, би рекла доволно е само да кажете дека имаше 16 реда посветени на нашето интегрирање во ЕУ, речиси не споменување на клучните документи кои ни се најбитни во очите не само на Европската комисија, во очите на сите земји на ЕУ и доволно ќе покажете колкава важност му се придава на ова прашање. Дополнително бев загрижена заради една изјава која мандатарот ја даде овој месец за Дојче Веле. Господинот Груевски кажа следното: "Можам да се надевам дека наредната година ќе добиеме датум за почеток на преговори. Не очекувам оваа година да добиеме датум". Мене овие два податоци, оваа теза и овој текст, навистина ме загрижија. Се сетив на пример на едни изјави минатата година кога Македонија славеше за позитивно мислење од Европската комисија, кога ВРМО ДПМНЕ излезе со став и кажа - заради тоа што немаме датум за преговори, мораме да одиме на предвремени избори. И уште еден став кој го кажа личномандатарот - ако се организираат предвремени избори ќе имаме преговори шест месеци порано, или ќе имавме преговори шест месеци порано.

Лесно е овие изјави да се кажуваат кога сте во опозиција и нормално е, можеби и очекувано за мандатар кој има политичко искуство, веднаш кога ќе ја смени страната на седење во Собранието, се да релативизира. Меќутоа, велам, текстот кој го добивме и оваа изјава покажаа дека некои од приоритетите на новата влада се ставаат под сомневање. Морам да го изразам моето задоволство дека во меѓувреме мандатарот се корегирал. Дали тоа беше резултат на некои реакции во медиумите, ли можеби на поголема концентрација и внимание кое било посветено на текстот на експозето, меѓутоа сега веќе мандатарот излезе со поинаква теза, амбиција ни е да ги почнеме преговорите во 2007 година и потоа малку релативизираше, или барем да добиеме датум.

Јас сум работела четири години малку повеќе, претходните години нешто помалку, на темата на Европската Унија и иако можеби луѓето сметаат дека пречесто говорам за ЕУ, јас лично од време на време сакам да си ги поставам основните прашања, затоа што мислам дека е легитимно политичко прашање дали и колкав ни е приоритетот, членство во ЕУ. Ако не го поставуваме прашањето ќе влетаме во една друга замка, да зборуваме за Европа а реално да не работиме, бидејќи нема да ја чувствуваме дека ни е потребна. Затоа мислам дека е подобро отворено да ги расчистиме дилемите и да кажеме дали ЕУ и членството во неа навистина ни е битно, или некој ќе излезе со теза која што сум ја чула. Мислам дека е апсоллутно погрешна, непостоечка, меѓутоа, тутунопроизводителите реба да ја дискутираме. Дали можеби не е подобро да и обрнеме малку повеќе внимание на економијата и потоа одкако ќе бидеме економски поснажни, не да бараме членство во Унијата, туку едноставно да бараме покана. Тоа би било можеби и паметно размислување, меѓутоа, ако ништо друго имаме искуство. Тоа што 12 земји од нашето соседство пошироко влегоа во ЕУ, ни дава шанса да учиме од нивните лекции, а тие лекции велат дека дилемата, што е право, економијата или ззачленувањето е слично на дилемата околу тоа што е постаро кокошката или јајцето. Одат, за среќа рака под рака. Нема држава која станала земја кандидат и која почнала преговори, а која во следните неколку години не го доживеѓала најголемиот економски раст. Нема таква држава. Значи не се работи за среќна околност кај Полска или за склоп на околности во Бугарија. Емпириски, технократски, врската помеѓу економијата и исполнувањето на критериумите за членство е непобитна. Не е случајно што Европската комисија во еден од своите последни економски извештаи за Македонија го кажува истото. Европската перспектива за државата го зголемува нејзиниот раст и тоа ќе продолжи да го прави и во иднина. Сега ако апсолвираме дека не треба да ги двоиме работите, туку треба процесите заедно да ги тераме, легитимно е второто прашање, дали е важно кога ќе ги почнеме преговорите. Јас мислам дека е екстремно важно од повеќе причини. Прво, заради тоа што владата ќе мора да биде по амбициозна и по исполнителна. Меѓутоа, највеќе од се е заради тоа што не знаеме што се ќе се случува во ЕУ. Изгубен месец, леснотијата со која се кажува можеби за шест месеци, ако не ги добиеме преговорите сега, ќе ги добиеме за шест месеци, ако не за шест месеци, датумот ќе го добиеме во тек на 2007 година. Шест месеци изгубени, или пропуштена шанса може да значи неколку години тапкање во место. Доволно е само да се вратиме на еден факт, според вашата терминологија, нашите години. Македонија да станеше земја кандидат порано, а ќе станеше ако немавме проблеми во 2001 година и ако не моравме прво да се справуваме со тие проблеми, во тој случај можеби ќе избегневме новата одредба во францускиот устав која вели дека секоја наредна земја која ќе почне преговори, ќе мора да поминува низ референдумско сито. Тоа го направи низ игледни уши Хрватска. Прашање беше на неколку месеци. Заради тоа велам ако денес седнеме во столчето владино или пратеничко и кажеме, не е крај на светот декември месец, можеме да ги одложиме овие работи за подобри времиња, јас ве уверувам дека цената која Македонија ќе ја плати ќе биде поголема. ЕУ не е само еквивалентна на пари од Европски фондови. Меѓутоа, ЕУ е еквивалентна на резултати и во економската и во политичката Судски совет свера. Прашање е колку треба да се биде амбициозен. Јас можам како политичар ако гледаме многу фрагматично ако гледаме од аспект на интересите на нашата партија или на нашата Влада, јас можам да го разберам мандатарот зошто релативизира. Си вели, ако не си создадам очекувања, потоа нема да носам

одговорност. Ако не создадам очекувања дека во декември ќе има Македонија датум за преговори што  убедена сум дека Македонија може да го добие ако ги сработи вистинските работи, тогаш нема да чувстрвувам одговорност  нема да имам притисок од јавноста дека сум бил неуспешен во сфера, на тема која граѓаните 98% од нив велат дека им е многу важна дека им е заеднички интерес и тема на која сум дал гаранции претходно, како кандидат за премиер во целата изборна кампања. Да се потсетиме, во изборната кампања, и покрај оние изјави дека Македонија е оддалечена од ЕУ како дол месечина, дека не чека долг пат не помалку од две децении, што мислам дека беше шокантна теза, сепак ВРМО ДПМНЕ излезе со амбициозна агенда, ќе продолжиме еднакво успешно како претходната Влада и ќе имаме преговори добиени 2007 година. Слижни дилеми постоеја, да бидам искрена и во нашата Влада пред неколку години. Зарем не мислите дека ќе беше многу поедноставно за тој владин состав да си седне во кабинетот и да каже ситуацијата е тешка, во ЕУ има разлики, никој не не вика да дојдеме и побрзо да го стекнеме кандидатскиот статус, дајте да почекаме подобри времиња. Во ЕУ веќе никој нема да го има ентузијазмот за проширување, како што тоа беше случај пред 10-тина години. Во ЕУ никој нема да тропне на вашата врата и да ве убеди, ајде палилцирајте, ајде барајте датуми за преговори. Нема, бидејќи самите имаат проблеми кои само се зголемуваат, доколку се зборува за проширување. И во 2003 и 2004 година кога зборувавме кога и дали Македонија треба да аплицира, ние, самите знаете за тоа се зборуваше и по медиумите, имавме серија на емисари, европски и политичари и бирократи кои доаѓаа и велеа прерано ви е, почекајте, не е најдобар момент. Ако тогапш го послушавме тој совет и ако тогаш сакавме да си обебедиме поширок маневарски простор а помалку одговорност, секој од нас е убеден дека Македонија немаше да биде земја кандидат. И тогаш некои политичари, европски, или некои претставници на Европската комисија дури ни советуваа да бидеме внимателни, велеа ќе го изгубите мандатот, ќе ја изгубите функцијата, ќе ја и изгубите довербата доколку аплицирате а потоа нашиот одговор биде негативен. Сега, претпоставувам истото можат да ми го советуваат на идниот премиер или на идните министри. Во моментот кога првиот ден ќе кажете не, кога првиот ден ќе се откажете од амбициозната агенда, прво многу помалку ќе ве ценат и тие што тоа ви го сугерирале и второ ќе ве стават на резервната многу побавна лента.

Ако велиме дека Македонија премногу изгубила во изминативе 16 години чекајќи вистински сигнали, чекајќи подобри времиња, зарем сега кога пред нас стои амбициозна Влада, Влада која вели "одиме напред", зарем сега е моментот на овој план да се промени ситуацијата.  Ваквите изјави се читаат и во Брисел. И за жал со ваквите изјави ние праќаме погрешни сигнали и тие тоа ќе го почувствуваат и тие тоа ќе знаат да го сместат на политичката маса. Исто како што мислам дека лоши се изјавите кој што се кажаа и во очи на изборот на оваа Влада. Ако излегуваме овде со тезите бидејќи уште се чувствуваме како опозиција или се чувствувате како опозиција нема демократија, а Европската унија рекла има демократија. Ако излегуваме со тезата која што после изборите ја напиша господинот претседател на Македонското собрание дека изборите немало да бидат демократски, да не ни ги врзела рацете Меѓународната заедница тогаш како, јас тоа еднаш се обидов да му го укажам на претседателот кој тогаш имаше шанси да стане министер за надворешни работи, како тој планира да се сретне со своите колеги министри за надворешни работи од земјите членки на Европската унија и да ги убеди дека Македониа е зрела за почеток на преговори.

Проблемот со Брисел, тука е и на Европската унија и на НАТО е што не читаат и кога имаме добар ден и кога имаме лош ден и не потсетуваат секогаш кога ќе излеземе малку од патот, од плановите, од предвидувањата кои што сме ги дале.

Фактот дека идните членови на влади влегуваат и со такви изјави, како и фактот дека во изминатите десет дена на политичката сцена на Македонија се слушнаа многу радикални изјави не зборува добро за нас. Овие месец дена можат да не чинат скапо на секој од интегративните планови кои што сме ги најавувале на времето. Јас очекував или очекувам од мандатарот и од кандидатите министри кои што излегуваат со крупни планови дека крупно ќе размислуваат и на оваа тема. Очекувам да ги сменат своите изјави дека ни требаат две децении. Затоа што ако како држава ни требаат две децении за да се подготвиме за членство, па дајте и да не се трошиме. Дајде и да не именуваме министри кои што ќе се грижат за тоа, а потоа да им ја извлечеме чергата под нозе. Што ќе работат? Нема да имаат поддршка, нема да имаат буџет, нема да имаат ресурси. Секој предлог ќе биде дочекан, ајде ова може да се одложи за понатаму. Две децении се долго време во политика. Меѓутоа, овие прашања се прашања за кои што се надевам дека во од ќе се навикнува новата влада, се надевам дека мандатарот брзо ќе види дека изјавите кои што беа неточни, се покажаа како неточни, а ги имаше во минатото од типот на тоа дека Македонија ја изгубила шансата, а дека на пример Хрватска според информациите во Брисел ќе биде членка во 2007 година се само крупни зборови за крупни теми, ама погрешни. Бидејќи Европската унија и нашето членство во неа има многу прецизни точки, некој од пратениците рече нема 10, 15, 20 точки кои треба да ги завршиме, па да направиме една чик листа дали сме ги завршиле за да влеземе во Европската унија. За жал, или за среќа на некој има, само не се ни 10, не се ни 15, над 100, 200, 300 се.

Една од тие први точки, услов без кој не се можеше до сега, а уште повеќе од сега е стабилна и демократска Македонија и ако постои едно прашање за кое нема преговори, нема преговори за ништо, ниту за Европската унија, ниту за НАТО, тоа се меѓуетничките добри односи. Морам да кажам дека и покрај тоа што чувството во ова Собрание е дека сега можеме да се откачиме од сите политички теми и да тргнеме кон освојување на економијата мислам дека ќе се покаже дека таквите надежи и очекувања се лажни бидејќи тие не се реални за ниту една држава, а особено не се реални за држава со историјиа со минато и грешки како Македонија. Државата не може да трча економски маратон со една нога. Не може, државата има проблеми да го трча и тоа со две многу јаки нозе. Во држава во која до пред една година, година и половина, пратениците ќе ме поправат еден дел од ВМРО-ДПМНЕ, или оној дел кој беше присутен и предвидуваше распад и федерализација поради меѓуетнички состојби сега истото мнозинство и истата партија не ги спомнува овие теми. Мислам дека тогаш тезите беа погрешни, мислам дека сега пристапот е опасен. Денеска е модерно да се каже дека немаме ние меѓуетнички проблеми, не можеме да ги имаме, едноставно ДУИ се радикализирал, грешката е нивна и затоа ние овде не треба да дискутираме. Јас мислам дека ДУИ прави катастрофална грешка. Дека таа е грешка која што ќе ја увидат и самите тие, таа е грешка што ќе ја увидат и нивните гласачи, меѓутоа таа грешка не го амнестира ниту мандатарот, ниту Владата од одговорност да го зачува тоа што е добро во Македонија. Да не дозволи трчајќи и решавајќи еден проблем да се создаде некој друг. Мислам дека математиката не е добра работа кога зборуваме за вакви суптилни политички теми. Јас цело мое формално образование сум го имала во техничка струка, 10 години сум се занимавала малку повеќе со математика, ама јас сакам да кажам дека математиката не ги решава меѓуетничките равенки. И секогаш кога ќе се обидеме нив да ги сумплифицираме завршуваме во потешка ситуација од онаа која што сме ја имале. Математиката и нејзината логика некогаш не доведува да правиме политички грешки.

Денеска и вчера чувме многу тези. Уставот и законите дозволуваат вакво мнозинство. Апсолутно сте во право. Никој не може да каже дека е тоа грешна теза. Никој не може да каже дека мандатарот направил грешка, меѓутоа истото важеше и во 1990 година. Се сеќавам дека, не истите луѓе, многу се сменија партиите, првите луѓе се променети, раководната структура е променета, меѓутоа истите партии во 1990 година, го тврдеа сличното дека и уставно и законски да направиме влада која што нема да ја има поддршката на ниту една од партиите кои добиле поддршка од етничките албанци гласачи во Република Македонија. Математиката функционираше. Се најдоа 61 пратеник, беше законски и беше уставно. Оние зборуваа поинаку беа обвинувани дека Македонија ја водат кон распад, федерализација, нарушување на унитарност. Во 1996 година, во 1997 година истите логики ги слушавме. Тогаш ни беше актуелен педагошки факултет, локална самоуправа. Математиката велеше во право сте, одете напред. Денеска јас можам повторно да упаднам во една замка и да почнам да цитирам ставови на кандидати за министри од ВМРО-ДПМНЕ околу Педагошкиот факултет. Можам да цитирам изјави од истата политичка партија околу учеството на ПДП во 1992 година во Владата која што ја формиравме. Катастрофа, предавство, треба македонскиот национализам да се поттикне, треба сите ние да се обединиме, што бара ПДП, зошто специјални услови за ПДП. Истата реторика, малку беше повоспалена, во меѓувреме сме созреале, меѓутоа главното беше законот и Уставот во право сме, бројките се на наша страна. Јас нема да упаднам во таа рамка, бидејќи сите не служи добро сеќавањето и бидејќи во политиката сите се менуваме. За среќа често пати тие промени се кон подобро. За среќа често пати кандидатите за министри и пратеници созреваат. Мислам дека е тоа добро. Јас со навистина позитивен однос прочитав еден текст на кандитат сегашен за министер, кој што спомна дека на Арачиново или на Кондово, воопшто на граѓаните од Арачиново или Кондово нема да им помогне да се справат со економските проблеми ако изградат уште неколку споменици на ОНА, или дека на граѓаните во Куклиш нема да им ги решат земјоделските проблеми македонските етнички симболи закачени на бандери. Тоа е знак дека оваа држава зрее. Мислам дека и ВМРО-ДПМНЕ на таа тема созреа како партија, меѓутоа ме уплаши една теза во Интервју, во која што истиот кандидат вели дека ВМРО-ДПМНЕ е позрела партија од 1991 година кога одбиваше, по никоја цена не сакаше да прифати да коалицира со тогашна ПДП, сега сме поголеми прагматици. Добро, позрела е, еден чекор понапред, навистина не мислам дека меѓуетничките теми ќе ги решиме само ако партиската прагма не води нанапред. Ако сега сме спремни заради 61 да прифатиме коалиција со некоја партија, ако сега сме спремни да се откажеме од манифестирањето на јаки етнички чувства, заради тоа што има поважни проблеми кои треба да ги решаваме, мислам дека вистинскиот рецепт на меѓуетничките теми треба да биде малку повеќе од сув политички прагматизам, затоа што лошо ќе функционира. Пред една година еден млад бизнисмен, само не од Македонија, еден од најуспешните западни бизнисмени кој формираше огромна компанија а немаше полни 30 години кажа дека светот страда од желба за брзи и лесни решенија и дека затоа стратешки не можеме да ги решиме глобалните проблеми, затоа што сите сакаме некако ако може денес, утре да залепиме. Ако тоа е болка на светот, тоа е можеби најкрупната грешка во нашиот ментален пот, кое што платиме цена во сите овие изминати 15 години. Ако во 1990 година за многу политичари таквото лесно решение беше национализмот

зошто да зборуваме за реалниот проблем, кога можеме да бидеме запалени националисти. Зошто да зборуваме меѓу другото за проблемите со меѓународната изолација на Македонија, регионалните состојби кога можеме да избегаме во 2-3, многу страсни и многу опасни пароли. Сега се плашам дека истото поедноставување на дијагнозата ја правиме само со нова реторика. Сега е економијата. Ова е држава која што највеќе страда од економски проблеми. Тие економски проблеми не обединуваат сите. Тука се согласувам целосно со мандатарот, меѓутоа најитно е да се ожекува дека ако имаме добра економска равенка дека сите други ќе ни се решат паралелно. Имате напредни држави, имате економски многу побогати држави сеуште страдаат од овие проблеми. Имате држави кои тргнале напред економски и се вратиле години назад заради тоа што не забележале што им се случува. Страдале од лесни решенија и заради тоа што, ова само успат ќе го спомнам, затоа што мислиме дека ќе ги решиме и економските проблеми со тоа што ќе формираме агенција која во насловот има борба против тие проблеми. Тоа е обид за парафразирање на Черчил. Ама и Черчил велел кога имате проблем кој не сакате да го решите формирајте комисија. Да не испадне дека ние ќе имаме само орвеловски наслови - агенција за борба против организиран криминал и корупција; агенција за привлекување на странски инвестиции, затоа што сите тие чинат и сите тие треба да бидат логично поставени некаде во македонското општество. Јас само може да замислам што ќе прават јавниот обвинител, Државната комисија за борба против корупција кога на нив ќе се додаде уште една агенција за борба против организиран криминал. Можам, да бидам искрена не можам да замислам што ќе прават една македонска агенција за привлекување на странски инвестиции, паметно поддржана и од министри, меѓутоа и дополнителни 20 до 50 странски фирми за убедување на странските инвеститори. Првото прашање што би си го поставила технократски или математички е колку чини тоа.

Второто прашање кое си го поставувам од љубопитност е во која држава 20 до 50 меѓународни агенции ја правеле таа работа.

Трето и најважно дали е тоа болката на недостиг доволен на странски директни инвестиции. Во таа смисла јас би ја поддржала идејата на пример на мандатарот дека за некои места можеби ќе бара помош и од странство. Зошто да не дадеме шанса и на такво нешто. Скептично нешто. Мислам дека еден човек не прави чуда, ниту прави институции, меѓутоа повеќе имам разбирање за еден таков пристап, било да е тоа јавен обвинител, било да е тоа за некоја друга позиција, отколку да се сведеме на инфлација на органи за се и сешто. Чинат пари, а во истата програма читаме дека треба пари за да ги насочуваме кон сосема други теми.

Значи, ако ова се според мене грешните лесни решенија на нашите крупни проблеми имам, убедена сум, не само што имам став, убедена сум дека кај меѓуетничките теми брзите решенија се никакви решенија. Лесните решенија се привидни решенија и заради тоа се опасни.

Јас би апелирала, како што апелирав неколку пати до уште една партија која е избрана, а не е овде во Собранието, но апелирам и до мандатарот да направи се што е во негова можност, се што е во негова моќ таа ситуација да се промени. Има простор според мене, има инструменти, има политика која може повторно Македонија да ја направи држава за која што Европската комисија по еден, два месеци ќе напише дека Македонија е функционална демократија во која опозицијата целосно учествува во работата на Собранието. Затоа што верувале или не тоа е првата реченица која стои во секој извештај. И кога ДПА не беше присутна во Собранието тоа беше еден од минусите во нашиот извештај. Сеедно е, кога одите и преговарате со Европската комисија вие можете сто пати да кажете ние сме опозиција, не сносиме одговорност за нив пишува Европската комисија извештај за оваа држава и оваа држава е се она што е врзано во Македонското собрание.

Чувме многу околу чудните поддршки на т.н. десен континуитет и чувме многу критика за т.н. лев континуитет, меѓутоа што и да каже новата коалиција особено онаа која е идентична со 1998 година, значи ВМРО-ДПМНЕ и ДПА останува фактот дека десниот континуитет не спречи да дојде до војна. Левиот континуитет кој не беше континуитет, левата опција, Социјал демократскиот сојуз коалицијата која ја формираше со огромна политичка цена е таа која ја врати државата на здрави нозе. Ја врати државата барем на нормала. Сега можеме да спориме каква дијагноза ќе се даде.

На крајот дозволете ми да кажам нешто и за за луѓето, бидејќи они што и како се невозможни без луѓе кои што знаат што и како. Јас помалку сакам и сакав да зборувам за кандидатите заради тоа што мислам дека во тој дел мандатарот треба да има поширок простор. И тука важи она што беше спомнато неколку пати. Добивте мандат, нема што ние многу да дискутираме кој бил најсоодветен за одредено министерско место. Мислам дека претпоставките околу младоста и искуството се неблагодарни и речиси по правило секогаш погрешни. Мислам дека сме имале ситуација на многу искусни министри и кои не се покажале најдобро, мислам дека сме имале ситуација и на млади кои што се покажале, имаме многу такви примери, бидејќи според една стара дефиниција искуството не е она што ни се случува во животот, искуството е тоа што сте го направиле, што сте го научиле, што сте го стекнале со тоа што ви се случило во животот. Некогаш дај Боже можеме да научиме и на туѓи грешки. Значи не мислам дека тоа треба по автоматизам да биде хендикеп иако кај некој тоа е

и така. Во нашата ситуација и нашата денешна дебата изгледа дека напротив хендикепот, искуството е некогаш хендикеп кога имате биографија поскромна, кога немате зад себе многу работа, кога не сте имале прилика да покажете колку сте квалитетен, успешен, да не зборувам квалитетен, тогаш нема што да се дискутира. Да бидам искрена, се сконцентриравме на оние кои што позади себе имаат минат труд, за некој позитивен, за некој негативен.

Не е коректно, да го кажам моето соочуство спрема сите оние кои биле политичари во изминативе 10 или 15 години.

Пишувале колумни, излегувале со изјави, со ставови и сега ги ловиме. Секој збор кој што јавно е кажан обврзува. Јас се потсетував на едни стари изјави на господинот Милошоски кој што сега е кандидат за министер за надворешни работи, кога во најтешките моменти, на тоа ги препишувам и таквите тешки зборови, излезе со теза дека НАТО е пријател на нашите најголеми непријатели. Излезе со тезата дека уредникот на најтиражниот тогаш весник е македонски геролс.

Јас не можам толку да му замерам бидејќи можеби сум била во слични ситуации, треба да говорите во име, тој во име на владата на Георгиевски или во име на партијата и слично. Мислам дека му е хендикеп на господинот Маневски фактот што беше претседател на Антикорупциската комисија. Нема да одам поназад. Му е хендикеп, ако ништо друго заради две причини. Прво, заради тоа што до последен момент август 2006 година на директно прашање од страна на новинарите дека се шпекулира дека ќе биде министер во владата на Груевски, тој кажа дека тоа се најобични шпекулации, дека му било понудено место и нема амбиции да биде министер. Јас мислам дека тогаш во тој момент Маневски направи крупна грешка, затоа што нема потреба да се крие. Кога ќе решите веќе да влегувате во политика нема потреба да се срамите од сето тоа. Меѓутоа, сето тоа мислам дека му е хендикеп и сега ќе му стане хендикеп тезата која што ја кажа пред неколку месеци дека ако некој сериозно сака да се занимава со борба против организираниот криминал и корупцијата, доволно е да ги погледне извештаите од Државниот завод за ревизија. Тука се согласувам, проблемот е секогаш што постои квака, дали е 22, дали е 2001, дали е 2000, сеедно. Сега и како министер за правда и како министер во владата на Груевски ќе може да испитува криминал и корупција и за државни ревизии од 2003,2004 и 2005, но ќе мора да даде одговор зошто ги заборавил извештаите од 2001 и 2002 на пример во министерството за финансии. Тезата дека невладиниот свет треба да го оставиме под стаклено ѕвоно и тој никогаш да нема врска со политиката за мене, за мала држава како Македонија е нелогично. Има луѓе кои извесно време учеле во невладиниот сектор, па влегле поспремни во политика, има луѓе кои го направиле спротивното. Сите ние имаме право да ја менуваме, да ја движиме својата кариера онака како што мислиме дека е најпаметно. Меѓутоа, кога имате позиција како претседател на Државна комисија за борба против корупција, која што во последниве шест месеци даде свој став за сериозни политички прашања и кога по правило речиси имаше тврд и негативен став кон политиките на владата и кон наводите дека владата не постапила правилно, а имаше прилично флексибилен, прилично неодреден став кон можна злоупотреба или можна корупција во опозициските редови и кога тој потоа ќе стане министер за правда, граѓаните не се наивни, а и ние политичарите, велам имаме искуство, можеме да зборуваме и да се обвинуваме, вие ќе се браните, но граѓаните генерално ќе кажа, сега се ми е јасно, картите се отворија. Тоа е лошо за Маневски, лошо за Груевски, според мене тука е проблемот, тоа е лошо и за Државната комисија за борба против корупцијата. Зошто, легитимитетот на таа институција, мислам дека на овој начин го рушиме. Сега веќе назад кога ќе се враќаме на изјавите и на записниците сите ќе бидат повнимателни и ќе речат зошто за иницијатива од власта, Маневски ќе каже нема простор за сомнеж, а за иницијатива од опозицијата тогашна, ќе каже има место за сомнеж, бидејќи и двете се доволно нејасни. Тука мислам дека лежат проблемите, што не е коректно и не е фер, кој со одредено политичко или поинакво искуство влегуваат во владата. Мислам дека тука грешиме, затоа што можете да го критикувате само оној кој нешто пишувал, нешто кажувал и нешто работел. Оние кои имаат скромна биографија на прв поглед ми изгледаат идеални, можеби ќе им прочитате образование, ќе им прочитате тоа што сакале да го напишат во биографијата и ќе изгледаат прилично бенингно или позитивно. Јас би сакала да го кажам следното. Карактерот се сложувам на човекот е она што е најважно. Една деловна поговорка, еден деловен совет вели дека со добар човек можете да направите лош бизнис, ама со лош човек никогаш нема да направите добар бизнис. Мислам дека истото важи и во политиката. И ако јас некаде имам сомнеж, помалку имам сомнежи за погрешните политички проценки на некои од кандидатите, сите сме имале лоша реченица, сите сме имале лоша теза и сите сме имале политички грешки, ако сме биле во политиката. Повеќе имам дилеми околу некои карактери, околу некои минати грешки во нашиов случај. Морам да кажам дека имам сомнежи за кандидати кои сакаат благо да ја шминкаат својата биографија, без разлика дали нешто додаваат или нешто сакаат да скријат. Мислам дека немаме право да си ја ретушираме дури ни сопствената историја. Имам резерви за оние кои семинар на факултет ќе го пишат како доказ за некоја незнам каква експертиза. Тоа зборува за несигурност, а несигурни политичари, се лоши политичари. Проблематични ми се кандидати за министри кои првото работно искуство го имале на некоја раководна функција, биле директори и по една

година директорување, одеднаш се прогласуваат себеси за месии. Невкусно е во политиката да патите од таков синдром на големина. На времето сум се смеела, потоа сум се чудела и на крај сум се плашела од оние политичари кои за себе зборуваат во трето лице еднина или кои самите си зборат на вие. Тоа има секогаш репрекусии на крајот. Меѓутоа, велам, со сите овие резерви прифаќам дека овие кандидати се избор на новиот мандатар. Тој има дава целосна доверба и така треба и да биде. Однапред немојте да мислите дека можеме да гарантираме дека тие биле избрани не по политичка припадност, туку по компетентност. Компетентноста на дело се покажува. Можеме да веруваме дека се компетентни, бидејќи еден голем дел немале шанса на дело да ја покажат својата голема компетентност. Меѓутоа, убедена сум дека Груевски е свесен дека со ваквите решенија за кои вели јас го избрав мојот тим. Со тоа Груевски го зголеми својот влог и својата одговорност. Груевски мора да знае дека со ваквите, според некои, целосно персонални решенија биле дел од неговиот тим, со нив соработува и имал доверба, тој целосно ја презема одговорноста за нивната работа и резултати. Велам, убедена сум дека самиот е свесен за тоа, а можеби ќе се покаже дека е тоа најдобро решение. Меѓутоа, нема веќе шанси да се каже, знаете како тоа е нивна грешка. Наша грешка е меѓу другото што сме ги избрале и сме им дале толкава одговорност. Досега зборував и спомнав неколку пати дека некои политичари ги менуваат своите изјави и кажав дека не мислам дека е тоа многу страшно, многу работи се промениле во ВМРО ДПМНЕ, од голем дел јас лично мислам дека се напредок, меѓутоа за жал некои работи остануваат исти. Јас сакам денес бидејќи владата стартува понатаму, ретко ќе го гледаме овој состав во Собранието, да кажам дека некој од овие исти синдроми од кои боледува ВМРО ДПМНЕ, особено во оваа коалиција, мислам дека ќе им се удрат од глава ако ги манифестираат во следните години. Леснотијата со која што фрлаат дрвја и камења по секој оној што мисли различно, леснотијата со која што се фрлаат навреди, јас не мислам дека е навреда ако цитирам нечија изјава што самиот ја дал. Не мислам дека е навреда ако мислам дека некој не е добар политичар, пратеник или министер. Но, мислам дека денес и вчера се кажаа многу навреди на кои не им е место овде. Агресивноста која што ја видовме од страна на некои пратеници и кон своите колеги и кон опозицијата, фактот дека често за сериозни теми за кои зборуваа пратеници, слушавме смеење во аудиториумот, сето тоа верувајте ми, голем дел од вас не биле тогаш пратеници, многу страшно мириса на 1998 година. А, кога чув дека политичкиот систем на Македонија денес почнува да функционира, тогаш сватив дека некои луѓе никако да избегаат од тој филм. Историјата не почнува од нас и од вас, ниту пак ќе заврши. Ако политичкиот систем почнал да функционира денес со оваа влада ние сме во сериозен проблем, оти сме успеале да ги залажеме кои мислеле поинаку. И тие ќе тропнат на вратата на неколку министри кутри кои ќе треба да образлагаат дека тоа не е баш така и ќе им речат, извинете Македонија е незрела држава, штотуку почнува да го гради својот политички систем. Изјавите дека опозицијата настапува со смешни тези и со демагошки настап, мириса на 1998 година. Многумина во ВМРО ДПМНЕ велат дека партијата е променета. Новата терминологија е дека ова е влада на технократи, ептен мала дигресија во некоја од речениците технократијата се објаснува со елитиза и според некои во својата најчеста форма таа е варијација на темата олигархија. Значи, да не ни се случи бегајќи како што стои во една од верзиите на програмата од едни монополи да создаваме други, ама да ги чуствуваме како наши. Исто така, терминот технократија, кој мислам дека постои обид во нашата јавност само позитивно да се толкува, дај боже да зборуваме за бројки, да зборуваме за конкретни работи, но ако за една од владите се зборело дека се технократски, тоа е Чилеанската влада во времето на Пиноче. Јас знам дека спикерот Георгиевски излезе со една теза дека треба да се угледаме на Пиноче, мислам дека во многу големо изразено малцинство е во својата партија. Меѓутоа ова како куроизитет. Јас чув дека некои пратеници мислат дека политиката е техника дека и нашето зачленување во ЕУ можеме да го сведеме на технички 100 чекори, на редење на слагалка, за жал не е. Политиката не е техника, ЕУ не е техника, НАТО не е техника и многу, многу од овие теми ќе зависат од тоа каде ќе тргнеме овие 100 дена и понатаму.

Бидејќи партиите кои доаѓаат на власт велат дека се промениле, а сепак покажуваат многу од истото однесување. Јас се надевам само дека промената е поголема од тоа што останало исто. Се плашам од една реченица која вели: ВМРО ДПМНЕ го промени својот имиџ. Ако парафразираме една реклама, би било вистината е ништо имиџот е се. Имиџот е многу ама не е се. Ако не видиме во следниот период, се надевам дека ќе видиме најискрено, заморени сме од овие теми сите сме заморени. Претпоставувам овие пратеници кои прв пат се во Македонското Собрание можеби чувствуваат првокација да дискутираат на ваков начин. Сите сме заморени од верглање на истите теми и истите обвинувања. Меѓутоа тоа ќе зависи од владата која стартуваше со многу најави со многу ветувања, а која во првиве денови покажува преголема индолентност спрема комплетните теми во Македонија. Ние како опозиција, јас како член на опозицијата како дел на опозицијата се надеваме дека некои од овие иницијални лоши чувства се неточни. Доколку не демантирате ја имате нашата подршка. Меѓутоа почетокот или патот до врвот што го ветивте во 100 чекори секогаш лежи во првиот чекор. Ако првиот чекор на мандатарот Груевски биде ги гледам проблемите само кои што сакам да ги гледам, не ги решавам ниту ги третирам оние кои мислам дека се големи и

неважни, за жал тој прв чекор ќе го правиме 100 пати. И за жал, ќе се покаже дека и младоста и искуството не било доволно ако политичкиот правец бил погрешен. Во лично име да ви посакам успешна работа. Би сакала да ви порачам дека јас лично, голем дел од опозицијата ќе има повеќе слух за она што ќе го имаме сите заедно како обврски. Нема да се однесуваме како опозиција која ништо друго не ја интересира освен да биде против владата. Нема да се однесуваме како опозиција која ќе го плаши народот и ќе тера било да е тоа национален, економски или социјален популизам.

Со честитките можеби ќе најдете малку време за слух за толкаво колкаво го имаме искуство и за проблемите во Република Македонија и за предизвиците кои стојат пред неа. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Дали госпоѓа Лалчевска се јавува за реплика или бара збор?

Реплика, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам, господине председавач,

Би сакала да подебатирам со госпоѓицата Шеќеринска за некои факти. Таа кажа дека историјата не почнува ниту од нас ниту од нив и тоа е факт со кој јас се согласувам и се она што било вчера е дел од историјата. Меѓутоа се сети госпоѓицата на многу дадени изјави, на многу пишани колумни, а мене ме чуди фактот како не се сеќава на некои факти кои се многу значајни, многу крупни, во нашиот пат кон евроинтегрирањето омилена тема на, и оправдано на госпоѓицата Шеќеринска бидејќи се уште е актуелен потпретседател на Владата задолжен за евроинтеграции. Секогаш и била таа тема омилена, меѓутоа никогаш пленумот не успеа во изминатиот мандат да го извести за чекорите што таа ги превземаше за интегрирање.

Со многу голема леснотија си препишувате успех дека во онаа влада во која учествувате вие таква или ваква, ја доведе Македонија пред вратите на Европа односно добивме кандидатски статус. Меѓутоа, притоа случајно или намерно заборавате еден многу значаен факт, а тоа е фактот што во 2001 година во април беше потпишана спогодба за асоцијација и стабилизација, што е прв и крупен чекор за нашиот пат кон ЕУ.

Зошто селективно ги паметите работите и сакате да си ги препишете успесите исклучиво на вас. Тука се заслужни и некои други министри кои биле задолжени за овој сегмент и некој други влади, госпоѓице Шеќеринска. Тоа е едната работа.

Другата работа, ми се допадна вашата изјава дека некои политичари ги менуваат изјавите. Па, ги менуваат изјавите, меѓутоа некои политичари ги менуваат тезите. Вие цело време не убедувавте и тврдевте дека се важни реформите, а датумот за преговори ќе дојде кога ќе ги завршиме реформите, а сега направивте обид да не убедите дека е екстремно важно кога ќе го добиеме датумот за преговори.

Зошто ја променивте тезата. Дали инаку размислувате сега кога сте веќе пратеник во опозиција, а поинаку размислувавте кога бевте задолжени да го водите ресорот за евроинтеграција. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Госпоѓица Шеќеринска ќе одговори на вашите прашања.

**Радмила Шеќеринска:** Пратеникот Лалчевска можеби имала други обврски во Собранието па не успеала да следи се она што е актуелно во делот на европското интегрирање.

Прво, во ниеден момент ниту еден од министрирте на оваа претходна влада не кажал дека одговорноста и наградата и успехот лежи исклучиво во овие 4 години. Секоја фаза се одработува. Требало некој претходно да одработи спогодба, ама после требало некој екстра да одработи кандидатски статус. И, заради тоа да побара од следната влада да одработи почеток и успешно водење на преговорите. Тоа е прво.

Второ, внимателно ги пишува моите тези, особено на овие прашања. И, заради тоа ќе ви кажам дека мојата теза секогаш била не е најбитно кога Македонија ќе станае земја членка, но е многу битно кога ќе стане кандидат и е многу битно кога ќе ги почне преговорите. Не за друго, туку заради тоа што преговорите се шанса да се доведе државата во многу подобар ред. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Дали господинот Ѓорчев Владимир бара реплика.

Повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Од дискутантот Шекеринска беа спомнати повеќе работи во врска со приближувањето на нашата татковина во времето на оваа Влада кон Европската унија. Еден факт доволно го демантира тоа, а тоа е дека ние реално конкретно и секојдневно со оваа Влада која што ја имавме до сега се одалечувавме од Европската унија преку најнискиот стандард, понатаму преку најмалите странски инвестиции, најголемата невработеност според најмалиот економски раст од цела Југоисточна Европа. Конкретно низ бројки, да беше така како што вие велите, немаше визи да ни воведе Романија, немаше визи од 1 јануари 2007 година за околу стотина дена да ни воведе визи Бугарија, визи да ни најави Турција и многу други земји, туку ќе ни ги укинуваа визите. Имавте многу посети на Брисел, но немавте резултати. Постојано бевме во дипломатска офанзива, но визите не се укинаа. Зошто? Затоа што, прво, не потпишавте договори за реадмисија; второ, не направивте посовремени гранични премини и трето, не издадовте нови пасоши. Зошто? Затоа што ве интересираа провизиите, затоа што некој требаше да ќари некакви профити и слично.

Кога зборуваме за пропуштените можности на нашата татковина, мора да се потсетиме на 1997 година кога беше усвоена Агендата 2000 на Европската унија, каде што сите земји од Централна и Источна Европа станаа земји

кандидати за Европската унија, Македонија таму ја немаше по заслуга на оној кој што сега провинцијален и меѓународно изолиран таканаречен претседател на Република Македонија, кој што едноставно ништо не направи нашата татковина да мрдне од таа позиција.

И второ, бевме на пат кон Европската унија до 11 април 2001 година, кога со Ана Лин беше потпишан Договорот за стабилизација и асоцијација.

Второ, ова не е најнеуспешната Влада во последните 50 години, туку во последните 60 години, затоа што меѓу другото и пензионерите не гласаа за вас. Затоа имате пад од 500 илјади на 200 илјади гласови.

Трето, во Владата на Никола Кљусев, онаа експертска од 1990 година, имаше тројца албанци: Бекир Жута, Илјаз Сабриу од ПДП и Алајдин Тоска. Некој тогаш во Македонија ги заговараше концептите на Благоја Аџиќ, на Вељко Кадијевиќ , на Милан Панчевски, на Михаил Даневски и на многу други луѓе, кои видовме како резултираа во владеењето на Милошевиќ. И на крајот , со своите реченици кои ги кажавте давате алиби за неодговорни чекори, воинствена реторика која на никој во Македонија не му одговара, затоа што на Македонија и е потребна стабилност, токму поради приближувањето кон Европа и економскиот раст.

На крајот, за лидер на опозицијата треба навистина многу повеќе и како човек кој што претендирате да биде лидер на опозицијата, дефинитивно немате капацитет да испорачате победа (опомена н апретседавачот Стојан Андов со зборовите: "Добро, времето помина"), на оние што сега стануваат опозиција.

**Стојан Андов:** Госпоѓица Шекеринска ќе одговори на репликата, но прво има процедурална интервенција од премиерот Бучковски.

**Владо Бучковски:** Дали затоа што сте уморен, дали затоа што ви годи, претходно ја прекинавте госпоѓицата Шекеринска пред да истече времето. Тогаш реагиравте на сигналот кој ви ѕвони на 15 секунди. Сега пратеникот Ѓорчев дозволувате од говорницата да говори не за тоа што говореше Шекеринска. Ова мислам дека по трет пат се случува и не е случајно. Не е случајно господине Андов. Доволно сте искусен да толерирате само тоа што ви одговара. Мислам дека имате време да се сконцентрирате. Дајте да направиме пауза, сега е поодморен господинот Љубиша Георгиевски, завршина сите протоколарни обврски, а ќе фали тој глас, да направиме пауза, па ќе продолжиме.

**Стојан Андов:** Многу ми е жал што почнувате и секундите да ги мерите. Пред мене се точно секундите...

**Владо Бучковски:** Не е за секундите, туку за односот на пратеникот Ѓорчев.

**Стојан Андов:** Во поглед на односот на пратеникот Ѓорчев, го опоменав и него како и госпоѓица Шекеринска.

**Владо Бучковски:** Затоа што ако е загрижен за опозицијата, тешко таа власт.

**Стојан Андов:** Премиере, последна вечер ви е овој пат да бидете премиер и добро е да се сочувате од вакви интервенции, не ви требаат такви.

**Владо Бучковски:** Тешко на таа власт што ќе ја прави Владко Ѓорчев.

**Стојан Андов:** Оставете го Влатко Ѓорчев, Ѓорчев си е пратеник.

**Владо Бучковски:** Не, не, затоа ќе го прекинете.

**Стојан Андов:** Добро.

Повелете госпоѓице Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Со некои луѓе губите кога воопќто ќе влезете во дебата и очигледно Ѓорчев се профилира како таков, но тоа ќе биде негов хендикеп, а не мој.

Можат да болат многу работи. Може да боли фактот дека ВМРО-ДПМНЕ 4 години тврдеше дека секоја наша најава е неточна. Кога најавивме апликација велеа дека нема шанси, ние ја испорачавме. Кога ветивме, дадовме апликација. Кога најавивме дека Република Македонија може да стане земја кандидат, тоа го испорачавме и ако има минимум објективност, ќе биде свесен дека овој резултат не можат да го избришат запалени говори дури ни во македонското Собрание. Ако тој сака да дебатира со Европската комисија и нејзиното мислење, нека му, можеме да му обезбедиме и контакти, меѓутоа, проблем е кога ВМРП-ДПМНЕ ќе вети избори, ќе вети преговори, со датум кој ќе биде одреден до крајот на годината, а тоа нема да го направи. Тој проблем господине Ѓорчев, господине Груевски треба сами да го решавата.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Господине Трајанов, дали вашето јавување е за реплика? Повелете.

**Павле Трајанов:** Околу дискусијата на госпоѓица Шекеринска имам многу забелешки, меѓутоа, во интерес на времето ќе се осврнам на делот околу проектот за декриминализација. Тоа е сложен проект, доста опсежен и пратеничката наскоро ќе има можности да се информира. Околу тоа дали е потребна агенција за борба против организираниот криминал и корупцијата, мислам треба да биде информирана дека такви агенции веќе се формирани во повеќе земји во Европската унија и дека постигнуваат резултати. Еве само едно прашање: како е можно до толку да биде во дефанзива и МВР, Финансиската полиција, Дирекцијата за спречување на перење на пари, граѓаните сами или прекус редствата за јавно информриање да откриваат мега скандали, корупциски скандали. Тоа значи дека сите овие институции се под директно политичко влијание на партиите што беа на власт, дека многу тешко можат да се вклучат во откривањето на криминалот кој што е правен во изминатите 15 години. Оваа Агенција нема да има многу надлежности, а уште помалку има интенција да

супституира работата на Државната комисија за борба против корупцијата. Три работи ќе посочам. Ќе има задача да го детектира скриениот имот на носителите на јавни функции на олигарсите и криминалното бизнис лоби во државата од 1990 година н аваму. Понатаму, да иницира постапка за конфискација на имотот, оној имот кој што не е резултат на легалните примања и трета работа, тоа некој го спомна, предлага лустрација на сите оние носители на јавни функции кои од 1990 година наваму учествуваа во грабежот на Република Македонија.

Инаку, околу критериумите за влез во Европската унија не се доволно само политичките критериуми. Неопходен е економски развој - тоа ќе биде главниот критериум дали Република Македонија ќе добие датум за разговори и кога ќе започнат разговорите, се разбира меѓу другите критериуми. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Повелете госпоѓице Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Да не импровизираме. Се знае кои обврски Република Македонија треба да ги исполни за да почне преговири. Тоа не се исти услови кои треба да ги задоволи за да стане сега членка. Тука економските критериуми се важни, меѓутоа, петте клучни приоритети се многу повеќе во политичката сфера и од тие пет приоритети кои треба да се завршат, го завршуваме нашиот мандат со триипол целосно заврќени. На оваа Влада навистина и оставивме шанса, во текот на месец септември да ги изработи и последните еденипол приоритети, кои реално можат Република Македонија да ја доведат до преговори ако сакаме преговори и ако знаеме како да го направиме тоа.

Што се однесува до проектот за декриминализација, целосна подршка, се надевам дека ќе почне проблемот многу позасилено да се решава. Заморена сум од перцепции дека секој политичар е корумпиран и мислам дека за сите нас е најдобро ако таа перцепција ја уништиме. Меѓутоа, во ниту една држава лесното решение - ајде да формираме агенција - не го решило проблемот.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Сега има збор господинот Влатко Чингоски.

**Влатко Чингоски:** Почитуван претседавач, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата во заминување, почитуван мандатар и кандидати за идни министри во новата Влада на Република Македонија, претставници на медиумите во Република Македонија, останати госи,

Со оглед дека ова е мое прво обраќање од оваа говорница, најнапред дозволете ми на сите пратеници да им го честитам мандатот, односно изборот во ова Собрание и да им посакам плодна и успешна работа во периодот што доаѓа.

Би сакал во оваа прилика да го искажам делот од моето мислење по повод овој свечен момент кога во Република Македонија се избира нова Влада, кога се избира Влада која треба да ја води нашата земја во следните 4 години. Денес се избира Влада од која се очекува да ја подобри економијата на државата, стандардот на граѓаните и конечно да ги издејствува и реализира долгоочекуваниот прием во НАТО алијансата, како и добивањето на датум за отпочнување на преговори и отпочнување на истите со Европската унија.

Денес во Република Македонија и мора да биде свечен чин, затоа што пред нас пратениците на ова Собрание мандатарот господинот Никола Груевски ги претстави програмата и тимот на идната Влада. Тоа е тимот кој треба да ја реализира најсериозната и најамбициозната владина програм а, која оваа држава ја имала од своето осамостојување пред скоро 16 години.

Почитувани пратеници, овој тим на чело со премиерот господинот Никола Груевски пред себе има многу сериозна задача, да ги оствари желбите и очекувањата на најголемиот број граѓни во Република Македонија. Пред се, во делот на економијата, подобрување на животниот стандар, намалувањето на сиромаштијата и невработеноста, преку отворање на нови работни места. И она што е уште поважно, сериозно да се зафати со намалувањето на високиот степен на корупција и криминалот, кој за жал од ден на ден се заканува да го уништи општествено-политичкото и социјално економското живеење во Република Македонија. Оваа Влада конечно треба да направи значителен исчекор кон етаблирање на Република Македонија во функционална држава во која владее правото на сопственост, владее правна еднаквост на сите граѓани подеднакво и постои функционално пазарно стопанство, во кое секој има право и обврска да ги остварува своите економски интереси рамноправно, без разлика на пол, националност и верска определеност. Не бараме ништо повеќе од оваа Влада, но нема да прифатиме ни ништо помалку, затоа што времињата кога можевме да правимекомпромиси меѓу луѓето, временските рокови и резултатите се зад нас.

Она што навистина ме импресионир аи ми влева надеж е пристапот при изборот на кандидатите за министри во новата Влада, кој го примени мандатарот, за прв пат во Република Македонија мандатарот Груевски примени неколку принципи кои се неконвенционални барем за Република Македонија, за што треба да му се оддаде должно признание. Тука пред се би сакал да ги истакнам следните принципи.

Прво, вклучување нови лица кои зад себе немаат никакви негативни хипотеки и кои слободно можат да се искажат со својот квалитет, креативност и посветеност на работата која им е доверена.

Второ, формирање на тим кој во себе рпави успешен спој на младост, ентузијазам и искуство и мудрост, што може да биде решавачки фактор во справувањето со голем број напластени проблеми

кои овој тим треба и уверен сум дека успешно ќе ги разреши на задоволство на сопственио тнарод.

Трето, создавање на тим во кој покрај учество на коалиционите партнери мандатарот во ниту едне момент не се поколебал да вклучи и други непартиски кадри, за кои според неговото мислење, а и според мислењето на останатата независна стручна и професионална јавност во Република Македонија, овие луѓе можат да вградат дел од своето знаење, искуство и идеи за напредок на сопствената држава. Можеби заради тоа многу пати низ медиумите, а еве и денс во дебатите дел од опозиционите пратеници се почесто се нарекуваат предложената Влада за технократска, а не за политичка Влада. Но согледувајки ја сегашната ситуација во која се наоѓа нашата држава, веројатно денес токму таква Влада, технократска Влада, и е потребна на Република Македонија. Влада која е ослободена од политичките пранги ќе биде посветена на доброто на сите граѓни во Република Македонија. Политичките влади видовме што и донесоа на Република Македонија во изминатите години. Во таа насока, уште еднаш сакам да го искажам задовослтвото што мандатарот и во овој случај ги одржа своите предизборни ветувања, дадени пред граѓаните на Република Македонија дека новата Влада на Република Македонија нема да се грижи да им биде добро на група луѓе, ниту на луѓе од одредена политичка припадност, туку ќе се грижи да им биде подобро на сите граѓани во Република Македонија.

Четврто, мандатарот за прв пат во сите овие изминати 16 години имаше храброст и пред се доблест јавно да ги повика сите квалитетни кадри од дијаспората да дојдат и да и помогнат на Република Македонија во овие исклучително значајни години кога конечно зборот транзиција ќе треба да оди во македонската историја. И не само што повика, мандатарот и ги вклучува во оваа Влада неколку квалитетни докажани стручњаци од различни области како дел од својот тим, со што уште еднаш покажа и докажа дека бескомпромисно ќе остане на свопите предизборни заложби во следните 4 години Република Македонија да стане достојно место за живеење и враќање на сите оние кои одамна тоа го постакуваа.

Почитувани пратеници, она што денес можам слободно да го кажам е дека овој тим, оваа Влада во мене влева и надежи во следните 4 години да видиме многу работа, да видиме многу труд, многу одрекување и многу потешкотии, но се со една цел - напредок на Република Македонија на секое поле на живеење. Ќе има многу тешкотии не само за Владата туку и за граѓаните на Република Македонија, бидејки реформите што ја очекуваа оваа Влада и македонските граѓани кои намерно или ненамерно беа одолговлечувани или занемарувани со години до сега, нема да бидат ниту лесни, ниту безболни. Но друг пат за развојот на нашата држава и за нејзиното приближување и конечно зачленување во Европската унија. На тој пат, иако денес опозицијата најавува конструктивност, поучени од изминатите 16 години, многу тешко оваа Влада да види корист од нивната конструктивност. Тоа може да се забележи денес на оваа свечена седница, на која уште не седнати во своите кабинети, кандидатите за минситри за жал се бомбардирани од злонамерните дискусии на нашата конструктивна опозиција.

Она што во најмала рака може и македонскиот народ со право го очекува од оваа и ваква опозиција е барем да бидат реални, за момент да погледнат назад и да ги видат сопствените постигнувања, односно промашувања, да видат каде погрешиле и каква состојба и оставаат на новата Влада во наследство. Ако имаат доблест оние кои денес заради своите забележително лоши, би рекол најлоши резултати на сите полиња, во сите области и во целиот изминат четиригодишен период ќе бидат свесни и мирно ќе ја прифатат реалноста дека за сите свои дела се наградени од сопствениот народ да бидат опозиција во ова Собрание во наредните 4 години. Ако имаат доблест пред сопствениот народ, треба да ги наведнат своите глави, јавно да признаат дека од незнаење или неумеење, свесно или несвесно ги занемариле големите ветувања дадени на 15 септември 2002 година, ја изиграле довербата на сопствениот народ и дека барем ќе се обидат во годините што доаѓаат низ демократски методи да го анализираат својот застрашувачки пад и неуспех.

Наместо тоа денес овде пред овој највисок законодавен дом на Република Македонија слушаме драмолетки од луѓето кои само пред две недели го подучуваа ценетиот претседател на Собранието дека и покрај тоа што тој е по вокација режисер, тие нема да дозволат театар во ова Собрание. Поголем театар од овој денешниот нема. Но, за мене тоа е сосема разбирливо, затоа што колку подолго ќе трае театарот овде, толку подоцна ќе почне театарот во нивните партии и во нивната коалиција. Денеска додека се грижат за застапеноста на албанската заедница во Владата на Република Македонија, за состојбата на македонскиот трезор, за младоста и способноста на кадрите, за капацитетот на Маневски , за независноста на Коневска, тие всушност се грижат кога ќе биде новиот конгрес на СДСМ, кој ќе биде новиот лидер, дали ќе ги задржат позициите, или не.

Преку медиумите слушнавме дека дел од аргументите за денешните дискусии претставниците на опозицијата ги добиле од добронамерници од целата земја. Лично се прашувам каде беа овие добронамерници да ја подучат сегашната опозиција во минатите четири години.

Почитувани претставници на опозицијата можеби резултатите на оваа Влада нема да бидат брзи, нема да бидат дури ни спектакуларни, нема да бидат светско чудо, но сигурно е дека без разлика колку се големи, или мали, нема да бидат

засенети од афери какви што вашата Влада ни подготвуваше секој ден во изминатите четири години.

Почитувани пратеници, денес може да се зборува многу за се она што го вети, а не го реализира Владата во заминување. Но, уште повеќе може да се зборува за она што не го вети, а го реализира. Но, немаме време за зборување. Денес повеќе од се потребно е да се создаде простор и поволна клима новиот премиер заедно со својот одбран тим на министри веднаш и сега да отпочне со она за што денес сите ние ќе му ја дадеме довербата и ќе го овластиме да ги направи сите неопходни чекори за Република Македонија конечно да се одлепи од европското и светското дно и да го фати приклучокот со средно и високо развиените земји во нашето соседство и пошироко во Европа. Она што во овој момент верувам најмногу им е потребна на сите нив е доверба, доверба која јас лично верувам дека нема да биде изневерена.

Почитувани претставници на опозицијата кои сеуште скептично гледате на она што денес пред вас го претстави мандатарот за новата Влада господинот Груевски во форма на владина програма и тим за нејзина реализација, дозволете ми ова мое обраќање да го завршам со една кратка мудрост од древната источна зен филозофија. Познат јапонски учител на зен филозофија еден ден бил посетен од еден голем и значаен универзитетски професот кој сакал да учи зен кај него. Според традициите го послужил со чај. Откако ја наполнил чашата на гостинот Нанин продолжил да ја полни чашата како истата да не била веќе полна. Професорот најпрво зачудено набљудувал за потоа неможјќи да се воздржи и да викне: учителу застанете, чашата е полна, се прелива. Тогаш, Нанин му рекол: како и оваа чаша ти си полн со сопствени предрасуди и со предубедувања. Како би можел јас да те подучувам зен ако претходно не ја испразниш својата чаша. Затоа почитувани пратеници, особено вие почитувани претставници на опозицијата испразнете ја сопствената чаша, ослободете се од сопствените предубедувања и предрасуди, примете ја со верба и со чиста душа програмата и тимот што ви се нуди, бидете оптимисти и верувајте дека овие луѓе кои денес седат пред вас се спремни да направат добро за сите граѓани на Република Македонија, а со тоа и за вас самите. Дајте му доверба на овој тим и на оваа програма за да можете утре со чиста мисла и здрав ум да барате резултати кои со право се очекуваат од нив.

**Стојан Андов:** За реплика се јави Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Ми се чини дека се сосема нелогични и дека е губење на време дискусиите околу тоа дали Владата е технократска, или не. Владата во која генералниот секретар на партијатам и членови на извршен совет стануваат министри е политичка влада. Но во тоа нема ништо лошо и ништо срамно зошто политичките партии излегуваат на избори да ја освојат власта и со своите кадри да ја промовираат својата политика со која планираат да ги сработат своите проекти. Значи, таа политичка влада на оваа коалиција може да биде добра, или лоша. Каква ќе биде, ќе видиме во иднина, но затоа прво треба да ја изгласаме. Ако може да ги скратиме дискусиите и да си дадеме шанси да видиме што ќе се случува од понеделник натаму.

**Стојан Андов:** Има збор господинот Мајран Додовски.

**Марјан Додовски:** Благодарам.

Почитуван претседавач, почитувани колеги пратеници, почитуван мандатар Груевски, почитувани кандидати за министри. Основна поента на она што сакав да говорам вечерва е делот на животната средина и она што значи во светски рамки и што значи заштитата на животната средина за секоја влада, ангажман на секоја влада приоритет над приоритетите. Верувам дека и во оваа Влада во наредните четири години делот на заштитата на животната средина ќе го стави во редот на своите главни приоритети. Меѓутоа, за тоа ќе зборувам малку подоцна.

На почетокот би сакал да истакнам неколку работи. Значи, денес и во текот на вчерашниот ден имавме една ретка можност да се увериме дека СДСМ најдобро функционира во опозиција. Она што СДСМ го манифестираше во текот на денешниот ден и во текот на вчерашниот ден јасно кажува дека она што денес и вчера го кажаа е многу, многу повеќе отколку она што го сработија од 15 септември 2002 година до 5 јули 2006 година. Жално е што само слушаме демагогија и повторно демагогија, меѓутоа она што се разултати на Владата од 2002 година до 2006 година едноставно никој од нас не може да се сети, или да види некој проект, некоја активност по која ќе биде забележана активноста на оваа Влада. Ако говориме за добивањето на кандидатскиот статус, јас би сакал да потенцирам, можеби ќе се повторам во делот на потпишаната Спогодба за стабилизација и асоцијација 2001 година и би сакал да истакнам дека навистина беше исклучително тешко да се дојде до моментот на потпишување на таа спогодба за стабилизација и асоцијација. Затоа што со доаѓање на власт 1998 година на ВМРО јасно беше констатирано дека Република Македонија едноставно заборави на Европската унија. Некој требаше комплетно да се подготви овој пат да го истрасира и сето тоа да резултира со потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Сето она што се случуваше до добивањето на кандидатскиот статус верувајте не беа преговори, туку беше само едно техничко одговарање на Прашалник. Тоа му доаѓа исто како кога одите на одреден испит за возачки тест и кога ќе ви го дадат тестот и вие пополнувате: да, не, точно, или неточно, или во таа насока. Не потценувајќи го воопшто ангажманот на последната Влада која на некој начин ја продолжи активноста на она што имаше претходната Влада

во делот на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, би сакал да истакнам сепак основен и базичен документ беше Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Значи СДСМ јасно покажа за овие два дена многу успешно се трансформираше во цврста опозиција. Мислам дека тука најдобро се снаоѓаат и мислам дека многу, многу има што да ни покажат и во наредните четири, па верувам и во наредните четири и тн.

Она што би сакал да истакнам е предложениот состав на министри од страна на мандатарот, верувам дека тоа е негов избор во договор со коалиционите партнери. Јас воопшто не би коментирал ниту еден од предложените кандидати. Верувам дека со својата работа ќе ни остават доволно простор да можеме да ги коментираме нивните активности и нивната работа позитивна, или негативна. Меѓутоа, од тука би сакал да му порачам нешто на мандатарот. Да не биде доведен во позиција да биде и премиер, да биде и министер, затоа што во изминатиот период имавме шанси премиерот да го гледаме и како министер за земјоделие како преговара во име на министерот за земјоделие за откуп на земјоделски производи, да се посетуваат поплавени подрачја и тн., а едноставно министрите да не можеме да ги видиме ниту на седница на Парламент, туку да ги читаме во годишните извештаи што беа подготвувани од страна на министерствата. Тоа е во делот на она што ни е понудено како владин состав, нешто што верувајте многу, многу повеќе од овие теми кои денес ги дискутираме, а ги интересираат македонските граѓани и секое македонско семејство, тоа е секојдневното живеење. Кога ќе излеземе од овие простории овде главниот збор кој го слушаме во секое ќоше, на секоја улица е сиромаштија, сиромаштија и повторно сиромаштија.

Да потсетам на неколку работи. Република Македопнија во изминативе четири години стана рекордер во делот на невработеноста. Бевме сведоци на масовни отпуштања уште во 2003 година посебно истакнато преку првите отпуштања од Електростопанство на Македонија, од Фондот за здравство и од сите институции на државата. Многу, многу од нив станаа невработени. Понатаму, на сето тоа ако се приклучат стечајните работници, сите оние кои беа прогласени за технолошки вишок. Значи ние имаме една ситуација која е доста драматична и која говори за социјалниот и економскиот колапс на Република Македонија. Верувам дека оваа Влада ќе има ретка можност во рамките на фуинкционирањето на коалиционите партнери да реши и еден голем социјален и економски проблем во еден дел од Република Македонија. Знаеме дека во еден град во Источна Македонија сеуште вработените, или оние кои се вработени и оние кои можат да дојдат до некакви примања, ги добиваат во бонови. Верувајте, 2006 година не можеме да говориме за примање на плата во вид на бонови. Верувам дека коалициониот партнер конечно после долги години функционирање ќе смогне сила и денарот да биде воведен во функција и на некој начин да биде ставен во промет и во тој дел од Република Македонија, а не тоа гратче во нашата држава да функционира на добивање на бонови. Она што му останува на идниот премиер, тоа се и неколку започнати активности од еден претходен премиер. Говорам за господинот Хари Костов. Сите го паметиме како со неговата ташничка се шеташе од една до друга институција и каде што говореше за организираниот криминал и сето она што беше дефинирано како негативност во функционирањето токму на претходната и на неговата Влада, верувајте остана само едно бледо сеќавање и едноставно нерешени случаи. Верувам дека во наредниот период токму оваа Влада ќе мора да се позанимава и со тие случаи.

Сега нешто пове3ќе и во делот на заштитата на животната средина. Ова е областл која можеби во Република Македонија секогаш била маргинализирана, или ставана меѓу последните интереси и на владите и на државата. Меѓутоа, во исминатиот период и во периодот од 1998 година до 2002 година се покажа дека токму преку оваа област Република Македонија може да се легитимира не семо пред македонската јавност, туку токму и пред меѓународната јавност.

Проектот за спас на Дојранското Езеро е еден огромен и мега проект кој ја легитимираше Република Македонија меѓу ретките држави кои можат да постигнат буквално вакви сензационални резултати. Ашто имаме ние од 2002 година до 2006 година? Потсетување, голема еколошка хаварија во САСА. Неодговорност на Владата. Она што го имаше како исклучителна и единствена можност, тоа беше Фондот за животна средина, единствен Фонд кој беше укинат. Фондот за животна средина до 2002 година беше лидер на фондовите во Југоисточна Европа. За жал, тоа беше единствениот фонд кој беше укинат и сигте оние средства кои требаше да бидат ставени во функција за функционирање на Министерството за животна средина и просторно планирање едноставно се топеа во останатите буџетски средства. Она што треба наредната Влада да го направи во овој поглед е токму повторно воспоставување на Фондот за животна средина. Јас не би должел многу, бидејќи има дискутанти кои се пријавени. А начелно се договоривме дека вечерва треба да ги завршиме нашите дискусии. Би укажал на една работа. Министрите кои се одбрани ќе бидат под постојан мониторинг и од Парламентот и од јавноста. Мандатарот треба да биде свесен за една работа, дека сето ова што го кажав се очекува од него да биде и решено. Нерешавањето на овие проблеми значи приклучување и на претходната Влада. Значи, одговорноста е многу голема, резултатите се очекуваат, ветувањата се дадени. Во наредниот период Ќе бидеме сведоци, не верувам дека треба да дискутираме за 100 дена, за 200 дена

или за три месеци. Многу, многу брзо ќе се види способноста, или неспособноста на оваа Влада.

**Стојан Андов:** За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине Андов. Иако можам да реплицирам на повеќе делови, ќе се осврнам на три. Се договоривме и затоа на пример од 17 часот до 20,45 часот односот на дискутанти се 7 на позицијта и еден на опозицијата. Но, со оваа дискусија дефинитивно стана јасно дека можеби договорот и поддршката на Георгиевски кон Груевски постои од да речеме од 15 јуни и веројатно затоа сега кога го враќам филмот ретко ќе се сетам на настапите на господинот Георгиевски и ако можеме да ги изброиме, ќе ги изброиме четири, пет. Очигледно поддршката не постои од сега, туку влече некој корен уште пред изборите. И не знам госпоѓата Валентина Божиновска, каде ќе го смести сега господинот Груевски господинот Додовски, бидејќи и тој со поголем пиетет зборуваше за него и за избраната Влада многу повеќе од на пример господинот Чинговски кој исто доста се посвети со фалоспеви за Владата. Јас не можам поинаку да сфатам освен како навреда кон сите луѓе од државната администрација кои учествуваа во одговарањето на Прашалникот, работеа три илјади луѓе и тие вредно и трудољубиво одговараа и не е тоа возачки испит тестови, па со заокружување, туку многу од нив верувам многу од нив непартиски, многу од нив ни членови на тогашната позиција, вредно и трудољубиво одговараа на Прашалникот и со тоа придонесоа за приближување на Македонија кон Еврпската унија со добивање на статусот кандидат. Но, граѓаните ќе оценат што е демагогија и што е ;и како треба да се однесува некој премиер. Ако не му е местото на премиерот на поплавените подрачја според вас ќе го правдата кога е на јахта во Егејско Море? За жал, граѓаните тоа го ценеа во 2002 година и сега сме 2006 година земја кандидат на кои што обврските се многу поголеми на Владата што како тргнало, ќе видиме дали ќе ја избереме денеска.

**Стојан Андов:** Процедурално госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Господине претседавач, почитувани пратеници, ќе ми простите што морам и сум принудена во овој момент да го симнам моето ниво на дискусија за прв и последен пат во овој Парламент. Господинот Љубчо Георгиевски не е присутен на оваа седница. Но, предвреме се извинувам, доколку во овој Парламент постојат личности, доколку постојат такви пратеници, на кои тој им е ноќна мора и вечна фрустрација, ги молам своите емотивни изливи да ги прават во моментите кога господинот Георгиевски ќе биде присутен во Парламентот за да можње сонив да полемизира. ВМРО-Народна партија е политички субјект рамноправен и е парламентарна пратеничка група и политичка партија и има политичко право со кого сака да коалицира, или да не коалицира, да поддржува, да не поддржува, да оди сама на избори, да не оди сама на избори.

**Стојан Андов:** Госпоѓо Јаневска додека зборувавте за спомнување на отсутни тоа има процедурална сила, а другото не е веќе процедурално.

**Весна Јаневска:** Но, ве молам кога се зборува за политичката партија ВМРО-Народна партија не се пропушта момент нешто малициозно да се спомне во врска со личноста на господин Љубчо Георгиевски без да се почитуваат барем минимум факти докажани во јавноста или во другите државни институции.

Ги молам пратениците, а и вас како претседавач во иднина да не дозволувате без факти да се зборува за личностите на пратениците.

**Стојан Андов:** Господинот Додовски ќе одговори на репликата.

**Марјан Додовски:** Во делот на Спогодбата за стабилизација и асоцијација би сакал на господинот Макрадули да му укажам само на една работа. Не се работи за потценување на сите оние кои работеа на одговорот на Прашалникот, туку се работи спротивно на извртување на тезата. Неспомнувањето на целата активност која ја имаше претходната Влада во делот на подготвување на документите за потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација беше токму главната поента на која сакав да ви укажам.

Значи, говорам за базичниот документ кој Република Македонија го има потпишано со Европската Унија . Тоа е она што сакав да ви укажам на она што едноставно сакате да го заборавите и да го избришете.

Во делот на односнот на ВМРО-Народна партија и во делот на нашиот однос кон мандатарот сосема е јасна, Ќе бидат критикувани, ќе бидат поддржани за позитивните активности, меѓутоа, сосема е јасно ние бараме резултати.

**Стојан Андов:** Има збор господинот Дончев.

**Данаил Дончев:** Почитуван претседавач, почитуван мандатор на идната Влада на Република Македонија, почитувани пратеници, почитувани министри од сегашната и од Владата во заминување и новата Влада, дами и господа,

Дозволете ми прво да го искажам моето огромно задоволство што за прв пат се обраќам пред вас и македонската јавност од оваа говорница.

Уште на почетокот ќе кажам дека со моето излагање барем донекаде ќе го демантирам господинот Макрадули.

Како прво би сакал да се извинам што можеби во текот на моето излагање ќе направам некои јазични грешки, но сепак како дете израснато во дијаспората сигурно не го владеам литературниот македонски јазик како другите пратеници. Но ако литературниот јазик беше предуслов за успех на земјата сигурно Македонија денеска ќе цветаше. Дозволете ми да го изразам моето незадоволство на луцидните обиди на некои од пратениците од

СДСМ да се исмејуваат со некои членови од новата Влада поради нивното наводно неразбирање на македонскиот јазик. Знаете Македонија има огромна дијаспора која претставува огромен потенцијал, кадровски и финансиски капацитети.Камо среќа нашата дијаспора да почне масовно да се враќа во Македонија наместо како досега неколку мина меѓу кои со гордост можам да кажам дека сум јас.

Како и да е целта ми е денеска да се задржам на експозето на мандаторот Никола Груевски се со цел конструктивно да забележам некои нелогичности или недостатоци се со цел уште еднаш да биде конструктивно прифатено и да се земе во предвид при деталната обработка на економската програма.

Сите ние како пратеници можеме да зборуваме дека економијата е проблем број еден во државата, дека е проблем сиромаштијата, дека треба тоа да се направи, она да се направи, но сепак во крајна линија економијата е математичка, алгебарска равенка каде бруто домашното производство секогаш е рамно на потрошувачката, на инвестициите, буџетот, извозот минус увозот. Одтука ако веќе предлагаме одредени мерки на десната страна од равенката мораме да бидеме свесни дека било кое намалување или зголемување секогаш ќе има економски последици. Затоа би сакал да спомнам неколку моменти од Експозето на мандаторот се со цел да се има во предвид при деталната изработка на новата Влада , бидејќи граѓаните тоа го очекуваат од новата Влада и од нас како пратеници да бидеме конструктивни при решавање на економските проблеми во нашата држава.

Можеби некои од овие точки ќе ги објасни понатаму, но во Експозето некои од нив не се наведени или не се доволно објаснети.

Прво, во Експозето се зборува за зголемување на конкурентноста на македонските претпријатија преку микроекономски реформи итн. Апсолутно се согласувам дека конкурентноста е една од најважните предуслови за збогатување на целокупното македонско богатство и напредок на економијата. Ние мора да бидеме свесни кога зборуваме за конкурентност, тоа е широк поим кој е многу сложен и тежок да се објасни точно што сакаме да постигнеме со тоа.

Ако станува збор за конкурентноста на македонските претпријатија ние неможеме да очекуваме дека сите претпријатија во Македонија ќе бидат конкурентни. Би било илузорно бидејќи конкурентноста е поим кој се однесува ви за ви останатиот дел од светот, од трговската размена со нашите партнери од надвор. Се надевам дека новата Влада ќе има во предвид дека конкурентноста може да биде стратегија која се однесува само за одредени дејности или одредени сектори и индустрии во стопанството. Модерната терминологија што се користи овде е кластери и навистина се надевам дека Владата ако веќе ја насочува конкурентноста како приоритет број еден во Македонија детално ќе обработи стратегија за конкурентноста на македонските кластери. Време е еднаш засекогаш да ги идентификуваме нашите национални шампиони. Тие дејности, тие индустрии кои ќе бидат водечки при извозот на стока , при извозот на услугите од Република Македонија.

Сметам дека само со еден ваков пристап можеме значително да го зголемиме нашиот извоз од Македонија .

Кога станува збор за воведување на т.н. рамен данок со единствена ставка од 10% прво 12% па после 10%, мене лично не ми беше јасно за кој данок станува збор. Знаете во Македонија има многу даноци и секој прилив во буџетот дали е ПИО или придонес за здравство или акциза или било каков друг прилив во буџетот е фактички данок. Кога станува збор за рамен данок навистина не ми е јасно точно што сака да се каже со ова. Целта е логична, добра, но мора да се води сметка дека било кое намалување на даноците влече свои последици од другата страна. Значи, било кое намалување на даночните стапки повлекува последици во приливите во буџетот. Јас неможев да разберам како на среден рок може да се одржува контролиран буџетски дефицит најмногу до 1% од бруто домашниот производ, а при тоа се предлага прилично драматични намалувања во даночните стапки. Сметам дека при подготовка на новата владина програма мора да се земе во предвид многу деликатната состојба во сегашниот буџет. Токму читајќи меѓу редови Владата се нафаќа сеопфатни реформски активности како дел од надминување на потенцијалната струка или е недостаток на приливи што ви се створиле буџетот нод намалувањето на даноците, барем во првата фаза. Доколку со излагањето на мандаторот дека ќе се работи на подобрување на квалитетот и ефикасноста на јавната администрација со што читајќи помеѓу редови ова би значело една реорганизација во јавниот сектор, да речам отпуштање на вработени во јавниот сектор. Тогаш, колку тешко и брутално тоа да звучи, јас лично како пратеник ја давам мојата поддршка, бидејќи знам и сум свесен и сум уверен дека еден од најглавните проблеми со кои денеска Македонија се соочува е превработеноста во државниот сектор. И досега сметам дека ниедна влада сериозно се нема зафатено со решавање на овој колку и да звучи тежок проблем, но, сепак време е и редно е некој во интерес на државата, во интерес на долгорочниот економски просперитет да се нафати со овој проблем. И доколку како дел од решавање на овие недостатоци што би настанале при намалувањето на даноците, владата предлага практично тоа да се надомести со отпуштање од вработените. Значи, колку и да звучи тешко во овој момент, сметам дека тоа е правилна политика што ќе придонесе за долгорочен економски просперитет на оваа држава. И конечно редно е еднаш засекогаш некој сериозно да се зафати со тешките проблеми што

ги имаме во јавната администрација. Целта да се изврши преструктуирање на јавните расходи во насока на постепен пораст на капиталните инвестиции до ниво од 5% навистина е за поддржување и за пофалба. Но, уште еднаш тоа би значело дека од сегашните, или од ставката од 140 милиони евра што беа определени за капитални инвестиции од Буџетот за 2005 година, тоа би значело зголемување на околу 100 милиони евра. Уште еднаш мислам дека добро ќе беше да чуеме како владата предлага, и од каде да ги најде овие 100 милиони евра за дополнителни капитални инвестиции, имајќи во предвид дека исто така, се предлага намалување на приливите во Буџетот од аспект на намалувањето на даночните стапки.

Понатаму, лично сметав дека имаше, постоеше простор во експозето да се спомене и да се понуди визија за решавање за тоа што можеби е најголемиот структурален проблем во Македонија во моментов, а тоа е трговскиот дефицит. Во 2006 година се очекува дека трговскиот дефицит ќе изнесува над милијарда и 300 милиони долари. А според проценките и анализите на ММФ во 2004 година се очекува да биде преку милијарда и 400 милиони долари. За волја на вистината дами и господа, овој проблем е проблем кој настана во времето на владеењето на СДСМ. На крајот на 2002 година трговскиот дефицит во Република Македонија изнесуваше некаде околу 700 милиони долари, а во времето на владата од 1998 до 2002 година просечно трговскиот дефицит изнесуваше некаде околу 600 милиони долари. Значи, за последните 4 години владата на СДСМ го има дуплирано, речиси дупилирано трговскиот дефицит што изнесува веќе алармантна цифра од преку милијарда и 300 милиони долари. Овој проблем ќе претставува, според мене, во наредните години можеби најголемата закана за севкупната финансиска стабилност на Република Македонија. Дали некој тоа сака да го види, дали тоа сака некој да го сфати во овој момент можеби е и релевантно. Но, сигурен сум дека доколку оваа влада сериозно не се нафати на наследениот проблем што го наследи од оваа влада на заминување, јас лично сум убеден дека наредните 4 години можеби Македонија ја очекуваат некои од најтешките финансиски искушувања во периодот од своето осамостојување.

Конечно, кога веќе станува збор за економијата, сметам дека редно е да се отвори една дебата за улогата на Народна банка на Република Македонија. Знаете, државата има да речеме три основни инструменти со кои раководи со економијата. Едната е фискалната политика. Еве, имаме одредени визии и стратегии како новата влада ќе раководи со фискалната политика. Вториот инструмент се микроекономските реформи кои владата евентуално би ги направила. И конечно станува збор за монетарната политика. Јасно е дека ќе кажеме дека монетарната политика Народна банка на Република Македонија е независна и дека монетарната политика е тотално во рацете на гувернерот и управувачките структури во Народната банка.

Но, почитувани дами и господа, почитувани граѓани, редно е еднаш од оваа говорница некој да проговори за улогата на Народна банка во Република Македонија без притоа тоа да биде сфатено дека е обид за било каков притисок пред Народна банка. Единствена цел е со ова обраќање да кажам дека според мене Народна банка, политиката на Народна банка во изминатите 7 до 10 години исклучиво беше насочена кон одржување на ниска стапка на инфлација и на стабилен курс на денарот. Но, тоа веќе го имаме 10 години. Знаете што, народот не може да јаде, или да се прехранува од ниска стапка на инфлација, или од стабилен курс на денарот. Незнам што вреди ниска стапка на инфлација, ако немаш пари да ги купуваш основните прехранбени производи. Незнам што вреди стабилен курс на денарот ако немаш денари да купуваш девизи за своите потреби. Така што за мене доколку Народна банка и новата влада не најдат една вистинска кохезија за вистинската улога на монетарната политика во наредниот период која мора да биде во кохезија со фискалната и реформската политика на владата, тогаш лично мислам дека во голем степен дел од овие мерки што се предлагаат ќе бидат излишни. Во ситуација кога истата таа Народна банка извлекува стотици милиони евра од оптек од ликвидноста од банкарскиот сектор за единствена цел, или со единствена цел да се одржува стабилноста на денарот и ниска стапка на инфлација, притоа загушувајќи го приватниот сектор, тогаш навистина е излишно да зборуваме за делење кредити за приватниот сектор, за малите претпријатија, за средните претпријатија кога функцијата на монетарната политика е токму или индиректниот ефект од монетарната политика е токму гушењето на приватниот сектор, бидејќи токму тоа е што се случува во Македонија во изминатиот период. Оттука логично е да се постави и каква политика ќе се води спрема банкарскиот сектор. Мислам дека доколку оваа влада не се нафати сериозно да донесе една, или две поголеми странски банки во Македонија, мислам дека во олем степен било кои други мерки што се предлагаат исто така ќе бидат излишни. Улогата на банкарскиот сектор, да не зборувам, колку е важен во развојот на стопанството, во развојот на економијата. Сметам дека тоа исто така претставува еден од клучните предизвици за новата влада и лично се надевам дека ќе бидат способни тоа да го изработат. Мое е како пратеник да го кажам тоа што сметам дека можеби недостасува барем во експозето. Сигурно се надевам дека барем некои од овие работи ќе се имаат во предвид при изработката на стратегијата и на владата, при изработката на деталниот економски план, бидејќи како што кажав, сите ние можеме да зборуваме дека економијата е приоритет број еден, дека намалувањето на невработеноста е најважна цел.

Но, сепак, економијата е наука во крајна линија на математика и мораме да бидеме свесни дека левата страна од равенката секогаш мора да биде рамна на десната страна од равенката и мора да донесеме тешки одлуки при донесување на важни одлуки за иднината.

На крај, дозволете да ви посакам успешно работење на новата влада, навистина во интерес на сите тие граѓани кои досега не го чувствувале тоа што долго им било ветено, дека еднаш и конечно македонската економија ќе тргне напред, бидејќи тоа македонскиот граѓанин конечно го заслужува.

**Стојан Андов:** За реплика се јави господинот Макрадули.

**Јани Макрадули:** Како што господинот Дончев ме демантираше јас да се обидам да ја демантирам госпоѓа Јаневска. Ја поздравувам и апсолутно ова личи на дискусија каде што зборуваме по точката на дневен ред Избор на влада на Република Македонија, а не да зборуваме за периодот од 2002 до 2006 година.

Она што сакам да го дообјаснам, јас се извинувам ако сум пропуштил, не верувам дека некој од пратеничката група на СДСМ посочил некого дека не знае од владата македонски јазик. Не ни знам дека има таков во кандидатите дека не го познава македонскиот јазик. Она што знам дека кажав е дека не е логично министерот за економија да не знае англиски јазик.

**Стојан Андов:** Сега треба да одиме на една кратка пауза од половина час, да видиме во што е проблемот. Фактички сега имаме уште 6 пријавени за дискусија. Од нив само господинот Бучковски за прв пат, а од сите 6, само еден е тука во салата.

Предлагам половина час пауза, за да видиме како можеме сега да го надминеме ова.

(Пауза од 21,11 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 21,40 часот)

**Стојан Андов:** Ве молам пратениците нека седнат на своите места.

Молам пратениците да влезат на своите места.

За збор се јави премиерот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседавач Андов, почитуван мандатар и иден премиер Груевски, почитувани идни министри, почитувани досегашни министри, почитувани дами и господа пратеници,

Дозволете ми на крајот од оваа дебата, што на колегите од позицијата им изгледаше предолга, а нам од опозицијата сосема нормална, во една држава што се обидува во секој изборен циклус да оди по едно скалило нагоре во воспоставувањето на поинакви демократски стандарди. Да говориме вчера три часови, денеска, според наша проценка девете часови ги поделивме. Четири ипол часови ние од опозицијата, толку вие од власта, да ги спротивставиме нашите мислења за Програмата што ја понуди мандатарот Груевски, за експозето што ни го понуди и за составот на Владата.

Не гледам ништо лошо да воспоставиме една традиција што се обидувавме во изминатите 18 месеци, јас како премиер на Владата и лидер на опозицијата и покрај бројни несогласувања за некои клучни теми, да демонстрирам нешто што ќе ја краси Република Македонија како идна членка на ЕУ и НАТО. А, тоа е за клучните, стратешките прашања да имаме сите заеднички интереси.

Морам да ви признам дека ние, веќе како бивша власт и идна опозиција, ќе бидеме многу поконструктивни од вас како опозиција. Нема никогаш да си дозволиме за крупни реформски потези како што се уставни реформи, како што се реформи во правосудството, како што се бројни реформи што значат приближување на Македонија кон НАТО и кон ЕУ да бидеме ан блок против. Туку напротив, со нашата упорност со нашата конструктивност ќе ве натераме и вас да бидете многу попродуктивни. Затоа што интересот на сите нас е Македонија да оди напред.

Такво беше и нашето мото. Тврдевме дека Македонија може поуспешно да оди со нас напред, дека нема време да се враќа повторно од почеток. Но, граѓаните на Република Македонија повеќе веруваа на вас, повеќе веруваа на нашата програма, на вашата програма. А немаа можност, за жал, за прв пат во историјата на Република Македонија опозицијата и позицијата јавно, во дебати да ги соочат програмите, да ги соочат тимовите, да не бидат повторно македонските граѓани доведени во заблуда. Или, некој како што милува да каже, да бидат измамени.

Некој вели, во изминатиот изборен циклус, наводно гласале за нас, не заради лошиот ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, туку заради нашите ветувања. Или,во 1998 година не заради лошиот СДСМ со своите коалициони партнери, туку заради милијардата. Не. Овој пат гласаа за програмата што вие ја понудивте во сто чекори.

Но, треба да бидеме свесни господине Груевски дека на овие избори граѓаните покажаа дека не ни веруваат на нас политичарите. И ние треба да бидеме загрижени, но и вие како идна власт. Дека само 55% од граѓаните на Република Македонија излегоа на избори.

Дали сме виновни сите ние што ги користиме сите вакви јавни меѓусебни соочувања да ја дискредитираме позицијата политичар, ќе треба секој да размисли. Ние се обидовме, на оваа дебата да дискутираме со аргументи. Нашите аргументи, за мое длабоко разочарување, вас ве повредија. Ве направија непотребно нервозни. Имаше обиди од неколкумина пратеници да не замолчите. Да речете - заврши приказната на 5 јули, што вие веќе ќе говорите, вам ви кажа народот. Да, народот нам ни кажа. Од оние 250 илјади кои излегоа да гласаат за нас, за наша несреќа само 217 илјади ливчиња беа исправно заокружени за кандидатите за Коалиција "За

Македонија заедно". Заради изборната измама што заедно со идниот министер за правда, со некои други надлежни институции ќе мора да расчистиме, ќе направиме уште една тула повеќе во изградбата на европска и демократска Македонија.

Кој е тој маргиналец, без поддршка на моќна партија кој може да смисли двојници? Никола Поповски во третата изборна единица, Илинка Митрева во петата изборна единица, Јани не знам како беше името, во шестата изборна единица, и на тој начин да успее да измами 8.000 гласачи да гласаат за двојниците и уште 25.000 други да ги заокружат 9 и 19 во случајот на Никола Поповски, 13 и незнам кој број во случајот на Митрева или бројот на Макрадули, кој беше, 17 или некој друг, на неговиот двојник.

Вие, од друга страна, добивте 300.000 гласови. Но, господине Груевски тоа е само 17% од гласачкото тело во Република Македонија. Парадоксот уште поголем, 1998 година, погледнете го резултатот со кој сте победиле. 2002 година, погледнете го резултатот со кој сте изгубиле и видете сега со колку гласови сте победиле. Значи, тоа не дава право за апсолутно задоволство кај неколкумина ваши пратеници кои се обидоа упорно на сите наши укажувања да ни речат - Доста ве слушавме.

Не. Ова е единственото место каде што ќе мора да не слушате. Ќе мора да не слушате затоа што сме решиле заедно со вас да го градиме проектот за европска Македонија. А европска Македонија ние почнавме да ја градиме. Почнавме да ја градиме господине Груевски и почитувани пратеници на 1 ноември 2002 година, кога Македонија не беше ваква каква што денеска ви ја предаваме. Вие да управувате со неа, да бидете поуспешни од нас, ако можете. Македонија што денеска, за разлика од 1 ноември 2002 година е држава што, според моја проценка, сега правам мала резерва, беше "малото чудо" во регионот. Најуспешната приказна во овој регион. Многумина завидуваа на начинот на кој дојдовме до мирот и стабилноста. Многумина завидуваа на вештината на сите политичари, на сите пратеници, на сите граѓани на Република Македонија од урнисана држава, на работ на граѓанска војна во 2001 година да стигнеме до најголемиот успех, статус кандидат за членство за Европската Унија во декември минатата година и до сериозна кандидатура, најсериозен аспирант за покана за членство во НАТО.

Тоа, драги пратеници, идни министри не се случи преку ноќ. Тоа не го направи најуспешната влада во последните 50-60 години, туку времето ќе покаже, веројатно една од најуспешните. Би сакал да бидете поуспешни од нас. Тоа значи дека на крајот од вашиот мандат ќе бидеме членка на НАТО, ќе значи дека веќе ќе можеме да разговараме за наша сериозна кандидатура за членство во Европската унија.

Ако една Србија денеска излегува со оптимистички прогнози дека во 2012 година ќе биде членка на ЕУ, зошто ние тоа заеднички тоа да не го направиме. Можеме тоа да го направиме. Тоа ќе биде најмногу успех на граѓаните на Република Македонија кои веруваат дека можеме.

Но, господине иден премиер, разликата помеѓу мене и вас е и во она што ние го имаме како визија за Македонија. Во вербата во Македонија. Постојано, како опозиционер говоревте за црни сценарија, за црнила, за песимизам, за дефетизам. Ние се обидовме да бидеме оптимистички, да веруваме дека Македонија има иднина. И, за жал и покрај вашата победа вие вашето експозе го почнавте со тешки квалификации што не одат во прилог на она што заеднички сакаме да го направиме Македонија да биде економски просперитетна, Македонија да биде атрактивна бизнис дестинација.

Не, оние двајца идни министри да говорат колку е Македонија атрактивна, туку она што овде ќе го изусти идниот премиер има многу поголема специфична тежина од било кој друг да го каже. Затоа, добронамерно говорејќи, почитуван господин Груевски, лошо е за Република Македојнија, лошо е за вашиот почеток да кажете дека во Македонија денес демократијата е на ниско ниво.

Па, господине Груевски ве демантиравме. Вие сакавте да ги бојкотирате овие избори. Не верувавте во проектот што заеднички го правевме, да направиме со консензус нов изборен законик да победи подбориот, да победи оној кој има поголема поддршка. Вие постојано говоревте за државен фалсификат. Веројатно се изненадивте што и вечерта уште не соопштени резултатите ви се јавив прв да ви честитам на победата. Но тоа го направив не заради вас, тоа го направив за Република Македонија и за воспоставување на една поинаква традиција. Не како во 2002 да речете, едвај да изустите - честитаме, а утредента овде да се води мала драма, голема битка да се докаже дека на фалсификат победила тогашната опозиција. Но, од 2002 до 2006 година сте научиле многу работи. Направивме најдобри избори. Но, за да бидат кристално чисти сега вие имате одговорност. Сите оние кои се обидоа повторно да ги полнат гласаките кутии, оние кои се обидоа да ги измамат повеќе од 30.000 граѓани со перфидната изборна измама, што ќе мора сега да ја регулираме во дополнувањата и новините на Изборниот законик, некој вели дека можеби ќе треба да ставиме и слики да се види кој е нашиот Никола Поповски, а кој е условно речено вашиот. За да не дојдеме во ситуација, што нам реално не би ни текнало. Дека ќе најдете некој економски техничар од Кисела Вода, ќе го однесете во третата изборна единица и ќе ги доведете во заблуда гласачите во третата изборна единица.

Тоа ќе биде дамката на вашата победа. Тоа немаше да ја загрози вашата победа, но веројатно резултатот ќе беше потесен, па немаше толку да бидат денеска разгоропадени некои кои имаат еден, три или седум пратеници. Поинаков

ќе беше распоредот. Тогаш и релативизирањето на тезата дека веќе немало левица и десница ќе прозвучеше поинаку.

Но, нејсе, ние сме тука, Коалицијата "За Македонија заедно", со 32 пратеници да демонстрираме волја, искрено со вас да соработуваме на сите проекти. Овој проект што вие, во вашето експозе и во изборната програма го дадовте ќе биде поддржан од нас. Но, почитуван Груевски, ова ми изгледа проект на Агенцијата "Инвест Македонија", а не сериозна влада.

Сериозна влада, дали е технократска, како што некој милува да каже и за кое исклучително денеска посвети време и почитуваната Шеќеринска и некој друг, јас не сакам да говорам, не може да излезе пред Парламентот без клучните политички прашања на кои мора да почива една политичка влада. Гледам, на крајот говореше и некој друг, дека на избори настапуваат полилтички партии, да добијат можност да формираат политичка влада. А, политичка влада, како што е вашата, што доаѓа во исклучително битен период за развојот на Република Македонија, не смее да биде неодговорна.

Простете господине Груевски, но сега малку ќе говорам за вашата неодговорност. Уште не дојдени на власт, после 6 јули вие успеавте, успеавте тоа што беше најголема придобивка за Република Македонија да го доведете под прашање. Но, имате голема шанса, имате голема шанса тоа да го поправите. Но, ако бидете многу похрабар, ако бидете онаков каков што вели еден левичар, спомнаа во погрешен контекст неколкуте десничари, инаку дел од нив исклучително добри мои пријатели и пријатели на Македонија, ги спомна пратеникот Ѓорчев, Блер, на нивниот конгрес, на лабуристите во 2005 година рече дека сериозен политичар, а вам сепак ви се обраќам како сериозен политичар, не на технократ, иако вие сакате да бидете технократ, мора да ја води политиката не врз основа на насловите во весниците.

Вам, господите Груевски, веројатно тоа ви попречи. Тргнавте добро. Сакавте да разговарате и со ДУИ и со ДПА. Но, почна да ви годи тоа што некој почна да ве храбри. Дека Груевски на своето конто, на својот личен рејтинг си доби уште некој поен повеќе ако ги откачи ДУИ. А, ДУИ не дојдоа во вашето седиште сами. ДУИ дојдоа на ваш позив.

Господине Груевски имате шанса да продолжите понатаму, Македонија да ја препознаваат како фактор на стабилност во регионот, ако ја надминете личната суета и ако им покажете на тие што не се овде, затоа што се овие луѓе веројатно од ваша најголема доверба, дека премиерот на Република Македонија може да се слика со Али Ахмети. Мора да се видите со него, за доброто на сите граѓани на Република Македонија. Затоа што овие приказни од ДПА, треба да научите, бевте дел од Владата на Георгиевски, и тогаш велеа - лесно е, оставете од Групчин натаму ние ќе ја тераме работата. Па, знаете до каде ја отераа работата.

Затоа, она што го видов, онаа ароганција кај дел од вашите пратеници и ова потсмевање од ДПА, за жал ме потсети на вашата победа, на ВМРО-ДПМНЕ во 1998 година. Кога мислевте дека е доволно ДПА да ви дефинира што е неговиот интерес и вие бескрајно да им верувате и да мислите дека со тоа сте ги решиле проблемите. Зачудувачки е, говориме денеска девет часови, вчера три часови, 12 часови, ниту еден член, освен неколку реплики на ДПА, да не каже збор за оваа програма. Каква е, таква е. Ова е економскиот манифест.

Дали тоа господине Груевски говори дека има некој политички манифест? Дали вие сте подготвен, после мене ќе говорите,да се дистанцирате од проектот што мислевме дека го победивме, дека Македонија нема да биде Швајцарија и дека од Македонија нема да правиме конфедерација, туку дека Македонија е си биде Македонија, една од државите на Балканот што ќе стане членка на ЕУ.

Но, ако остане унитарна, ако остане безбедна, ако остане стабилна. Жал ми е што по 5 јули Македонија, нашите пријатели, Брисел и Вашингтон не ја препознаваат како фактор на стабилност во регионот. Жал ми е, посебно сега кога за Република Македонија доаѓа клучниот период, кога имавме исклучително добра позиција, ние бевме моделот, го гледаа нашиот модел и велат дајте овој, афтентичен модел кој не функционира никаде во овој дел на Европа, да видиме дали можеме да го примениме и да го затвориме отвореното прашање, Косовското прашање.

Не може, во вашето експозе, во пресрет на косовското прашање да не се разговара на таа тема, туку да разговараме само за економскиот манифест или за проектот Македонија атрактивна бизнис дестинација. Па, за ова ние ви завршивме половина од работата. Овде што сте напишале ви ги направивме сите неопходни судски реформи, ви го направивме едношалтерскиот систем, има Закон за извршување, има извршители. Процедурата оди брзо. Остана за вас еден проект што верувам дека ќе го завршите, Катастарот, да направиме модерен катастар, да ја направиме евиденцијата така како што треба. Имаме исклучително добар партнер. Тоа е норвешкиот регистар. Централниот регистар затоа ни функционира онака како што треба, затоа што тие ни беа нашите партнери.

Но, за да сето тоа биде реалност мора, Македонија не смее повторно да биде преокупирана со меѓуетнички тензии. Вие може да се смеете кисело или да си говорите де со Маневски, де со Јанкуловска, дека еве овој сега што ги изгуби изборите повторно лупа глупости, ги плаши граѓаните на Република Македонија. Но, ова е единствена можност кога јас и сите други пратеници од опозицијата упорно ќе се обидеме

да го промениме вашиот тврд став. Не е добро за Македонија премиерот да биде оценет онака како што вие ја правите втората грешка, да велите неколку пати дека има таканаречен претседател.

Кохабитацијата е втората битна точка на која политичарот Груевски ќе го положи европскиот испит. Првиот е меѓу етничките односи. Вториот, не кога ќе се излезе од кабинетот на претседателот да се рече бев кај господинот Црвенковски, бев кај претседателот. Со претседателот ќе кохабитираме за доброто на Република Македонија.

На два сериозни тестови дел од вашите министри се прекршија, се прекршија и да се видат со Ахмети, се прекршија и да споменат дека со претседателот Црвенковски ќе соработуваат и мора да соработуваат, во одбраната во безбедноста, во надворешната политика. Имате споделени надлежноссти. Мене како на опозиционер или нас како најсилна опозициона партија може тоа краткорочно да ни конвенира, да ги јакне нашите позиции, но лошо е за Република Македонија, лошо е ако премиерот не му се обраќа на претседателот со претседател, ако премиерот не сака да го слика со лидерот на најголемата албанска политичка партија. Не е добро тоа.

(Реакција од место на пратеникот Мендух Тачи).

**Владо Бучковски:** Дозволете господине Тачи да завршам. Ги знам вашите планови. Верувам дека се модернизиравте, верувам дека ќе имате шанса.

**Стојан Андов:** Господине Бучковски продолжете да се обраќате на Парламентот, немојте со поединци да разговарате.

**Владо Бучковски:** Почитуван пртседавач тоа повторно го сметам за уште еден обид да си замолчи опозицијата, да ги каже работите без разлика колку некому му се допаѓаат или не му се допаѓаат.

Рековте дека нашата политика била поразена. Во ред. Но, имаме должност кон оние 250 илјади или кон оние 217 илјади да ги кажеме овие ставови. Гласаа само 900 илјди. Можеби оние другите 800 илјади гласачи кои не излегоа на гласање ќе говорат повторно како во 1998 година, да ми се исуши раката, или не знам што да се направи, зошто гласав. Ако не ги отвориме овде работите сега кога е вистински момент, ние навистина можеме да глумиме дека сме конструктивни, со тоа што ќе речеме, амин, и така се користат овде многу термини што треба да покажат дека имаме современа десничарска партија, да речеме со господ напомош и одиме ова да го реализираме. Но, не е така. Ние за разлика од вас сме многу поупорни, многу потврдоглави. Никогаш нема да не истерата од парламентот. Треба да викнете булдужери да не истерате за да не не слушате. Ќе мора да доаѓате тука да не слушате, да не слушате затоа што сметаме дека дел од ова што го говориме допира до вас, пред се, господине Груевски. Вашата одговорност е најголема, најголема е одговорноста. Вие ја преземавте обврската во клучните ресори да ставите луѓе од доверба. Тоа е добро, но треба да знаете дека вашиот најблизок соработник, Јанкуловска го има најсериозниот ресор кој, за разлика од Еленовски кој има стокмено министерство каде се е направено како што треба, каде што имаме силен мониторинг и заеднички го правиме со НАТО тимот, она што треба само да се доврши. Овде, за жал, ја почнавме сериозната реформа, направивме се за да почне реформата, бевме ефикасни во борбата против криминалот, улилчниот криминал, сето она што го наследивме и како рецидив под конфликтот во 2001 година, но не ги почнавме сериозните реформи. Моја задача ќе беше, да бев на вашето место, но не сум, вие сте тука, тие реформи да ги направи најсериозно затоа што може, да ги опфати оние работи што ние сакавме и реформи на разузнавачките структури, рак раната на нашето општество. Тука почива организираниот криминал. Тука ќе го поддржам Павле Трајанов како еден од осуммината кој во комунизмот се бореше за поголема транспарентност и за поинаква реформа таму, кој беше министер за внатрешни работи, кој сака да направи сега нешто. Верувам дека сака да направи. Дај да го поддржиме. Но, тоа значи дека дел од овие структури кои, да речеме вас пред четири месеци ви направија таков филм господине Груевски затоа што не ги знаете, затоа што недоволно ги знаете, ги има околу вас, што излеговте и рековте во Македонија се случи сериозен меѓуетнички судир, него ќе го стимулира СДСМ и ДУИ и ќе се промовира илирида. Значи за такви идеи, како што егзистираат не само кај нас, туку во регионот, ви треба портпарол. Сите сметаат дека тие не се токму, дека го промашиле времето, дека за такво нешто сега не е време, за вие да излезете со обвинување кон мене, министерот за внатрешни работи дека подготвуваме такво нешто. Тоа не исплаши, а тогаш немав прилика да ви кажам, сте контактирале повеќе пати неформално за сриозни безбедносни прашања, дека треба да бидете крајно внимателен. Тоа не може да го направи сама Јанкуловска, не може веројатно и вие да го направите, ако околу вас немате луѓе кои нема да бидат само млади и полетни, доволно искусни да ве заштитат од тие сруктури, да не ви направат филм, да не ви говорат за ова што под импресија го пишувате дека Македонија е без перспективна држава, па вие сега се сомневате дека ќе успееме, па велите можеби ќе биде така. Ќе биде Груевски, ќе биде ако верувате дека тоа можеме да го направиме. Можеме да го направиме ако и понатаму меѓу етничките односи бидат темел на кои ќе ја градиме европска Македонија. Нема економија и вие знаете, нема економија, нема странски инвеститори ако имаме ново Кондово, ако имаме нови проблеми како што имаме ние во липковскиот регион во 2003 година, ако имаме нов раздор. Немојте да ги потценувате проблемите затоа што сите ќе изгубиме.

Верувам дека оваа моја дискусија ќе ве замисли и дека потезите кои ќе ги влечете, кои ќе бидат првите луѓе во Министерство за внатрешни работи, како ќе се организира целата таа иерархија, ќе ги доведе вистинските луѓе на кои вие мора да им верувате, кои вие ги знаете и знаете дека можат заедно со Јанкуловска да го направат сериозниот реформски процес кој од нас очекува реформи на полицијата. Затоа немојте да бегате од законот за полиција. Немојте да мислите ако денес тоа не го спомените, во Бирсел ќе речат дојде нова влада па ајде да ги пролонгираме роковите. Не господине Груевски. И кога ги распишувавме изборите, затоа што имавме серија на средби, знаевме дека мора да имаме изборен законик донесен со консензус, знаевме дека мора да имаме фер и демократски изобир, но знаевме дека после тоа ќе биде првиот тест и за новата влада, но и за новиот парламентарен состав. Мора деноноќно да се работи и да се донесе законот за полиција, ако сакаме во октомври да имаме позитивитен извештај за прогресот во Република Македонија. Ве молам послушајте ова што ви го кажувам добронамерно. Седнете уште еднаш договарајте се со сите. Ние ќе ве поддржиме, само ние, затоа што само ние немавме аспирации да влеземе во Владата. Сакавме да ве поддржиме, да ве поддржиме за проекти, затоа што знаеме дека ја поддржуваме Република Македонија. Тоа е број еден, законот за полиција.

Број 2, треба да го формираме, господине Груевски судскиот совет. За судскиот совет ни треба Бадинтерово мнозинство од вкупниот број. Оставете некој што ви вели, ако терате со политиката на бојкот на ДУИ ќе ги донесеме овие работи. Ако не го формираме новиот судски совет, нема позитивен извештај. Ако не го формираме судскиот совет ќе имаме криза, ќе имаме една алка помалку, веројатно нај битната покрај зголемувањето на ингеренциите, ќе видиме дали на обвинителството, дали носењето на законот за следење на комуникациите, во борбата против корупцијата и организираниот криминал. Ако го изблокираме судството, ако нема избор на судии, а судиите, рековме ние веќе не ги бираме, Парламентот не бира судии, бира судскиот совет. Не зависен закавте, го направивме да биде независен. Немој да заборавите. Заборавете на Инвест Македонија, заборавете и на Ташковиќ, и на Самак, ако ова не го направите. Има доволно време да се средат овде, да им кажете што и како ќе прави Агенцијата за странски инвестиции, што ќе прават тие двајца, што ќе правите вие. Има доволно време. Но, дајте им и на нив можност дека доаѓаат во најбезбедната во регионот каде што ова функционира. А за законот за употреба на јазиците, ќе се договорите со ДПА. Јас не знам како не се договаравте досега. Вие знаете дека најголемиот проблем за носење на нов закон, генерален закон за употреба на јазиците беше од ДПА. Илијаз Халими, нивниот потпретседател ниту еднаш не ја оддржа Комисијата за труд и социјална политика, затоа што упорно сакаше да говори на албански јазик. Така не пишува во Деловникот на Собранието, така не е запишано во прописите. Ако тоа сакате да го направите, ако така треба, дајте да седнеме да се договориме, но немојте повторно да влеземе и со тој закон во меѓуетнички тензии. Не не подржавте за новата територијална организација, ја доведовме до работат на пропаст Република Македонија со тезите, за федерализација. Сега на изборот на Владата која веројатно го правеше својот рејтинг, некој ми замерува дека можеби премногу говорам за тој клучен момент, но за мене е еден од најклучните. Успеа опозицијата, пред се во македонскиот дел да собере 420 илјади гласа против еден проект од имплементацијата на Рамковниот договор. Што беше овде пак за тетовскиот универзитет за да имаме сега еден од вашите министри кои во меѓувреме дипломирал на тетовскиот универзитет и што се беше за законот за употреба на симболите. Но, верувам дека се симболизира ВМРО-ДПМНЕ, ако ништо друго дека стана многу по прагматична, онака како што говори Милошоски. На неговиот пример јас, како што говореше Шеќеринска, ја гледам модернизацијата и ќе ја ценам модернизацијата на ВМРО ДПМНЕ, бидејќи извинете, тука да не говорам за другите пратеници, ќе говорам само за пратениците на ВМРО ДПМНЕ, тој е со најголемо политичко искуство од ВМРО ДПМНЕ. Него го паметиме од едни други времиња од 1997 година, за да направи некои излети како што беше сега со Либан и Хезбулах, па одеднаш да ја спушти топката. Мислам дека со овие грешки што ги направи извлече сериозна поука и ќе биде одличен министер. Мислам дека ќе биде сериозен министер затоа што нема да влезе во овие замки. Самиот ќе се соочи. И ти неколку пати, сега се соочуваш со твоите колеги кои се многуу битни, затоа го поддржувам овој дел каде велиш не само ние што ќе направиме, туку каков ќе биде и расплетот, затоа што за идното проширување нема да се одлучува овде. Ние треба, не гледајќи што прават во Брисел, да си ја завршиме работата и да притискаме и да навиваме дека во дебатата која ќе колуминира веројатно во 2007 година, ќе победи струјата која вели да оди понатаму проширувањето, заборавајќи ја Турција дека е главниот проблем, туку да го фатиме приклучокот со Хрватска. Мора да го фатиме. Десничарите се силни. Добро е што во ИПП ќе добиете статус како што досега го немавте. На редовните средби што тие ги прават каде што ги имаше и контактите со моќните премиери, почнувајќи од Меркел, овие сите што се овде во регионот, ќе бараш поддршка за Македонија, онака како што бара Санадер. На последната средба во Рим беше штета што бевте вие само набљудувачи. Немаше кој, јас зборував со Санадер, тој е пријател на Македонија, но ние сме левица. Левицата тука има чиста работа, почитуван Груевски. Чиста работа. И социјалистичката интернационала, веројатно го слушнавте тука што рече претседателот, партијата на европските социјалисти.Тие сметаат

дека Европа мора да се шири, дека Европа ќе биде силна во глобалниот натпревар кој ние сега натпревар кој има поголема моќ воена, туку кој има поголема трговска моќ во борбата против САД и Кина. Ќе ја изгуби Европа битката ако не се прошири, ако не се обедини. Стравот од Труција мора да биде совладан. Ние како традиционални пријатели на Турција со еден посебен министер, веројатно ќе ги јакне и трговските односи и другите односи со Турција, мислам тука на кандидатот за министер Аднан Ќахил. Ќе мора да говориме и да ги охрабруваме на сите средби, посебно десничарите кои се плашат дека мора да биде Европа предоминантно католички клуб. Да им кажеме дека нема од што да се стравува и дека не треба да се злоупотребува, така како што дел од десничарите говореа дека во таа Македонија нема чиста ситуација, затоа што ние имаме 25% Албанци кои се предоминантно муслимани, бидејќи имаме Турци, имаме Роми, имаме Македонци муслимани. Тоа се големи цени. За тие големи цени очекував премиерот на Република Македонија да говори во Парламентот, да говориме како политичари, а не да говориме сега за она што ќе го направат Самаковски и Ташковиќ. Ќе го направат тоа што вие ќе го подготвите. Ќе направат исклучително многу. Јас мислам дека Ташковиќ повеќе ќе направеше да останеше во Њујорк и да го донесеше АМБО, но вие мислите поинаку. Има ли од тоа поголем проект. Но, вие рековте да дојде овде. Нека дојде, добредојден е. Но мислам дека тоа не е решение за Македонија. Македонија во вашиот мандат се наоѓа во најбитниот период за најзината историја. Се свртe така тркалото, имавте среќа. Читав една ваша изјава, немавте среќа минатиот пат, иако остана впечаток во јавноста, вие си го создадовте тоа мислење, дека сте успешен министер за финансии. Не, не бевте. Ви се случи војна. Парите ви ги изеде војната. Не се смеј Никола, така е. Кај ќе ни беше крајот да работевте на меѓуетничките односи, 350 милиони евра од Телеком, да ги инвестираше во проектот Македонија, европска Македонија. Затоа имајте наум, сега кога меѓу себе коментирате што сега овој повторно нешто ми говори, дека од тоа ќе зависи дали ќе бидете забележан во историјата, како премиер од ВМРО ДПМНЕ кој ќе го истера до крај мандатот. Вие ја знаете судбината и на Кљусев и на Горгиевски. Ни едниот ни другиот не го истера мандатот. Не сметам тоа што не поканија во мај 2001 година да дојдеме ние во Владата дека е терање до крај манатот. Имате иcлучително добра шанса. Три години нема избори. Раат сте. Ние не можевме глава да кренеме од избори. Секојај година после трагичната смрт на претседателот Трајковски, избори, референдум, локални избори, парламентарни избори. Во три ипол години мандат на нашата коалилција само избори, а во избори тешко се тераат реформски процеси, а ги теравме, почитуван Груевски. Направивме, тоа ви го кажаа, не само Ставревски сега што дојде, тоа го кажаа претходно и сите од Светска банка, исклучително добри структурни реформи, затоа имаме аражман со Светка банка, затоа имаме аражман со ММФ. Вие го имавте тој хендикеп, немавте аражмани. Сега имате можност и добро е што велите дека ќе продолжите. Да ги продолжите, да ги надградувате и нема спектакуларни резултати. Вие велите, политички давaвте изјава, ќе биде БДП во просек меѓу 6 и 8. Меѓу 6 и 8, знаете колку е тоа голема разлика. Ние фативме просек 4%, тоа сега што говориме со Поповски, значи ако остане оваа година 4%, треба да направите 10 или 9. Камо среќа да направите. Тоа значи дека ќе го истерате мандатот до крај. Тоа значи дека веројатно ќе влезете и како фаворит во 2010 година, но тоа значи дека во Македонија се жиее добро.

Мора да биде некој во опозиција. Не е трагедија да бидеш опозиција. Трагедија е ако опозицијата биде замолчувана. Инаку, се друго што е ваш успех, ќе биде успех на Република Македонија. Верувам дека тоа ќе го продолжите како позитивен тренд, бидејќи многу позитивни работи се случуваа во Република Македонија. Имавме и потешкотии, нормално, држава во транзиција. Затоа ми е тешко сега, но таква е нашата судбина, денес твојата, утре мојата или на некој друг од СДСМ. Оние кои беа и пред транзицијата и сега во транзицијата, со своите бели глави, главните фактори, сега нас ни говорат, условно речено, ти со твоите 36 години, јас со моите 43 години, дека сме виновни за сето она што ни се случувало. Но тоа е судбината. Кој е на власт тој е одговорен. Кој памти веќе што правел Љубисав Иванов - Ѕинго, или Тито Петковски, или нека ми прости, почитуваниот претседавач, или што правел Михаил Маневски. Се памти што правел Груевски, што претходно Бучковски, што Костов, што Црвенковски, што Љубчо Георгиевски, затоа што тие се секогаш тука покрај нас да ни кажат понешто, никој пат да го направат со својот личен пример она што треба да го направи првиот човек на Владата. Тоа е хендикепот. Ти даде еднаш една идеја, јас мислев дека не е добро за демократијата во Република Македонија, но за идните и збори ќе размислиме, ќе размислиме, дали кога веќе вака сите релативизираа што е левица што е десница, дали во идните избори нема да одиме со некои други решенија каде што ќе биде уште поцврста твојата позиција, затоа што сега знаејќи те тебе, почитуван Никола Груевски, мислам дека не си многу среќен. Сакаш и гледам што сакаш да направиш и тука ќе ја имаш мојата поддршка, да ги земеш економските ресори. Но за жал, јас затоа ти реков тоа ми личи како да си сега директор на Агенцијата Инвест Македонија, а не премиер. Го земаат социјалистите земјоделието го земаа Либералите Министерството за труд и социјала, го зема Тито Петковски економскиот сектор. Што остана? Она што можеш ти да го направиш за Гринфил инвестициите. Го имаш Миле Јанакиевски, ќе бидеш похрабар. За таа дилема говореше и Никола Поповски. Тука ние не се согласувавме, но јас ќе бидат поблизок, ако си останам на она

становиште што го соопшти пред година ипол во една колумна во Дневник, кога говореше за Ирското чудо, за Словачкото чудо и за Естонското чудо, каде што онака како што јас не се срамев, веројатно и ти, ќе пишуваме не само на 20 или 50 консултанти, туку ти ќе пишуваш и јас ќе пишувам на сите светски имиња да дојдат да инвестираат во Република Македонија.

Не успеавме ние, затоа што секогаш лебди можноста некому ако дадеш преголеми привилегии да бидеш обвинет за корупција. Јас бев подготвен под тој притисок кој го правеше опозицијата, кој го имавме како проблем во Владата кој што ќе преговара да изградиме некој систем кој во ниту еден момент не завршуваше во договор со четири очи, туку за жал завршуваше на крајот по договор на Владата, а претходно низ една процедура кој ни избрка неколку трансфери. Тука ние ќе ве поддржиме, мора да се донесе закон. Да го земеме, јас го имам во предвид дали Словачкиот закон, дали Естонскиот каде што треба да предвидиме за бренд имиња, светски имиња, за гринфид имиња, поволности, но и за законска процедура, не покрај твојата добра волја да заврши во некоја од локалните самоуправи. Сега да ве потсетам, зошто го преспавте еден период, ние направивме една сериозна реформа, ја осиливме многу, а ти ќе бидеш премиерот кој што повеќе ќе ја осилиш локалната самоуправа. Продолжува процесот на децентрализација. Многу поголеми ингеренции, бараат за развој на локален и регионален многу повеќе ингиренции, бараат измени на Законот за локална самоуправа, бараат општинска сопственост. Ние сега во транзициониот период им го префрливме правото за користење на градежно земјиште, затоа што сметам дека се поефикасни. И твоите градоначалници и моите и на ДПА тие 2-3 што ги има, или еден, значи во секој случај има сериозна задача пред оваа Влада, но ја имаш историската шанса, имаш три години пред тебе како премиер на оваа Влада, ќе имаш силна поддршка, не знам, според мое мислење, времето ќе покаже, една од најреформски ориентираните влади. И проевропска влада и проамериканска влада ако сакаш, која ќе се поддржува во секој поглед. Ќе те поддржува и теме и Милошоски и Коневска да го зацврстувате меѓународниот углед. Немојте никогаш Македонија да ја доведете во изолација како што го направивте тоа во 2001 и 2002 година. Дајте да продолжи овој тренд Македонија да може да биде секаде присутна. Верувам дека и со поддршката на десничарските партии ќе можеш тоа да го направиш и искрено посакувам дека заедно со Милошоски ќе го градите и понатаму имиџот на Македонија како фактор на стабилност на Македонија кој ќе биде лидер во регионот. Не смеете да ја пропуштите шансата што во овој момент ја имате. Не се промени ништо, се сменија секаде, можеби за ваша среќа премиерите, брзо ќе се воспостават контактите и со Бериша и со Станишев, ќе имаш сериозна можност она што го говориш, да се обидеш и со Караманлис, можеби ќе имаш повеќе успех. Јас се плашам дека ако ги слушаш истите совети кои пред 10 месеци те поколебаа на средбата што ја имавме кај претседателот, единствено ти да не го прифатиш исклучително добриот последен пред од Метју Нимиц дека ќе влезеш во една замка во која опозицијата не ќе може да те извлече. Значи тоа беше формулата за која денеска говориш. Ако за десет месеци толку во надворешната политика имаш посилни позиции за Република Македонија тогаш си оптимист. Мислев, искрено речено, како што говоревме секогаш отворено кои се предностите, кои се маните на нашиот иден премиер, мислев дека тоа ќе биде најслабата ваша точка господине Груевски. Се извинувам што на два пати ви реков со ти, но мислам дека и на тој начин комуницирајќи не го навредив вашето его.

Значи, да се вратиме да разговараме како политичари. Имате сериозна задача, бидејќи доаѓаат сериозни времиња. Никој не бара, јас прв пат од вас слушнав, иако дел од медиумите кои вас ви се блиски припишуваат дека премиерот е ваков или онаков, шпион, јас во бројните контакти или некој како што рече премиерот на Македонија е косовски лобист, во ниту еден момент никој од мене не побара први да го признаеме Косово. Затоа бидете повнимателни. Немаше потреба одеднаш, значи молчевте за Косово изминатите 18 месеци. Последниот пат кога беше овде косовскиот премиер Агим Чеху, не собравте храброст да дојдете со него да се сретнете. И одеднаш бууум - Никола Груевски вели Македонија прва ќе го признае Косово. Нема потреба од такво нешто. Ние и понатаму треба да ги одржуваме односи со Белград и со Приштина онака како што досеги ги правеше оваа Влада. Ништо повеќе. Економските релации се исклучително битни со Косово. Таму имаме исклучително поволен обем на трговска размена. Последниот месец беше плус 120 милиони евра трговска размена со Косово. Мора да се стимулира тоа, но со политика. Јас да сум на твое место за да сите овие фами кои се создаваат околу новата влада, првата средба што би ја направил би ја направил токму со нашите пријатели од Приштина за да паднат маските, затоа што има многу, искрено речено, почитуван Груевски шпекулации. Се е во вашите раце. Мора да се обидете, не Меѓународната заедница што ќе направи, ние сме членка на Меѓународната заедница. Прв пат сме почитувани затоа што имавме свој став, затоа што можевме да дадеме придонес. Меѓународната заедница што побрзо да прави? Дали слобода за Ирак, дали да го стабилизира Авганистан, дали да го решава проблемот во Либан и Израел, па уште ние да велиме ајде меѓународната заедница. Ние сме членка на Меѓународната заедница. Ние никогаш не сме биле попочитувани од сега затоа што имавме став, имавме активна политика, имавме активна позиција. Многу работи визави затворањето на косовското прашање се решавало атхог. И тоа мора да го продолжите. Мислам дека Милошоски има доволно храброст. Треба само да

го охрабрите дополнително да не се плашите. Ќе седнете ќе се договарате со претседателот Црвенковски. Кохабитацијата е тоа. Ние бевме од иста политичка опција, па не се когаш имавме различни мислења. Тоа не е страшно. Да има координација. За тоа прашање сакале или не ќе мора да се координирате. И да не заборавиме, имате голема шанса, но немате време ниту за денот. Не чека извештатој за Европската унија во октомври, не чека НАТО самитот во ноември. Значи, Нато самитот во ноемвски ќе напише тоа што сака да го чуе Рено, што сака да ја чуе целата македонска јавност, што сакате вие да го чуете дека ние ќе ја добиеме поканата 2008 година, но ако го решиме тоа што не чека. Реформите во полицијата започнати со новиот закон, судството да функционира. Па, вие знаете што правеа нашите советници од НАТО, НАТО советодавници, тој главниот генерал Денис Вил стана легенда овде, што ви одговараше на вас во опозицијата, кој постојано говореше реформи во судството, реформи во судството. И се чудеа некои што бараат овие од НАТО реформи во судството. НАТО, Вил ги бараат истите принципи. Македонија да биде стабилна држава. Изместени се овде почитуван Груевски приоритетите. Вие ќе кажете дека ако биде Македонија економски стабилна ќе ги решиме овие проблеми. Ова го пишува во учебници кои не се напишани за жал за Република Македонија. За жал не се напишани за Република Македонија. Пет години славиме сега од Рамковниот договор, третата година ни рекоа во Македонија правевме риски експреременти. Ама уште експерименти. Немојте сега, немате мандат од граѓаните на Република Македонија тие кои ја потиснаа темата мир и стабилност, со еден или два посто заинтересираност. Тоа знаете како е, говоревме но не слушаа и за време на изборите, тоа е истото како кога ќе се изгуби здравјето, само тогаш го цениш. Мирот и стабилноста мора да ја загарантира Владата на Република Македонија. Од вечерва серија разговори, а ова мора да ви признам што уште не преземена власта што се случува низ ходниците не ми се допаѓа. Нема потреба да има меѓу 20 - 30 лица кои не се дел од службеното обезбедување кое што го има Собранието или што го има Секторот за внатрешни работи. Тука исто мора да одолеете, како што одолеавте делумно и со наша помош во онаа ноќ што ви се случуваше во Панорама. Немојте повторно на голема врата да го вратите во Македонија насилството. Немате мандат за такво нешто. Имате мандат да изградите економски просперитет на Македонија, но за да се дојде до тоа мора да има мир и стабилност. Мирот и стабилноста во Република Македонија почива на добрите меѓуетнички односи. Дали имал ДУИ 14, 13, или 12 мандати, ДУИ е фактор во оваа држава на која не му требаат адвокати од типот на Бучковски, Поповски, Митрева, Шеќеринска. Ви треба разбор и претседател на Владата кој ќе знае да ги реши проблемите. Јас со поголем и со помал решив еден голем проблем. Имајќи го моето искуство што имав како министер во онаа голема коалиција, која наликуваше на пожежок костен со кризата во Танушевци. Тоа беше минатиот август Кондово. Тој рецидив немојте да ви се врати, затоа што да не говориме само за хашките случаи и за Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски. Сите се решени, ние се грижиме, се што требаше потпишавме и без соработка. Проблемот е почитуван Груевски враќањето на четирите предмети од Хаг. Сте разговарале ли тоа со Бета што ќе правите. Не го гледам и денеска, ова е втора седница нивниот Даут Реџепи - Лека. Имате сериозни проблеми и затоа сакам отворено да говорам. Имате ваква опозиција, отворено, вака гледајќи ве во очи, ќе ви ги кажува работите. Нема никогаш да ви работи зад грб. Заборавајте што на почетокот ќе ви говорат разузнавачите. Дека сега некои страшни сили, комунистички, не знам какви, болшевистички заедно со терористички сили ќе прават дестабилизација. Не, немаме таков интерес. Сакаме да ви помогнеме. Се се решава со дијалог. Ако нема дијалог тогаш имате проблем. Затоа почитуван Груевски, да поминам на она што сакав да го кажам не само за овие политички цели, иако морам да признам вашата насмевка не ме храбри. Изгледа сето ова што го говорам е несериозно. Немојте да дозволите за овие теми барем на секунда да изгледате несериозно. Пресериозни се работите. Не бевте вие во Парламентот. Многу слична е атмосферата. Некој вели се е исто само место Циле е Тито. Циле беше таму додека не беше претседателски кандидат почитуваниот Тито Петковски, не знам до кога ќе биде тоа. Ќе биде цел живот тоа, но немојте да ги потцените овие проблеми. Немојте да ги потцените. Застрашувачки е што до последен момент условно речено се "грабаа" сите коалициони партнери за сите ресори, а не за Министерството за надворешни работи и Министерството за одбрана. Знаете дека тоа нанесе штета на угледот на нашата Влада. Но на крајот, според моето мислење имате исклучително добри двајца кандидати.

Кога веќе почнав да говорам за кандидатите дозволете да го искажам моето лично мислење.

Вие како мандатар имате право да составите тим во кој најмногу верувате. Не гајте илузии, онака како што говореше пратеникот Витанов дека вие сега имате одврзани раце. Не може. За било каква реконструкција одговараат министрите пред Парламентот. Во теоретска ситуација како што е тесно мнозинството, било која промена на министер од Новата Социјалдемократска партија без согласност на Новата Социјалдемократска партија значи паѓање на вашиот предлог. Што значи тоа - паѓање на вашата Влада? Така што тоа што некој сакате да ви даде чесен збор, или да ви вети дека одговара на премиерот јас го поддржувам. Јас морам да признам дека ја немав таа поддршка. Ова што го гледам што го прави ДПА за вас ме прави малку љубоморен. Да имавме ние ваква поддршка во мојата интенција

да речеме да смениме еден од министрите, кој сметавме дека лошо решение за имиџот што го градеше ДУИ, затоа што некој говореше со нив со потценување. Имаа исклучително добри кадри, еден од најдобрите министри за економија, тешко ќе биде на Рафајловска, е Фатмир Бесими. Го потцени него Крстевски кој што говореше за состојбите со ДУИ, па тој Крстевски кога дојде, каде е овде, не го гледам, го потполни долгот на јавното претпријатие за аеродромски улоги кој беше 5 или 6 милиони за една година, заедно со неговиот заменик Миле Зечевиќ. Значи, немојте да ставате етикети дека некој го бива само за едни ресори, друг го бива само за што, за образование. Добро, за здравството во ред, Имер Селмани, тогаш отиде потпретседател, еден од најелитните кадри што ги има ДПА. Другите за жал не ги познавам и не би сакал да дадам свој коментар. Со него сум имал можност да соработувам и имам многу високо мислење, како што имам високо мислење и за другите членови на Владата. Мој фаворит ќе биде реално министерот за финансии, бидејќи е единствениот единтплар на нашите модалитети. Мислам дека ќе покаже дека е подобро за сите други дипломи, затоа што го гледам дека и покрај резервите што ги искажал во едно интервју следејќи наназад во некои клучни моменти кога се говореше за ММФ, за Светска банка беше доследен. Уште повеќе што ги измина тука ... Тука не се плашам дека ќе имате добар тим. Треба да помогнете на Јанкуловска.

Еленовски мислам дека има доволно искуство тоа да го направи, единствената слаба точка, за жал е господинот Маневски. Не ви требаше. Таа екскурзија не беше потребна. Уште повеќе што знам г. Маневски што правеше.

Господинот Маневски, дури и вашиот опозиционер Ѓирѓи Марјановиќ ви вели не го земјате. Го знаеме семејството Маневски. И подобро е господине Маневски сега да ви кажам зошто сметам дека вие не треба да бидете министер.

Прво, г. Маневски затоа што сметам дека за морален човек како вас беше доволно што заврши како еден од најугледните обвинители во Република Македонија. Оваа екскурзија со Државната комисија за спречување на корупцијата мислев дека е ваш придонес по зајакнувањето на капацитетите на Република Македонија да се бори против ова зло. Но за жал се излажав. Вие водевте селективна битка. За жал водевте селективна битка. И јас како премиер на Владата посочив дека сте експозитурата на ВМРО-ДПМНЕ. И тоа се докажа. Овде ви дадовме бројни материјали, каде што на својот личен пример ви реков дека треба да покажете. За даночната пирамида, она што ве интересираше и што беше ваш судир со јавното обвинителство го имавте на тацна. Видете кој фронтно добивал поврат на данокот и како се градела даночната пирамида. И, дали вашата сопруга е инволвирана во тоа. Ќе бевте херој, тогаш ќе ве носевме, сите ќеречевме овој човек доживотно да биде министер за правда затоа што е сериозен борец. Или за другите, затоа што се плашам дека со вашето доаѓање, ми се враќаат сликите од "КУМ" дека ќе функционирате како фунсилиере на фамилиите, а дилжни сте на неколку фамилии, гледам како ја водите битката против неколку фамилии. Значи никогаш не прашавте за тоа што претходно Костов говореше, дај да гоземеме ние тој предмет што се случуваше на плоштадот. Зошто, ќе разговараме во следната прилика. Вие знаете зошто. Затоа што, една од фамилиите е таму. Или зошто на три дена пред да дојдете министер, го поздравувам потезот што го направивте, дајте да си заминете со уште една победа, но испратете ги материјалите.

(Реакција од место на господинот Маневски).

Не е почитуван Маневски. Јас се јавив на вашата сегашна в.д. претседателка, затоа што прочитав прво во медиумите, па потоа ги побарав материјалите. Значи, не се бие битката само преку медиумите, а медиумите се исклучително битни. И тоа го правевте добро, се подига свеста, но не смее да има селекција. Никако да има селекција. Да ги заборавиме становите на семејството Груевски. Ирелевантни се тие за целата битка. Можеше да се земе нешто што ви дававме. Што се случи од 15 септември 2002 до 01 ноември 2002 година. Како половина Водно отиде и по кои цени се продаде тоа градежно земјиште. Се тепавме преку правобранителството, поништи времена мерка од судот. Или со денационализацијата, пакетот уште седи таму. Затоа верувам дека ќе бидете до крај доблесни и пронтно вие ќе поддржите со јавна изјава дека на првата седница на Собраниската Комисија за избори и именувања, барем три месеци ние како опозиција да имаме таму претставник, затоа што вие вешто се скривте. Законот дозволуваше, стокмивте таму идеална комбинација, им честитам на другите членови на Државната комисија кои ние мислевме редот е во ротацијата, значи Трпеноски, Тасева, па Малиновски, па оп, некој соодветна и правична застапеност од претставниците на албанската заедница, не, Михајло Маневски во клучната година. Добро го направивте тоа, но не направивте добро за Комисијата. Затоа мислам дека самите ќе сватите дека многу брзо ќе треба да го отстапите на некој од помладите вашето место. Нека падне просекот на Владата на 38 години, зошто да го расипувате овој одличен просек. Нема потреба, затоа што го имате изгубено кредибилитетот од опозицијата. Значи сега вреднувањето дали тој што ќе се бори од таа позиција, знаете, ми изгледа како да сакате да побегнете од борбата. Министер за правда, кои се ингеренциите на министерот за правда во борба против корупцијата ...

(Реакција на господинот Маневски од место)

Знаете, добро. Да бевте во времето на последната комунистичка Влада, Секретаријат за правосудство, но со други работи се боревте. И

тогаш имаше облици на национализам. Се плашам дека местото прв човек во Министерството за правда, тоа не смее да се случи и верувам дека тоа нема да се случи и дека силните критики ќе ве натераат и од оваа позиција да инсистирате сите предмети што ви ги доставувавме како власт во последните 4 месеци сега, со оваа брзина како другите работи што ги правите да видат слетлина на денот.

Тогаш, јас овде јавно ќе речам, се извинувам згрешив. Михајло Маневски бил човекот кој треба да го опонираме и дека тој и таквите како него ќе ја победат корупцијата. И вие знаете дека тоа нема да биде лесно. Знаете дека она што ви го покажуваат како романско искуство го направи независен експерт. Затоа, на Македонија на вашето место можеби повеќе наликуваше да биде некој што од Романија се виде како тоа се прави. Нашата ценета кандидатка за министер Габриела Конеска Трајковска и помлада и поенергична, многу дипломи, интерпол, ФБИ и кој се не, вистински човек на вистинско место. Виде што правела нејзината колешка, што направи спектакуларно само во судот што вие исклучително добро го знаете. Ако сакате да ја направиме судската реформа ние веќе почнавме, да се продолжи, да нема предметот трага кога ќе влезе, туку електронски да заврши на масата на судија кој ќе биде анонимен за таткото, евентуално судија или мајката адвокатот, некој нотар, некој извршител, некој политичар. Кругот мора да прекине и знаете дека тоа може да се направи. Но, нема да се направи ако и понатаму на сите анкети нашите бизнисмени тврдат дека 50% од бизнисите кои ги прават во Република Македонија, ги прават врз основа на коруптивни зделки. Кој пријавил од бизнисмените дека има корупција, почитуван господине Груевски. Дајте, сега ги ставивме тие пусти телефони бесплатни, никој не крена телефон да пријави или ќе пријави ситен шверц итн, сите што царината има, Управата за јавни приходи, на факултетите ставија, во здравството незнам што направија, кој уште треба да стави. Граѓаните мора да соработуваат и невладиниот сектор треба да ја подига свеста за борбата против корупција, но може да учествува и во владата, не е страшно. Но, ако тоа се прави транспарентно. Не, кога се направи една грешка, ја ставивте на вашиот спот, потоа ЛДП направи драма. Требаше да кажете, ако победиме, затоа што веруваме во нејзината добра работа, таа треба да биде идниот министер и ние ќе ја подржевме. Јас лично ќе ја подржев, ќе станев, ќе зборев се најдобро за госпоѓата Конеска-Трајковска. Како што можам да говорам и за другите овде што ги познавам. Сега уште неколку забелешки и ќе завршам. Господине Груевски, во вашата интенција да ги задоволите сите коалициони партнери, сметам дека правите грешка и дека непотребно воведувате уште едно потпретседателско место во Владата што не е коректно кон еден исклучително добар кадат кој го имате професорот Живко Јанкуловски. Значи, не може во Владата да се координира образованието и земјоделието. Тоа може а само ако имате добар кадар, како што е професорот на земјоделскиот факултет во Битола, кој е универзитетски професор по поледелство. Реално има доволно работа. Економскиот систем, веројатно, Ставревски, делот на политичкиот систем и имплементацијата на Рамковниот договор, Селмани. Евроинтеграциите, заменик претседателот, што ќе биде Живко Јанкуловски. Едно место е непотребно или двајцата прекрасни наши, како што велите, економски патриоти кои дојдоа овде. Зошто ги земаме двајцата. Прво, едниот нека заврши работа, па ќе го земеме другиот. Ташковиќ нека се врати и нека го донесе Амбо. Реално ви говорам, сега не е работата на дијаспорате да и кажеме дека има тука, а од дијаспората го спомнавте Џони Јоновски. Тој работеше во мојот кабинет и е исклучително добар. Помагаше толку колку што можеше, веројатно кога сметате на консултанските куќи, сметате на дел од куќите кои се блиски до него. Треба да помагаат и другите кои можат да имаат различни својства. Ако биде посилна позицијата на Ташковиќ да отиде таму и го донесе Амбо, ние ќе го подржуваме секогаш. Но, ако е дојден само овде да покажеме, со тоа што имаме двајца луѓе нема потреба. Дали ќе ја укинуваме агенцијата за привлекување на странски инвестиции или ќе правиме Инвест Македонија. Се измешаа ли работите или јас не сваќам. Значи, многу работи овде кои се запишани ни создаваат конфузија, иако потврдувам дека верувам во вашите добри намери. И верувам дека имате желба да направите многу добри работи. Но, на крајотако дакате господине Груевски да направите добри работи за граѓаните на Република Македонија во вашето експозе за категории на лица кои се повеќе од половина од населението на Република Македонија, велите дека немате време. Сега, после мене, затоа што чув дека ќе дискутирате, верувам ќе ми кажете или тоа ќе го оставите на идниот министер за земјоделие, мислам дека е непријатно и треба вие да кажете на идниот министер за труд и социјална политика и на идниот министер за што ми фали овде да ви објасни за економија. Значи, што ќе правиме со стечајните работници и технолошкиот вишок, дали се приклонуваме како Влада, како Република Македонија на програмата на НСДП и на ветувањата и потписите на господинот Тито Петковски. Значи, Стојан Стојанов, знаете дека се што правеше правеше затоа што веруваше дека може да има социјална правда, како што вели господинот Тито Петковски. што ќе правиме со земјоделието? Дали тоа ќе биде политиката на господинот Љубисав Иванов Ѕинго. Бесплатно ќе делиме земјиште? Ќе направиме и таму нешто што не одговара на политиката. И што ќе правиме со пензионерите? Таму имате исклучително искусен кадар, поранешен директор на Фондот за пензиско и инвалитско осигурување, веројатно и таму нешто ќе направите. Да ги оставиме другите лица, за кои требаше госпоѓата Љилана Поповска да ви помогне и веројатно таму ќе има заменик

министер, каде што ќе треба за лицата со хендикеп, за лицата со посебни потреби, за раселените лица. Не знам, одевте многу често во Кристал и сега преку ноќ ги заборавивте. Многу луѓе ги заборавивте и ни ги оставивте овде како на тацна, ние ќе ги прибереме. Ќе ги прибереме и после 100 дена со нив, не научивте и вие, ќе правиме шоу, но нема никогаш да го правиме она што вие го правевте со Гласот на светлината и со сите други што ги контролирате. Гласот на светлината можеби ви донесе делумно успех со вашите членови, не ги криевте и едните и другите ги ставивте членови на избирачки одбор. Но, тоа нанесе штета на Република Македонија. Нема бизнис клима, нема атрактивна бизнис дестинација ако не можат бизнис делегациите да дојдат и да склучат бизнис договори. Тоа мора да се сузбие. Не се разбрав со големиот демократ министерот Љубомир Ивановски Џанго првиот пат да го штитиме правото на слободно движење, а не правото за слободен протест. Додека го смենивме законот, вие завршивте работа, но за среќа не ја попречивте една од најуспешните приватизации. Сега, вие имате можност, како што не прашувавте цело време што ќе правите со парите, да видиме што ќе правиме со парите при ребалансот на Буџетот. Прашате тоа што ќе каже Светска банка, затоа што знаете дека така ќе биде. Не може да излезете надвор од тие рамки кои ги имаме. Но, ќе останат и пари, господине Груевски и за развојни проекти. За разлика од вас кои ни оставивте празен Буџет, кои ни оставивте стотици милиони евра долг, ние ви даваме полн Буџет, полни сметки. Блазеси му на мојот фаворит во твојот кабинет Трајко Славевски. Се придружувам на она што го кажа Никола Поповски, блазеси му и верувам дека ќе ги искористите и тие пари во развој на Република Македонија. Немојте повторно, значи има многу сени што не враќаат во 1998 година кога имавме најмногу пари ги потрошивме за оружје. Немојте да ги потценувате проблемите за кои говорев од почетокот на мојот реферат. И на крајот почитуван иден претседател на Владата сметајте секогаш на подршката на опозицијата. Секогаш кога ќе оди Република Македонија напред со вашите проекти ние ќи подржуваме. И во моменти кога ќе направите грешки ќе ве туркаме напред, но ако тргнете назад тогаш ќе бидеме жестоки критичари, не критизери. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам. Сега малку да се договориме. Имавме на паузата договор пратеничките групи да нема реплики. А да во своето излагање господинот Груевски да одговори на сите прашања што беа во дебатата искажани. Затоа што тој е и предлагач на програмата и предлагач на составот на листата на владата. Јас ве молам сите да се држиме до тоа и да му дадеме сега збор на господинот Груевски. Во идните четири години ќе имаме многу можности за реплики, се ќе си кажеме меѓу себе. Дајте денеска да избереме влада.

Господин Груевски има збор.

**Никола Груевски:** Почитуван председавач, почитувани пратеници, преставници на Владата на Република Македонија, почитувани претставници на медиумите,

Навистина е тешко после вакви дискусии да се врати така лесно нивото на дискусија на овој Парламент, но ќе се обидам да го направам тоа. На почетокот би сакал најпрвин да се заблагодарам на сите дискусии што беа во овој Парламент во овие два дена. На целиот придонес што го дадоа сите дискутанти, пратеници, претставници на Владата, на сите добри говори што паднаа на овој Парламент и во неколку моменти си помислив дека да беше зависен развојот на Република Македонија од добрите говори и добрите говорници ќе бевме на многу добра позиција и како држава и како граѓани. Меѓутоа, за жал, не е така.

Навистина слушнавме многу добри идеи понекогаш и добри критики, слушнавме многу пофалби, меѓутоа и сомневања, несогласувања исто така е дел од демократијата и е нормално. Но, за жал, слушнав и многу навреди лични, кои што ќе останат во историјата на овој Парламент и во градењето на моралните однесувања на политичарите во Република Македонија и тука лежи најмногу одговорот меѓу другото се разбира најмногу за 55% излезени на гласање во Република Македонија. Слушнавме и многу лични промоции на досегашните министри за се што тие направиле или се убедени дека направиле, тоа да речеме, министерката за правда, заменик министерот за образование, така еден долг елаборат ни кажа за тоа што го сработил, министерката за надворешни работи таа не издржа да не каже и лични навреди, не талентиран, итн, меѓутоа тоа најмногу говори за нејзината личност, успесите на минстерот за финансии, тој вака за момент не израдува дека имаме 14 милијарди денари на располагање за после 30 секунди да дознаеме дека само 1 и пол милијарда можат да се трошат што е од прилика доволно за една плата да се подели на државната администрација. Како и да е имавме интересен дијалог, интересни дискусии во овие два дена. Јас на сите сум им многу благодарен на сите дискусии, за сите сугестии, за сите дилеми што ги отворија, идеи што ги дадоа, тоа е еден сериозен придонес во развојот и на демократијата и во работењето на следната влада на Република Македонија. При тоа, имаше различни дискусии кои би ги ставил во неколку групи и кои што би сакал само на кратко да ги искоментирам, бидејќи невозможно е да одговорам на сите неточни работи, на сите измислени работи, на сите извадени од концепт нешта, би ги поделил дека имаше група на дискусии кои што слободно можам да кажам дека беа црни сценарија, за тоа што ја очекува Република Македонија, група на дискусии за работи кои што никогаш не сум ги кажал, од типот дека сум дал изјава дека ќе ја правам промоцијата на владата на Мечкин камен на 2 август, тоа никогаш го немам кажано на ниту едно место, повелете извадете тинта каде е тоа

кажано. Можеби го има некој друг, но не јас, до посериозни нешта дека сум ги променил роковите што ги дававме во програмата и во кампањата, во период кога бевме во кампања. Сакам најодговорно во овој Парламент да кажам дека тоа не е точно, дека не сме промениле никакви рокови и дека стојам зад она што е ветено.

Исто така, се разбира програмата што ја понудивме како владина програма не може да биде програма од 200 или 300 страни, како што можат да бидат подолги партиските програми и затоа се трудевме на помал простор, сепак најголем од она што до сега било кој мандатар го поднел по број на страни ако гледаме, 30 -на страни да дадеме нешто што ќе биде контура што ќе биде програма на владата.

Понатаму, работи за тоа дека имаме друг документ и агенда со ДПА што апсолутно, во најмала рака, да кажам не е точно, не е вистина, итн, или група на нешта каде што да речеме ВМРО ДПМНЕ никогаш не ги правела. Едно од тие посериозните што би ги одвоил е дека сме биле против за поднесување ампликација за ЕУ. Тоа вака не само што беше денеска многу дискутирано туку и во кампањата на СДСМ беше толку многу експлоатирано што СДСМ направи и билборд за тоа и билбордот беше во сите градови во Македонија. Јас во меѓувреме ги замолив службите и тие излегоа во пресрет за што сум им благодарен да ми ја дадат декларацијата што ВМРО ДПМНЕ ја поднесе во Парламентот на 01.12 2003 година кога ВМРО ДПМНЕ со потпис на Никола Груевски како прв предлагач поднесе декларација со која во член 2 се вели дека се задолжува Владата на Република Македонија да поденсе барање за членство на Република Македонија во ЕУ најдоцна до февруари 2004 година. Значи, морам да го демантирам тоа, бидејќи предолго време се експлоатираше со измислена теза, дека ВМРО ДПМНЕ била против апликација, а ситуацијата е обратна. Во тоа време Владата се колебаше дали да поднесе апликација и затоа ВМРО ДПМНЕ да ја охрабри Владата, да ги приближи процесите, излезе со ова декларација и ова е една од двата документа, двете декларации што ни беа прифатени во минатите 4 години. Оваа декларација и декларацијата за подршка на Македонската православна црква кога тоа и беше потребно.

Значи, тоа е во онаа група на работи кои што ВМРО ДПМНЕ никогаш не ги правела или дека не сме имале аранжман со ММФ и со Светската банка. Тоа е еден прилично долг период експлоатирана теза што е апсолутно невистина. Владата во 2000 година склучи аранжман со ММФ и тој аранжман траеше до средината на конфликтот во 2001 година, кога од разбирливи причин моравме да го прекинеме, а пак со Светската банка имавме куп на аранжмани, бидејќи таму аранжманите се по посебни проекти. Ова морав да го кажам како една работа која што се провлекува не само во кампањата, туку можеби година, две наназад.

Или, да речеме, група на работи и на вадење од контекст. Да кажеме, мојата изјава дека Македонија прва ќе го признае Косово беше условена, ако ООН донесе одлука дека Косово треба да биде независно, да, во тој случај Република Македонија како сосед може да го признае Косово. Но, еве, некој сака да ги извади работите од контекст, но затоа е парламентарната говорница да ги кажеме. Или група на лични обвинувања од типот на МПК, Експорт-Импорт банка, станови, итн, можам да ви кажам дека 4 години господата кои седат во Владата имаа можност да докажат со јавни обвинителства на суд да најдат на некој начин, барем кривична пријава да пуштеа кон Никола Груевски и да докажеа дека се занимавал со нешто што е неправилно, незаконски, итн.

Наспроти тоа, Јавното обвинителство уште пред една година излезе со став дека вршеле истрага 10 месеци и дека нашле во случајот национална платежна картичка нема никаква незаконска работа.

Слични работи се случуваа и со така наречената измислена афера од страна на СДСМ за становите, каде што Антикорупциската комисија, која што ќе ве потсетам, не е само господин Маневски, туку е 7 члена од кои што 6 беа по предлог на СДСМ и другите партии од вашата коалиција, едно гласно донесе одлука дека случајот се отфрла како случај односно дека нема ништо незаконско направено во пријавувањето на анкетниот лист или пак да кажеме наметната измислена тема за Експорт-Импорт банка, каде што ама буквално нема ниту една работа за која што може да се спомне некое име. Меѓутоа, можам да разберам дека во периодот пред кампањата беа потребни од страна на опозицијата афери, да се измислат афери, за да се нападне со нешто лидерот на опозицијата, но не можам да разберам дека се уште некои луѓе живеат во периодот пред изборите. Како и да е уште еднаш ќе повторам дека Никола Груевски беше тој кој што со прст покажуваше за корупциските афери и на премиерот и на другите министри од Владата.

Меѓутоа, не се случи по Никола Груевски да се случи некоја кривична пријава или било каква пријава. Наспроти тоа Антикорупциската комисија на ВМРО-ДПМНЕ поднесе над 100 пријави, што кривични, што прекршочни, кон функционери од власта. Значи кај нас немало ниту страв, ниту размислување дека нам нешто може да ни се случи. Некој ако навистина се плаши, ако направил нешто негативно или спротивно на законот, тој секогаш ќе се воздржува од реакции, ќе си молчи, но тоа не беше случај кај нас. Но како и да е, да го разбереме тоа дека сеуште не сте излезени од периодот на кампањата и од периодот кога се се продуцираа, секој ден се смислуваа нови афери.

Уште една работа е, не знам зошто навистина некој се плаши од Јавен обвинител. Јас на пример немам таков страв бидејки немам од што да се

плашам, но гледам една голема возбуда кај дел од членовите на парламентот и членовите на досегашната Влада, ако дојде човек кој што е непартиски, искусен, непристрасен и т.н., една возбуда која што ја видов кај повеќе реакции во повеќе говори.

Или да кажеме една група на други невистини, да кажеме 4 министри во Владата сега предложени биле со средно образование. Што да одговорам на оваа работа навистина не знам. Или дека цената на телефонските услуги е повисока заради ВМРО, а не заради тоа што имавме монопол во овие 4 години, кога некој сакаше да остане монопол. Или дека не сум верувал во македонскиот народ со тоа што сум ангажирал луѓе од надвор, многу чудна теза. Луѓето што ги ангажирав, двајцата луѓе во Владата се македонци, тие живеат во друга држава, имаат и друго државјанство, меѓутоа, тоа се луѓе од македонска националност. Имаше такви говорници. Или дека СДСМ говорел дека во октомври ќе добиеме покана за членство, односно датум за преговори. Не знам зошто не го издејствувавте тоа да биде во август, зошто во октомври. Можеше да се среди да биде во мај, можеше да биде порано или можеше да го добиеме заедно со кандидатурата во декември минатата година. Мислам дека сме единствена држава која што е соочена со една ваква ситуација. Или дека предвремените избори кои што ги баравме во декември немало да бидат доволни, односно не значеле ништо. И те како ќе значеа, ако имаше предвремени избори да кажеме во јануари, во меѓувреме ќе се сработеа многу реформи и многу ќе беше поголема можноста кон крајот на оваа година да добиеме позитивно мислење, затоа што ќе се изработеа многу реформи, кои сега можеби не можат да се средат за многу кус период, што не значи дека ние нема да се обидеме да го направиме тоа. Или група на чудни совети. На пример, зошто малку ќе се намалеле даноците, од 15% на 10%, зошто да не биле на нула. Почитувани пратеници, зошто вие не го направивте до сега тоа, зошто не го ставивте на нула данокот на добивка или некој друг данок ако сакавте така. Се работи за дискусија на пратеник кој што е од страна на Владата од владеачката коалиција која сеуште овде е присутна како владеачка коалиција. Или да кажеме рок од 3 месеци да ги расчистиме сите афери во изминатите 4 години, не знаевте да ги расчистите 4 години, сега на нас ни давате 3 месеци рок. Се разбира дека ние ќе се обидеме до 3 месеци да решиме многу од тие афери и немојте да мислите дека ќе ги оставиме така аферите. Меѓутоа, овие рокови за кои зборувате, ако се некое алиби дека еве за 3 месеци не сме ги завршиле, навистина е нешто што може лесно да се прочита. Слушнавме и одеднаш загриженост за земјоделците дека стартуваме со многу добра основа, дека немало Влада што ќе стартува со подобра основа од оваа со која ние стартуваме. Не знам за каква основа станува збор, дали со првиот ден кога ќе влеземе во Владата ќе имаме 10% поскапа електрична енергија, што значи дека на сите компании во Македонија ќе им падне конкурентната моќ затоа што тие ќе мораат да плаќаат поскапа електрична енергија, бидејки имавме една контраверзна приватизација на Електростопанство. Дали затоа што имаме 37% невработеност, историски највисока во државата, дали затоа што имаме историски највисока сиромаштија во Република Македонија од 30%, дали затоа што имаме историски најниски странски инвестиции во оваа година во Република Македонија, или затоа што пред само две недели некоја партија од владеачкото многуинство се закануваше со разни работи кои не сакам да ги спомнам на оваа говорница.

Како и да е, почитувани претеници, јас не сум во можност да одговорам на сите работи што беа кажани. Би кажал една друга работа, дека во овој период од еден месец додека беше законскиот рок за составување на Влада, чувствувам дека сепак веќе исполнив неколку ветувања што ги дадов до гласачите во Република Македонија, до граѓаните на Република Македонија за време на изборната кампања, а исто така што беа напишани во програмата со која излеговме на кампањата. Првата работа која што ја ветувавме речиси секој ден во сите настапи ја има и во нашата програма, а тоа е доколку победи оваа коалиција дека нема да имаме само и по секоја цена партиски луѓе што ќе застанат во Владата само затоа што се партиски и дека ќе дадеме можност на многу други луѓе кои имаат висок капацитет, кои што имаат способност, кои што имаат знаење, кои што имаат образование да направат нешто за Република Македонија и можам да ви кажам дека од 11 предлози што доаѓаат од ВМРО-ДПМНЕ, дури 6 , значи повеќе од половина се непартиски кадри. Воопшто не се срамам од тоа, тоа беше мое ветување дека нема да одиме исклучиво со партиски кадри. Да, ќе одиме со оние кадри што навистина можат да дадат добри резултати, меѓутоа онаму каде што ќе најдеме можност дека има и подобри или барем веруваме во овој момент дека можат да бидат подобри, не ја гледаме причината ако е тоа добро за развојот и напредокот на Република Македонија да не го направиме тоа и тоа го направивме. Бројката што ја кажав можете да ја проверите и тука.

Втората работа која што можам да кажам дека ја исполнивме како ветување е дека ќе дадеме можност, ќе поканиме луѓе што се успешни, што не живеат во Македонија, што се од македонската дијаспора кои што постигнале успеси во познати компании во други држави, на Запад, во Америка конкретно, да дојдат, да бидат поканети во македонската Влада да помогнат за развојот на Република Македонија, за граѓаните на Република Македонија. Затоа што ние македонската дијаспора ја чувствуваме како дел од Република Македонија и навистина таму има луѓе, не само овие двајца кои денес се поканети, има многу други луѓе кои верувам во иднина ќе добијат

шанса, кои што се способни, докажани како способни, ќе добијат шанса да можат да помогнат на Република Македонија конкретно со своите искуства, своето образование, своето знаење, своите контакти што ги имале низ светот, затоа што врската со дијаспората не се прави вербално и при посета на Вашингтон уз пат да се потсети Детроит или Њу Џерси. Врската со дијаспората се прави и со нејзино вклучување се разбира во оној дел во кој што може да даде свој придонес во одредена работа. Ова го сметам исто така како едно од предизборнтие ветувања кое иако уште не сме избрани за Влада можам да речам дека веќе одговорив на тој предизвик и го исполнувам тоа ветување.

Третата работа е исто така напишана во нашата програма дека најмалку два министри без ресор ќе бидат задолжени за промоција, контакти и привелкување на странските инвеститори во Република Македонија. Тоа и го направивме со предлогот кој што денес е доставен и навистина сакам да им честитам и во оваа прилика на двајцата Македонци, едниот доаѓа од Сиетл, другиот од Њу Јорк, кои оставија исклучително силни работни места, за момент ја прекинаа својата кариера во исклучително силни компании и исклучително добри позиции во најмоќната држава во светот за да дојдат во Република Македонија, да помогнат на Република Македонија, се разбира, во едни многу потешки услови од условите во државата од која доаѓаат.

Приврштувајќи го овој мој завршен збор и повикувајќи ве да ја подржите Владата, би сакал да кажам дека точно е тоа дека се предложени млади луѓе, луѓе без хипотеки, меѓутоа, исто така и соодветни луѓе. Да кажеме, соодветно е ако некој повеќе години се занимавал со евроатлантските процеси, како што е господинот Лазар Еленовски претседател на Евроатлантскиот совет неколку години, човек кој што со години ја следи оваа проблематика околу НАТО и евроатлантските процеси, да се најде на позицијата која е една од најважните, не единствена, но една од најважните за во наредниот период да добиеме соодветна покана од НАТО. Соодветно е исто така ако поставите човек, и тоа непартиски човек, на позицијата минситер за правда, ако претходно тој бил исклучително добар јавен обвинител, како што кажа господинот Бучковски, ако претходно тој бил исто така на владини позиции во минатото и тој во минатите 4 години како дел од 7-те луѓе во Комисијата за борба против корупцијата, навистина беше еден од најхрабрите и најупори во целиот овој четири годичен период, и во оној период кога многу работи нам не ни се допаѓаа или не ги примавме пријатно во периодот 2003-2004 година, и во периодот кога многу работи не им се допаѓаа на луѓето кои седат во оваа Влада и луѓето што ги подржуваат. Или пак да речеме позицијата за Европска унија, за вице премиер за Европска унија, навистина соодветен кадар, дали треба да зборувам откако претходно господинот Бучковски ги наведе сите искуства што ги имаше госпоѓа Габриела Коневска-Трајковска во Виена, во Брисел, во Букурешт заедно со господинот Бусек.

Исто така, она што би го напоменал е дека во оваа Влада имаме еден состав со образовани луѓе, голем дел од нив и на најпрестижни универзитет во САД, Германија, Англија, Грција и други.

Но, почитувани пријатели, со една голема верба во она што сакаме да го направиме, она позитивното што сакаме да го креираме, заминувајќи од оваа позиција во која 4 години бевме будно око и остар критичар на она што се случуваше во Република Македонија што беше негативно, предлагавме идеи, предлагавме декалрации, сега веќе сме подготвени после многу настани што се случија, со еден ваков состав во кој што имам голема доверба, се разбира ако некој не ја оправда таа доверба постојат реконструкции, постојат промени, да влеземе во еден нов период, во еден нов предизвик, свесни за пробелмите што ги имаме и за проблемите со кои ќе се соочиме уште од следната недела, не само од финансиски аспект, од аспект колку судски пресуди ни доаѓаат на Буџетот на Република Македонија и колку неплатени долгови има Буџетот на Република Македонија, туку и од политички аспект, од аспект на сите пробелми во регионот, од аспект на политичките проблеми во Република Македонија. Свесни за овие проблеми, свесни за искушенијата што доаѓаат пред нас, свесни дека имаме сериозни ветувања дадени пред граѓаните на Република Македонија, свесни дека не чека тешка и макотрпна работа, ние сме подготвени да се соочиме со предизвикот и јас цврсто верувам и сум сигурен дека тој предизвик ќе биде во полза на македонските граѓани и на сите граѓани на Република Македонија.

Сакам да наведам дека независно што ќе се случува во Парламентот во наредните години, какви се прегрупирања ќе има наскоро во опозиционите партии, денес гледавме од нивна страна и малку лична промоција за нивните наредни партиски активности, кој да биде и на која позиција ќе се најде, важно е и потребно е секогаш кога се во прашање државните и националните интереси на Република Македонија да бидеме обединети, да бидеме заедно и со разум да ги донесме одлуките и да покажеме пред светот дека секогаш кога е нешто важно за националните и за државните интереси, како што говорев и пред 3, 5 години кога бев назначен за претседател на ВМРО-ДПМНЕ така и сега дека мораме сите цврсто да застанеме во одбраната на интересите на нашата држава.

Во оваа прилика сакам да изразам благодараност на досгашната Влада за сите напори што ги вложи во овој период додека работеше, за резултатите има кој да цени, таа проценка ја дадоа граѓаните, веројатно историјата дополнително ќе даде проценка, меѓутоа, чувствувам потреба за сите напори што ги вложуваа независно од

резултатите да им изразам благодарност, но и на сите вас благодараност за целата оваа дискусија, за сите овие идеи, за сите работи кои што беа споменати и верувам дека сите беа добронамерни. Благодарам.

(Аплауз).

**Стојан Андов:** Благодарам.

Бидејки никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот.

Ве молам, 10 минути пауза, па ќе гласаме.

(Паузата отпочна во 23,15 часот).

(По паузата)

**Стојан Андов:** Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе минеме на гласање.

Преминуваме на Избор на Влада на Република Македонија.

Собранието ја избира Владата со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Гласањето за избор на Владата се врши по предложениот состав на Владата во целина.

Предложениот состав на Владата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За гласале 68 пратеници, против гласале 16 пратеници, воздржано не гласал никој.

Го молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Молам, кој е за ? Никој не е за.

Молам, кој е против? 6 пратеници се против.

Молам, кој гласа воздржано? (Никој).

Констатирам дека никој не е за, 6 пратеници се против и никој не е воздржан.

Вкупно гласаа 90 пратеници, 68 за, 22 против и нема воздржани.

Констатирам дека Собранието избра Влада на Република Македонија.

(Аплауз).

За претседател на Владата на Република Македонија е избран Никола Груевски.

За министри кои ќе раководат со одделни минстерства се избрани:

Лазар Еленовски за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана.

М-р Гордана Јанкулоска за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи.

Михајло Маневски за министер кој ќе раководи со Министерството за правда.

М-р Антонијо Милошоски за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи.

Д-р Трајко Славески за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии.

Вера Рафајловска за министер кој ќе раководи со Министерството за економија.

Ацо Спасеноски за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Имер Селмани за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство.

Сулејман Рушити за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука.

Љупчо Мешков за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика.

Зоран Коњановски за министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа.

Илирјан Беќири за министер кој ќе раководи со Министерството за култура.

Миле Јанакиески за министер кој ќе раководи со Министерството за транспорт и врски.

Имер Алију за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

За министри без ресор се избрани:

М-р Зоран Ставрески

Габриела Коневска-Трајковска

Живко Јанкулоски

Глигор Ташковиќ

М-р Веле Самак

Аднан Ќахил.

Ги молам претседателот на Владата и министрите да дадат свечена изјава.

(Се дели текстот на свечената изјава).

(Ве повикувам да станеме).

Претседателот на Собранието станува.

(Стануваат сите пратеници).

Ги молам претседателот и членовите на Владата да го повторуваат по мене текстот на свечената изјава.

(Претседателот ја чита свечената изјава).

"Изјавувам дека функцијата ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија".

Ги молам претседателот и членовите на Владата на Република Македонија да ги потпишат свечените изјави.

(Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија ги потпишуваат свечените изјави).

(Се собираат потпишаните изјави и се предаваат на претседателот на Собранието на Република Македонија).

Дозволете ми од името на сите пратеници да им го честитам изборот на претседателот на Владата и на министрите и да им посакам успешна работа во извршување на задачите кои ги очекуваат во наредниот период како и успешна соработка со Собранието на Република Македонија.

Истовремено, дозволет ми да им заблагодарам на досегашниот претседател на Владата и на

досегашните министри за нивните залагања и да им посакам успех во нивната понатамошна активност.

Согласно член 89 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 8 став 1 и член 152 став 1 алинеја 3 од Изборниот законик со изборот на Никола Груевски за претседател на Владата на Република Македонија и на Гордана Јанкулоска, Антонио Милошоски, Трајко Славески, Живко Јанкулоски, Имер Селмани и Зоран Коњановски за министри во Владата, констатирам дека на овие пратеници им престанува мандатот пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи овие пратеници беа избрани од листи на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатите од овие листи на кои треба да им се верифицира мандатот за пратеник согласно член 153 од Изборниот законик.

Согласно член 89 став 5 од Уставот на Република Македонија со изборот на Михајло Маневски за министер во Владата, констатирам дека му престанува функцијата член на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Дами и господа, за триесетина минути ве поканувам во свечената сала да им го честитаме изборот на претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Ве известувам дека за продолжувањето на оваа седница ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина во 23,36 часот).